**УНИВРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОВСКИ ФАКУЛТЕТ - ИНСТИТУТ ЗА ОДБРАНА**

м-р СОКЛЕ КОЧОСКИ

# ЛОГИСТИКАТА И НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ ВО АРМИЈАТА СО ПЕРСПЕКТИВА НА РАЗВОЈОТ

- докторска дисертација -

Ментор: проф. д-р ТРАЈАН ГОЦЕВСКИ

Скопје, 1997 година

**Му изразувам голема благодарност на менторот, почитуваниот Проф. д-р Трајан Гоцевски за неговата сестрана помош и стручните совети при изработката на овој труд.**

# ЛОГИСТИКАТА И НЕЈЗИНАТА ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ ВО АРМИЈАТА СО ПЕРСПЕКТИВА НА РАЗВОЈОТ


## АПСТРАКТ

Логистиката и нејзината организациска поставеност во армијата со перспектива на развојот во рамките на системот на одбраната на Република Македонија произлегува од државното уредување, потребите и материјалните можности на земјата, потпирајќи се на расположливите човечки, материјално технички и други потенцијали, како водечка идеја во истражувањето.

Разработувањето на проблемот е во дефинирањето на логистиката, воената логистика, логистичкото обезбедување како процес и организациската поставеност во армијата со осврт на перспектива на развојот.

Трудот ги опфаќа логистичките функции, односно обезбедувањето на армијата со логистички кадар; технички, интендантски, санитетски, ветеринарски, сообраќајно-транспортни, финансиски и градежни материјални средства и услуги; собирањето и обработката на податоци; и раководењето, командувањето, управувањето и контролата со логистичките функции. Разработувањето на проблематика се огледа низ дејностите, носителите, облиците на обезбедување и материјално здравствената база (резервите, производно - услужните капацитети и изворите за обезбедување).



**Клучни зборови:**
- логистика,
- обезбедување,
- снабдување
- техничко,
- интендантско,
- санитетско,
- ветеринарно,
- сообраќајно,
- финансиско,
- градежно,
- раководење,
- планирање, и
- анализа.

## LOGISTICS AND ITS ORGANIZATION IN THE MILITARY WITH A PERSPECTIVE ON DEVELOPMENT

### SUMMARY

Logistics and its organization in the military with a perspective on development, as part of the defense system of Republic of Macedonia, is based upon the current state system with respect to material resources supported by human, technological and other resources of the country. This is the focus of this research.

The main aim of this research is to define the logistics, the military logistics, its organization and future perspectives and development.

This work considers logistical functions: supply of logistics staff, provision of maintenance and repairs, medical and veterinary supply, transportation, financial and construction supply and information, as well as their managing, directing, commanding and controlling of logistical functions. Furthermore there will be explanations of logistical functions, their activities, varieties of supply from both the technical and the medical sides (reserves, manufacturing and service capacities and resources of supply).

**Key words :** - logistics,
- provision,
- supply,
- technical,
- intendance,
- medical,
- veterinary,
- transportation,
- financial,
- construction,
- management,
- planning, and
- analysis.

СОДРЖИНА

Воведен дел

1.В о в е д ........................................................................................ 5

1.1.Проблем на истражување........................................................ 7

1.2.Предмет на истражување......................................................... 8

1.3.Начин на истражување ........................................................... 9

1.4.Цели на истражувањето............................................................ 13

1.5.Метод во истражувањето.......................................................... 15

Прв дел

1.Теоретски основи за поставување на предметот на истражување.............................................................................. 17

1.1.Поимно определување и дефинирање на логистиката ....... 17

1.2. Дефинирање на логистиката ............................................... 19

1.2.1.Логистиката како поим ................................................ 19

1.2.2.Местото на логистиката меѓу научните дисциплини . 21

1.2.3.Поделба логистиката ................................................... 25

Втор дел

2.Воена логистика.......................................................................... 28

2.1.Дефинирање на воената логистика и логистичкото обезбедување ........................................................................ 36

2.2.Основа на организацијата на логистичкото обезбедување. 40

2.2.1.Дејности од доменот на логистичкото обезбедување. 44

2.2.2.Извори за материјално и здравствено безбедување ... 48

2.2.3.Носители на дејностите ................................................ 53

2.2.4.Раководење и командување со логистичкото обезбедување ............................................................... 63

Трет дел

3.Конкретната содржина на логистичкото обезбедување ........... 67

3.1.Карактеристики и содржина на организацијата на логистичкото обезбедување ................................................ 70

3.2.Планирање и извршување на логистичко обезбедување .... 71

3.3.Основни карактеристики на логистичкото обезбедување во мир и воени услови ........................................................... 74

3.3.1.Техничко обезбедување во мирно време и воени услови ................................................................. 75

3.3.1.1.Техничко обезбедување во мирно време ....... 77

3.3.1.2.Техничко обезбедување во воени услови ...... 93

3.3.2.Интендантско обезбедување во мирно време и воени услови ......................................................... 103

3.3.2.1.Интендантско обезбедување во мирно време 104

3.3.2.2.Интендантско обезбедување во воени услови 113

3.3.3.Санитетско обезбедување во мирно време и воени услови........................................................................ 125

3.3.3.1.Санитетско обезбедување во мирно време ... 126

3.3.3.2.Санитетско обезбедување во воени услови ... 133

3.3.4.Ветеринарно обезбедување во мирно време и воени услови ..................................................................... 139

3.3.4.1.Ветеринарно обезбедување во мирно време 139

3.3.4.2.Ветеринарно обезбедување во воени услови 143

3.3.5.Сообраќајно обезбедување во мирно време и воени услови ...................................................................... 150

3.3.5.1.Сообраќајно обезбедување во мирно време 151

3.3.5.2.Сообраќајно обезбедување во воени услови 158

3.3.6.Финансиско обезбедување во мирно време и воени услови ...................................................................... 164

3.3.6.1.Финансиско обезбедување во мирно време 165

3.3.6.2.Финансиско обезбедување во воени услови 167

3.3.7.Градежно обезбедување во мирно време и воени услови ..... 168
3.3.7.1.Градежно обезбедување во мирно време ..... 169
3.3.7.2.Градежно обезбедување во воени услови ..... 172

Четврт дел
4.Работа на логистичките органи на планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување ..... 176
4.1.Специфичности во работата на логистичките органи, единици и установи во подготовките и извршувањето на борбените дејства ..... 183
4.1.1.Општи забелешки ..... 183
4.1.2.Конкретна работа на логистичките органи при плнирањето и организирањето на логистичкото обезбедување ..... 184
4.2.Анализа на содржината на заповедта за логистичко обезбедување ..... 195
4.2.1.Причини за вршење на анализа ..... 195
4.2.2.Идентификација на прекупотребните содржини ..... 198
4.2.3.Резултати од анализата на содржината на заповедта за логистичкото обезбедување ..... 201

Петти дел
5.Перспектива на развојот на организацијата за логистичкото обезбедување ..... 220
5.1.Оценка на состојбата на логистичкото обезбедување во армијата за тригодишниот развоен период (1993 - 1996 г.) 220
5.2.Перспектива на развојот на оперативно логистичката и заедничката проблематика ..... 224
5.3.Перспектива на развојот на техничката служба ..... 232
5.4.Перспектива на развојот на интендантската служба ..... 237
5.5.Перспектива на развојот на санитетската служба ..... 243
5.6.Перспектива на развојот на ветеринарната служба ..... 249

5.7.Перспектива на развојот на сообраќајната служба ............ 251
5.8.Перспектива на развојот на финансиската служба ............ 253
5.9.Перспектива на развојот на градежната служба ............... 255

Шести дел
6.Можен модел на организациско - формациска поставеност на логистичкото обезбедување во армијата................................... 261

6.1. Логистичко обезбедување на вооружените сили на НАТО и специфичности во армиите на САД, Франција и Белгија (компаративна анализа) ....................................... 262
6.1.1. Логистичко обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО ......................................... 264
6.1.2. Специфичности во логистичкото обезбедување на армијата - единиците на КоВ на САД ...................... 270
6.1.3. Специфичности во логистичкото обезбедување на армијата на Франција ................................................. 278
6.1.4. Специфичности во логистичкото обезбедување на армијата на Белгија ..................................................... 282

6.2. Можен модел на поставеност на логистичкото обезбедување во армијата за оптимално разрешување на заедничката логистичка проблематика .......................... 284
6.3. Можен модел на поставеност на логистичките функции ... 299

Седми дел

ЗАКЛУЧОК ........................................................................... 321

КРАТЕНКИ ........................................................................... 334

ЛИТЕРАТУРА ....................................................................... 337

# ВОВЕДЕН ДЕЛ

## 1.В О В Е Д

Како круна на вековната борба на Македонскиот народ е создавањето на сопствена држава, а со тоа е наметната потребата таа автономно да си ги решава сите витални функции, вклучувајќи ја меѓу нив и одбранбената функција.

Воспоставувањето на автономен конзистентен систем на одбрана и заштита на една земја претставува сложен, макотрпен и, пред се, долгорочен процес кој бара знаење, време, средства и амбиент - ресурси кои во овој период Макдеонија ги нема во изобилство [1].

Од тоа произлегува потребата Република Македонија да изгради и организира свој систем на одбрана со свои вооружени сили и ресурси, кои ќе и гарантираат стабилен општествен развој.

Одбраната на Република Македонија е организирана како единствен систем за одбрана на независноста и територијалниот интегритет. За постигнување на оваа цел Републиката треба (мора) да организира и самостоен ефикасен систем на одбрана, кој ќе и гарантира нужна интегрална одбрана во рамките на "Колективниот" одбранбен систем на меѓународна сигурност.

Системот на одбраната на Република Македонија како самостојна држава произлегува од конкретното државно уредување кое го прокламира новиот устав[2], Законот за одбрана[3] и материјалните можности на земјата, задача од првостепено значение, потпирајќи се на расположливите човечки, материјално технички и други потенцијали со кои располага земјата (целата територија на земјата со луѓето и матерјалниот производно - услужниот потенцијал), што претставува **идеја** во истражувањето на тематската целина.

---

[1] . Трајан Гоцевски, Првите чекори кон автономен одбранбено-заштитен систем на Република Македонија, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1995 година, Посебен отпечаток, стр.486.

[2] .Устав на Република Македонија, Уставна комисија, НИП "МАГАЗИН", Скопје,1991.

[3] .Закон за одбрана на Република Македонија, Владата на РМ - МО, Службен весникна РМ 8/92.

Имајќи ја предвид потребата за единствено теоретско и терминолошко обликување на поимите врзани за изработка на доктринарните документи и прописите од областа на одбраната, особено од доменот на воената логистика - обезбедувањето на армијата со неопходните средства и услуги (логистичкото обезбедување), нужно беше и нејзиното воведување во употреба како во армиската јавност така и надвор од неа веднаш, што е и со акт учинето[4].

Доколку единиците немаат муниција не можат на непријателот да му нанесат поголеми штети. Без храна или санитетско обезбедување војската не може да води борба. Без резервни делови и гориво возилата и опремата ќе бидат неупотребливи. Задачата снабдување на единиците со муниција, храна, гориво, резервни делови и други потреби се нарекува логистика, односно логистичка поддршка[5].

Кога веќе е споменат терминот логистика (логистичкото обезбедување), може да се каже дека се работи за термин од грчко потекло, за прв пат во воено значение употребен од Византискиот цар Лав VI Мудрецот (886-912) опфаќајќи ги со него сите дејности околу подготовките за воени походи.

Поради конвенционалното потекло на терминот, поврзано со оваа проблематика, различно се именуваат исти термини во одделени земји (како на пример: logistics- логистика - интернационално, организација на тилот - руски, позадина и позадинско обезбедување - српски, заднина и заднинско обезбедување - терминот води· потекло од српскиот збор позадина кој по обичај некои сеуште го употребуваат во армијата на Р. Македонија и тн.), затоа е неопходно истражување и нивно дефинирање, со напомена, термините треба да се сметаат само за синоними за определена дејност во вооружените сили, бидејќи разликите не се од суштествена природа.

Термините логистика, воена логистика, логистичко обезбедување или поддршка, логистички функции и тн. се употребуваат во армиите на

---

4 . Одлука за логистичко обезбедување на командите, единиците и установите на Армијата на Република Македонија од 25.10.1995 година,

5 . Dunnigan F. James, HOW TO MAKE WAR, A Comprehensive Guide to Modern Warfere, William Morrow, New York, 1988, (Превод од англиски: Како водити рат, Милан Пармаковиќ, Душан Исаковиќ и Мирослав Рибнер) стр.455.

земјите членки во НАТО и повеќето земји на запад, додека организација на тилот, позадина, заднина и сите други изведени термини од овие зборови се источно европски, употребувани во армиите на земјите членки на некогашниот Варшавски договор и некои социјалистички земји (и бивша СФРЈ), по Втората светска војна.

Теоретското појаснување и дефинирањето на споменатите термини следи после воведниот дел веднаш, во првиот и вториот дел од дисертацијата, а изнесеното на почетокот во воведот е потребно како поткрепа за да се свати користењето на термините во воведниот дел.

## 1.1.Проблем на истражување

Појдовната основа за разработување на проблемот е во дефинирањето на воената логистиката и организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата со осврт на перспективата на развојот.

Познато е дека во организацијата на воената логистиката за потребите на секоја армија егзистираат повеќе логистички функции, (обезбедувањето на логистички кадар; техничко, интендантско, санитетско, ветеринарско, сообраќајно, финансиско и градежно обезбедување; како и военото производство; обезбедувањето и обработката на податоците и раководењето, командувањето, управувањето и контролата на логистичките функции) кои при истражувањето ќе бидат разработени низ: дејностите, носителите, облиците на обезбедување и материјално здравствената база (изворите за обезбедување, резервите, производно - услужните капацитети и тн.).

Проблем кој се истражува е воената логистика со нејзините логистички функции, разработен низ: дејностите, носителите, облиците на обезбедување и материјлно - здравствената база и освртот на организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата со перспективата на развојот.

### 1.2. Предмет на истражување

Предмет на истражување во трудот е содржината на воената логистиката во однос на сите нејзини елементи (дејностите, носителите и облиците на обезбедување) вклучувајќи ја и развојната перспектива.

Поголемиот дел на прашања и проблеми кои произлегуваат при планирањето на содржината, организацијата и извршувањето на логистичкото обезбедување бараат релевантни одговори засновани на научна основа. Во тој контекст проблемот на успешното извршување на логистичкото обезбедување има посебно важна улога, како и повеќе констатации кои се појавуваат (при планирањето и организирањето на обезбедувањето) и аплицираат на реализацијата, како на пример:

-имајќи ги предвид изворите за материјално и здравствено обезбедување и производно - услужните капацитети во Републиката, поставеноста на логистичкото обезбедување и извршувањето на дејностите во мир и воени услови ќе и гарантираат пополнување на армијата со материјални и други потреби;

-раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување директно влијае врз пополнувањето на армијата со материјални средства за потребите на вооружената бораба;

-од поставеноста на носителите на логистичкото обезбедување во голема мерка зависи обезбедувањето на армијата со материјални и други потреби;

-проучувањето на конкретната содржините на логистичкото обезбедување влијае врз одредувањето на организациската поставеност и има важно значение за обезбедување на армијата со материјални и други потреби вклучувајќи ги и евентуалните последици;

-со дефинирањето на воената логистика и поставеност на организацијата за логистичко обезбедување се создаваат услови за порационално и поекономично обезбедување на армијата со неопходните потреби за водење на вооружена борба;

-организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата влијае врз нејзиниот развој и перспективата; и тн.

Истражувањето треба да го даде својот придонес кон сеопфатното согледување на поставеноста на организацијата за логистичко обезбедување во армијата и врз влијанието на сите мерки и активности кои се преземаат за извршување на обезбедувањето на армијата со неоходните потреби во мир и воени услови.

### 1.3.Начин на истражување

Начинот на истражување произлегува од потребата за изучување на проблематиката воена логистика која како традиционална дисциплина се изучува во сите земји во светот, односно во нивните воени академии, институти за одбрана и други институции, кои се занимаваат со слична или иста проблематика (една од причините за истражување и кај нас).

Исто така, начинот на истражување е во тесна врска со содржината, карактерот и опфатот на проблематиката кои произлегуваат и од наставните планови и програмата за изучување на предметот и од меѓусебните усогласувања на воените наставни дисциплини, кои на еден или друг начин ја обработуваат проблематиката на воената логистика и логистичкото обезбедување (или логистичката поддршка), потребата и карактерот за истражување и кај нас стануваат поголеми, особено кога од достапната литература може да се заклучи и каже дека во определени временски периоди воената логистика, како научна дисциплина, се наоѓала со стратегијата и тактиката.

Имајќи го во вид изнесеното и потребата и карактерот од истражување, во голема мерка ќе се направи обид што поконкретно да се обработат токму оние прашања и проблеми кои непосредно ќе го најдат своето место во практиката на армијата, стекнатите основни теоретски знаења ќе можат доследно да се користат во практиката, во раководењето и командувањето со единиците и установите на армијата, развивајќи чувство за одговорност, доследност, точност и прецизност во примената во секојдневниот живот и работа. Притоа, за начинот на истражување како појдовна основа се следните основни поставки:

прво, во изложувањето за воената логистика и логистичкото обезбедување ќе се настојува да се избегнат теоретските интерпретации кои во достаточна мерка се присутни во другите дисциплини на воените науки. Всушност, станува збор за дисциплина која треба да даде теоретски сознанија за нивна применливост при обезбедувањето на армијата со неопходни средства и услуги;

второ, со осамостојувањето на Република Македонија како самостојна држава и со приемот во асоцијацијата "партнерство за мир" обемот на проблематиката на воената логистика има поинакви димензии, бидејќи вкупниот инструментариум произлегува од самиот карактер на односите кои владеат помеѓу асоцијацијата и Република Македонија и кои треба да се утврдуваат во посебен амбиент, кој бара конкретен пристап во дефинирањето на сите прашања, па и прашањата врзани со секојдневното логистичко обезбедување на единиците и установите на армијата, од што и произлегува самата потреба и карактер од истражување; и

трето, имајќи предвид, дека со логистичкото обезбедување се занимаваат и општовоени и родовски старешини и други лица на служба во армијата, а не исклучително старешини логистичари, во дисертацијата се настојува одделни логистички активности да се изложат функционално за да можат да им бидат од полза на сите учесници во логистичкото обезбедување на армијата, што исто така ја оправдува потребата од истражување.

Имајќи ги предвид наведените поставки за материјата, таа во дисертацијата е изложена во седум делови:

**ВОВЕДНИОТ ДЕЛ покрај воведот** го содржи предметот на истражување во трудот, потоа начинот и методот и целите на истражување.

**ПРВИОТ ДЕЛ** се однесува на теоретските основи за поставување на предметот на истражување. Во овој дел се разработени поимното определување и дефинирањето на воената логистика како научна дисциплина. Исто така, во овој дел се резгледуваат местото на логистиката меѓу научните дисциплини, како и поделбата и содржината на логистиката според областите во кои се користи. Разработката на

теоретските основи е насочено кон определувањето и дефинирањето на воената логистика.

**ВТОРИОТ ДЕЛ** ја определува и дефинира воената логистика и логистичкото обезбедување, поставувајќи ја основата на организацијата и функционирањето на воената логистика низ: дејностите, материјално - здравствената база, носителите и раководењето со логистиката на армијата.

**ТРЕТИОТ ДЕЛ** претставува разработување на конкретната содржина на воената логистика и логистичкото обезбедување на армијата. Во овој дел се разгледуваат карактеристиките и содржината на организацијата на логистичкото обезбедување низ планирањето и извршувањето на логистичкото обезбедување, разработувајќи ги логистичките функции (техничкото, интендантското, сообраќајното, санитетското, ветеринарното, финансиското и градежното обезбедување) како нејзини внатрешни организациони единици со сите свои специфичности и карактеристики во мир и воени услови.

**ЧЕТВРТИОТ ДЕЛ** се однесува на разгледувањето на работата на логистичките органи на планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување низ специфичностите во работата на логистичките органи, единици и установи во подготовките и извршувањето на борбени дејства. Општите забелешки за планирање и организирање на логистичкото обезбедување претставуваат појдовна основа за вршење на анализа на еден од најважните борбени логистички документи - заповедта за логистичко обезбедување, кој воглавно се изработува во сите армии вклучувајќи ги и армиите вклучени (членки) во “колективните” системи на безбедност како што се НАТО и алијансата “партнерство за мир”. Тука се опфатени причините за вршење на анализа и начинот на идентификација на прекупотребните содржини, анализирајќи ги резултатите со резимето од извршената анализа на содржината на заповедта за логистичко обезбедување како борбен документ. Анализата е насочена кон отфрлање на прекупотребните содржини од зповедта за логистичко обезбедување и нејзино прилагодување според критериумите

карактеристични за современите армии, особено армиите на земјите членки во “колективните” системи на безбедност.

**ПЕТТИОТ ДЕЛ** ја разгледува перспективата на развојот на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија. Во овој дел прво е дадена кратка оценка за состојбата на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија за развојниот период (1993 - 1996 година), а потоа врз основа на оценката и резултатите од истражувањето се дадени теоретските поставки за перспективата на развојот на заедничката оперативно логистичката проблематика и перспективата на развојот на нејзините логистички функции - служби (техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната служба).

**ШЕСТИОТ ДЕЛ** поставува еден можен модел на организациско - формациска поставеност на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија, односно можен модел (помеѓу останатото заснован и на компаративна анализа за логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО, и специфичностите во некои земји), кој ќе даде разрешување на заедничката логистичка проблематика и поставеност на логистичките функции за оптимално обезбедување на армијата со неопходните материјално технички и други средства и услуги.

Во **заклучните разгледувања** ќе бидат соопштени резултатите од истражувањето.

Имајќи го предвид досега изнесеното за потребата и карактерот од истражувањето можат да се насочат и неколкуте елементи кои упатуваат на актуелноста и сложеноста на проблемот. **Прво**, тенденциите во современите меѓународни односи, упатуваат кон концепт на организација за логистичко обезбедување на армијата со почитување на нејзиното значение и целината од сите нејзини аспекти (од определувањето на теоретските основи, преку местото меѓу научните дисциплини и дефинирањето на логистиката, воената логистика и логистичкото обезбедување, па до специфичностите и карактеристиките на најзините функции). **Второ**, потребата соодветно да се одговори на

карактеристиките и содржината на орагнизацијата на логистичкото обезбедување и нејзините логистички функции во мир и воени услови. **Трето**, потребата во процесот на креирањето на организацијата за логистичко обезбедување на единиците и установите на Армијата на Република Македонија, да ги вгради сопствените интереси во врска со нејзината евентуална употреба како вооружена сила и да одговори на современите тенденции во развојот на армијата и нејзината логистика. **Четврто**, организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување претставува незаменлива компонента на секоја армија, па и на нашата, како вооружена сила и отука се потврдува констатацијата дека станува збор за актуелен проблем, кој досега во нашата земја нее теоретски изучен и доволно истражуван.

Исто така, кога се зборува за потребата од истражување не може да се изостави фактот дека, во определувањето на предметот на истражување се тргнува од констатацијата дека армијата, како вооружена сила е носител на одбраната и заштитата на независноста и интегритетот на земјата, треба да ја прилагодува и усовршува сопствената организација за функционирање на логистичкото обезбедување во современите меѓународни односи. Оттаму, научната цел на трудот е определена со потребата од истражување на воената логистика и организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата со перспектива на развојот и улогата во поставувањето и усовршувањето на организациската поставеност, за да се изврши научно објаснување на улогата на логистичкото обезбедување на армијата во современите меѓунартодни односи и состојби, особено оние кои егзистираат во современите армии, и земјите членки во “колективните” системи на безбедност.

### 1.4. Цели на истражувањето

Со оглед на тоа, што во вооружените сили на секоја земја со вршењето на логистичкото обезбедување се занимаваат и родовските и другите старешини (командири, команданти, управници, начелници и тн.),

а не исклучително логистичари, една од целите е да се направи обид логистичките активности да се постават така, да можат да бидат од полза за сите учесници во логистичкото обезбедување на армијата.

Имајќи ги предвид овие претпоставки основна цел на истражувањето е да се дефинира воената логистика и разработи конкретната содржина на логистичкото обезбедување, како и да се дојде до теоретски сознанија за перспективата на развој.

Во смисла на изнесеното, непосредна цел на истражувањето ќе биде утврдување на поставеноста на воената логистика и нејзиното елаборирање во однос на:

-поимното определување и дефинирање на логистиката, воената логистика и логистичкото обезбедување во наши прилики и за наши цели;

-поставеноста на организацијата за функционирање на логистичкото обезбедување;

-определување и дефинирање на конкретна содржина;

-специфичностите во работата на логистичките органи и анализа на содржината на логистичките документи;

-теоретските поставки за перспективата на развојот на организацијата за логистичко обезбедување и логистичките служби;

-откривање на оптимални можни варијанти во организацијата на работа на логистичките органи за успешно извршување на логистичкото обезбедување (разработени во мерка на корисни препораки за потребни измени во регулативите и упатствата кои го регулираат функционирањето на логистичкото обезбедување во армијата, со единствена цел, да се организира на начин кој ќе овозможи оптимално функционирање); и тн.

Ова истражување ќе ги постигне своите цели доколку од една страна даде придонес во разрешувањето на дел од предметот на истражување, а од друга страна даде поттик за дискусии и идеи за истражување и проучување на некои прашања кои ќе бидат споменати во трудот, а ќе претставуваат поттик за нови истражувања кои би претставувале разработка на покренатитите прашања од доменот на логистичките функции и предмет на истражување на посебни тематски целини - трудови.

Врз основа на резултатите од истражувањето целта е да се дадат препораки за оптимална организациска поставеност на логистичкото обезбедување, а и да се дојде до теоретското сознание за перспективата на развојот, односно функционирањето на организацијата на логистичкото обезбедување во армијата, како вооружена сила во рамките на системот за одбрана, со цел тоа да се регулира на начин кој ќе овозможи негово оптимално функционирање.

Исто така, со дефинирањето на воената логистика и определување на содржината на логистичкото обезбедување се очекува резултатите да бидат исползувани за научно и стручно разрешување на повеќе дилеми и прашања од оваа област.

Со разработката на вака поставената тематска целина се очекуваат резултати кои ќе претставуваат придонес кон сеопфатното согледување на армиската проблематика од доменот на воената логистика вклучувајќи ги тука и сите мерки и активности и нивното влијание врз организацијата првенствено во сверата на извршувањето на логистичкото обезбедување во армијата.

### 1.5. Метод во истражувањето

Во методот на научно истражувачката работа, имајќи ги предвид предметот и целите на истражување, ќе се користат најразлични методи и техники (општи методи, анализа на содржините, компарација и тн.), како и методи и методски постапки со кои ќе се дојде до одредени заклучоци, анализи, синтези, конкретизација и генерализација.

Поставеноста на организацијата и извршувањето на логистичкото обезбедување во секоја армија бара сестрана анализа на повеќе елементи (функции) од нејзиниот домен, кои можат битно да влијаат на резултатите или последиците од вооружената борба. Затоа без сестрано согледување на проблемот и критичката анализа за потребите и условите за оптимална поставеност на логистичкото обезбедување на една армија (вооружена сила) не можат да се одредат активностите и условите кои обезбедуваат

успешно реализирање на логистичкото обезбедување, а елиминирање на негативните последици.

Компаративната анализа е неопходна за утврдување на оптимална поставеност на логистичкото обезбедување врз основа на поставеноста во повеќето земји (нивните армии - вооружени сили), а со цел, со користење на искуства да се дојде до најдобро можно решение.

Врз основа на сознанијата и резултатите добиени со истражувањето, елаборирајќи ги поставените тези можно е синтетизирање на заклучоците, мислењата и предлозите за оптимална организациска поставеност на логистиката во армијата на земјата во функција на одбраната чија практична примена во целина или делумно би била корисна.

Исто така, разни извршени анализи и подготвени материјали во врска со воената логистика во армијата во мирно време и воени услови, можат корисно да послужат во понатамошните истражувања за поедините содржини (функции) кои би претставувале посебен предмат на истражување со свој придонес во научната област.

Како метод за проширување на сознанијата и верификација на одредени заклучоци ќе се користат и консултации со експерти од обласга на одбраната, воената логистика и економските науки, каки и одржани семинари на странски и домашни експертски екипи.

Низ целиот тек на изработката на дисертацијата, анализите и заклучувањата ќе се користат табели, графикони, шеми и други методолошки средства.

Имајќи предвид дека за воената логистика многу малку е напишано во нашата земја, вклучувајќи ја тука и чисто нашата воено - стручна литература, а од друга страна се има доста искуство од работата како и изведените вежби во бившата ЈНА и АРМ, тоа е доволна причина повеќе да се позанимаваме со воената логистика и тоа пред се со нејзиното дефинирање и оптималната поставеност во армијата, која би била во функција на одбраната на земјата, не изоставајќи го и соодветно насочување за перспективата на понатамошниот развој.

## ПРВ ДЕЛ

### 1.Теоретски основи за поставување на предметот на истражување

Теоретските основи за поставување на предметот на истражување се разработени низ кусо поимно определување и дефинирање на логистиката, односно низ дефинирањето на воената логистика, нејзиното место меѓу научните дисциплини и поделбата според облестите во кои се користи.

### 1.1.Поимно определување на логистиката

Во Република Македонија, а особено во армиската јавност постојат различни пристапи и толкувања на поимите логистика и логистичко обезбедување и заднина и заднинско обезбедување.

Потребно е да се појде од тезите дека помеѓу логистиката и заднината не постојат суштествени разлики. Терминот логистика бил и е во употреба во армиите на НАТО пактот и западните земји, додека заднината (српски позадина, руски организација на тил) е источно - европски термин, во употреба во бившиот Варшавски договор, социјалистичките земји (помеѓу кои и бивша СФРЈ) и повеќето новоослободени држави по втората светска војна. Логистиката и заднината (српски позадина) претставуваат синоними за одредена дејност на вооружените сили, при што не се важни разликите бидејќи на се суштински и не се од организациско - формациска природа[6].

Во некои армии па и во армијата на Република Македонија, сеуште по обичај се употребува терминот заднина и заднинско обезбедување (српски позадина и позадинско обезбедување). Во Република Македонија, во военото школство, прво во Установата за обучување на воените старешини, за поедноставно поимање, во наставниот процес терминот логистика се воведува веднаш, а за полесно разбирање и се поистиветува

[6] . Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 5, Beograd, 1973 godina, str.118.

со терминот заднина, додека логистичкото обезбедување со заднинско обезбедување, што значи терминот логистика во Република Македонија се воведува веднаш со осмостојувањето, како во армијата така и надвор од неа, во печатот, радиото и телевизијата, контактите со странците (вклучувајќи ги и првите контакти со претставниците на УНПРОФОР) и тн.

Терминот логистика е од грчко потекло, (според атинските чиновници логисти, кои ги пресметувале државните потреби), прв пат со воено значење го употребил Лав VI Мудрецот[7], опфаќајќи ги со него, сите дејности околу подготовките за воени походи (снабдување, проценка на земјиштето и силата на непријателот и др.).

Лав VI Мудрецот, бил Византиски цар (886 - 912), еден од најобразованите и најплодните писатели во своето време. Од доменот на воената книжевност автор е на Сумарниот преглед на воената вештина. Тоа е, всушност, теоретско дело, конгломерат на трудови од постари писатели. Лав VI Мудрецот, не бил ни војник ни војсководител, меѓутоа, успеал да ги собере и заокружи воените знаења кои до тогаш биле сочувани.

Во предговорот ги утврдува основните начела на воените вештини, пропишувајќи им ги на војниците како закон. Делото е поделено во 21-а глава. Во втората и третата глава се расправа за поделбата на воената вештина, стратегиските задачи на војсководителите и нивните советници, од 4 до 11 глава се расправа за логистиката, од 12-15 за тактиката, во 16 за војни со утврдувања, во 17 за малите војни, во 18 за начинот на војување на непријателот на Царството, во 19 за поморска војна и во 20 за начелата и постапките. Во последната (21-та глава) е рекапитулацијата, во која воената вештина ја дели на СТРАТЕГИЈА, ЛОГИСТИКА И ТАКТИКА[8] .

Самиот факт што овој автор на логистиката и посветува цели осум глави (на стратегијата две, а на тактиката 5), не наведува на заклучокот за

---

[7] . Пошироко види: Jahns M., Gaschishte der Kriegswissensehaftem, Munhen - Leipzig, 1889; Lat F., L'art militare end les armees au moyen age, Paris, 1946; Ostrogorski G., Istorija na Vizantije, Beograd, 1959.

[8] . Vojna enciklopedija, drugo izdanje, 5, lafos-naukrat, Beograd, 1973 godina, str.21.

големото значение на логистиката за армијата, односно вооружените сили и нејзиното место меѓу научните дисциплини.

Кон крајот на 19-иот и во почетокот на 20-тиот век, терминот логистика го усвојува и армијата на САД, но во воените правила го внесува дури во 1949 година.

Од изнесеното би можело да се заклучи следното: помеѓу ЛОГИСТИКАТА и ЗАДНИНАТА не постојат важни разлики. Терминот логистика, е во употреба, во армиите на НАТО пактот и повеќето други земји на запад, додека заднината е источноевропски термин, а се употребувал во армиите членки на поранешниот Варшавски договор, некои социјалистички (помеѓу кои и во бившата СФРЈ) и новоослободените држави по Втората светска војна. Доколку и постојат разлики, тие се надвор од обласга на воените задачи.

Што значи, во западните земји (првенствено во САД) многу прашања од економското обезбедување на војната и подготовките за војна спаѓаат во логистиката, а во некогашниот Варшавскиот договор и бившите социјалистички земји (меѓу кои и бивша СФРЈ) толкувањата дека со тие работи се занимавале и други државни органи, веќе не стои. Затоа логистиката и задницата треба да се сметаат само за синоними за одредена дејност на вооружените сили, при што не се важни разликите, затоа што не се од организациско - формациска природа.

## 1.2.Дефинирање на логистиката

### 1.2..1. Логистика како поим

"Логистиката во национална одбрана" настанала од низа истражувачки трудови, напишани како проект за изучување на логистиката на Универзитетот во "Ѓорѓ Вашингтон" како и од серија на предавања во Морнаричката воена школа, Командната и генералштабната школа, Националната воена школа, Воздухопловниот

универзитет, Индустриската школа за вооружените сили и Школата за логистика на военото воздухопловство во САД.

Терминолошки (во апстрактна смисла) зборот "логистика" не може како другите поими ("економиката", "политиката", "тактиката", "стратегијата" и тн) да се протолкува со една ендинственa дефиниција, која ќе важи за сите прилики.

По втората светска војна поимот "логистика" често се применува за означување на цивилни дејности. За да се покаже како тој поим може да се користи во воена терминологија, интересно е да се изнесат некои општи формулации кои се појавиле[9] :

Логистика е процес на планирање и обезбедување на средства и услуги за поддршка.

Меѓународна логистика е процес на планирање и обезбедување на средства, построенија и услуги за поддршка на воените сили и цивилното стопанство на меѓународно рамниште.

Национална логистика е процес на планирање и обезбедување на средства и услуги за подршка на националните воени сили и нивните операции, националното цивилно стопанство и неговата меѓународна обврска и барања.

Цивилна логистика е процес на планирање и обезбедување средства и услуги за поддршка на цивилното стопанство.

Воена логистика е процес на планирање и обезбедување средства и услуги за поддршка на воените сили.

Спрема здружението на логистичарите во САД, логистиката ја опфаќа вештината на науката за управување, инженериски услуги и технички активности кои се однесуваат на техничките барања, проектирање и развој, снабдување и обезбедување на ресурси за одржување на техничките материјални средства, со цел да се пружи ефикасна поддршка на плановите и операциите[10] .

---

[9] . Captain R.B.Hunt, USN, Retired, Definitions of Logistics, University Logistics Researsh Projekt, Georgi Washington, 1956, str.38.

[10] . Milojko Jerić, Logistika i optimizacija logističkog procesa snabdevanja elektronskih uredjaja rezervnim delovima, VIZ, Beograd, 1984, str.9.

Иако, некоја од овие дефиниции за некои е прифатлива, прво не даваат полна слика за суштината, местото и улогата на логистиката во општеството денес и второ доколку логистиката е наука не може да биде процес. Затоа во дефинирањето на логистиката мора да се тргне пошироко.

Поимот "логистика" уште е во процес на брзо и правилно развивање и додека не созрее и додека не се вдомаши, мораме да го прифаќаме така како што се појавува, и тоа со сите специфични облици и содржини од својата конкретна околина, меѓутоа пред да дадеме за нас прифатлива дефиниција за логистиката, воената логистика и логистичкото обезбедување, нешто да кажеме за местото на логистиката меѓу научните дисциплини, поделбата, како и за предметот, методот на истражување и терминологијата (јазикот), кои воената логистика ја чинат научна дисциплина.

### 1.2.2.Местото на логистиката меѓу научните дисциплини

Денес за логистиката може да се каже дека е научна дисциплина со чија примена на разните технички, социјални, економски, воени и други управни системи им се овозможува пружање на неопходно потребната интегрална логистичка поддршка за оптимално поставување и реализирање на нивните задачи, планови и операции. Притоа, логистиката се користи со достигнувањата на различните научни дисциплини, а во најголема мерка достигнувањата во операционите истражувања[11].

Иако логистиката во пракса се појавила со првите организирани погоре напоменати системи, таа како наука е од поново потекло, а во праксата денес се јавува како нужна неопходна потреба во организирањето на процесите на разните системи и организации на кои работат старешини на армијата, инженери, економисти, политичари како и голем број стручни лица кои раководат со системи и организации и кои бараат логистичка поддршка.

---

[11] . Miloko Jerić, Logistika..., str.5.

Имајќи ја предвид целта, да се дефинира пимот логистика, воената логистика и логистичко обезбедување според сегашните услови, видувања и прилики, неопходно е, пред самото дефинирање, нешто да се каже за местото на логистиката во семејството на современите стручни и научни дисциплини, кои се занимаваат со проблематика врзана за поддршка на работата во разни системи, операции и организации.

За да се свати дека логистиката денес прераснала во посебна научна дисциплина, потребно е да се истакне дека таа се потпира на веќе познатите научни и стручни дисциплини како што се: теоријата на вероватност, сигурност, масовно опслужување, разни статистички методи, кибернетиката во најширока смисла на зборот, стратегијата, оперативката, тактиката и тн. Логистиката ги користи и можностите на современата сметачка техника (компјутерството) и е во состојба детално да анализира сложени процеси во разни системи и организации, вклучувајќи ја можноста за прогнозирање на развојот на тие системи и организации, нивната цена, потребите и можностите, како и оптимизацијата од финансиски, воен или некој друг аспект.

Исто така, позанто е дека логистиката никнала како дел од воената вештина, а се однесувала на обезбедувањето на воените единици со разните средства и потреби за водење на воени операции, меѓотоа таа одамна ги преминала тие граници и се вклучила во решавање на поддршката на работата во општеството во разните области на неговото делување[12].

Треба да се има предвид и фактот, дека значението и можноста која ја пружа познавањето на логистиката први го сватиле воените раководители, (... воени раководители сметаат... обезбедувањето е интегрален дел на материјалното и здравственото обезбедување на вооружената борба, збир на дејности на командите, управите, единиците и установите на вооружените сисли, кои со организирано користење на материјалните извори, производно услужните и здравствените капацитети во вооружените сили и на територијата ќе обезбедат што поповолни

[12] . Milojko Jerić, Logistika i ..., str.10.

услови за борба, живот и работа на на вооружените сили[13]) потоа деловните луѓе, а денес нејзиното изучување им е потребно на сите оние кои сакаат да постанат и бидат добри инженери, политичари, економисти, односно сите оние кадри кои се занимаваат со управување и раководење со разни системи и организации, што зборува за нејзиното место меѓу научните дисциплини.

Кога е присутен воениот фактор, може да се каже дека меѓусебната зависност на различните дисциплини, подрачја (политичко, економско, географско, војно, психолошко, научно и техничко подрачје) на власт и одговорност во воени услови е поголема и толку многу тие се испреплетуваат што нивно посебно дефинирање нее практично.

Меѓутоа, кога веќе наблјудувањата се од воен аспект во истражувањето можат да се поврзат стратегијата, оператиката, логистиката и тактиката. “Стратегијата, оператиката и тактиката, неможат да имаат теоретска поткрепа во постоечките системи на конституирање на воената наука, без вистинско и теоретско поврзување со логистиката[14]”. На степенот на воената мисла кај највисоките органи на командување (врховна команда) стратегијата, оператиката и тактиката токлу се испреплетени да постанале една целина[15]. Произлегува, дека сите проблеми и состојби во војна се една мешаница на стратегиските, оперативните, тактичките и логистичките елементи.

<u>Стратегијата</u> се занимава со одредување на целите и општите методи за нивното остварување. <u>Логистиката</u> се занимава со обезбедување и непрекината поддршка на борбените сили и оружјето. <u>Тактиката</u> се занимава со специфичната употреба на оружјето и силите за остварување на целите кои ги поставила стратегијата[16]. Едноставно може да се заклучи: стратегијата и тактиката создаваат (изработуваат, осмислуваат) планови

---

13 . Ljubisha Vuković, Taktika pozadine-pojmovno odredjenje, SSNO, Beograd, 1989, str.35.
14 . Radovan Radinović, Metode ratne veštine, VIZ, Beograd, 1983, str.107.
15 . Josef Kapon, Rukovodjenje i komandovanje vojnom logistikom, prevod (org.Pervue militaire muisse), 1/81, str.434.
16 . Henry E. Eccles, real admiral, Logistics in the national defence, real admiral, USN,RET., prevod, Voenoizdavački zavod, Beograd, 1968 godina str.37. Пошироко види: KNORR Klaus, / MORGAN Patrick, Strategic military suprise, (Воена стратегија - зборници), London, 1993; Herbert I., Military doktrine and the american character - National stratequ information center, New York, 1984.

за изведување на воени операции, додека логистиката обезбедува средства за нивно спроведување, од што зависи одлуката на командантот.

Azenhauer тврди: "Нема тактика без логистика. Ако логистиката каже не, таа е во право и треба да се менува планот за операција, бидејќи нее добро замислено[17]".




Шема број 1.

Изнесеното многу зборува за местото на логистиката меѓу споменатите научните дисциплини, меѓутоа пред да дадеме дефиниција што ќе подразбираме под поимот логистика корисно ќе биде прво нешто да се каже за поделбата на логистиката.

---

[17] . Француско списание, Azenhauer "Armes d aujourdi hui", број, Paris, 1984, str.9.

## 1.2.3. Поделба на логистиката

Логистиката е релативно млада наука, која како посебна научна дисциплина настанала кон крајот на 19-тиот век[18].

Во најопштата смисла на зборот логистиката е општествена наука за поддршка на плановите, процесите и операциите. Повеќето логистичари се сложуваат со ваква појдовна одредба. Според Stenley L.Falk[19] логистиката како наука се дели на:

- теорија на логистиката (општа или чиста логистика) и
- применета логистика (посебни логистики).

Развојот на општата логистика (теоријата на логистиката или чистата логистика) е следен од процесите на настанувањето на посебните логистики (емпириските или применетите логистики). Некои од нив се денес развиени и имаат стекнато завиден углед, како на пример: воената логистика, индустриската, економско - комерцијалната, социјалната, општо техничката логистика и тн. Конституирањето на посебните логистики, во ваков број, со нагласена тенденција на настанување нови, во основа може да се објасни со се поголемиот углед на логистиката, логистичката поддршка и логистичките знаења, а и од потребата да се од едно општологистичко гледање подетално и целосно истражат одредени општественологистички појави и процеси кои по правило се повеќе димензионални и сложени.

Некои логистичари сметаат дека настанувањето на овие потесни логистички дисциплини може да се објасни со тенденциите на современата логистика во поедини земји кои се повеќе се свртени кон емпириските (применетите) истражувања, со нагласеното запоставување на

---

[18] . По обичај втемелувањето на логистиката (особено воената) како посебна научна дисциплина се поврзува за усвојувањето на терминот логистика од армијата на САД кон крајот на 19-тиот и почетокот на 20-тиот век, иако за прв пат терминот го употребил Лав VI Мудрецот, византискиот цар 886 - 912 година. Пошироко види: Jahns M., Gaschichte der Kriegswissenschaftem, Munhen - Leipzig, 1889; Lot F, L'art militare et les armees au moyen age, Paris, 1946; Ostrogorski G., Istorija na Vizantije, Beograd, 1959. Thore's George C., PURE LOGISTICS, THE SCIENCE OF WAR PREPARATION, National Defense university press, Washington, 1986.

[19] . Stanley L. Falk, PURE LOGISTICS, National defense university press, Washington, 1986, и GEORGI C. THORPE'S, PURE LOGISTICS, THE SCIENCE OF WAR PREPARATION, National Defense University Press, Washington, 1986, str. XI - XXVIII.

теоретските основи, што навистина во ваквите гледања има многу вистина.

Веќе може да се заклучи дека посебните логистики се занимаваат со проучување на најразновидна поддршка на плановите, процесите и операциите. Така на пример: додека една ја интересираат одредени процеси во обезбедувањето на поддршка на вооружените сили во операциите (воената), друга се занимава со анализи за поддршката на сите процеси во производството за да го обезбеди пазарот со производи во одредено време и потребни количини со најмали вкупни трошоци (индустриската), трета истражува и врши проучување и поддршка на банките и сличните установи; поштата; новинските агенции, радиото и телевизијата; железницата; авио и автопревозниците и тн.(економско - комерцијалната), четврта се ангажира во расветлување на одредени законитости за поддршка на системите врзани за социјално - управен карактер (социјалната), петта се занимава со истражувања за поддршка на големите стопански организации кои за извршување на својата основна дејност располагаат со големи технички построенија, а не спаѓаат во индустриски претпријатија - нафтоводи, гасоводи, водоводи, електродистрибуција (општо техничката логистика) и тн.

Со оглед на фактот што секоја научна дисциплина има свој предмет на истражување, кој во сонава се разликова од предметите на истражување на другите научни дисциплини, а веќе е споменато дека логистиката е општествена наука за подрдршка на плановите, процесите и операциите, за да се избегнат извесни недоразбирања и дилеми ние под општа логистика ќе подразбирме научна дисциплина која ги истражува општите законитости за планирање и обезбедување на средства, построенија и услуги за поддршка на воените сили и цивилното стопанство (на нивните планови, процеси и операции), поединечните појави и врските помеѓу нив.

Изнесеното зборува дека не се работи исклучително за теоретска научна дисциплина, туку, во исто време логистиката е и емпириска - истражувачка - применета. Таа тоа мора да биде за да може да се развива и

постојано да ги продлабочува своите знаења проверувајќи ги и преиспитувајќи ги во светлоста на новите факти.

Бидејќи, веќе е нагласено дека посебните логистики се занимаваат со најразновидни општествени појави во врска со обезбедувањето на средства и услуги за поддршка, меѓутоа сите овие појави се истражуваат од гледна точка на нивната природа и содржина, а целта е дефинирањето на воената логистика како научна дисциплина и логистичкото обезбедување како процес, за полесно проучување спрема областите на кои се однесува, пред да се премине на дефинирањео на воената логистика, уште еднаш да заклучиме и шематски да прикажеме дека логистиката може да се дели на:

1. Воена логистика;
2. Индустриска;
3. Економско - комерцијална;
4. Социјална (управна); и
5. Општа техничка логистика[20].

Шема - поделба на логистиката според областите во кои се користи




Шема бр.2.

Имајќи ја предвид целта на истражувањето, воената логистика како научна дисциплина и логистичкото обезбедување како процес, пред да се дадат дефинициите што ќе се подразбира под поимите воена логистика и логистичко обезбедување корисно ќе биде да се даде теоретска поткрепа за воената логистика како научна дисциплина

[20] . Milojko Jerić, Logistika..., str.42.

**ВТОР ДЕЛ**

## 2.Воена логистика[21]

Воената логистика (како посебна - применета логистика) од една страна како дел од теоријата на логистиката (општата - чистата логистика), а од друга страна како дел од воената вештина се спомнува уште во XVIII век. Прво била наука која имала за цел изнаоѓање најдобри решенија и донесување планови за движење на воените единици, нивно снабдување, избирање терени и изработување на систем на утврдување. Со текот на времето војските почнале да се служат со разновидни техники, оружјето постанало се побројно, додека неговата огнена моќ брзо се зголемувала. Механизацијата влегла во сите видови, родови и служби на современите армии. На војувалиштата се појавиле бројни воени единици, борбените дејства почнале да се одвиваат на целокупната длабина на државната територија на завојуваните страни. Како императив за победа на противникот неопходно е да се поставува целокупното општество и сите расположливи ресурси. Тоа доведува до големо ангажирање на жива сила, разновидно оружје, бројна муниција по асортиман и количина, голема потрошувачка на разновидни енергетски ресурси почнувајќи од течни горива, електрична и нуклеарна енергија и други видови на горива. Тука почнува и проблемтиката на сообраќајот, складирањето, евиденцијата, распределбата и управувањето со сите материјални средства, капацитети и ресурси, додека одржувањето и поправката на разноврсна и многу сложена техника се наметнува кко посебен проблем. Тоа доведува до развој на воената логистика како посебн научна дисциплина, а пред нејзе се поставиле нови и многу сложени задачи. Тие задачи несе само работа на воената логистика, туку на целокупниот

---

[21] . Пошироко види: NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIK TREATY, ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994; Julian Thampson Major General, The Lifeblood of War - Logistics in Armed Conflict, Brassey's, 1991; Shelby L. Station, The Rise and Fall of the American Army, Cloth Spar Books, 1989; Army Logisticion, Profesional bultion of United States Army Logistics, 1991; Maskey K., For Want of a Nail - The impaet of War an Logistics and Communications, Brassey's, 1989; Priručnik za izučavawa logistike OS SAD, prevod sa engleskog, Pozadinsko obezbedjenje u samostalnoj brigadi OS SAD, OUP, SSNO, Beograd, 1989; Blanchard B., Logistics Engineering and management, Prentice - Hall, 1974.

команден состав на сите рамништа на комндување, па денеска неможе да се замисли успех на нити една воена операција без современо и ефикасно логистичко обезбедување, односно без современа и ефикасна логистичка подршка.

За согледување на содржината и суштината на воената логистика и детално објаснување на нејзината улога, функција, ешелонирањето на материјалните резерви и другите активности кои ги опфаќа неопходно е шематско прикажување во најопшт облик. Овие објаснувања според едно шематско прикжување можат да се дадат во девет посебни делови на функциите на воената логистика (шема бр. 3)[22].

[22] . Milojko Jerić, Logistikata i ..., str.44. Пошироко види: Kaplan Lawernce S., NATO after forte years, (NATO pakt - зборници), Washington, 1990; Mondiale Guerre Premiere, Colloque international sur La Logistique des Armees au combat pendant, Verdun, 1980; NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIK TREATY ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994; BRASSU'S P.D. Foxton, Paul Military College of Science, Powering War Modern Land Rorce Logistics, London - New York, 1994; Julian Thompson General, The Lifeblood of War - Logistics in Armed Conflict, Brassey's, 1990. 4.




Шематско прикажување на функциите на воената логистика

Шема број 3.

Сите функции на воените активности кои ги опфаќа воена логистика, се наоѓаат во рамките на некој логистички процес и во некој простор и време. Во тој процес владеат определени законитости кои можат да се истражуваат и оптимизираат. На тој начин можно е, на пример, со помош на операционите истражувања да се оптимизира и воената логистика, односно сите нејзини функции.

**Обезбедувањето логистички кадар** може да се смета за една од логистичките функции која се занимава со школување кадар од посебен профил - специјалисти логистичари. Бидејќи веќе е нагласено дека прашањата врзани за извршување на логистичките задачи денеска нее само задача на логистичкиот кадар, туку тоа е работа на сите армиски структури, па и на општеството во целина, неопходно е со логистиката да се занимаваат старешините на сите нивоа на раководење и командување, односно сите мораат да ја изучуваат логистиката како воена наука и вештина, како предмет да се изучува на сите воени школи, факултети и институти за одбрната. Ова школување постанало пракса во сите поголеми армии во светот под разни специјалности и звања меѓутоа суштината им е секаде иста. На пример: интендднтски кдар може да се школува во воени и цивилни школи и универзитети за извршување на логистичката функција интендатско обезбедување, меѓутоа според програмите кои ги покриваат знаењата за точно одредена логистичка функција. Со продирањето на логистиката во сите пори на животот и работата во армиската структура, спектарот на специјлностите кои таа го бара постанува се поширок, а и поради се посложените операции логистикта бара и многу различен степен на стручно образование на кадарот во поглед на познвање на логистичкиот процес не само за задоволување на потребите туку и за оптимизација на тој процес. Сето тоа укажува на фактот дека биле во право оние армии и земји кои се определиле за школување на посебен профил на специјлисти - логистичари и кои ја развиле побрзо воената логистика како посебна научна дисциплина.

**Интендатското обезбедување** различно се третира во разни армии, меѓутоа, ипак е најстара логистичка функција бидејќи постои од моментот

на настанувањето на организирана војска. Без оглед на опременоста, секоја војска мора да се занимава со потребите кои ги наметнува употребата на жива сила во мир и војна. Тоа значи, дека оваа логистичка функција мора да обезбеди се што е потребно за сите луѓе да бидат најадени, чисти, облечени, а нејзина грижа се и животните кои се користат за извршување на разни задачи. Изнаоѓање на оптимално решение за овие задачи претставува еден од важните елементи за постигнување на добар морал и поголема ефикасност на единиците. За тоа е неопходено ангажирање на соодветен интендантски кадар, кој е од значение и од економска и финасиска гледна точка, бидејќи од правилната работа на оваа активност зависи економичното користење на материјалните ресурси.

За сето тоа се неопходни истражувања, развој, набавки, складирање, контрола, распределба, транспорт, конзервирање и произведување на определени производи, вклучувајќи го обезбедувањето на целокупната опрема, изградувањето и одржувањето на многу скапи и сложени построенија. За извршувањето на вакви комплексни задачи интендантското обезбедување во разни армии е организирано различно, меѓутоа, апстрахирајќи ги разликите во организирањето, и денеска во сите армии на светот оваа логистичка функција има примарна функција.

**Санитетското обезбедување** во сите армии во светот има посебно изразена улога, а со тоа и место како логистичка функција во воената организација. По природа е чиста логистичка функција, а нејзиното извршување во мир и војна гарантира дека луѓето ќе бидат психофизички способни во секој момент да ги извршат задачите кои ги наметнува современото војување. Во мир санитетската служба мора да се грижи за здравствената состојба на целокупниот армиски состав, преземајќи разни мерки и занимавајќи се со научни фундиментални и применети истражувања (проучувајќи ја и воената вештина во подрачјето на санитетското обезбедување) на полето на медицината, стоматологијата, фармацеутиката и некои интердисциплинарни науки. Потаоа, води грижа за санитетските објекти, за освојување, развој и производство на санитетска опрема, фармацеутски производи и целокупна снитетска

техника, а во нејзин делокруг е и образованието и постојаната обука на целокупниот санитетски кадар.

Во воени услови улогата на санитетското обезбедување посебно е изразено, бидејќи покрај превентивната компонента се занимава и со сите видови санитетски интервенции, а да би ги извршила овие деликатни задачи мора да има одлично организирана интерна логистичка поддршка во текот на борбените дејства н единиците на оперативната војска. Таа подршка ја подразбира набавката, производството, превентивното одржување, конзервирањето и разната опрема од санитетска техника и друг санитетски материјал., како и згрижувањето и транспортот на ранетите и погинатите. Во разни армии во светот санитетското обезбедување е организирано на разни начини, меѓутоа суштината секаде му е иста.

**Ветеринарното обезбедување** во некогашните армии имало голема улога во однос со современите армии. Ова е разбирливо, бидејќи во борбените дејства повеќе се користеле животни, со бројни формации на коњички единици, а подоцна и за артилеријата, за разни воени операции и за потребите на исхраната. Во таквите армии ветеринарното обезбедување било посебно организирано. Подоцна како техниката ги заменувала животните на разните места оваа логистичка функција од таа гледна точка губи на значениле, меѓутоа, и во најсовремените армии не може да биде исклучена, поради користењето на животните како значаен фактор во исхраната, како значајни ресурси за кои е потребно некој да се грижи. Таа мора да води грижа и за квалитетот за сите видови на месни резерви (месо-месни конзерви) и за животните кои останале во употреба за борбени и други оперативни барања (грижа за коњи, кучиња итн.)

**Военото производство** во сите модерни армии и држави прераснало во цели индустриски гранки и тоа поради специфичностите на оружјето и воената опрема, обемноста на задачите и проблемите кои ги наметнува нивното усвојување и развојот на производството. Бидејќи во современите војни севкупните сили на општеството работат за потребите на воените дејства, а тоа значи, дека во случај на војна севкупната индустрија на државата се ориентира на воено производство. На военото производство,

како логистичка функција во време на современо опремување на сите видови, родови и служби на модерните армии со современи технички материјални средства му се наметнува сериозна задача, а на воената логистика како научна дисциплина, односно нејзините воени логистичари, и се наметнува грижата за потребите на земјата врзани за военото производство во специјализирани организации.

**Градежното обезбедување** е во тесна врска со потребите на современите армии за располагање со голем број на најразновидни постојани објекти за да можат да ги извршуваат сите свои логистички функции. Овие објекти спрема својата намена, местото на градење и сложеноста на инсталациите бараат посебна логистичка функција, а тоа е градежното обезбедување. За извршување на оваа логистичка функција армиите и на големите и малите држави пристапуваат кон организирање на разни начини, меѓутоа во начело, овие задачи ги извршуваат преку специјализирани воено градежни установи, служби и команди, потпирајќи се на општеството. Воените органи кои ја решаваат оваа логистичка функција ангажираат и цивилни истражувачки институти, проектантски организации, градежни претпријатија и специјализирани установи. Извршувањето на оваа логистичка функција бара големи финансиски вложувања, затоа постојаната подршка на општеството е неопходна. Во случај на војна оваа функција не губи на значение, туку напротив, можните разни разорувања и рушења пред логистичарите и сите старешини искрснуваат нови задачи. Ова наведува, дека за извршување на оваа логистичка функција мора да постои високостручен и специјализиран логистички кадар, а и грижа на командите на сите рамништа и целиот старешински кадар кои на наков начин учествуваат во извршувањето на нејзините задачи.

**Техничкото обезбедување** се смета за една од сонoвните функции на логистичкото обезбедување, бидејќи од него зависи благовремената пополна и неорекинатото снабдување на единиците со целокупниот асортиман на потреби од технички материјални средства и техничко одржување и ремонт на бројни средства по видови и намена. Поточно, оваа логистичка функција се занимава со снабување на енергија

(електрична, гориво, маст и масла како погонска енергија), муниција и минско експлозивни средства, технички материјални средства (сите борбени и неборбени технички средства), резервни делови и одржување на техничките материјални средства. Во сите армии и држави, особено во современите, воведувањето на најсовремена техника е брзо и масовно по видови и количина, а процесот на модернизација многу сложен и динамичен. Се работи за сложени технички средства кои бараат висока стручност (нови знаења), современа технологија на одржување и нови резерви од муниција, алат, прибор и резервни делови, а тоа од друга страна бара посебни мерки и напори на техничкото обезбедување како основна логистичката функција. Изнесеното многу зборува за значението на оваа основна логистичка функција, а и за воената логистика како научна дисциплина.

**Обезбедувањето на транспортот и сообраќајот** као логистичка функција е во тесна врска со почетоците на воената логистика, меѓутоа, во современите армии таа добива поинакви димензии и значение. Познато е дека пред армиите се поставува задачата превозување на жива сила и средства на мали и големи растојанија под тешки услови поради борбените дејства на непријателот. Денешни стратегиски замисли на големите светски армии во тој поглед пред воената логистика како научна дисциплина поставуваат огромни задачи, како на пример: фундаментални и применети истражувања во областа на сообраќајот и транспортот; планирење, развој и производство на транспортни средства со големи можности; оптимизација на транспортните услуги на војувалиштата; управување со движењето на транспортот; организирање на воздушниот и поморскиот сообраќај; транспорт по железнички, копнен и воден пат; организирање на сообраќајот и негово регулирање во воени услови и тн. Изнесените задачи зборуваат за значението на оваа логистичка функција, односно воената логистика како научна дисциплина.

За извршување на вака комплексни задачи, во армиите постојат воени организациски целини и команди на разни рамништа на командување кои се занимаваат со оваа проблематика, во начело транспортни единици постојат за ниво армија, корпус, дивизија до бигада.

**Обезбедувањето и обработката на податоците** го воочиле сите модерни армии, со напомена дека информатиката не се однесува само на воената логистика, туку таа е присутна во сите логистички области. Во сите армии, особено армиите на големите држави, постојат разни информациски системи, на кои им е заедничка нивната основна намена. Информацискиот систем мора на брз и сигурен начин да даде информација (кој, што, каде) за логистичкиот процес да може да обезбеди соодветен вид на ресурси за нормално функционирање.

**Раководењето, командувањето, управувањето и контролата на логистичките функции** претставува основна мисија на логистиката за да се развие и одржи ударната моќ на единиците. Тоа може да се постигне само со обезбедување на систем за вооружување и сите пратечки системи со потребните ресурси. За да се исполни оваа мисија на логистиката неопходен е организиран и ефикасен систем на раководење, командување, управување и контрола на логистичките функции по севкупната длабочина на армискиот систем, од поединечниот корисник, преку баталјите, бригадите и корпусите до командите на армиите, фронтот и врховните команди.

Имајќи го предвид изнесеното за наша употреба, за полесно разбирање, пред да ги дефинираме воената логистика и логистичкото обезбедување нешто да кажеме за предметот, методот и терминологијата (јазикот) кои воената логистика ја чинат научна дисциплина.

## 2.1.Дефинирање на воената логистика и логистичкото обезбедување

Од напред изнесеното може да се заклучи дека воената логистика е специфична научна дисциплина која може да се класифицира во областа на применетата логистика (како што се на пример: индустриската, економско - комерцијалната, социјалната, општо техничката и тн.), но и во областа на воените науки - вештини (стратегијата, оперативата и тактиката) со свој **предмет и метод и своја терминологија (јазик).**

**Предметот** на истражување на воената логистика се општите законитости (изучувањето) како и се што ја детерминира и карактеризира поддршката на вооружените сили со неопходните средства и услуги, или конкретно таа го изучува: обезбедувањето на логистички кадар (едукацијата); техничкото, интендантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, градежното и финансиското обезбедување; потоа военото производство; обезбедувањето и обработката на податоците; раководењето, командувањето, управувањето и контролата и тн. Воената логистика како научна дисциплина се занимава и со изучување на принципите и начелата на раководење и командување со процесот обезбедување, како и факторите на вооружената борба и другите процеси кои влијаат на успешно или неуспешно обезбедување на вооружените сили со неопходните потреби, а со тоа и на успехот или неуспехот на војната.

**Методот**[23] на воената логистика ги содржи сите методи на општествените науки, а ги користи и статистичкиот метод и моделирањето од математичкиот метод, односно може да ги користи сите методи на собирање и обработка на податоци како на пример: метод на набљудување, интервју, анкетирање, анализа на содржините, мерење, експерименти, статистички метод, компеaративен метод и тн. Имено, воената логистика, покрај сознанијата за функционирањето на организацијата на логистичкото обезбедување на вооружените сили има **задача** да изврши и проверка на одредена организација (организациско формациска поставеност) за функционирањето на логистичкото обезбедување во разните логистички процеси во некој простор и време.

Таа, тоа го чини со моделирање на воени вежби и игри. Според тоа,

[23] . Методот како поим различно се дефинира, на пример: методот означува начин на истражување, начин на мислење, начин на работа (Vujaklija M., Leksikon stranih reči i izraza, Prosveta, Beograd, 1970), или научен метод се нарекува обично збир на разни постапки и процеси со помош на кои се доаѓа до научни сознанија и вистини (Šamić M., Kako nastaje naučno delo, Zavod za izdavawe udžbenika, Sarajevo, 1969), или терминот “научен метод” се однесува на повеќе различни методи што се користат во науката за да се дојде до бараните научни сознанија. Во основа кај сите нив се наоѓа **системско, контролирано, емпириско и критичко истражување, насочено кон стекнување сознанија за определени појави** (Виолета Петроска - Бешка, Методологија на експерименталните испитувања во психологијата, Малинска, 1994).

методот на воената логистика овозможува научните достигнувања да бидат проверени во практиката.

Со оглед на фактот дека вистинската практика на воената логистика е единствено војната (обезбедувањето или поддршката на вооружените сили кои ја водат војната) и со оглед на фактот дека со војна никој несака да ја проверува теоријата, во мирно време тоа се чини со решавање на тактички, оперативни и стратегиски задачи на карта или терен, со или без штабови и логистички управно - извршни органи, поточно со воени игри, вежби или маневри.

Иако се работи за псеудопрактика, таа е многу корисна, бидејќи се стекнуваат мошне значајни искуства и сознанија за теоријата на воената логистика како научна дисциплина, можеби позначајни од били која друга практика на некоја друга дисциплина.

Од воената логистика можат да се извлекуваат законитости кои применети под исти или слични услови ќе дадат исти или подобри резултати (иако треба да се има предвид дека во војна никогаш не постојат исти услови, бидејќи ни една војна неможе да се повтори со идентични елементи).

**Терминологијата** на воената логистика (јазикот) е составен дел на поимно - категоријалниот апарат на методот на истражување на воената логистика. Ја сочинуваат многубројни термини, знаци и симболи со кои се комуницира во воената теорија и практика како научна дисциплина. Голем број на термини, па и оние со кои се означуваат категоријалните поими настанале конвенционално. Поради конвенционалното потекло на термините различно се именуваат исти термини во воената логистика на одделни земји (логистика, заднина, позадина, организација на тилот, обезбедување, поддршка и тн.), кое создава потешкотии при преведувањето на воената документација и другите теоретски трудови, бидејќи често се губи врската помеѓу конвенционалното и литературното значение на терминот.

Во оперативното комуницирање се негува концизен и прецизен јазик на воената логистика. Се смета дека прецизно и јасно изразување е услов за ефикасно функционирање на организацијата на логистичкото

обезбедување. Сигурно за тоа има свој придонес и јазикот (терминологијат) на воената логистика со кој се поврзуваат термините и се даваат објасненија, особено во научното комуницирање и научното истражување.

Имајќи го предвид изнесеното за специфичностите на воената логистика како научна дисциплина со свој предмет, метод и своја терминологија може да се даде за нас прифатлива дефиниција за воената логистика и логистичкото обезбедување.

Под поимот **ВОЕНА ЛОГИСТИКА** се подразбира военогеогравски простор, со луѓето и материјалниот потенцијал, оспособен за материјално обезбедување и здравственото згрижување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови) и за живот и̍ стопански и други активности на населението во војна.

**ЛОГИСТИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ** (на армијата во мир, како интегрален дел од економскиот систем), е збир на активности, мерки и постапки на МО, генералштабот, командите, секторите, управите, единиците - установите на армијата, и на државните органи, претпријатијата и граѓаните, кои со организирано користење на материјалните извори, производно - услужните и здравствените капацитети на армијата во мир (вооружените сили во воени услови) ќе и обезбедат поволни услови за живот, работа и подготовка за вооружена борба.

Логистичкото обезбедување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови), е активност на логистичките органи, единици и установи, за обезбедување на материјални средства и здравствени услови за живот, работа и обука на единиците во мир, односно борба во воени услови.

Основни дејности на логистичкото обезбедување би можеле да бидат следните: снабдување со материјални средства, исхрана, водообезбедување, производство, оддржување и ремонт, здравствена и ветеринарна заштита, сообраќај, транспорт, градежништво и финансирање.

За извршување на задачите од доменот на логистиката, начелно сите земји - нивните армии, (па и Армијата на Република Македонија)

имаат организирано, логистички органи, единици и установи, кои го организираат и реализираат логистичкото обезбедување.

### 2.2.Основа на организацијата на логистичкото обезбедување

ОРГАНИЗАЦИЈАТА на логистичкото обезбедување на армијата (вооружените сили), е интегрален дел на општествено - економскиот систем на секоја земја (па и на Република Македонија) и заснована на принципите: предвидливост, економичност, флексибилност, единственост и оперативност[24].

Основата на организацијата за логистичкото обезбедување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови), во наши услови би требало да се базира (покрај наведените принципи) и на следните поставките:

-вооружена борба би се водела на сопствена територија, затоа логистичкото обезбедувањето треба да се организира со сопствени сили и можности, кои бараат брзо и едноставно преминување од мирновремени во воени услови;

-борбените дејствија би се изведувале на фронтот, во сопствената заднина и на привремено заземена територија. Затоа логистичкото обезбедување треба да биде разработено за целата територија, децентрализирано по начинот на раководење, а универзално по видовите на материјалните потреби и останатото обезбедување;

-најверојатно воени активности би се изведувале и надвор од границите на Република Македонија, во рамките на колективните системи за безбедност, (бидејќи нашата земја е членка во асоцијацијата партнерство за мир со тенденција за зачленување во НАТО), затоа организацијата на логистиката треба да е така разработена, одредбите за логистичко обезбедување да се применливи и во споменатите услови и кои ќе гарантираат уредно снабдување. Во споменати услови армијата на САД

---

[24] . BRASSE S, P.D.FOXTON, Powering War, Modern Land Force Logistics, London - New York, 1994, str. 1-9.

го зема предвид следното: големината и задачата на составот на тие сили - сили КоВ САД, оддалеченост во однос на останатите сили, способноста за логистичко обезбедување на сојузничките групации, способноста на земјата домаќин, матичните сили од кои тој состав се издвојува и сопствената способност за логистичко обезбедување на тој состав сили КоВ САД[25], кое во потполност може да се земе и кај нас; и

-организацијата на логистичкото обезбедување да е разработена и да се базира на економската состојба на земјата, односно на степенот на развиеност на индустријата, научно - техничките достигнувања, географските услови итн.

ОРГАНИЗАЦИЈАТА на логистичкото обезбедување треба да се постави така, да е економична, флексибилна, еластична, едноставна, оперативна и способна за брзо прилагодување во сите борбени ситуации, кои во современа војна брзо се менуваат па затоа треба да задоволува и некои какарктеристични барања, како на пример следните:

-да е во согласност и произлегува од концепцијата за употребата на армијата (вооружените сили), како составен дел на системот за раководење и командување;

-да е во согласност со почетните операциски планови, а преминувањето од мирновремена на воена организација за логистичко обезбедување на армијата да е едноставно;

-организацијата на логистичкото обезбедување да е единствна, за да не се дуплираат работите кај секторите, управите и извршните органи, додека снабдувачките степени да ги има што помалку;

-секое рамниште на логистичкото обезбедување да е самостојно и способно за постигнување на оптимален степен на борбена готовност на единиците;

-брза промена на шемата на организацијата за логистичкото обезбедување и маневрирање со логистичките единици и материјалните резерви;

---

[25] . Семинар Логистички менаџмент бригада - корпус во реализација на офицери на армијата на САД, мајор Suzana Karlson i kapetan Jon Hapson, 12.06.1996 , Скопје и
Priručnik za izučavanje Logistike SAD, prevod sa engleskog, Pozadinsko obezbedjenje samostalnoj brigadi OS SAD, OUP SSNO, Beograd, 1989, str.32.

-континуирано и уредно снабдување на единиците со материјални и други потреби , без оглед на условите на борбената ситуација; и

-административно - финансискиот систем да е единствен и регулиран за подолго време.

Организацијата за логистичко обезбедување на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови во главно ја сочинуваат:

**- дејности,**

**- носители на дејностите, и**

**- облици на обезбедување.**


ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЛОГИСТИЧКОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
ДЕЈНОСТИ
НОСИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТИТЕ
ОБЛИЦИ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ
Снабдување
Одржување и ремонт
Исхрана
Здравствена заштита
Ветеринарна заштита
Сообраќај и транспорт
Геадежништво
Финансирање
Други активности
Техничка служба
Интендантска
Санитетска
Ветеринарна
Сообраќајна
Градежна
Финансиска
Други служби
Техничко обезбедување
Интендантско
Санитетско
Ветеринарно
Сообраќајно
Градежно
Финансиско
Друго обезбедување

Шема број 4.

Логистичките служби ја сочинуваат единствената целина на логистичкото обезбедување на армијата (вооружените сили). Како носители на дејностите и облиците на логистичко обезбедување за армијата во мир (вооружените сили во воени услови), по одредени прашања, службите се одговорни за организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување во мир и војна.

Вооружената борба може да биде успешна, само доколку, подготовката на единиците за борбени дејствија, е врз основа на материјално - здравствена база. Затоа и потребата од оспособување на единицата и установите за логистичкото обезбедување треба да е во согласност со нивната намена, место, улога и задача во вооружената борба.

### 2.2.1. Дејности од доменот на логистичкото обезбедување

Логистичкото обезбедување ги опфаќа сите дејности со помош на кои се планира, управува, реализира и контролира просторно временската трансформација на стоката во врска со количината, видот и ракувањето, а со оглед на својствата на стоката и како логистички детерминирана стока[26].

За основни дејности од доменот на воената логистика, односно логистичкото обезбедување, имајќи ги предвид нашите услови, состојби и видувања може да се сметаат следните: снабдување, одржување и поправка, исхрана, водоснабдување, здравствено згрижување, ветеринарна заштита, сообраќај и транспорт, градежништво, и финансирање (не се исклучува земањето предвид и други дејности).

СНАБДУВАЊЕТО е основна дејност од доменот на логистичкото обезбедување за потребите на армијата. Претставува збир од мерки и постапки за стручно, планско и непрекинато користење на материјалните извори за обезбедување на животот и работата на армијата во мир и

---

[26]. Pfohl,H.-CH, Logistic systeme - Betriebs - Wertsch of liche Grunalager, Sprenger - Werlog, Berlin - Heidelberg - New York - Tokyo, 1985, str. 12.

вооружените сили во војна. Го опфаќа планирањето, производството и чувањето на материјалните средства, суровините, репроматеријалите и доставувањето на истите до корисниците.

Армијата (вооружените сили во воени услови) го користи сопствениот транспортен систем но и транспортниот систем на претпријатијата. Снабдувањето со борбени средства е во надлежност на МО и командите на армијата.

Снабдувањето со неборбени потреби и обезбедувањето со енергетски извори е во надлежност на ресорните министерства и Владата, а го организира и спроведува МО.

ОДРЖУВАЊЕТО И ПОПРАВКАТА е дејност на логистичкото обезбедување на армијата, а се врши со сопствени сили и со потпирање на наменските и дополнителните производно - услужни капацитети на просторот. Армијата го планира и организира одржувањето на материјалните средства во сопствените капацитети, додека ангажирањето на ремонтните капацитети на просторот го врши преку МО, односно Органите на управата и локалната самоуправа.

ИСХРАНАТА е дејност од доменот на логистичкото обезбедување на армијата за стручно, планско и непрекинато обезбедување на потребите на луѓето и животните со прехранбени продукти и хранливи материи за одржување на животните функции. Правилната исхрана е основен предуслов за здравјето на луѓето и животните, особено во воени услови. Исхраната ги опфаќа следните активности: планирањето на производството и обезбедување на животните продукти од растително и животинско потекло, подготовката, дистрибуирањето и делењето на храната и формирањето на резерви во храна.

Исхраната на армијата и населението се организира од единствените републички стокови резерви и земјоделското производство. Основа за планирањето се изготвените биланси за потребите за исхрана на населението и армијата, а во неговото изготвување учествуваат најодговорните субјекти и истите мора да бидат усогласени со плановите за одбрана.

ВОДОСНАБДУВАЊЕТО во армијата се базира на изготвените биланси за потребите од пополна и благовремено снабдување со вода. Водоснабдувањето ги опфаќа следните активности: обезбедување и контрола на квалитетот, нејзина категоризација за разни потреби, пречистување на водата, заштита на водните објекти од загадување, и снабдување со вода. Водата служи за одржување во живот на живите суштества и растенијата, за технички потреби, за гасење на оган, деконтаминација, и како комуникација и природна пречка.

ЗДРАВСТВЕНОТО ЗГРИЖУВАЊЕ го сочинуваат мерките и постапките со кои се чува и унапредува здравјето и се спасуваат болните и ранетите во војна, а ги преземаат цивилното здравство и здравствените органи и единиците и установите на вооружените сили. Големиот степен на загрозеност на животите и здравјето на граѓаните и припадниците на вооружените сили и масовноста на жртвите во современата војна, како и доминантната улога на субјективниот фактор во спротивставувањето на секоја агресија, го одредуваат значењето, улогата и задачите на здравственото згрижување во војна.

Сите граѓани и припадници на вооружените сили, во војна имаат исти права на здравствена заштита што ја реализираат по исти критериуми и нормативи. Системот на здравствена заштита е единствен за населението и вооружените сили, а се базира врз начелото за интегрирана здравствена заштита. Воената организација на здравствената заштита произлегува и се развива врз база на постоечката кадровска и материјална структура и резрвите на здравствените организации и армијата. Здравствената заштита се обезбедува, на рамниште и во обем кој е можен спрема расположливите сили и средства, а се реализира во интерес на севкупната популација на населението и вооружените сили.

Вооружените сили нема да се оптоваруваат со гломазна организација на санитетската служба и нема да прифаќаат поголем број на повредени и болни во единиците. Во интегрираното здравство секој од носителите и учесниците има свои обврски и задачи, одговорност, домен на дејствување, своја организација, сили и средства, а ќе дејствува така да

на другите носители и учесници им овозможи ефикасно извршување на поставените задачи.

ВЕТЕРИНАРНА ЗАШТИТА - За да се постигне што подобра и поцелосна ветеринарна заштита мора да се обезбеди најголема рационалност во користењето на сите ветеринарни сили и средства во Републиката. Тоа ќе се постигне со обединување на здравствената заштита на добитокот и контролата на артиклите од животинско потекло. Ова единство се постигнува низ функционалното обединување на ветеринарната служба од Републиката и ветеринарната служба на вооружените сили.

Постојната мирновремена организација на ветеринарната служба во Републиката ја продолжува работата и во војна и ги извршува задачите од доменот на ветеринарно обезбедување за потребите на вооружените сили.

СООБРАЌАЈОТ И ТРАНСПОРТОТ се дејности на воената логистика за потребите на армијата.

СООБРАЌАЈОТ е движење и меѓусебен однос на патиштата со минувачите, моторните возила, возовите, пловните средства и леталата, со цел да се промени местото во просторот, да се превезат луѓе, добиток, материјални средства, изврши влеча на орудија и други приклучни средства.

Организирањето на сообраќајот опфаќа мерки и дејности кои се преземаат со цел да се врши планско користење на патиштата и безбедно одвивање на сообраќајот на нив. Во зависност од типот на патот на кој се одвива, се дели на: патен, железнички, пловен и воздушен сообраќај.

Транспортот е дејност, со која се реализира превезувањето - преместувањето на луѓето, добитокот и материјалните средства од едно место на друго, со одредени транспортни средства. Се реализира на копно, вода и воздух.

ГРАДЕЖНИШТВОТО е дејност од доменот на логистичкото обезбедување на армијата и опфаќа: изградба и одржување на инфраструктурата вклучувајќи го и ангажирањето за уредување на територијата за потребите на вооружената борба.

Градежните организации често ќе бидат приморани да извршуваат задачи и во зоната на борбените дејства, па затоа е потребно уште во мир да се оспособат за задачи, од областа на: запречувањето, изведување на фортификациските работи, расчистување на урнатини, уредување и каптажа на водообјекти, изградба и адаптирање на објекти за сместување, чување и заштита на материјалните средства за потребите на вооружените сили и др.

ФИНАНСИРАЊЕТО, се смета за дејност на воената логистика. Претставува збир од мерки и постапки за планско, стручно и непрекинато обезбедување на финансиски средства (пари) за потребите на армијата во мир (вооружените сили во воени услови).

Финансирањето како дејност треба да го опфаќа планирањето, организирањето и нормативното регулирање на организацијата за финансирање на единиците и установите на армијата.

Обезбедувањето на финансиски средства за потребите на единиците и установите на армијата (вооружените сили во воени услови), во начело во сите земји па и во Република Македонија е во надлежност на МО. Обезбедувањето е врз основа на плановите за развој и финансирање кои се вклучени во финансискиот план на земјата, а кој се донесува по пат на одобрување на годишен буџет.

### 2.2.2. Извори за материјално обезбедување и здравствено згрижување

Логистичкото обезбедување на вооружените сили е сложен систем, од една страна е составен дел на целокупниот економски систем на земјата и неговата економска организација, а од друга страна, по својата функција, е сотавевен дел на системот на вооружените сили, бидејќи преку него се реализира функцијата снабдување со сите видови материјални средства и здравствено згрижување за потребите на армијата во мир,вооружените сили во воени услови - вооружената борба.

Материјалното обезбедувње и здравственото згрижување на армијата е континуиран процес, истиот трае непрекинато и е основен предуслов за успешно и долготрајно водење на вооружена борба. Можностите за материјално обезбедување и здравствено згрижување зависат од севкупната економска моќ на земјата, искажана низ ресурсите и можностите - производство, давање услуги, заштита на материјалните добра и потенцијали неопходни за живот и работа на сите чинители во вооружената борба тесно врзани за одбраната на замјата при евентуална агресија.

Успешната реализација на одбранбениот систем е незамислива без обезбедување на потребните материјални претпоставки. Затоа во мир и во сите фази на војна мора да се организира производство, услуги и обезбедување на материјални средства неопходни за формирањето, издржувањето и развојот на системот на одбраната на Македонија[27].

Произлегува, дека економскиот систем на државата ќе продолжи да функционира и во војна, со најнужна адаптација и претставува основна материјална база на системот на одбраната. Се развива и организира така, да може да ги обезбеди оптималните услови, за постојано материјално обезбедување со најсовремена опрема и вооружување на сите сили на системот на одбраната, во мир и во војна.

Одбранбените подготовки од областа на материјалното производство и услужните дејности, се подготовките на сите органи и субјекти - учесници, претпријатијата и другите чинители за тие да можат да функционираат и во најсложени услови на војна.

Во Републиката основите за организирање и функционирање на материјалното обезбедување и здравственото згрижување ги утврдува Собранието. Носители се Органите на управата, локалната самоуправа, (пред се гаѓаните) и претпријатијата одредени како носители, чија е должност и обврска е да обезбедат што поповолни услови за подготовка и водење на вооружена борба.

---

[27] . Трајан Гоцевски, Основите на одбранбено-заштитниот систем на Република Македонија, НИГП "Европа 92", Кочани, 1995, година, стр.337.

Носител на организацијата и обезбедувањето на функцијата на материјалното обезбедување и здравственото згрижување на Армијата на Република Македонија е Министерство за одбрана (член 34, 35 и 36 од Законот за одбрана).

Извори за материјално и здравствено обезбедување

Според искуствата и историските податоци, како основни извори за материјално обезбедување и здравствено згрижување на армијата би можело да се дефинираат: производството; материјалните резерви; ремонтот, поправките и регенерацијата; увозот; воениот плен и реквизицијата; природните и останатите извори[28].

Според потенцијалите и капацитетите во одреден временски период на одреден простор изворите можат да бидат постојани или повремени, основни или дополнителни извори.

Производство - е основен извор на материјалното и здравственото обезбедување и претставува организирана дејност, со која постојано се создаваат материјални добра. Производството се реализира во сите стопански гранки, преку производствените претпријатија, во армијата и кај индивидуалните производители. Подготовката и организирањето на производството и услугите се едан од најодговорните задачи на Владата и ресорните министерства, во системот и севкупните подготовки за војна и во текот на војната.

Материјални резерви - резерви ги сочинуваат материјалните средства одредени со Уредба на Владата. Тие се формираат, одржуваат и чуваат во одредени магацини на армијата и Републиката, за воени и други вонредни услови. Материјалните резерви ги сочинуваат и сите затекнати резерви на просторот на Републиката.

Материјалните резерви се еден од најзначајните извори за снабдување на армијата и се гаранција за постојано и редовно обезбедување на носителите на вооружената борба. Тие се значаен извор во почетниот период на војната, до преминот на производството од

[28]. Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 7, Beograd, 1974, str.222-238.

мирновремено на воено производство и додека не се воспостави редовно снабдување.

Материјалните резерви се формираат во мир и се ешелонираат во согласност со економските можности и потребите на одбраната. Ешелонирањето се врши според плановите за употреба на армијата, начелно во повеќето армии, па и во Армијата на Република Македонија, се врши врз основа на дефинирани критериуми, како на пример: во единиците на армиски корпус (или армија) вкупно: 6 борбени комплети (1 со оружјето, 1 во транспортот на баталјон-дивизион, 1 во транспортот на бригада, 2 во логистичката база на армискиот корпус-армијата и 1 во сеармиската логистичка база - во некои земји логистичка база на копнената војска - база КоВ), а во генерлштабовите со приштабските единици вкупно: 6 борбени комплети (1 со оружјето, 1 во транспотот на баталјон - дивизион, 1 во транспортот на бригада и 3 во сеармиската логистичка база).

Материјалните резерви се состојат од државни - републичките стокови резерви и материјаните резерви на армијата.

Структурата и големината на материјалните резерви на сите рамништа се формираат со одредени критериуми и нормативи, а во армијата со формации. Се прикажуваат во денови на војна, борбени комплети, полнење на резервоар, дневни оброци, комплети и др.

Материјалните резерви можат да се делат според намената на мирновремени и воени, според припадноста на републички и на армијата, а според подвижноста на подвижни и неподвижни.

Материјалните резерви на армијата (вооружените сили) се состојат од: вооружување и воена опрема и други борбени и неборбени средства потребни за живот, работа и водење на вооружена борба.

Воените материјалните резерви се одредуваат со критериуми и формации за секоја единица и установа и се делат на трупни и вонтрупни резерви.

Мирновремените воени резерви за вооружените сили се планираат и обезбедуваат со годишните планови за развој и финансирање на

единците и установите, а служат за редовно снабдување на армијата во мир и за време на мобилизација.

Ремонт, поправка и регенерација - со ремонтот, поправката и регенерацијата се оспособуваат дотраените и оштетените материјални средства, се врши нивно оспособување за понатамошна употреба. Претставуваат извор за пополна на армијата, особено во воени услови, кога можностите за производство и нови материјални средства се ограничени. Ремонтот, поправката и регенерацијата ги врши армијата, пред се во сопствените капацитети и со потпир на капацитетите на просторот на Републиката.

Увоз и помош - увозот и помошта се користат како дополнителен извор за набавка и пополна на армијата, особено за оние материјални средства кои ги нема, или не се произведуваат во земјата. Увозот се користи и во мир за набавка на сложени системи орудија и други технички средства, суровини и репроматеријали чие производствово земјата нее рентабилно.

Увозот за потребите на армијата во мир и војна го организираат надлежните органи на Владата - Министерството за одбрана. Приемот на материјалните средства од увоз и како помош, од пријателски земји го вршат логистичките бази - единици.

Воен плен и реквизиција

Воениот плен, исто така, е дополнителен извор за снабдување на единиците на армијата (вооружените сили во воени услови) и истиот не може да се планира однапред. Запленетото оружје и воена опрема се користат за снабдување и пополна во воени услови исклучително после претходно извршеното: планирање, сортирање, преглед и одобрување за употреба од надлежен орган на МО.

Прибирањето на воениот плен, е обврска на секоја команда, на органите на логистичките служби, на сите степени на командување во армијата (вооружените сили) и на МО.

Реквизицијата како извор за снабдување на армијата (вооружените сили) е од посебен белег. Основната карактеристика му е принудување на индивидуалните производители да издвојат дел од материјалните средства

за потребите на армијата (вооружените сили) и предадат со накнадување веднаш или подоцна (начелно парично).

За реквизицијата како извор за снабдување, може да се каже, дека по својот облик и карактер нее многу популарен и не претставува извор од пошироко значение, меѓутоа не смее да му се намали значението особено за малите формациски состави, кои во некои случаи би биле принудени да го применат.

Природни извори

Природните услови и извори се претпоставка за производството и стопанскиот развој, затоа што производството е присвојување на природата од страна на човекот и нејзино прилагодување на човечките потреби.[29]

Под природни извори за снабдување на армијата треба да се сметаат пред се материјалните добра кои не подлежат на посебна обработка и со нивното користење не се нарушува економскиот систем на земјата и природната средина, за природни извори може да се сметаат: флората, фауната, водата и другите природни богатства.

Останати извори - во останатите извори спаѓаат доброволните прилози, размената, позајмицата, и исхраната преку домаќинствата. Тие се користат повремено како дополнителни извори.

### 2.2.3. Носители на дејностите

Во сите земји, односно нивните армии, начелно се определени носителите на дејностите од доменот на логистичкото обезбедување (за извршување на работите и задачите од доменот на логистичкото обезбедување), начелно по рамништа на командување, од што произлегува дека тие се определени и во нашата армија. Како носители на работите и задачите од доменот на логистичкото обезбедување за потребите на нашата армијата се следните: Министерството за одбрана (во кое се наоѓа Секторот за логистичко обезбедување со неговите

[29] . Драгутин Марсениќ,Економика Југославије, Економски факултет,Београд,1991,стр.48.

внатрешни организациони единици), со командите, секторите, управите, единиците и установите на армијата[30].

Командите, секторите, управите, единиците и установите ги извршуваат работите и задачите од доменот на логистистичкото обезбедување со ангажирање на логистичките органи: помошниците на командантите (началниците, управниците) за логистичко обезбедување; оперативно-логистичките органи; органите, единиците и установите на логистичките служби и другите надлежни органи.

Министерство за одбрана

Секоја земја има Министерството за одбрана или друга соодветна институцуја како највисок орган за планирање, организирање и контрола на логистичкото обезбедување на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови.

Министерството за одбрана на Република Македонија е државен орган кој се грижи за работата во областа на одбраната и заштитата на Република Македонија.[31]

Министерството за одбрана за планско, организирано, непрекинато, ефикасно и економично логистичко обезбедување покрај останатите задачи од својот домен потребно е да ги извршува и следните задачите:

- ги разработува и утврдува основите на единствената организација (систем) на логистичкото обезбедување на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови;

- донесува основни прописи за организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување, пропишува правила и упатства за работа на логистичките служби;

- ги донесува плановите за среднорочниот развој на логистичките служби во армијата;

- ги утврдува и одредува нормите и критериумите за следување на материјални средства на армијата;

---

[30]. Устав на Република Македонија, Уставна комисија, НИП, "МАГАЗИН-21", Скопје, 1991 година; и Закон за одбрана на Република Македонија, Владата на Република Македонија - Министерство за одбрана, Службен весник на РМ, број 8/92.

[31]. Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Република Македонија, Универзитетска печатница, "Св.Кирил и Методиј", Скопје, 1995,стр.97.

- ги утврдува и одредува воените материјални резерви (ВМР), динамиката на пополната и нивното ешелонирање;

- презема мерки за економично и рационално организирање и функционирање на логистичкото обезбедување во целост и економично и рационално располагање и користење на средствата; и

- остварува соработка и координација со другите органи и организации во Републиката.

Извршува и други задачи и работи и презема мерки за унапредување на организацијата и функционирање на логистичкото обезбедување во армијата.

Работите и задачите од доменот на логистичкото обезбедување за армијата од надлежност на МО ги извршува Секторот за логистичко обезбедување во МО и другите органи во МО, спрема пропишаните (утврдените) надлежности.

Задачите од надлежност на Секторот за логистичко обезбедување ги извршува: помошникот на министерот за одбрана за логистичко обезбедување со своите институции, управи одделенија и сл. (кај нас одделението за оперативно логистичката и заедничката проблематика и одделенијата по службите, како и други органи со посебни надлежности во рамките на организацијата за логистичко обезбедување).

<u>Сектор за логистичко обезбедување во МО</u>

Секторот за логистичко обезбедување во МО со своите внатрешни организациони единици (одделението за оперативно логистичката и заедничката проблематика и одделенијата за техничко, интендантско, санитетско, ветеринарно, сообраќајно, градежно и други видови обезбедувања) треба да ги извршува работите и задачите од доменот на обезбедувањето на армијата со материјални средства и услоги, кои се однесуваат на: разработување на организацијата (системот) за логистичко обезбедување на армијата; изготвување на критериуми за плановите на логистичкото обезбедување за армијата; изготвување на планови за развој, опремување, изградба, борбена обука и воспитување на единиците, установите и службите по логистика во армијата; изготвување прописи за

логистичкото обезбедување, економиката, енергетиката и евиденцијата во МО и армијата; следување на пополната со материјални средства на армијата; противпожарна заштита; распоредување, сместување, чување, осовременување и одржување на материјалните средства и утврдување на воените материјални резерви; координирање на подготовката, организацијата и функционирањето за материјално обезбедување и здравствено згрижување на армијата и на вооружената борба; организирање и планирање на научно - истражувачката работа и развојот на вооружените сили од својата надлежност; насочување на стручната обука, школување, развојот и обезбедување на кадри за логистичките служби; грижа за борбената готовност на логистичките единици - установи; организирање на проверка и оценување на борбената готовност во логистичките и другите состави на армијата по елементи од доменот на логистиката; и организирање на развојот и функционирањето на логистичкиот информативен систем (ЛИС).

Внатрешни организациони единици во Секторот за логистичко обезбедување

Армијата на Република Македонија би била организирана во видови родови и служби, и тоа: Видови: копнената војска и военото воздухопловство и противвоздушната одбрана. Родови: пешадија, артилериско ракетни единици, оклопно механизирани единици, инженерија, противвоздушна одбрана, атомско - биолошко - хемиска одбрана, единици за врски и по потреба и други родови. Служби: техничка, интендантска, санитетска, ветеринарна, финансиска, градежна, по потреба и други служби[32].

Имајќи го предвид цитираното, како внатрешни организациски единици во Секторот за логистичко обезбедување меже да се дефинираат следните: Одделението за оперативно - логистичката и заедничката проблематика - ОЛР; одделението за техничко обезбедување - ТОб (техничка служба - Тсл); одделение за интендантско обезбедување - ИнОб

[32] . Трајан Гоцевски, Неутрална Македонија од визија до стварност, Универзитетска печатница “Св.Кирил и Методиј”, Скопје, 1995, стр.215.

(интендантска служба - ИнСл); одделение за санитетско обезбедување - СнОб (санитетска служба - СнСл); одделение за ветеринарно обезбедување - ВтОб (ветеринарна служба - ВтСл); одделение за сообраќајно обезбедување - СбОб (сообраќајна служба - СбСл); одделение за градежно обезбедување - ГрОб (градежна служба - ГрСл); и други одделенија и органи по систематизацијата на МО или формацијата на армијата.

**Шема - внатрешни организациони единици на Секторот за логистичко обезбедување**




Шема број 5.

Внатрешните организациски единици во Секторот за логистичко обезбедување раководат со потчинетите единици и установи.

Покрај задачите од Секторот за логистичко обезбедување внатрешните организациони единици (одделенијата) треба да ги извршуваат и следните задачи: изготвуваат планови за употреба на непосредно потчинетите единици и установи; изготвуваат предлог формации за непосредно потчинетите единици и установи и учествуваат во концепирањето на организацијата и формацијата на органите од своја надлежност за сите степени на командување; ги оценуваат долгорочните и среднорочните планови за развој, плановите на задачите и финансирањето и завршните сметки на командите на армиските корпуси и на нив рамни команди спрема задачите од својата надлежност; планираат набавка за материјалните средства од увоз од својата надлежност; извршуваат и други работи и задачи од делокругот и надлежностите на службата и дејностите.

<u>Одделение за оперативно логистичка и заедничка проблематика</u>

Оперативно - логистичкото одделение, како оперативно плански орган во Секторот за логистичко обезбедување ги извршува оперативните и штабните работи од доменот на логистиката во мир и во војна.

Оперативно - логистичкото одделение ги координира работите внатре во Секторот, меѓу секторите и другите организациски единици во МО и генералштабот.

Во одделението за оперативно - логистичките работи се усогласува планирањето, организирањето, работата и функционирањето на логистичките органи и логистичките единици и установи во рамките на формациската целина (по степени на командување) и се координира работата на логистичките органи со другите органи во МО, генералштабот, командите и претпријатијата и Органите на управата и локалната самоуправа во Републиката.

Покрај тоа, го следи извршувањето на задачите: оперативно - планските, органозациско - мобилизациските, студиските, образовните, изведување на обука и усовршување на кадрови, извршување на издавачка

дејност, развитокот и усовршувањето материјалните средства и усвојувато нови итн.

Сите овие дејности логистичките служби ги извршуваат преку своите управни и извршни органи.

Во ова одделение на Секторот за логистичко обезбедување спаѓа и противпожарното обезбедување и заштитата на работа во армијата.

<u>Одделение за техничко обезбедување</u>

Одделението за техничко обезбедување како внатрешна организациона единица на Секторот за логистичко обезбедување е највисок стручен орган по техничка служба во армијата и МО. Надлежно е и одговорно за техничкото обезбедување на армијата, а извршува и други работи и задачи од својата надлежност.

Посебните должности на одделението за техничко обезбедување би биле: да го планира и реализира развојот на трхничките материјални средства од своја тактичка надлежност; да ја пропишува организацијата и технологијата на одржувањето на техничките материјални средства од надлежност на техничката служба; со тактичките носители да учествува во развојот на техничките материјални средства од својата надлежност; да го орагизира извршувањето на генералниот ремонт, ревизијата и контролните прегледи на техничките материјални средства; да ја пополнува и опремува армијата со технички материјални средства од својата тактичка надлежност; и да предлага единици и установи за носители на техничкото обезбедување на армијата како целина почитувајќи го и регионалниот принцип (испитувањето на барутот, конзервација и др.).

<u>Одделение за интендантско обезбедување</u>

Одделението за интендантско обезбедување во Секторот за логистичко обезбедување е највисок стручен орган во интендантската служба во армијата и МО. Надлежно е и одговара за интендантското обезбедување на армијата, а извршува и други работи и задачи од својата надлежност.

Покрај општите задачи од Секторот за логистичко обезбедување треба да ги извршува и следните посебни задачи: го планира, регулира и организира снабдувањето на единиците и установите на армијата со интендантски материјални средства и го контролира производството и квалитетот на интендантските материјални средства за потребите на армијата; планира, нормативно регулира и дава предлози за организирање на исхрана, обезбедување со вода, електрична и топлотна енергија, земјоделско производство, облека и услужни дејности од надлежност на интендантската служба; ја унапредува организацијата и технологијата во подготвувањето на храната, одржувањето и складирањето на интендантските материјални средства, услужните и други дејности од доменот на интендантското обезбедување; и соработува со тактичките носители во пропишувањето и организирањето на одржување и ремонт на интендантските материјални средства за кои е тактички носител.

Одделение за санитетско обезбедување

Одделението за санитетско обезбедување во Секторот за логистичко обезбедување при МО, е највисок стручен орган за санитетско обезбедување на армијата, а извршува и други работи и задачи од својата надлежност.

Покрај општите задачи од Секторот за логистичко обезбедување треба да ги извршува и следните посебни задачи: организира здравствена заштита за војниците и другите осигуреници кои ги користат военоздравствените организации на МО; изготвува стандарди и норми за лечење и контрола на здравјето на старешините, војниците по договор и граѓанските лица; раководи со медицинската, радиолошката, хемиската и биолошката (РХБ) заштита на луѓето изложени на овие дејства; извршува и други работи и задачи од своја надлежност.

Одделение за ветеринарно обезбедување

Одделението за ветеринарно обезбедување е највисок стручен орган на ветеринарната служба во МО и армијата и е надлежно и одговора

за ветеринарно обезбедување на армијата, а извршува и други задачи и работи од своја надлежност.

Покрај општите задачи, одделението за ветеринарно обезбедување треба да организира и раководи и со: радиолошко хемиско биолошката (РХБ) заштита на стоката, сточната храна, водата за напојување на стоката, и артиклите од животинско потекло, а е и тактички носител за обезбедување на армијата со ветеринарни материјални средства.

Одделение за сообраќајно обезбедување

Одделението за сообраќајно обезбедување е највисок стручен орган на сообраќајната служба во МО и армијата. Надлежно е и одговорно за сообраќајно обезбедување на армијата, а извршува и други работи и задачи од своја надлежност.

Покрај општите задачи одделението треба да ги извршува и следните посебни задачи: донесува прописи за регистрација на борбените и неборбените моторни возила за потребите на армијата, вклучувајќи ги тука и приклучните возила и инженериските машини; организира транспорт помеѓу армиските корпуси и производителите; тактички носител е за моторните возила, средствата за интегралниот транспорт и опремата за регулирање и контрола на сообраќајот; ја следи состојбата, анализира и предлага мерки за безбедноста во сообраќајот; ја организира диспечерската служба на ниво на МО; извршува и други задачи од својата надлежност.

Одделение за градежно обезбедување и станбени работи

Одделението за градежно обезбедување и стамбени работи е највисок стручен орган на градежната служба во МО и армијата. Надлежно е и одговорно за градежно обезбедување на армијата.

Покрај општите треба да извршува и некои посебни задачи како на пример: ги следи и стручно го насочува изготвувањето на плановите за развој и просторното уредување на инфраструктурата на армијата; изготвува, предлага и донесува прописи, нормативи и стандарди и проектна документација од надлежност на службата; организира и врши

стручни прегледи на програмите за изградба и техничка документација за специјални објекти; го усвојува и води воениот катастар во согласност со прописите; извршува и други работи од надлежност на службата.

Во други одделениија и органи по систематизација на МО или формација на армијата може да се најдат и други организациони единици, како на пример: Одделението за кантински и други услуги е највисок стручен орган на МО за кантински и други услуги со наплата на припадниците на армијата, старешините и граѓанските лица на служба во армијата и МО, како и другите граѓани по посебни услови. Во ова одделение се и подвижните продавници, кои имајќи го предвид видот на стоката што е во промет на мало мора да ги исполнува следните услови: 1.да биде опремена со рафтови, со тезги, со подвижни маси, со гондоли, со регали и слична опрема, и 2.да има разладни уреди ако во неа се врши промет на лесно расипливи прехранбени производи[33], што е случај со подвижните кантини.

Го организира и реализира одморот и рекреацијата за вработените во МО и армијата. Одделението го организира и релаизира земјоделското производство на слободното земјиште и објектите во своина на МО, и тоа: земјоделски, градинарски, индустриски култури и крмно - сточна храна, и гоење на домашни животни (телиња, свињи, овци и тн.), пред се за задоволување на потребите на армијата со овие производи преку работните единици по гарнизоните - единиците.

[33] .Бошко Јаќоски, Економика на внатрешна трговија, Економски факултет, Скопје, 1993 година, стр.147.

### 2.2.4. Раководење и командување со логистичкото обезбедување

Општи начела:

Раководењето и командувањето е процес на планирање, насочување, воспитување и менаџмент (управување) со активностите на воените сили за постигнување на борбената цел[34].

Како во земјите членки на НАТО, алиансата партнерство за мир така и во останатите земји, па и во Република Македонија, раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување на армијата е дел од единствениот систем на раководењето и командувањето (РиК) со армијата (вооружените сили во воени услови) во целина. Тоа е поставено така, да биде: единствено, непрекинато, еластично, оперативно, ефикасно и сигурно. Со раководењето и командувањето и со правилната организациска поставеност, извежбаност и другите подготовки, се обезбедува: успешно извршување на сите дејности и задачи од логистиката во мир, организиран премин од мирновремена на воена организација и успешно логистичко обезбедување на вооружените сили во сите услови на војна.

Раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување треба да се базира на: целосно познавање на состојбата, ситуацијата и задачата; постојано прибирање на податоци, проучување и обработка на прибраните податоци од надлежноста на логистичкото обезбедување, кои се нужни за донесување на одлуки; соработката со другите органи во МО и армијата; меѓусебната замена на старешините во службите; и одговорноста на секој поединец за својата работа.

Раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување, начелно, се спроведува по линија на командување, а се остварува со нормативно -регулативни акти, директиви и наредби, за организирање и реализирање на логистичкото обезбедување спрема надлежностите и овластувањата.

---

34 .Priručnik za izučavanje Logistike OS SAD, Pozadinsko obezbedjenje u samostalnoj brigadi OS SAD, prevod sa engleskog, OUP SSNO, Beograd, 1989.god., str.59.

Надлежност во раководењето и командувањето - со логистичкото обезбедување на армијата во мир раководи и комадува МО, генералштабот и командите во рамките на своите надлежности.

Помошникот на министерот за логистичко обезбедување и началниците на одделенијата во Секторот, раководат со службите - дејностите во целина и командуваат со непосредно потчинетите единици и установи. Раководењето и командувањето со логистиката на останатите степени на организирање на армијата, е во надлежност на командантите (началниците, управниците и директорите).

Помошникот на командантот (началникот, управникот, директорот) за логистичко обезбедување, во согласност со одлуката на командантот на единицата - установата и пренесените овластувања, раководи со логидтиката и командува со потчинетите логистички единици и установи.

Началниците - референтите на логистичките служби во командите и управите во согласност со надлежностите и овластувањата, раководат со службите во непосредно потчинетите единици - установи во стручен поглед.

Командантот (командирот), односно управникот на логистичката единица - установа, командува со единицата - установата и е одговорен за нејзината состојба.

Раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување содржи: планирање, (вклучувајќи го одлучувањето и организирањето), соработка и координација, информирање и контрола[35].

Планирање

Планирањето на логистичкото обезбедување на армијата во мир се спроведува со долгорочни, среднорочни и годишни планови за развој и финансирање на МО.

Содржината, основите за изготвување, постапката на верификување, одобрување и донесување, следење, анализа на реализацијата и измените ги регулира МО со посебни акти и подзаконски

---

[35] . Prirucnik za izučavanje Logistike OS SAD ..., str. 59-99.
Pravilo, Pozadinsko obezbedjenje OS u miru, OUP-24, SSNO, Beograd, 1990 god., str.15-30

прописи за логистичко обезбедување. Покрај овие планови се изготвуваат и други планови со кои се регулира работата на командите, секторите, управите и службите.

Соработка и координација

Соработката и кординацијата во МО, генералштабот и органите за логистичко обезбедување со другите органи, команди, сектори и управи, како и со органите на Републиката и локалната самоуправа, е основен услов за успешно и континуирано логистичко обезбедување, на единиците и установите на армијата во мир и за брз премин во услови на војна. Се базира на добро меѓусебно познавање на состојбите и потребите, благовремено договарање и координирање при планирањето и реализирањето на логистичкото обезбедување.

Соработката опфаќа: воспоставување и одржување на постојан контакт, утврдување на потребите, ангажирање на сили и средства за обезбедување на потребите за производство, услужни дејности, снабдување, доставување (дотурување) на материјални средства и др.

Информирање

Информирањето во логистичкото обезбедување се врши за квалитетно и високо професионално извршување на предвидените дејности од доменот на логистичкото обезбедување, односно на органите кои раководат и командуваат да им се обезбеди доволно податоци за логистичкото обезбедување да се одвива успешно.

Информирањето опфаќа: прибирање, обработка, дистрибуирање и чување на информациите за извршување на задачите од материјалното и здравственото обезбедување. Обврска на сите носители на логистичкото обезбедување е да располагаат со ажурни информации и податоци неопходни за одлучување во процесот на логистичкото обезбедување и да се одговорни за прибирање, обработка и дистрибуирање на податоците до корисниците, со потполна заштита на тајноста во информативниот процес.

Логистичките органи се тие кои се должни да го обезбедат следното: јасно да ги дефинираат информативните објекти (материјалните средства, човекот и единицата); да обезбедат изворни и веродостојни

податоци; редовно да вршат ажурирање и дополна на информациите; и да обезбедат сигурност во чувањето и пренесувањето на податоците.

За потребите на логистичкото обезбедување треба да постои логистички автоматизиран информативен систем (ЛАИС), како дел од единствениот систем на армијата, односно МО. Системот треба да содржи: оперативно - логистички податоци и податоци за службите.

Контрола

Контролата и надзорот над логистичкото обезбедување ја организира и реализира МО, генералштабот и другите органи и команди, екипно или поединечно. Организирањето на контролата се регулира со посебни прописи донесени од МО и другите инспекциски органи од Републиката.

**РЕЗИМЕ** - Имајќи го предвид изнесеното во воведниот дел, теоретските основи за логистиката (нејзиното дефинирање, местото меѓу нучните дисциплини и поделбата) и дефинирањето на воената логистика вклучувајќи ја основата на организацијата за логистичко обезбедување (дејностите, материјално - здравствената база, носителите и раководењето и командувањето со логистичкото обезбедување), се доаѓа до заклучок, дека се работи за важна, обемна и комплексна проблематика која бара своја специфична организациска поставеност за обезбедување на армијата со сите потреби (средства и услуги).

# ТРЕТ ДЕЛ

## 3.Конкретна содржина на логистичкото обезбедување[36]

Логистичкото обезбедување на армијата во мир се организира и реализира за обезбедување на борбеното обучување и воспитувањето на војниците, старешините, единиците и останатите припадници на армијата, (создавање на поволни услови за живот и работа на армијата), а со цел борбената готовност да се одржува на потребно рамниште. Логистичкото обезбедување се организира спрема конкретните услови, потреби и можности во сите постоечки и временски состави на армијата.

Министерството за одбрана, генералштабот и надлежните команди и управи ги утврдуваат и пропишуваат критериумите, нормативите, формациите и другите регулативи со кои се одредува: намената, содржината, обемот на дејностите, големината и составот на логистичките органи, единици и установи, материјалните резерви, опремата и капацитетите за логистичко обезбедување.

Логистичкото обезбедување на армијата во мир би требало да се организира и функционира по слединте основни поставки: единственост во организирањето и функционирањето во МО и армијата со прецизна поделба на надлежностите; територијална организираност со потпир на логистичката инфраструктура на армијата, капацитетите и резервите на просторот; утврдени и прецизирани надлежности, одговорности и меѓусебни односи на МО, генералштабот, командите и секторите за планирање, организирање и реализирање на логистичкото обезбедување;

---

36 . Види пошироко (содржините се изведени врз основа на поширока лотература): Правило за заднинско обезбедување во мир и војна (нацрт), оперативно заднинско одделение во МО - ГШ на АРМ, Скопје, 1992; Упатства за организирање и спроведување на материјалното обезбедување и здравственото згрижување на АРМ по службите (нацрт) на началниците на одделенијата по службите, МО-ГШ на АРМ, Скопје1992; План и програма за борбена обука и воспитување на војниците - обврзниците и воените единици и установи за заднинските служби КоВ, ЈНА, ССНО, Белград, 1977; Pravilo o organizaciji i funkcioniranju pozadinskogJNA u miru (privremeno), SSNO, UOPP, Beograd, 1977; Pravilo Pozadinsko obezbedjnje oružanih snaga SFRJ u miru, SSNO, OUP, Beograd, 1989; Pravilo Pozadinsko obezbedjenje oružanih snaga u ratu, SSNO. Beograd, 1990; Priprema i izvodjenje operacija oružanih snaga u ONOR-u, Nacrt upatstva, Centar visokih vojnih škola “Marshal Tito”, Beograd, 1991; Правило за заднинските единици во тактичките единици на копнената војска, ССНО, Београд, 1986.

целосна одговорност на командите и управите на армијата за организирање и функционирање на логистичкото обезбедување на единиците и установите ставени во надлежност на логистичко обезбедување; оспособеност на здружено-тактичките и оперативните состави за самостојно логистичко обезбедување за одреден период; благовремен премин од мирновремена, на воена организација на логистичко обезбедување; универзалност и редовност при снабдувањето и одржувањето на материјалните средства.

За органите по логистика врз основа на одредените надлежности може да се дефинираат задачите, односно тие би требало да ги извршуваат следните задачи[37]: учествуваат во изготвувањето на плановите за употреба, мобилизациските планови и плановите за готовност и ја предлагаат организацијата на логистичкото обезбедување на армијата, од надлежностите на службите - одделенијата и дејностите; ја извршуваат, разработуваат и предлагаат организацијата на обезбедувањето, развојот и модернизирањето на службите и дејностите и се грижат за функционирање на организацијата и реализацијата на плановите; соработуваат во изготвувањето на материјалниот дел на формациите, на единиците и установите, изготвуваат и предлагаат критериуми и нормативи за средствата за кои се тактички носители и за органите, единиците и установите од логистичките служби; изготвуваат планови за борбено обучување и воспитување на војниците и десетарите за службите и се грижат за нивното материјално обезбедување; изготвуваат, предлагаат и издаваат военостручна и друга литература од надлежност на службите. Предлагаат изготвување на документи за стандардизација, и унификација за средствата од своја надлежност; ги следат и анализираат подготовките и уредувањето на територијата за потребите на логистиката; ги анализираат барањата за логистичко обезбедување на командите, управите, единиците и установите, ги усогласуваат потребите

---

[37] . Правило за заднинско обезбедување во мир и војна (нацрт), оперативно заднинско одделениево МО - ГШ на АРМ, 1992 година, стр. 1-130.

Одлука за логистичко обезбедување на командите, единиците и установите на Армијата на Република Македонија, на Министерот за одбрана, од 25.10.1995 година.

со можностите, обезбедуваат реализација на планираните и наредените задачи од логистиката; поднесуваат барања до органите за производство, набавка и продажба во МО за производство, набавка и продажба од надлежноста на одделенијата - службите и предлагаат набавка на материјални средства од својата надлежност; учествуваат во контролата и оценувањето на борбената готовност на единиците и установите во својата служба, вршат стручна контрола и преземаат мерки за јакнење на борбената готовност во единиците од својата служба; предлагаат прибирање на податоци за оттуѓување на недвижности од својата надлежност; предлагаат и изготвуваат имениции за материјални средства, комплети и делови за кои се тактички носители; предлагаат формирање на материјални резерви за армијата, нивната големина, разместување и чување на материјалните средства од надлежност на службите; соработуваат во изготвувањето на плановите за изградба по службите, поставуваат стручни барања, ја следат реализацијата на градбата за потребите на службите; утврдуваат и предлагаат задачи, планираат и организираат научноистражувачки работи од својата надлежност, усвојуваат средства од вооружувањето и воената опрема (ВВО) и го следат однесувањето на средствата при експлоатирањето; изготвуваат и предлагаат план за кадровска пополна, школување и усовршување на старешините по службите и ги разрешуваат односите во службите за кои се овластени; ги проучуваат прописите и даваат стручни мислења за прописите со кои се регулирани задачите, правата и обврските по службите; водат оперативна и други евиденции за потребите на службата; учествуваат во планирањето, развојот и функционирањето на логистичкиот атоматизиран информационен систем (ЛАИС); пропишуваат и преземаат мерки за противпожарна заштита, заштита на работа и заштита на човековата околина во објектите и на работните места од надлежност на службите - дејностите; учествуваат во изготвувањето и изготвуваат завршни сметки, извештаи, анализи, студии, и др. и ги реализираат годишните планови на задачите и финансирањето на армијата.

## 3.1.Карактеристики и содржина на организацијата за логистичко обезбедување

Ниедна војна не може да биде успешна доколку единиците не се соодветно снабдени со гориво, муниција, храна и тн. и доколку соодветно не се одржува оружјето и опремата. Модерна војна се карактеризира со одлучни, динамични и брзи акции која бара големо снабдување (многу) и во квантитет за разлика од втората светска војна. **Зголемена е важноста на логистичкото обезбедување**, снабдувањето треба да е правовремено до секој војник со се што му е потребно за да може да ја изврши борбената задача[38].

Зголемената важност на воената логистика насочува на дефининирање на важните карактеристики на организацијата на логистичкото обезбедување за Армијата на Република Македонија во мир и воени услови, можно е да се дефинираат, односно тие би биле следните:

-логистичкото обезбедување е единствено за Армијата на Република Македонија, а Министерството за одбрана е носител на снабдувањето со борбени потреби. Сите други потреби можат да се обезбедуваат преку надлежните органи на управата и локалните самоуправи и одредени претпријатија како носители на извршните функции;

-одговорност за логистичкото обезбедување сноси претпоставената команда и тоа полна одговорност за непрекинато и потполно логистичко обезбедување на потчинетите единици;

-автономност во логистичкото обезбедување на борбените дејства на рамниште здружено - тактички состави при водењето на борбени дејства за одредено време;

-задржување на управните, планските и извршните функции на сите рамништа на командување во здружено - тактичките состави;

-задржување во целина на сите управно - плански функции на рамниште армиски корпус и нему рамни единици, додека извршните се

[38] . Colonel General Colushko, guoted in the British Army Staff College Camberley Handbook on Logistics and Administration, 1990, str. 77.

сведуваат на мерка која обезбедува сигурна логистичка поддршка. Затоа на рамниште армиски корпус и нему рамни единици логистичкото обезбедување се организира со максимално потпирање на капацитетите на територијата и органите на потенцијалните локални самоуправи;

-на рамниште армиски корпус и нему рамни единици се формираат логистички бази како нивни извршни органи, кои со подвижните делови во својот состав се оспособени во мир да ги обавуваат своите функции спрема потчинетите единици и установи за да можат брзо и ефикасно да продолжат со својата функција во воени услови; и

-обединувањето на управните и извршните органи на логистичките служби во мир на рамниште гарнизон (касарна) е неопходно за рационална и економична организација на логистичките служби и обезбедуввање на ефикасно секојдневно реализирање на задачите на логистичкото обезбедување и борбената готовност.

### 3.2.Планирање и извршување на логистичкото обезбедување

За конститутивни елементи за плнирање, организирање и функционирање на логистиката може да се сметаат: логистичкиот јазик, организацијата, функционирањето на логистичките функции, концептот, логистичката команда и контролата[39].

Имајќи ги предвид конститутивните елементи организацијата и функционирањето на логистичкото обезедување е неопходно да се вклопува во организациската структура и системот на раководење и командување со вооружените сили, а планирањето и спроведувањето на логистичкото обезбедување, како интегрален дел, да е во согласност со планирањето на борбените дејства.

Планирањето и спроведувањето на логистичкото обезбедување пренесено на наши услови може да се постави (утврди) според рамништето

[39] . BRASSEY S P.D. Foxton, Paul Military College of Science, Powering War, Modern Land Force Logistics, London - New York, 1994, str. 10-26.

на командување и задачите на командите и единиците и тоа по следното:

- команда на баталјон - дивизион и рамни единици;
- команда на бригада - полк и рамни единици; и
- команда на армиски корпус и рамни единици.

-Команда на баталјон (дивизион) и рамни единици[40], планира логистичко обезбедување за своите потчинети и придадени единици со користење на сопствени сили и средства и потпир на логистичките органи, единици и установи на претпоставената команда. Баталјон во војна е оспособен за увтономно организирање на логистичкото обезбедување за одредено време или одредена задача, без логистичка поддршка на претпоставената команда (бригада). Плановите на логистичкото обезбедување на баталјонот ги реализираат извршните органи по службите, кои во војна формираат свои станици (за техничко, интендантско, санитетско и ветеринарско обезбедување). Станиците се развиваат зад реоните на дејствување на баталјонот односно во близина на огнените позиции на дивизионот. Станиците на логистичките служби на баталјонот се потпираат на соодветноте станици по службите кои се развиваат на рамниште бригада - полк;

-Команда на бригада - полк и рамни единици[41], планира логистичко обезбедување за потчинетите и придадените единици со користење на сопствени сили и средства и потпирање на организацијата на логистичките органи, единици и установи на претпоставената команда. Исти така бригада - полк се потпира и на органите на потенцијалната локална самоуправа на која се наоѓа според условите и во зоната на борбените дејства. За таа цел комадата на бригада - полкот воспоставува врски и организира соработка со органите на локалната самоуправа односно претпријатијата за ангажирање на нивните потенцијали за задоволување на потребите на логистичкото обезбедување. Плановите за логистичко обезбедување на бригадата - полкот ги реализираат извршните органи на

40 . Pravilo bataljon, SSNO, Beograd, 1988. str.1-268.
41 . Pravilo brigada, SSNO, Beograd, 1984. str. 1-231.

логистичките служби. Бригадите во војна развиваат логистички бази (ЛоБ), додека службите формираат станици (за техничко снабдување, одржување, интендантска, санитетска и ветеринарска). Сите станице се наоѓаат во составот на логистичката база освен санитетската која се развива поблиски до борбениот распоред на бригадата. Командата на логистичката база е непосредно поврзано со логистичкото командно место на бригадата, од каде ги прима наредбите и плановите за логистичко обезбедување, кои ги реализира преку станиците на логистичките служби од составот на базата. Санитетските станици непосредно се врзани за логистичкото командно место. За извршување на своите стручни задачи станиците им се потчинети на управните органи на логистичките служби на логистичкото командно место, додека по оштите задачи (борбено обезбедување, маскирање, врски, одбрана на базата и тн.) и се потчинети на командата на базата. На станиците на бригадната логистичка база се потпираат потчинетите единици, односно баталјонските станици и станиците на придадените единици;

-Команда на армиски корпус и рамни единици[42], планира логистичко обезбедување за потчинетите и придадените единици и установи. За планирање, организација и спроведување на логистичкото обезбедување се одговорни управните органи на логистичкото командно место на корпусот. Реализацијата на плановите на логистичкото обезбедување ја извршуваат логистичките единици и установи на корпусот кои се оспособени за снабдување, одржување - ремонт и поправки, печење леб, колење добиток и подготовка и преработка на месото, превентивно - медицинска заштита, евакуација и давање на специјалистичка помош на повредените и болните, преглед на продуктите од животинско потекло, регулирање и контрола на сообраќајот и експлоатација на комуникациите и средствата. Овие задачи ги реализираат логистичките единици и установи на корпусот (логистичката база со нејзините единици и установи). Логистичките единици и установи

---

[42] . Priprema i izvodjenje operacija oružanih snaga u ONOR-u, Nacrt upatstva, Centar visokih vojnih škola "Marshal Tito", Beograd 1981. str. 1-358.

на корпусот вршат дотур од својата логистичка база и складовите на локалните самоуправи и претпријатијата до станиците во логистичките бази на бригадите и самостојните полкови и баталјони и евакуираат се што е прекупотребно (сувишно) и непотребно од единиците. Во реализацијата на плановите на логистичкото обезбедување командата на корпусот максимално се потпира на изворите и капацитетите на територијата, а со органите на управата и локалната самоурава ги усогласува плановите за логистичко обезбедување. Командата на армискиот корпус во планирањето и реализирањето на плановите за логистичко обезбедување се потпира и на логистичките органи, единици и установи како и на материјалните резерви на претпоставената команда.

Одделенијата од Секторот за логистичко обезбедување при МО се тактички, технички и материјални носители за средствата кои им се ставени во надлежност со посебни подзаконски акти. Начелно, во Секторот за логистика при МО се наоѓаат како внатрешни организациони единици логистичките функции - одделенијата, и тоа: одделението за оперативно - логистички работи, оделението за техничко, интендантско, санитетско, ветеринарно, сообраќајно и градежно обезбедување. Во одделението за оперативно - логистички работи влегува и противпожарното обезбедување и заштитата на работа во армијата, додека финансиското обезбедување се наоѓа во секторот за финансии при МО.

### 3.3.Основни карактеристики на логистичкото обезбедување во мир и воени услови

Дефинирањето на основните карактеристики на логистичкото обезбедување во мирно време и воени услови произлегува од тезата “Македонија сега веројатно е во најранливиот момент од кога и да било. Оваа слабост може да биде мамка за агресија и ако тоа се случи победата е лесна[43]”. Победата може да биде лесна само кога, помеѓу останатото, се

[43] . Цин Шарп, Самостојна одбрана без банкротство или војна, Балкански центар за мир, Филозовски факултет, Скопје, 1994, стр.IX.

има предвид дека армиската организација (начелно во сите земји - нивните армии) без исклучок е носител на целокупното снабдување со борбени потреби за армијата во мир - вооружените сили во воени услови, додека останатите потреби може да се обезбедуваат и преку надлежните Органи на управата, локалната самоуправа и претпријатијата.

Основните карактеристики на логистиката ќе бидат разработени низ карактеристиките на логистичките функции (техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната) во мирно време и воени услови.

### 3.3.1.Техничко обезбедување во мир и воени услови[44]

Снабдувањето, одржувањето и ремонтот на техничките материјални средства (ТМС) за потребите на армијата во мир (вооружените сили во воени услови) непосредно влијаат на планирањето и изведувањето на борбените дејства.

Човекот и техниката во современите услови постанале нераздвоен дел на борбената готовност на вооружените сили, за што со особено внимание се грижи логистиката. Покрај човекот и техникта, логистиката е поврзана и со националното стопанство, а Dankan Ballatine тоа го кажува со следните зборови: "како врска помеѓу фронтот и заднината, логистиката истовремено е и воен елемент во националното стопанство и стопански

[44] . Види пошироко (содржините се изведени врз основа напоширока литература): Правило на техничката служба (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; План и програм за обука и воспитување на единиците и установите по техничка служба во КоВ на АРМ (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Привремено упатство за конзервирање на оружје и р/д (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје,1994; Упатство за примена на критериумот за одредување на количината и ешелонирањето на резервите на погонски средства во АРМ (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Упатство за сместување и чување на муницијата и МЕС (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје,1993; Одделение, вод и чета за снабдување и техничко одржување - употреба и работа (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Упатство за работа на сервисните станици на единиците за техничко одржување и работилниците за погоска опрема (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995;Надлежност на единиците - работилниците за техничко одржување и ремонт за изведување на работите со единствени нормативи на времето (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993.

елемент во воените организации"[45]. Од изнесеното произлегува дека квалитетната состојба на човекот и техниката и нивната меѓусебна поврзаност го одредуваат нивото на борбената способност во армијата - вооружените сили.

Благовремената пополна, непрекинатото снабдување на единиците со целокупниот асортиман на потреби од технички материјални средства и техничкото одржување и ремонтот на бројните средства по видови, намена и функција техничкото обезбедување го чинат едно од основните функции на логистичкото обезбедување.

Процесот на модернизација во областа на техничкото опремување на вооружените сили е многу сложен и динамичен. Најсовремена воена техника се воведува брзо и масовно по видови и количина. Начелно, тоа се сложени технички средства кои бараат висока стручност (нови знаења), современа технологија на одржување и нови резерви на муниција, алат, прибор и резервни делови. Покрај оваа врхунска техника, во вооружувањето кај нас егзистира и уште долго ќе егзистира (со години) постара воена техника од различно потекло и модел со која се располага.

Од друга страна, ваквата состојба бара посебни мерки и напори за спроведување на техничкото обезбедување, почнувајќи од нормите и режимот на експлоатација и конзервирање, преку обезбедувањето на широк асортиман на резервни делови, нова технологија и создавање на нови капацитети, до одлучување и школување на кадрови.

Исто така на организацијата и функционирањето на техничкото обезбедување свое влијание можт да вршат (а е од особено значение) и некои фактори како на пример: техничкото обезбедување (ТОб) се организира со потполно потпирање на капацитетите (вклучувајќи ги и потенцијалните) на територијата и општеството како еден фактор и тоа со таква организација која обезбедува автономност на рамништето на здружените состави за одредено време; единствена организација за функционирање на техничкото обезбедување, како фактор е составен дел на организацијата на логистичкото обезбедување која мора да биде во

[45] . Henri E. Eccles, Logistics in the nacionale defense (prevod sa engleskog), Vojno izdavacki zavod, Beograd, 1968, str.3.

согласност со командувањето; и техничкото обезбедување во наши услови на изведување на борбени дејства ќе се одвива на целото војувалиште кое како фактор не може да се занемари (на фронтот, во сопствена заднина и на привремено запоседната територија).

#### 3.3.1.1.Техничко обезбедување во мирно време

Организирањето на техничкото обезбедување во наши услови може да биде и е во надлежност на одделението за техничко обезбедување во Секторот за логистика при МО (техничка служба) кое со планирањето на развојот и модернизацијата на снабдувањето и одржувањето на материјалните средства, од својата надлежност го обезбедува планираното рамниште на борбената готовност.

Техничката служба е носител на функцијата техничкото обезбедување, а претставува организирана дејност на органите, единиците и установите за создавање на најповолни материјално - технички услови за изведување на борбени дејнства, живот и работа на единиците - установите на армијата, користејќи ги при тоа сопствените капацитети, резервите и соодветните капацитети и резервите на територијата.

Основна задача на техничкото обезбедување е да со својата единствена организација, врз основа на мирновремените подготовки, ги обезбеди вооружените сили со технички средства за успешно изведување на вооружена борба на сите делови на територијата на Р. Македонија и во сите услови на изведување на борбени дејства.

Организацијата на техничкото обезбедување се изградува во мир за потребите на војна, со што се овозможува брзо организирано преминување од мирновремени на воени услови на работа и обезбедување на висок степен на готовност за давање на техничка поддршка на вооружените сили во најкритичниот период на војна.

Техничкото обезбедување ги опфаќа следните основни функции:

-снабдување со технички материјални средства; и

-одржување на техничките материјални средства (ТМС).

СНАБДУВАЊЕТО со технички материјални средства е организирана дејност на МО, генералштабот, командите, единиците и установите со кое со планско користење на материјалните извори се обезбедува благовремено и непрекината пополна со технички материјални средства, неопходни за живот, работа, обука и подготовка за војна.

Снабдувањето во мир се реализира со набавка во земјата од сопствено производство и увоз, и ги опфаќа следните процеси: планирање, набавка, ракување и пополна.

Снабдувањето со технички материјални средства го опфаќа планското пополнување на единиците и установите со: основни технички материјални средства, муниција и минско - експлозивни средства, погоско гориво (репро и потрошен материјал) и обезбедувањето електрична енергија од соодветни извори.

За снабдување на армијата со погоски средства, и неборбени технички материјални средства (и резервни делови) техничката служба се организира и функционира како единствена организација за обезбедување на материјални и други услови за водење на одбранбена војна потпирајќи се во потполност на капацитетите на територијата.

ОДРЖУВАЊЕТО на техничките материјални средства претставува организирана дејност на МО, Секторот за логистика - одделението за техничко обезбедување, командите, единиците и установите кои со планско користење на капацитетите на армијата и претпријатијата ќе обезбедат исправност и сигурност на техничките материјални средства во армијата.

Одржувањето е еден од највжните сегменти на севкупната логистичка (интегрална) поддршка на сите системи кои можат да се обновуваат, а под интегрална логистичка поддршка (системска поддршка) може да се подразбира збир на сите активности со кои се осигурува ефикасна и економична поддршка[46].

---

[46] . Zivorad Adamovic, Logisticki sistem odrzavanja, Privredni pregled, Beograd, 1989,str. 8.

Техничкото одржување и ремонтот на техничките материјални средства може да се дефинира и како збир на дејности кои се извршуваат според пропишаните постапки, со цел да се обезбеди постојан в поглед во состојбата и постојана исправност на техничките материјални средства за обука во мир и борбена употреба во војна.

Техничката служба како стручна служба го организира и спроведува техничкото одржување и ремонтот во сите единици и установи на армијата (вооружените сили) на Р. Македонија.

Според планираната и пропишаната структура и обемот на работата одржувањето на техничките материјални средства опфаќа:

-основно одржување;

-техничко одржување;

-среден ремонт;

-генерален ремонт; и

-контролни прегледи (ревизија)[47].

Основното одржување треба да обезбеди систематско спроведување на пропишаните мерки и работи на техничките материјални средства за одржување на нивната исправност. Тие се организираат и спроведуваат во основните единици. Ги извршуваат непосредните корисници на техничките материјални средства и ракувачите под контрола на одговорен старешина со дневни и неделни технички прегледи. Техничките сервиси (или сервисни станици на кои се опслужуваат техничките материјални средства) претставуваат основа за спроведување на основното одржување и редовното опслужување на техничките материјални средства.

Основното одржување опфаќа: дневни прегледи, опслужување и периодични прегледи на техничките материјални средства, а се врши спрема техничките упатства.

Техничкото одржување опфаќа: технички прегледи, лесен ремонт, конзервација, деконзервација и реконзервација. Се организира на ниво на единиците од здружените и родовски состави, а се извршува со

[47] . Правило за службата во Армијата на Република Македонија, МО, Скопје, 1995 годна, стр. 168-174.

ангажирање на единицата корисник на техничките материјални средства и единицата за техничко одржување.

Средниот ремонт, начелно, го вршат техничките единици на армијата и оспособените производно - ремонтни претпријатија.

Генерален ремонт и контролни прегледи (ревизија) се врши во технички ремонтни работилници - заводи, пред се оспособени ремонтни претпријатија.

Покрај овие основни функции (снабдување, одржување и ремонт) техничката служба треба да ги извршува и следните задачи: оперативно - планските, органозациско - мобилизациските, студиските, образовните, потоа изводува обука и усовршување на кадрови, ја врши издавачка дејност и води сметка за развитокот на техничките материјални средства - ги усовршува техничките материјални средства и усвојува нови.

Сите овие дејности техничката служба е во можност да ги извршува преку своите технички управни и извршни органи.

Управните органи ги извршуваат сите работи во врска со планирањето и организацијата на техничкото обезбедување.

Извршните органи се единиците и установите на техничката служба преку кои непосредно се реализираат сите функции на техничкото обезбедување за потребите на единиците и установите од органскиот состав и придадените единици (единици кои се дадени на потполно или делумно техничко обезбедување).

Единиците на техничка служба се формираат во одделенија, водови, чети, кои можат да бидат и специјализирани (за снабдување, за ремонт, за настава - обука и тн.), да бидат самостојни или во рамките на логистичките бази.

Во војна техничките единици и установи развиваат соодветни станици за техничко снабдување и одржување.

Техничката служба набавките на техничките материјална средства ги врши преку Секторот за набавки и продажба на МО на Р. Македонија, централизирано врз основа на договор, со непосредно купување од претпријатијата или трговската мрежа.

Организацијата и работата на техничката служба по командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни едници, и команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - одделение за техничко обезбедување

На рамниште МО на Р. Македонија како нјсвисок стручен орган на техничката служба во рамките на Секторот за логистика е одделението за техничко обезбедување, кое е надлежно и одговорно за техничко обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Одделението за техничко обезбедување како највисок управен орган на техничката служба, во рамките на своите основни функции, треба да ги извршува следните задачи[48]:

-учествува во изработката на воените планови и е одговорно за мобилизацискиот развој на единиците и установите од техничка служба од својата непосредна надлежност;

-ја проучува државната територија во поглед на можностите за техничко обезбедување на единиците - установите во војна, за користење на месните извори за снабдување и капацитетите за одржување и ремонт на ТМС, како и за утврдување на потребите за воено производство (наменско), резерви и ремонтните потреби кои ги обезбедуваат надлежните Органи на управата на Република Македонија;

-изработува предлози на формации за единиците - установите на армијата од доменот на техничката служба;

-соработува со управите и секторите на видовите, родовите и службите по организациско - мобилизациските, оперативните и наставните прашања. Заеднички ги утврдуваат и донесуваат прописите и решенијата за генерален ремонт, генерална ревизија, адаптација, модификација, планирање, набавка и пополна на армијата со технички материјални средства;

[48] . Упатство за оргнизирање и спроведување на техничкото обезбедување во АРМ (нацрт), Одделение за техничко обезбедување, Скопје,1992 година, стр. 1-20.

-ја пропишува организацијата на техничкото обезбедување и обезбедува нејзино спроведување во мир и воени услови;

-пропишува основна трупна технологија, нормативи на време, алат, материјал и средства за работа;

-пропишува генерални ремонти (ГР), води политика за ремонтот и планира технички материјални и новчани средства за реализација на ремонтот;

-учествува непосредно во воведувањето на комплексните борбени системи и дава согласност од аспект на можностите за одржување и поправка на тие системи и обезбедување на резервни делови, алат, прибор и опрема за ремонт на тие средства;

-ги пропишува методите на конзервација и заштита на техничките материјални средства и условите за нивно складирање;

-пропишува, организира и контролира спроведување на единствената организација на снабдувањето со технички материјални средства. Во таа смисла ја следи и анализира потрошувачката, планира, набавува и врши пополна на единиците и установите на армијата со технички материјални средства од својата надлежност, а го врши и планирањето и набавката и на останатите технички материјални средства преку соодветните органи на МО;

-го организира инфимативниот систем за техничкото обезбедување и пропишува оперативна евиденција за основните средства, муницијата, минско - експлозивните средства (МЕС), средствата за погон и заштита на акумулаторите, пневматиката, контролата на резервните делови и потрошниот материјал. Исто така, ја организира набавката, пополната, зановувањето, регенерацијата, расходувањето и оттуѓувањето на тејничките материјални средства од својата надлежност;

-води евиденција за магацинскиот простор, повремено го контролира складирањето на техничките материјални средства, организира рационално искористување на просторот, механизацијата во магацините и учествува во разработката и усвојувањето на системот на палетизирање;

-води сметка за развојот и раководи со организацијата за усвојување и усовршување на работилничките комплети, алатот и опремата, мерните инструменти, агрегатите и уредите за погон и осветлување, средствата за погон и заштита и резервните делови за сите технички материјални средства;

-ги анализира извештаите за однесувањето на новововедените и генералноремонтираните технички материјални средства, води евиденција за карактеристичните неисправности и вонредните расипувања на средствата при експлоатацијата, како и за вонредните случки при гаѓањето. Пропишува методологија и форма за известување за вонредните случки при гаѓањето и откажувањата на техничките материјални средства кои настануваат како последица од непридржување до упатствата за ракување и одржување;

-остварување на увид во функционирањето на организацијата на одржување, снадувањето, техничката состојба и однесувањето на техичките материјални средства, преку техничката контрола, инспекцијата, редовните и вонредните извештаи на контролата за материјално и финансиско работење;

-го планира и насочува школувањето на кадри за техничка служба на сите степени на образование, го следи нивниот развој, организира усовршување, последипломски студии, го регулира напредувањето во службата и учествува во разместувањето;

-организира научни собири и курсеви за техничко усовршување на старешините во земјата;

-планира технички кадри и ги упатува на научни собири, студиски патувања и курсеви во странство за стекнување на увид во научните и техничките достигнувања на другите армии и обуката на техничкиот кадар на сложени технички системи;

-учествува во организирањето на командно - штабни воени вежби (КШВВ) кои ги организира МО, генералштабот и другите единици и установи, како и во обуката на резервниот кадар на техничката служба;

-организира и раководи со изработката на правила, упатства, прирачници, именици и нормативи за техничката служба, како и друга

техничка документација за ремонт, наствно - технички филмови, дијапозитиви и тн. Ја проверува нивната примена, собира забелешки и предлози, донесува измени и дополненија;

-ги изработува предлозите за перспективните и годишните планови на развојот и усовршувањето на техничката служба, научно - истражувачката работа, издавачката дејност, генералниот ремонт на техичките материјални средства, набавката и материјално - финансиските планови за потребите на техничката служба;

-пропишува и организира систем на еталонирање и баждирање и го проверува нивното спроведување. Учествува во постапката за стандардизирање, унифицирање и метрологија на техничките материјални средства во армијата;

-доставува барања и учествува во ревизијата на технолошко - градежните проекти за објектите од техничка служба од своја надлежност;

-ги рпоучува техничките, моралните и другите фактори кои влијаат на работата и развојот на техничката служба;

-извршува и други задачи од доменот на службата или одредени со пропис.

Армиски корпус и нему рамни единици

Органите за техничко обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици се одговорни за техничкото обезбедување на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на техничко обезбедување.

Управниот орган на техничката служба во рамките на основните функции неопходно е да ги извршува следните задачи:

-учествува во изработката на мобилизациските и воените планови, ги ажурира и презема мерки за нивно извршување. Планира и организира проверка на мобилизацискиот развој на единиците - установите од техничка служба;

-врз основа на насочувањата на МО предлага измени и дополни на формациите на техничките единици - установи (своите организациски единици);

-во соработка со Органите на управата и локалната самоуправа планира подготовка и ангажирање на стопанските ресурси на територијата за потребите на армијата;

-организира, обезбедува и контролира техничко одржување и среден ремонт на техничките материјални средства на својата територија;

-стручно раководи со техничките единици и установи во своите логистички бази;

-во единиците за техничко одржување на муниција непосредно ја организира работата, го контролира извршувањето на планот за преглед и одржување, дава посебни задачи и материјално ги обезбедува;

-повремено ја контролира техничката состојба на техничките материјални средства во експлоатација и како воена резерва, води евиденција за вонредните оштетувања, откажувањата и вонредните случки при гаѓање и презема мерки за отстранување на тие недостатоци. Ги обединува предлозите за адаптација и модификација на техничките материјални средства и ги проследува до органаот за техничко обезбедување во МО;

-врз основа на плановите на потчинетите единици и установи и во соработка со органите на родовите и службите, составува предлог план за генерален ремонт и го доставува до одделението за техничко обезбедување во МО. Врз основа на плановите за пополна на единиците и установите и во согласност со тактичките ноститeли ги распоредува новите и генерално ремонтираните технички материјални средства;

-врз основа на Упатството за логистичко обезбедување и другите прописи изработува материјално - финансиски планови за техничко обезбедување;

-покренува набавки за техничките материјални средства од својата надлежност;

-наредува прием и издавање за средствата од единиците и установите според плановите за пополна со технички материјални средства, кои се доделуваат врз основа на распоредот на МО или се набавуваат во рамките на корпусот;

-обезбедува услови за сместување на техничките материјални средства, одржување, зановување и ешелонирање;

-води оперативна евиденција за состојбата и пополнетоста на единиците - установите со технички материјални средства на својата територија и врши пополна;

-води евиденција за кадарот од техничката служба, следи и влијае на развојот, школувањето, унапредувањето и разместувањето;

-учествува на вежбите (командно штабни воени вежби, штабни воени вежби, штабни воени игри и сл.), доставува барања за повикување на воена вежба и организира обука на резервниот кадар од техничката служба;

-предлага усовршување и доработка на наставните планови и програми во наставните единици - установи во логистичкиот центар за обука;

-планира, организира и извршува технички контроли во единиците - установите за вршење проверка на техничката состојба на техничките материјални средства, организира одржување, ремонт и снабдување на техничките материјални средства, како и примена на правила, упатства, нормативи за техничка служба и техничка документација;

-прима редовни и вонредни извештаи, ги анализира, обединува и доставува до одделението за техничко обезбедување во МО;

-предлага адаптација и градење на градежни објекти за складирање на техничкте материјални средства, учествува во планирањето и ревизијата;

-составува план за мирновремено техничко обезбедување на единиците - установите на корпусот;

-учествува во изработката на директиви и наредбни за обука и воспитување на единиците од техничка служба;

-подготвува и обработува акти од доменот на материјалната одговорност на старешините и граѓанските лица на служба во армијата и работи од доменот и во врска со упатствата за материјално финансиско работење во армијата;

-соработува со сите органи на командата во врска со сите прашања од техничкото обезбедување;

-извршува и други задачи од доменот на службата или одредени со пропис.

Техничките органи во командата на армиски корпус и нему рамни единици мораат да имаат постојан увид во работата на техничките единици за снабдување и работилниците во логистичката база.

Во КОРПУСНАТА ЛОГИСТИЧКА БАЗА како територијална организација (во нејзините единици и установи за техничко обезбедување) се обединети сите извршни функции на техничко обезбедување и се основни извршни органи во командата на армиски корпус. Техничкото обезбедување се извршува со потпир на нејзините резерви и капацитетите на територијата.

Логистичката база (нејзините техничките единици - установи) како извршен орган за техничко обезбедување на армиски корпус треба да ги извршува следните задачи:

-непосредно раководи со сите технички единици и установи кои се наоѓаат во нејзиниот состав;

-врши среден ремонт и ги одржува сите технички материјални средства на единиците кои по шемата за логистичко обезбедување се потпираат на базата;

-ги снабдува единиците со резервни делови, потрошни и погонски средства и муниција и други средства кои ги чува во своите складови;

-води планови за зановување за сите технички материјални средства кои се зановуваат;

-планира и предлага мерки за механизирање и палетизирање на складовите;

-разработува мобилизациски планови за своите единици и единиците на армискиот корпус за кои чува материјални средства и се грижи за нивното одржување;

-разработува планови за раселување за своите складови врз основа на ставови и наредби на командата на армискиот корпус;

-изработува спецификација за набавка на резервни делови и потрошен материјал, која ја реализира преку Одделението за техничко обезбедување во МО - секторот за набавки;

-врши исплата за материјалните средства кои ги набавува претпоставената команда во рамкие на одобрените парични средства и фактурите за реализираните набавки од доменот на техничкото обезбедување воопшто, како и набавките кои ги врши техничката работилница и другите технички единици - установи во логистичката база;

-изработува материјално финансиски планови за своите единици и установи и обезбедува нивна реализација;

-непосредно раководи со единиците (водовите) за техничко одржување, муниција и минско експлозивни средства, ја организира нивната работа и обезбедува извршување на планот;

-води материјално и финансиско книговодство за сите средства кои ги чува и со кои располага;

-ја анализира состојбата на пополнетост на своите единици со материјални средства и се грижи за нивна пополна;

-го контролира сместувањето и чувањето на техничките материјални средства во складовите;

-презема соодветни мерки за правилна постапка со воената имовина од своја надлежност (учествува во прогласувањето на застарена и неподобна за армијата) како и за постапката со расходованата имовина;

-води евиденција за магацинскиот простор и е одговорна за рационално користење на истиот;

-предлага изградба на нов и адаптирање (проширување) на постојниот нмагацински простор, како и воведување на потребна механизација за унапредување на работата во магацините;

-одговорна е за физичкото обезбедување на магацините, работилниците и воената имовина во нив;

-обезбедува заштита при работата на луѓето кои работат во магацините и работилниците на базата;

-ги следи нормативите за среден ремонт и конзервација на техничките мтеријлни средства, користењето на ремонтните капацитети и

предлага измени и дополни  на нормативите и личниот состав на своите технички единици и во работилниците;

-организира собирање на резервни делови, користени масла, маст и други погонски продукти и предлага оттуѓување, регенеррација и продажба;

-ги проучува цивилните ремонтни капацитети и можностите за нивно користење во воени услови;

-ја извршува заштитата и конзервацијата на техничките материјални средства за сите единици во армискиот корпус според планот и приоритетот на корпусот.

Во логистичката база (техничките складови) можат да се чуваат и дел од резервите на основните технички материјални средства и од други армиски корпуси, доколку тоа е така регулирано со планот на МО. Овие средства се издаваат врз основа на одобрение и распоред на надлежните армиски корпуси.

Покрај изнесените задачи и обврски кои техничките единивци - установи на логистичката база ги извршуваат, базата преку своите органи и единици во своите магацини чува и пропишани количини од муниција, минско експлозивни средства, резервни делови, потрошен материјал и погонско гориво и маст како корпусна резерва и резерва на МО. Овие резерви неможат да бидат нарушени без согласност на МО и армискиот корпус, а базите се обврзани да ги извршуваат пропишаните зановувања и чувањето на тие материјално технички средства.

Единиците се снабдуваат исклучително во границите на одобрените количини од страна на претпоставената команда, а во начело нее дозволено издавање на поголеми количини од пропишаните или одобрените.

Логистичката база врз основа на редовните барања ги обезбедува единиците и установите кои на нејзе се потпираат по шемата за логистичко - техничко обезбедување во временските циклуси кои ги пропишува надлежна команда на армиски корпус, генералштаб или МО.

Вонредните барања за резервни делови и сл. од кои непосредно зависи борбената готовност на одредена единица се разрешуваат веднаш.

Неопходно е сите логистички бази меѓусебе да се поврзани со телефакси за комуницирање и брзо интервенирање околу набавката на соодветни материјални средства.

Во мир логистичките бази немаат развиени единици за техничко снабдување, туку снабдувањето се одвива директно од складовите на базата според обединетите технички снабдувачки единици и со користење на централизиран транспорт.

Исто така, во мир не се развиени единиците за среден ремонт. Средниот ремонт го вршат постојните технички работилници (на територијата), а лесен ремонт се извршува во гарнизонските технички работилници.

Команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици

Командите на единиците го организираат и извршуваат техничкото обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои и се со шемата за потпирање ставени на техничко обезбедување.

Во зависност од командниот состав во единиците постојат управни и извршни органи. Овие органи се и органи за техничко обезбедување во касарните - гарнизоните. Извршните органи - единици за техничко обезбедување и техничко одржување можат да бидат развиени потполно, делумно или не се развиваат, во зависност од специфичностите на единицата, или доколку техничкото обезбедување е организирано на касарски (гарнизонски) принцп.

Управните органи од техничката служба, во рамките на својата надлежност треба да ги извршуваат следните задачи:

-учествуваат во изработката и ажурирањето на мобилизациските и воените планови на својата команда и ги контролираат плановите на единиците од својот органски состав;

-одговорни се за организацијата и работата на техничката служба во единиците од органскиот состав;

-го планираат и организираат техничкото одржување за своите и придадените единици, ги контролираат и анализираат извршувањето на плановите;

-одговрни се за состојбата, организацијата за работа и рационалното користење на капацитетите за техничко одржување во својата единица;

-собираат пријави за среден и генерален ремонт, ги проучуваат и доставуваат до соодветните служби во логистичката база и командите на армиските корпуси, организираат прием распоред и доставување на ремонтирани технички материјални средства;

-ја следат исправноста, комплетноста и однесувањето на техничките материјални средства. Ги проучуваат вонредните оштетувања и вонредните случки при гаѓање, како и карактеристични неисправности. Предлагаат адаптирање и модификација на техничките материјални средства, и ги рекламираат неисправностите на новите и ремонтираните основни средства;

-водат оперативна евиденција за пополнетоста на единиците од својот состав и преземаат мерки за пополна;

-врз основа на нормативи, критериуми и др. го планираат, организираат и извршуваат техничкото снабдување за сите единици со потребите за обука и работа, како и за пополна и ажурирање на воените резерви (ВР).

-вршат набавка од својата надлежност во рамките на материјално финансискиот план;

-изработуваат план за зановување и обезбедуваат негово извршување и контрола;

-ги следат нормативите, ја контролираат примената и предлагаат измени;

-организираат и извршуваат програма за обука и воспитување на војници и единици од техничката служба;

-предлагаат и планираат учество на вежбите за единиците и органите од техничка служба;

-примаат редовни и вонредни извештаи, ги проучуваат, обединуваат и доставуваат до повисоката команда;

-соработуваат со органите на командата во врска со сите прашања од доменот на техничкото обезбедување;

-извршуваат и други задачи од доменот на техничката служба.

Техничката работилница е неопходна (единиците за техничко одржување) за да ги извршува следните задачи:

-учествува во планирањето и организирањето на работите од техничкото одржување на техничките материјални средства и непосредно ги изведува;

-организира и материјално обезбедува извршување на месечните планови за работа;

-води евиденција за реализацијата на плановите, го анализира користењето на капацитетите (работна сила, материјал, алат и тн.) и изработува соодветни извештаи;

-учествува на вежбите на единиците;

-води соодветна и пропишана евиденција за работилничката опрема и е одговорна за нејзино одржување, зановување и комплетирање;

-соработува со снабдувачките органи во врска со набавката на резервните делови и потрошниот материјал;

-планира, организира и изведува обука и воспитување со војниците од техничката служба и учествува во техничкото усовршување на старешините;

-презема мерка за заштита при работата, вклучувајќи ги и мерките на против пожарната заштита;

-извршува и други задачи добиени со наредби од надлежниот орган.

Снабдувачките технички единици (касарски - гарнизонски), како извршни органи треба да ги извршуваат следните задачи:

-ги примаат, организираат сместување, чуваат и издаваат сите видови на технички материјални средства кои се потребни за работа и обука на единиците и за воена резерва;

-ја контролираат состојбата на техничките материјални средства во магацините и преземаат мерки за правилно чување и редовно зановување на материјалните средства со одреден рок на траење;

-се грижат за благовремена подготовка и испраќање на соодветни примероци (мустри) на лабораториско испитување;

-обезбедуваат рационално користење на постојниот магацински простор, грижејќи се за елементите на борбената готовност;

-го спроведуваат техничкото одржување на сите технички материјални средства на употреба;

-преземаат соодветни мерки на безбедност при работата со примена на мерки на заштита при работата и против пожарни мерки;

-учествуваат во изработката на мобилизациските планови и ги преземаат сите мерки за нивна изработка;

-вршат соодветни набавки од својата надлежност и во рамките на материјално финансискиот план;

-техничките работилници (касарските технички работилници и единиците за техничко одржување)ги снабдуваат со резервни делови и потрошен материјал;

-водат соодветна евиденција и документација според посебно попишани прописи;

-планираат, организираат и изведуваат воеnostручно и техничко усовршување и обука за војниците и старешините од својот состав;

-учествуваат на вежбите на своите матични единици.

Задачите од доменот на техничкото снабдување ги извршуваат според единствен план кој се изработува на барање и во соработка со сите команди во касарната (гарнизонот).

### 3.3.1.2.Техничко обезбедување во воени услови

Организацијата на техничкото обезбедување во воени услови е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови (борба). За таа цел трупниот ешалон треба

да е оспособен за автономно извршување на функцијата техничко обезбедување со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача. Сите нивни материјални резерви и ремонтни капацитети треба да се подвижни.

Материјалните извори за техничко обезбедување во воени услови, во глвно се следните: материјалните резерви подготвени во мир за почетниот период на војна, воеhistно производство, увозот, залихите на територијата и воениот плен. Материјалните резерви се наменети за изведување на вооружена борба за одреден временски период, односно додека не се воспостави воена пополна од сите други извори. Ешелонирањето на резервите е на сите командни рамништа заклучно со МО - Штабот на врховниот командант.

За техничко обезбедување со борбени потреби посебно значение имаат вонтрупните резерви (на рамниште армиски корпус и МО - Штаб на врховниот командант). Затоа и количината и распоредот требаат да бидат така територијално поставени да можат вооружените сили во секоја борбена ситуација да бидат во потполност технички обезбедени.

Основно начело за организирање на одржувањето и ремонтот во војна е поправките да се извршуваат на местото на оштетување, со испраќање на екипи и единици за техничко одржување, на таканаречен агрегатен принци на ремонт (замена на склопови, агрегати, делови и тн.).

Организирањето на техничкото обезбедување на територијалниот принцип и создавањето на подвижни единици за снабдување и одржување, покрај поволните услови за организирано користење на можностите и потенцијалите на територијата, обезбедува и поголема ефикасност, жилавост и еластичност во техничкото обезбедување на вооружените сили.

Организацијата и работата на техничката служба по командни степени во Република Македонија во воени услови би се одвивала на рамниште: Министерство за одбрана (МО) - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици, и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - Штаб на Врховниот командант

Во составот на министерството за одбрана, во воени услови Штабот на Врховниот командант (врховна команда), се наоѓа одделението за техничко обезбедување, како највисок орган на техничката служба надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на техничкото обезбедување на вооружените сили.

Одделението во стручен поглед раководи со техничката служба - техничкото обезбедување преку техничките органи во армиските корпуси и рамните единици како и непосредно потчинетите единици и установи. За таа цел, врз основа на одлука, начелата за организирање и функционирање на техничкото обезбедување, приоритетот за нормите на трошење и другите барања на Штабот на врховниот командант, изработува ПЛАН за техничко обезбедување и наредби за техничко обезбедување по армиски корпуси и е одговорно за нивната реализација.

Врз основа на одлуката на Врховниот командант одделението за техничко обезбедување организира и извршува прегрупирање на техничките материјални средства според потребите на армиските корпуси, односно војувалиштата. Одделението за техничко обезбедување доставува барања до Органите на управата (Владата) на Републиката за обезбедување на материјални извори, утврдува начин на преземање на техничките материјални средства од тие извори, нивно чување, комплетирање и дистрибуирање до единиците - установите.

Исто така, доставува наредби до органите за техничко обезбедување во армиските корпуси и рамни единици за планирање, организирање и извршување на техничкото обезбедување насочувајќи ја нивната работа. Им издава наредби на непосредно потчинетите единици - установи од техничката служба, ја следи и контролира нивната работа. Организира помагање и интервенција во врска со ремонтот, наредувајќи испраќање на соодветни технички единици за ремонт.

Од единици - установи во рамките на логистичката база техничката служба, во главно има: единици за техничко снабдување и за ремонт и поддршка.

Органите за техничка служба во логистичката база го регулираат приемот на техничките материјални средства од увоз (купување - помош) и врз основа на распоред на одделението за техничко обезбедување во МО - Штабот на врховниот командант ги испраќаат до корпусните логистички бази.

Штабот на врховниот командант - МО располага со свои материјални резерви во муниција и минско експлозивни средства, погонски средства, резервни делови и други технички материјални средства. Овие резерви се ешелонирани во магацините на логистичката база и се чуваат одвоено од останатите материјални резерви.

Резервите на Штабот на врховниот командант - МО се трошат само по одлука на Врховниот командант за што се изработува соодветен план за маневрирање со резервите, нивно користење и постапка во случај на евакуација.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Во командата на армиски корпус (АК) и нему рамни единици носители на техничкото обезбедување се техничките единиците и установите за единиците и установите од органскиот состав и другите единици во нивната зона на одговорност, кои по директива на Штабот на Врховниот командант им се ставени на техничко обезбедување.

Во командата на армиски корпус техничкото обезбедување го планира органот за техничко обезбедување, а се извршува преку техничките единици - установи во корпусната логистичка база.

Органот за техничко обезбедување во командата на армиски корпус изработува потребни пресметки и планови за техничко обезбедување по единици врз основа на одлука, приоритет и норми на трошење добиени од претпоставената команда. Одговорен е за реализацијата на планот за техничкото обезбедување и за маневрирарње, прегрупирање, заштита и безбедност на техничките мтеријални средства. Соработува со органите на управата и локалната самоуправа во врска со обезбедувањето на материјални извори за техничко обезбедување на единиците - логистичката база. Го организира преземањето на техничките

материјални средства од сите материјални извори и дава упатства за нивно чување, комлетирање и доставување. Издава наредби за техничко обезбедување на единиците, ја следи нивната работа и интервенира доколку тоа е потребно.

Органот за техничко обезбедување на армиски корпус непрекинато треба да ги извршува и следните задачи: да ја следи борбената ситуација, врши проценка и предлага нови мерки за техничко обезбедување; да води соодветна евиденција за резервите од технички материјални средства; стручно непосредно да раководи со техничките единици - установи.

Корпусната логистичката база како територијална организација (техничките единици - установи) треба да го извршува целокупното техничко обезбедување за сите единици и установи кои се наоѓаат и водат борбени дејства на нејзината територија.

Задачите ги извршува врз основа на планови, наредби, директиви и други нормативни акти и според надлежностите во однос на своите резерви и капацитети.

Материјалните резерви (муниција, погоски средства, резервни делови и др.) се наоѓаат во техничките складови на корпусот. На територијата на некоја од логистичките бази се наоѓаат и соодветни резерви на МО - Штабот на врховниот командант. Овие резерви во зависност од потребата МО - Штабот на врховниот командант може да ги препотчини на корпусот. Од техничките складови на логистичката база се снабдуваат сите единици и тоа до нивните логистички бази (станици за техничко снабдување), односно до тајните складови преку единиците (водови, чети) за техничко снабдување. Во период на мобилизација или подоцна во текот на војната, во зависноцт од ситуацијата, техничките складови можат да се раселуваат и формираат соодветни теренски и тајни складови.

Снабдувањето на единиците го извршуваат единиците за техничко снабдување (чета за техничко снабдување - чтс, вода за техничко снабдување - втс). Во зависност од потребата, поедини армиски корпуси можат да имаат и повеќе единици (чети - водови). Овие техничко -

снабдувачки единици располагаат со подвижни резерви од борбени средства за еден ден на војна. Треба да се пополнуваат од техничките складови на логистичката база и вршат доставување до станиците за техничко снабдување на единиците. Доколку ситуацијата бара, техничките снабдувачки единици можат да ја напуштаат територијата на базата, да се претпочинуваат на друга логистичка база, според одлуката на командата на армискиот корпус во зависност од задачата која треба да се изврши.

Задачите од доменот на техничкото одржување во логистичката база треба да ги извршуваат територијалните технички работилници, кои се оспособени за среден ремонт на техничките материјални средства, како и за помош на единиците за техничко одржување.

Среден ремонт во текот на војна на рамниште армиски корпус во главно врши чета за среден ремонт (чср), која развива територијална техничка работилница на оглас за мобилизација. Според одлука на командата на армиски корпус и нему рамни единици, четата за среден ремонт се упатува за извршување на техничкото одржување во единиците на одреден правец, правец каде што се изведуваат борбени дејства. Четата ја прилагодува организацијата на работа во согласност со конкретната ситуација, организира среден ремонт, развивајќи станица за ремонт и испраќа екипи кон оштетените средства. Техничката територијална работилница ја продолжува работата со помал број на луѓе и врши ремонт на техничките материјални средства за потребите на единиците на армијата. За работа се користи постојана (стабилна) ремонтна опрема.

Четата за среден ремонт може да ја напушти територијата на логистичката база, со претпочинување на друга логистичка база, врз основа на одлука на командата на армиски корпус (и нему рамна единица), а во зависност од задачата која треба да се изврши.

Сервисните и ремонтните капацитети на претпријатијата работат по воените задачи и извршуваат ремонт на одредени трхнички материјални средства од единиците на армијата (вооружените сили во воени услови), врз основа на усогласени воени планови.

Водовите за техничко одржување на муниција (ВТОМ) треба да вршат ремонт и комплетирање на муницијата и минско експлозивните

средства од своја надлежност, ја прегледуваат и сортираат муницијата и минско експлозивните средства по воениот план, го извршуваат потребното уништување, делаборација и др., според директивата на командата на армискиот корпус и рамни единици.

Станиците за регенерација со лабораторијата за контрола на квалитетот треба да вршат регенерирање и испитување на погонските средства, даваат упатства за нивно користење и даваат помош при донесувањето на решение за уништување и загадување на погонските средства.

Управните и извршните технички органи на логистичката база не би требало да ја напуштаат својата територија. Одлука за тоа кои технички единици или делови од единици (чета за техничко снабдување, подвижни лаборатории, водови за техничко одржување и др.) ќе ја напуштат територијата и по која задача донесува командата на армиски корпус и нему рамна единица. Во случај армискиот корпус да ја напушта својата територија, само подвижните технички делови на логистичката база го следат борбениот распоред на армискиот корпус. Стационираните технички делови на логистичката база во овој случај се претпочинуваат на органите на локалната самоуправа и единиците оставени на привремено запоседната територија вршејќи плански техничко обезбедување за сите единици на армијата на привремено запоседнатата територија. Во понатамошниот период на војната техничкото обезбедување се спроведува во зависност од ситуацијата, со тоа што сите резерви од складовите се раселуваат во тајни складови, доколку не се евакуирани според одлуката на командата на армискиот корпус.

Иста е постапката и со организацијата на одржувањето и ремонтот на техничките материјални средства (со широко ангажирање на занаетчиските работилници и формирање на тајни работилници).

Управните и извршните технички органи на логистичката база би требало да организираат и вршат собирање на техничките материјални средства од воениот плен, оштетени технички материјални средства, вршат преглед, ги сортираат техничките материјални средства, издвојуваат резервни делови, непотребен материјал (суровини), вршет

евакуација во складовите, претпријатијата и ремонтните работилници и сето тоа го вклучуваат во организацијата на техничкото обезбедување.

Команда на здружени и родовски единици

Командите на единиците се тие кои треба да го организираат и извршуваат техничко обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои по наредба на армиски корпус (претпоставена команда) им се придадени на техничко обезбедување, потпирајќи се на техничките единици и установи на соодветната логистичка база или во зависност од ситуацијата, преку техничките складови и територијалните технички работилници.

Командите на здружените и родовските единици треба да се оспособени за самостојно техничко обезбедување на своите единици за одредено време бидејќи располагаат со подвижни материјални резерви и ремонтни капацитети соодветна големина.

Командите на единиците од доменот на техничкото обезбедување треба да ги извршуваат следните задачи: планирање и организација на техничкото обезбедување; прием, сместување и чување на техничките материјални средства; снабдување на единиците со сите борбени потреби; собирање на непотребни средства, оштетени технички материјални средства, воен плен и евакуација во соодветни собиралишта по планот на логистичката база; планирање и организирање на дотурот на технички материјални средства; техничко одржување и ремонт на техничките материјални средства.

Техничките органи во единиците (началници, референти), како управни органи треба да работат врз основа на наредбите, одлуките и другите документи на командата и упатствата на техничките органи на повисоките команди.

Управните органи се разместени на логистичкото командно место (ЛКМ) на здружените (родовските) единици (бригада и рамни единици), а треба да ги извршуваат следните општи задачи: вршат проценка на ситуацијата и подготвуваат предлог за техничко обезбедување; изработуваат план за техничко обезбедување и се грижат за неговата

реализација; соработуваат со органите на командата во подготовките на борбените дејста, учествуваат во извидувањето, предлагаат реони за разместување на техничките единици и изработуваат наредба за техничко обезбедување; ја следата пополнетоста на единиците и преземаат соодветни мерки за снабдување и дотур на количините кои недостасуваат; го следат обемот и видовите на оштетување на техничките материјални средства и организираат техничко одржување и ремонт; водат соодветна евиденција, изработуваат борбени документи, доставуваат извештаи; раководат со непосредно потчинетите технички единици; подготвуваат и издаваат стручни наредби и упатства за работа; ја регулираат постапката со воениот плен; го следат однесувањето и правилното експлоатирање на техничките материјални средства и преземаат мерки за отстранување на недостатоците; ја следат ситуацијата и го извршуваат техничкото обезбедување, а при промена на ситуацијата преземаат мерки за воспоставување на нарушениот систем на техничкото обезбедување и на техничките единици им издаваат дополнителни наредби и упатства; извршуваат и други задачи кои произлегуваат од задачите на техничкото обезбедување.

На техничките органи непосредно им се потчинети техничките единици за техничко снабдување и техничко одржување, кои постојано го следат борбениот распоред на своите единици. Во зависност од командниот степен на единицата и родовската припадност како и функциите на техничкото обезбедување се формираат во одделенија, водови и чети за техничко снабдување (отс, втс, чтс), и техничко одржување (ото, вто, что) или во технички водови (тв).

Техничките единици во воени услови (борба) треба да развиваат соодветни станици и тоа: единиците за техничко снабдување развиваат станици за техничко снабдување (СтТС); единиците за техничко одржување, станици за техничко одржување (СтТО) или за ремонт (СтР). Станиците се развиваат во реонот на распоредувањето на логистичките единици (логистичките бази).

Единиците за техничко снабдување во развиените станици треба да ги имаат и извршуваат следните задачи: прифаќање, чување, сортирање, и

комплетирање на техничките материјални средства; преточување на погонски материјал; доставување на борбените средства до станиците на потчинетите единици и единиците придадени на снабдување; собирање на непотребните средства и евакуавција.

Командирот работата во станиците ја организира во главно врз основа на планот за техничко обезбедување, наредбите, приоритетот во пополнувањето и др. Доставува соодветни барања за пополна до претпоставената команда, односно логистичката база - техничките снабдувачки единици или техничките складови во зависност од шемата за потпирање и планот за техничко обезбедување.

Доставувањето на средствата треба да се врши според командните степени, а во зависност од ситуацијата може да се организира непосредно од корпусната логистичката база до логистичката база на бригадата (нејзината станица за техничко снабдување) и директно до пониските единици.

Единиците за техничко одржување, кои треба да развиваат станици за ремонт, ги имаат за извршување следните задачи: прифаќање и евакуирање на оштетените технички материјални средства; извршување на лесниот ремонт.

Во зависност од ситуацијата лесен ремонт се извршува или во станицата или на местото на оштетување на техничките материјални средства. За работа на местото на оштетување единиците за техничко одржување треба да се опремени со теренски возила за подвижни екипи кои со себе носат потребен алат и резервни делови (во делови и склопови).

Во станиците за снабдување и ремонт се води соодветна евиденција, преземаат соодветни мерки на борбено обезбедување, организираат врски, уредуваат комуникации, доставуваат соодветни извештаи и регулира транспортот.

Големината на реонот, оддалеченоста, изборот на местата и преместувањето на станиците се регулира со соодветни борбени правила и упатства.

### 3.3.2.Интендантско обезбедување во мирно време и воени услови[49]

Интендантското обезбедување (ИнОб) на армијата и вооружените сили претставува организиран и континуиран процес на надлежните органи на сите нивоа на командување со кој се обезбедуваат интендантски материјални средства (ИнМС), исхрана, вода и вршат услужни дејности за живот и работа на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

“Мајката кога приготвува храна со љубов за своите деца им дава долготворна енергија што ги јакне духот и свеста”[50], а во армијата интендантското обезбедување е логистичката функција која на војникот треба да му даде енергија за јакнеење на духот и свеста.

Интендантското обезбедување треба да опфати: снабдување со интендантски материјални средства, исхрана, обезбедување со вода, средства за сместување, енергија, облека, земјоделско производство и вршење на производно - услужни дејности од надлежност на интендантската служба (ИнСл).

Интендантското обезбедување на армијата и вооружените сили, како внатрешна организациона единица на организацијата за логистичко обезбедување, претставува нејзин функционален дел и произлегува од нејзе, додека својата организација и функционирањето ја засновува на материјалната база на општеството, потпирајќи се на материјалните резерви и производно - услужните капацитети на територијата.

Интендантското обезбедување претставува организиран и меѓусебе усогласен збир на дејности, мерки и постапки, со кои интендантската

---

[49] . Види пошироко(содржините се иведени врз основа на поширока литература): Упатство за планирање на ИнОб на вооружените сили во борба (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Правилник за исхрана во АРМ во мир (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; План за исхрана во АРМ за оброк борј 1,2 и 3 (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Организација на работа во погоните за исхрана на АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Правилник за исхрана во АРМ во војна (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Уредба за облекување во АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Критериум за доделување на ИнМС на борбените команди и единици (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Упатство за пакување и носење на опрема (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Норми на следување на потрошен материјалво АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; План и програма на борбенат обука на војниците на ИнСл (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; План и програма за борбена обука на десетари во АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993.

[50] . Ристо Кавај, Еколошки маркетинг, матица македонска, Скопје, 1996, стр. 27.

служба (ИнСл) преку своите органи, единици и установи врши обезбедување на интендантски материјални средства (ИнМС) и услуги потребни за живот и работа на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови - во време на изведување на борбени дејства.

Интендантската служба во рамките на интендантското обезбедување треба да извршува многубројни и сложени задачи, кои се реализираат со извршувањето на нејзините основни функции: обезбедување исхрана, облекување и живеење - станување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови. На таа основа се дефинира и воспоставува соодветна организација на управните и извршните органи на интендантската служба и утврдуваат нивните задачи, како носители на одговорноста за интендантското обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

#### 3.3.2.1.Интендантско обезбедување во мирно време

Интендантското обезбедување на армијата во мир, начелно, се организира на гарнизонски и меѓугарнизонски принцип, со тоа што, во зависност од конкретните услови (големината на гарнизонот, бројот и разместувањето на единиците), некои дејности се обединуваат на касарски принцип. На таа основа и се дефинираат соодветни организациско - формациски решенија, кои истовремено обезбедуваат економично и рационално работење и мобилизациска и борбена готовност на единиците.

Во согласност со усвоената организација на интендантското обезбедување во мир, утврдени се надлежностите, организацијата и делокругот на работа на интендантската служба на поедините командно - снабдувачки степени.

Организацијата и работата на интендантската служба на поедините командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни единици, и команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици.

Министерство за одбрана - одделение за интендантско обезбедување

На рамниште на МО на Р. Македонија како највисок стручен орган на интендантската служба во рамките на Секторот за логистика е одделението за интендантско обезбедување на армијата во мир.

Одделението за интендантско обезбедување, како највисок стручен орган за интендантска служба во рамките на делокругот на својата работа и надлежноста на МО треба да соработува со соодветните органи на управата во владата на Републиката.

Одделението за интендантско обезбедување треба да ја води политиката на интендантското обезбедување на армијата и раководи со интендантската служба, го организира интендантското обезбедување во армијата во мир и воени услови. Има регулативна и планско - насочувачка улога.

Одделението за интендантско обезбедување во согласност со правата и надлежностите на МО треба како највисок управен орган на интендантската служба, во рамките на своите основни функции треба да ги извршува следните задачи:

-ги изработува програмите за интендантско обезбедување на армијата во војна и преку Органите на управата - Владата на Република Македонија обезбедува нивна реализација;

-предлага мерки за уредување на територијата за интендантско обезбедување на Армијата на Република Македонија во мир и вооружените сили во воени услови, вклучувајќи го и одредувањето на одредени претпријатија за производство на интендантска опрема за во мир и воени услови;

-соработува со соодветните органи во Републиката во врска со создавање, лоцирање и чување на стоковите резерви храна и суровини и репроматеријал за производство на интендантска опрема;

-разработува и предлага организација за интендантско обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови;

-разработува и предлага организација за интендантските единици и установи и изработува критериуми и нормативи за лични и материјални формации на единиците од интендантската служба;

-изработува и предлага долгорочни и среднорочни планови за разој на службата и годишни планови за материјално и финансиско обезбедување и се грижи за нивната реализација;

-ја планира и насочува научно - истражувачката и развојната работа за потребите на службата и предлага усвојување и развој на материјални средства за кои е тактички носител;

-ја следи, изучува и усовршува технологијата и организацијата на работа во дејностите од интендантската служба;

-изработува тактичко - технички и технолошки барања и критериуми за градење и опремување на интендантски објекти;

-го утврдува стручниот профил и организира школување и обука на интендантскиот кадар, изработува наставни планови и програми и се гржи за материјалното обезбедување на школувањето и обуката;

-ја води кадровската политика на интендантската служба;

-изработува и предлага тактички, технички и други правила, упатства и прописи кои ја регулираат работата на службата во мир и воени услови;

-изработува, предлага и издава норми на следување и трошење на интендантските материјални средства и комплети од интендантски материјални средства;

-предлага структура, големина и ешелонирање на интендантските материјални резерви по командни степени;

-ја регулира и организира исхраната на луѓето и животните во армијата;

-го регулира и организира мирновременото и военото облекување на армијата;

-го регулира и врши снабдувањето со интендантски материјални средства;

-се грижи и ја обезбедува мобилизациската и борбената готовност на единиците на армијата во врска со прашањата од својата надлежност и

е одговорно за потполна мобилизациска и борбена готовност на непосредно потчинетите единици - установи;

-ги пропишува условите за квалитетот, техничката документација и го контролира производството и квалитетот на одредени средства.

Одделението за интендантско обезбедување како внатрешна организациона единица во Секторот за логистика при МО треба да има својство и да работи како материјално - финансиска организациона единици.

Во врска со материјално - финансиското обезбедување на единиците и установите на армијата треба да изработува годишни материјално финансиски планови и учествува во изработката и утврдувањето на износот (квотата) на паричните средства за командите на армиските корпуси и военото воздухопловство и против воздушната одбрана (ВВ и ПВО) и командата на станот во генералштабот и МО за потребите на интендантското обезбедување.

Што се однесува до извршно - снабдувачките работи одделението за интендантско обезбедување треба да учествува и врши договарање за набавка на средства воена интендантска опрема како и други интедантски материјални средства за кои секоја година се регулира со материјално - финансискиот план.

Ги обезбедува и се грижи за зановување на материјалните резерви кои се чуваат во складовите на сеармиската логистичката база и корпусните логистички бази.

<u>Армиски корпус и нему рамни единици</u>

Органите за интендантско обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици се одговорни за интендантското обезбедување на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на интендантско обезбедување.

Управниот орган за интендантска служба во командата на рамниште армиски корпус и нему рамни единици во рамките на основните

функции од надлежноста на службата треба да ги извршува следните работи:

-врз основа и во согласност со плановите и програмите на Републиката се грижи за уредување на територијата за интендантско обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови;

-го следи стопанскиот развој, води евиденција за производните и услужноте капацитети и во целина за економската моќ на територијата, а врз основа на тоа иницира мерки за побрзо решавање на прашањата кои се од значение за интендантско обезбедување на единиците - установите на армијата;

-обезбедува усогласување на одредени потреби за армискиот корпус во воените планови на органите на локалната самоуправа и соодветните претпријатија;

-организира правилно сместување, чување и зановување на воената резерва на армиските корпуси и резервите на Штабот на врховниот командант и Републиката (доколку и се дадени на чување);

-го следи развојот на организацијата на интендантското обезбедување и организацијата на интендантската служба и предлага понатамошно усовршување;

-во рамките на својата надлежност изнаоѓа најповолни решенија во сите дејности на интендантското обезбедување и со тоа придонесува за постојаното усовршување и развојот на интендантската служба;

-го следи однесувањето на воената опрема и техника на вежбите, маневрите и сл. и предлага мерки за нивно усовршување;

-предлага измени и дополни на правила, упатства, норми, нормативи и други регулативни акти;

-организира обука за војниците од интендантска специјалност и резервниот состав;

-изработува годишни материјално - финансиски планови и се грижи за нивната правилна реализација;

-се грижи за создавање на оптимални услови за работа на интендантските единици и установи со правилна политика на градење на интендантски објекти врз основа на современа организација и технологија

на работа (војнички ресторани, складови, сервиси, интендантски работилници и др.);

-се грижи за рационално работење и правилна примена на законските и други прописи во работата на службата;

-ги организира единиците и установите предвидени со формација и раководи со тие единици (складишта, работилници, наставни единици, и др.);

-го организира и регулира интендантското обезбедување за единиците на својата територија;

-го организира и врши снабдувањето со интендантски материјални средства за единиците - установите на својата територија;

-непосредно раководи со интендантските единици - установи во корпусната логистичка база и стручно раководи со интендантските органи во обединетите органи за интендантско обезбедување на гарнизоните (касарните) и во здружените и родовските единици - преку нивните команди;

-се грижи за мобилизациската и борбената готовност за единиците од надлежноста на интендантската служба и е одговорен за потполна мобилизациска и борбена готовност за непосредно потчинетите интендантски единици.

Според изнесеното, командата на армискиот корпус и нему рамни единици (управниот интендантски орган) е надлежна и одговорна за организацијата на интендантското обезбедување за единици и установи на својата територија, за благовремено извршување на мобилизациските и воените подготовки на единиците за обука на поединците и единиците од интендантска служба, за преземање мерки во врска со подготовките на територијата за интендантско обезбедување во воени услови и др.

Командата на армискиот корпус работи како материјално - финансиска организациона единица. Интендамнтскиот орган во командата на армискиот корпус треба да изработува годишни материјално - финансиски планови и учествува во изработката и утврдувањето на износот (квотата) за доделување на финансиски средства за единиците во согласност со одобрените планови.

Во корпусната логистичка база како територијална организација (во единиците - установите за интендантско обезбедување) се обединети сите извршни функции на интендантското обезбедување и се основни извршни органи во командата на армиски корпус. Интендантското обезбедување се извршува со потпир на нејзините резерви и капацитетте на територијата.

Логистичката база (нејзините интендантски единици - установи) како извршен орган за интендантско обезбедување на армиски корпус треба да ги извршува следните задачи: прима, сместува и чува интендантски материјални средства кои се набавуваат по договорите на Секторот за набавка при МО, (одделението за интендантско обебедување, командата на армискиот корпус или самата база), а ги чува и резервите на Штабот на врховниот командант и Републиката, доколку тоа и се нареди; издава и доставува интендантски материјални средства до единиците по наредба и распоред на командата на армискиот корпус; начелно, ги извршува сите услужни дејности за единиците во своето седиште, како и некои услужни дејности кои се организирани на меѓугарнизонски принцип (печење леб, средни и генерални поправки, изработка на нови предмети, хемиско чистење на опремата и сл.); се грижи за мобилизациските и воените подготовки за единиците - установите кои ги развива и е одговорна за нивна мобилизациска и борбена готовност; во согласност со наредбите и плановите на командата на корпусот соработува со соодветните органи на управата и локалната самоуправа и претпријатијата и обезбедува подготовка на територијата за интендантско обезбедување во воени услови.

Во логистичката база (интендантските складови) може да се чува и дел од резервите на интендантски материјално технички средства (ИнМТС) од други армиски корпуси доколку тоа е така регулирано со планот на МО. Овие средства се издаваат врз основа на одобрение и распоред на надлежните армиски корпуси.

Покрај изнесените задачи и обврски кои интендантските единици - установи на логистичката база ги извршуваат, базата преку своите органи и единици во своите складови треба да чува и пропишани количини од

интендантски материјални средства како корпусна резерва и резерва на МО. Овие резерви неможат да бидат нареушени (не би требало) без согласност на МО и армиските корпуси, а базите треба да се обврзани да ги извршуваат пропишаните зановувања и чувањето на тие интендантски материјални средства.

Снабдувањето на единиците потребно е да се врши исклучително во границите на одобрените количини од страна на претпоставената команда и не би требало да се дозволува издавање на поголеми количини од пропишаните или одобрените.

Врз основа на редовните барања логистичката база треба да ги обезбедува единиците - установите кои на нејзе се потпираат по шемата за логистичко - интендантско обезбедување во временски циклуси кои ги пропишува надлежната команда на армиски корпус, генералштаб или МО.

Вонредните барања за интендантски материјални средства од кои непосредно зависи борбената готовност на одредена единица неопходно е да се разрешуваат веднаш.

Сите логистички бази (а со тоа и интендантските единици) меѓусебе би требало да се поврзани со телефакси за информирање, известување и брзо интервенирање околу набавката на соодветни интендантски материјални средства.

Во мир логистичките бази немаат посебно развиени единици за интендантско снабдување, затоа снабдувањето треба да се одвива директно од складовите на базата според обединетите интендантски снабдувачки единици и со користење на централизиран транспорт.

<u>Команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици</u>

Командите на единиците се тие кои го организираат и извршуваат интендантското обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои и се со шемата за потпирање на интендантско обезбедување.

Во зависност од командниот состав во единиците постојат управни и извршни органи. Овие органи се и органи за интендантско, обезбедување во касарните - гарнизоните.

Носител на одговорноста за интендантско обезбедување во еден гарнизон (касарна), начелно, е една команда која е одредена од генералштабот - МО за интендантско обезбедување. Интендантскиот орган (управниот и интендантската единица) на командата, во рамките на својата надлежност треба да ги извршува следните задачи:

-го извршува интендантското обезбедување за сите единици во гарнизонот (касарната);

-прима, сместува и чува интендантски материјални средства за единиците кои ги снабдува;

-организира и подготвува храна, печење леб, води сметка за обезбедување на месо, поправка на опремата, перење на алишта и хемиско чистење на опремата и ги извршува и сите останати услужни дејности;

-се грижи за мобилизациската и борбената готовност на воените единици кои се развиваат и обезбедува кадровско јадро за сите единици во гарнизонот;

-изведува воено - стручна обука со својот органски состав и единиците кои се ка нејзе на снабдување;

-се грижи за правилно сместување, чување, пополна и зановување на воените резерви за единиците кои се развиваат и единиците кои се ставени во надлежност од командата на армиски корпус;

-соработува со соодветните органи на управата и локалната самоуправа во врска со интендантското обезбедување на мобилизацијата и подготовките на територијата за интендантско обезбедување во воени услови, а и се грижи планираните потреби за единиците да се вградат во воените планови на соодветните претпријатија.

Единиците - установите за кои се извршава интендантското обезбедување треба да ги извршуваат следните работи во врска со интендантското обезбедување: се грижат за пополнетоста на воените единици со интендантски материјални средства и за правилното сместување, чување и зановување на воените резерви; на интендантскиот

орган во гарнизонот - касарната (командата на здружената и родовска единица) му ја должат целокупната лична и колективна опрема на мирновремена употреба во својата единица; изработуваат мобилизациски план и се грижат за неговата ажурност, поплна на единиците со луѓе интендантски воено евиденциона специјалност (ВЕС), пополна на воената резерва со интендантски материјални средства и нивната исправност, за вежбање на единицата и воените интендантски единици; организираат благовремена и правилна поделба на зготвената храна и водат грижа за уреденоста на салата за обедување (доколку салата е издвоена од кујната и ставена во нивна надлежност).

Задачите од доменот на интендантското обезбедување ги извршуваат според единствениот план кој се изработува на барање и во соработка со сите команди во касарната (гарнизонот).

### 3.3.2.2.Интендантско обезбедување во воени услови

Организацијата на интендантското обезбедување во воени услови е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови (борба). За таа цел трупниот ешалон треба да е оспособен за автономно извршување на функцијата интендантско обезбедување со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача. Сите нивни материјални резерви и интендантски работилници треба да се подвижни.

Материјалните извори за интендантско обезбедување во воени услови се: материјалните резерви подготвени во мир за почетниот период на војна, военото производство, увозот, залихите на територијата и воениот плен. Материјалните резерви се наменети за изведување на вооружена борба за одреден временски период додека не се воспостави воена пополна од сите други извори. Ешелонирањето на резервите е на сите командни рамништа заклучно со МО - Штабот на врховниот командант.

За интендантско обезбедување на единиците во воени услови свое значение имаат вонтрупните резерви (особено интендантски материјални средства на рамниште армиски корпус и МО - Штаб на врховниот командант). Затоа и количината и распоредот требаат да бидат така територијално поставени да можат армијата, односно вооружените сили во воени сулови, во секоја борбена ситуација да бидат во потполност обезбедени со интендантски материјални средства.

Интендантското обезбедување на вооружените сили во воени услови е дел од единствената организација на логистиката за материјално обезбедување на вооружените сили. Основата на организацијата за интендантско обезбедување во воени услови треба да ја утврдува Републиката, додека реализацијата на подготовките и нејзино функционирање е во надлежност на МО и органите на управата и локалната самоуправа. Органите на управата и локалната самоуправа и соодветни претпријатија ги обезбедуваат изворите за снабдување, чување на општествените стокови резерви и извршуваат одредени производно - услужни дејности за потребите на вооружените сили. Со максимално потпирање на материјалната база на општеството се создаваат можности за растоварување на интендантските единици - установи во единиците на вооружените сили, со што се зголемува нивната подвижност и маневарска способност во извршувањето на борбените дејства. Во исто време се осигурува и соодветна ефикасност во обезбедувањето на интендантски материјални средства и услуги.

Меѓутоа, физиономијата на војната и специфичните услови на работа кои ги наметнуваат борбените дејства и карактерот на борбата, наоѓаат за потребно од постоење на интендантската служба во вооружените сили, со тоа што таа како нивни интегрален дел треба да биде соодветно организирана и оспособена за интендантско обезбедување на единиците и во најтешки воени услови.

Затоа во единиците и установите на вооружените сили неопходно е да постои неопходна сопствена организација на интендантската служба за снабдување и другите дејности од доменот на интендантското обезбедување, како и одреден ниво на резерви од интендантски

материјални средства со кои се обезбедува сигурно и непрекинато интендантско обезбедување на единиците во сите воени услови. Организацијата на интендантското обезбедување поаѓа од улогата, задачата и намената на борбата како и објективните можности на Органите на управата, локалната самоуправа и претпријатијата да преземат на себе дел од функциите и задачите од доменот на интендантското обезбедување на вооружените сили.

Задачите од надлежност на интендантската служба во вооружените сили ги извршуваат управните и извршните (интендантските единици) органи на интендантската служба.

Управните органи за интендантска служба се стручни органи на командите и управите за прашања од доменот на интендантското обезбедување за единиците - установите на вооружените сили. Тие во согласност со замислата и одлуката на претпоставените старешини го планираат и организираат интендантското обезбедување и преку соодветните интендантски единици - установи го реализираат интендантското обезбедување. Непосредно командуваат со потчинетите интендантски единици - установи и се одговорни за нивната состојба и борбена готовност. Се формираат во составот на командите - управите како интендантски одделенија, начелници или референти, додека нивниот состав зависи од обемот на задачите од доменот на интендантската служба на комндниот степен во чии состав се наоѓаат.

Единиците и установите од интендантската служба, како извршни органи, се наменети за непосредно извршување на интендантското обезбедување на единиците - установите од органскиот состав и другите единици кои им се придадени на потполно или делумно интендантско обезбедување.

Според намената и задачите, интендантските единици - установи треба да се формираат по специјалности: за снабдување, готвење, пекарски, месарски, работилнички, перачки и мешани. Интендантските единици - установи организациски се формираат во одделенија, водови, чети и баталјони.

Организацијата и работата на интендатската служба по командни степени треба да се одвива на некои рамниште, а во нашите прилики тие би биле: Министерство за одбрана (МО) - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

<u>Министерство за одбрана - Штаб на Врховниот командант</u>

Во составот на министерството за одбрана (во воени услови Штабот на врховниот командант или врховна команда), се наоѓа одделението за интендантско обезбедување, како највисок орган на интендантската служба надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на интендантското обезбедување на вооружените сили.

Одделението во стручен поглед раководи со интендантската служба - интендантското обезбедување преку интендантските органи во армиските корпуси и рамните единици како и непосредно потчинетите единици и установи. За таа цел, врз основа на одлука, начелата за организирање и функционирање на интендантското обезбедување, приоритетот за нормите на трошење и другите барања на Штабот на врховниот командант треба да изработи план за интендантско обезбедување и наредби за интендантско обезбедување по армиски корпуси и е одговорно за нивната реализација. Во соработка со Органите на управата ги одредува изворите за пополна со интендантски материјални средства и производно - услужните капацитети од значение за Штабот на врховниот комндант - МО. Предлага и изработува формација за интендантските органи и едеиници - установи, критериуми за одредување на големината на резервите од интендантски материјални средства и разни стручни прописи и упатства од својата надлежност, ја следи ситуацијата и предлага мерки за интендантско обезбедување на вооружените сили, води соодветна евиденција за состојбата на резервите од интендантски материјални средства во армијата и резервите на Републиката, проучува стекнати искуства и презема мерки за усовршување на организацијата за интендантско обезбедување во согласност со воените услови и потребите,

организира школување и обука на интендантскиот кадар, а решава и други прашања од доменот на интендантското обезбедување.

Врз основа на одлуката на Врховниот командант одделението за интендантско обезбедување организира и извршува прегрупирање на интендантските материјални средства според потребите на армиските корпуси (војувалиштата). Одделението за интендантско обезбедување треба да доставува барања до Органите на управата (Владата) на Републиката за обезбедување на материјални извори, утврдува начин на преземање на интендантските материјални средства од тие извори, нивно чување, комплетирање и дистрибуирање до единиците - установите.

Исто така, доставува наредби до органите за интендантско обезбедување во армиските корпуси и рамни единици за планирање, организирање и извршување на интендантското обезбедување насочувајќи ја нивната работа. Им издава наредби на непосредно потчинетите единици - установи од интендантската служба, ја следи и контролира нивната работа. Организира помагање и интервенција во врска со готвењето, обезбедувањето на интендантски материјлни средства и услугите.

Во рамките на логистичката база интендантската служба има единици за интендантско обезбедување.

Органите за интендантска служба во логистичката база го регулираат приемот на интендантските материјални средства од увоз (купување - помош) и врз основа на распоред на одделението за интендантско обезбедување во МО - Штабот на врховниот командант треба да ги испраќаат до корпусните логистички бази.

Штабот на врховниот командант - МО треба да располага со свои материјални резерви и интендантските материјално технички средства. Овие резерви се ешелонирани во магацините на логистичката база и се чуваат одвоено од останатите материјални резерви.

Резервите на Штабот на врховниот командант - МО треба да се трошат само по одлука на Врховниот командант за што се изработува соодветен план за маневрирање со резервите, нивно користење и постапка во случај на евакуација.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Во командата на армиски корпус (АК) и нему рамни единици носители на интендантското обезбедување се интендантските единиците и установите за единиците и установите од органскиот состав и другите единици во нивната зона, кои по директива на Штабот на врховниот командант се ставени на интендантско обезбедување.

Во командата на армиски корпус интендантското обезбедување треба да го планира органот за интендантско обезбедување, а да се извршува преку интендантските единици - установи во корпусната логистичка база.

Органот за интендантско обезбедување во командата на армиски корпус треба да изработува потребни пресметки и планови за интендантско обезбедување по единици врз основа на одлука, приоритет и норми на трошење добиени од претпоставената команда. Одговорен е за реализацијата на планот за интендантско обезбедување и за маневрирарње, прегрупирање, заштита и безбедност на интендантските материјално технички средства. Соработува со органите на управата и локалната самоуправа во врска со обезбедувањето на материјални извори за интендантско обезбедување на единиците - логистичката база. Го организира преземањето на интендантски материјални средства од сите материјални извори и дава упатства за нивно чување, комлетирање и доставување. Издава наредби за интендантско обезбедување на единиците, ја следи нивната работа и интервенира доколку тоа е потребно.

Органот за интендантско обезбедување на армиски корпус непрекинато треба да ги извршува и следните задачи: планирање и организација на интендантско обезбедување; набавка (прием), сместување и чување на резервите од интендантски материјални средства за армискиот корпус, а по наредба и за Штабот на врховниот командант и Републиката; снабдување и пополна со интендантски материјални средства на потчинетите единици - установи како и единиците - установите вонорганскиот состав лоцирани на нејзината територија кои по наредба на МО - Штабот на врховниот командант и се ставени на интендантско обезбедување; производство на леб и двопек; производство на месо и

производи од месо; извршување на средни поправки на опремата; перење на алишта и хемиско чистење на опремата; ја следи борбената и интендантската ситуација, врши проценка и предлага организација на интендантско обезбедување за единиците од органскиот состав и придадените единици на интендантско обезбедување и нови мерки за интендантско обезбедување; изработува планови за интендантско обезбедување и се грижи за нивната реализација; го следи и контролира текот на интендантското обезбедување кај потчинетите единици и презема соодветни мерки; соработува со Органите на управата и локалната самоуправа во врска со обезбедувањето и начинот на користење на изворите за пополна со интендантски материјални средства и користење на производно - услужните капацитети од значение за интендантското обезбедување; води соодветна евиденција за резервите од ИнМС; стручно непосредно раководи со интендантските единици - установи.

Корпусната логистичка база како територијална организација (интендантските единици - установи) го извршува целокупното интендантско обезбедување за сите единици и установи кои се наоѓаат и водат борбени дејства на нејзината територија. Во составот на логистичката база треба да се наоѓаат стационирани интендантски елемени (складови, работилници, перални, пекари) и подвижни интендантски елементи (интендантски единици - чета - вод),чии состав го сочинуваат: единица за интендантско снабдување, пекарска, месарска, работилничка и перачка единица.

Задачите треба да ги извршува врз основа на планови, наредби, директиви и други нормативни акти и според надлежностите во однос на своите резерви и капацитети.

Логистичката база - нејзините интендантски единици треба да ги извршуваат следните задачи: сместување и чување на резервите од интендантски материјални средства за армискиот корпус, а по наредба на МО - Штабот на врховниот комндант и резерви за Штабот на врховниот командант и Републиката; прием, сместување и чување на интендантски материјални средства кои по плановите за интендантско обезбедување се

обезбедуваат преку Органите на управата и локалната самоуправа; потполно интендантско обезбедување за единиците кои не се во состав на самостојните бригади; за потребите на самостојните бригади (и други единици) врши снабдување на интендантско обезбедување, поправка на опремата и перење на алиштата, а по потреба дава помош и во обезбедувањето на леб и месо.

Материјалните резерви од интендантски материјални средства се наоѓаат во интендантските складови на корпусот. На територијата на некоја од логистичките бази се наоѓаат и соодветни резерви на МО - Штабот на врховниот комндант. Овие резерви во зависност од потребата МО - Штабот на врховниот командант може да ги препотчини на корпусот. Од интендантските складови на логистичката база се снабдуваат сите единици и тоа до нивните логистички бази (станици за интендантско обезбедување), односно до тајните складови преку единиците (водови, чети) за интендантскообезбедување. Во период на мобилизација или подоцна во текот на војната, во зависноцт од ситуацијата, интендантските складови можат да се раселуваат и формираат соодветни теренски и тајни складови.

Снабдувањето на единиците треба да го извршуваат единиците за интендантско обезбедување (интендантска чета - инч, интендантски вод - инв). Во зависност од потребата, поедини армиски корпуси можат да имаат и повеќе единици (чети - водови). Овие интендантски единици располагаат со подвижни резерви од интендантски материјални средства за еден или повеќе денови на војна. Треба првенствено да се пополнуваат од интендантските складови на логистичката база и вршат доставување до станиците за интендантско обезбедување на единиците. Доколку ситуацијата бара, интендантските снабдувачки единици можат да ја напуштаат територијата на базата, да се претпочинуваат на друга логистичка база, според одлуката на командата на армискиот корпус во зависност од задачата која треба да се изврши.

Управните и извршните интендантски органи на логистичката база не ја напуштаат својата територија. Одлука за тоа кои интендантски единици или делови од единици (интендантска чета - вод и др.) ќе ја

напуштат територијата и по која задача треба да донесува команда на армиски корпус и нему рамна единица. Во случај армискиот корпус да ја напушта својата територија, само подвижните интендантски делови на логистичката база треба да го следат борбениот распоред на армискиот корпус. Стационираните интендантски делови на логистичката база во овој случај треба да им се претпочинуваат на органите на локалната самоуправа и единиците оставени на привремено запоседната територија вршејќи плански интендантско обезбедување за сите единици на армијата на привремено запоседнатата територија. Во понатамошниот период на војната интендантското обезбедување се спроведува во зависност од ситуацијата, со тоа што сите резерви од складовите неопходно е да се раселуваат во тајни складови, доколку не се евакуирани според одлуката на командата на армискиот корпус.

Управните и извршните интендантски органи на логистичката база треба да организираат и вршат собирање на интендантски материјални средства од воениот плен, оштетените интендантски материјални средства, да вршат преглед, да ги сортираат, издвојуваат резервни делови и непотребен материјал (суровини), вршет евакуација во складовите, претпријатијата и работилниците, а сето тоа го вклучуваат во организацијата на интендантското обезбедување.

Команда на здружените родовски единици

Командите на единиците (бригадите) го организираат и извршуваат интендантското обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои по наредба на армиски корпус (претпоставена команда) им се придадени на интендантско обезбедување, потпирајќи се на интендантските единици и установи на соодветната логистичка база или во зависност од ситуацијата, преку интендантските складови и територијалните интендантски работилници.

Командите на здружените и родовските единици се оспособени за самостојно интендантско обезбедување на своите единици за одредено време бидејќи располагаат со подвижни материјални резерви и капацитети соодветна големина.

Командите на единиците во воени услови од доменот на интендантското обезбедување треба да ги извршуваат следните задачи: планирање и организација на интендантското обезбедување; прием, сместување и чување на интендатските материјални средства; снабдување на единиците со сите интендантски материјални средства, вклучувајќи ги и сите борбени потреби; производство (обезбедување) на леб; подготовка на сурово месо и производи од месо; собирање на непотребни средства, оштетени интендантски материјално технички средства, воен плен и евакуација во соодветни собиралишта по планот на логистичката база; планирање и организирање на дотурот на интендантски материјални средства.

Интендантските органи во единиците (началници, референти), како управни органи треба да работат врз основа на наредбите, одлуките и другите документи на командата и упатствата на интендантските органи на повисоките команди.

Управните органи (началникот - референтот за интендантска служба) се разместени на логистичкото командно место (ЛКМ) на здружените (родовските) единици (бригада и рамни единици), а треба да ги извршуваат следните општи задачи: ја следат борбената и интендантската ситуација, вршат проценка на ситуацијата и подготвуваат предлог за интендантско обезбедување; изработуваат план за интендантско обезбедување и се грижат за неговата реализација; соработуваат со органите на командата во подготовките на борбените дејста, учествуваат во извидувањето, предлагаат рсони за разместување на интендантските единици и изработуваат наредба за интендантско обезбедување; ја следат пополнетоста на единиците и преземаат соодветни мерки за снабдување и доставување на количините кои недостасуваат; го следат обемот и видовите на оштетување на интендантски материјално технички средства и организираат одржување и ремонт; водат соодветна евиденција, изработуваат борбени документи, доставуваат извештаи; раководат со непосредно потчинетите интендантски единици; подготвуваат и издаваат стручни наредби и упатства за работа; ја регулираат постапката со воениот плен; го следат однесувањето и правилното експлоатирање на

интендантските материјално технички средства и преземаат мерки за отстранување на недостатоците; ја следат ситуацијата и го извршуваат интендантското обезбедување, а при промена на ситуацијата преземаат мерки за воспоставување на нарушената ораганизација на интендантското обезбедување и на интендантските единици им издаваат дополнителни наредби и упатства; извршуваат и други задачи кои произлегуваат од задачите на интендантското обезбедување.

На интендантските органи непосредно им се потчинети интендантските единици, кои постојано го следат борбениот распоред на своите единици. Во зависност од командниот степен на единицата и родовската припадност како и функциите на интендантското обезбедување се формираат во одделенија, водови и чети за интендантско обезбедување. Интендантските единици се наменети за непосредно извршување на задачите од делокругот на работа на интендантската служба на степенот на командата на единицата (бригадата и рамни единици).

Составот на интендантските единици (личниот и материјалниот) се одредува со формација, во кој се наоѓаат единици за интендантско снабдување, пекарски, месарски, работилнички и перачки единици. За извршување на задачите интендантските единици ги користат сопствените капацитети и капацитетите на територијата (локалната самоуправа и претпријатијата).

Интендантските единици во борба развиваат соодветни станици. Единиците за интендантско обезбедување развиваат станици за интендантско обезбедување (СтИнОб или ИнСт). Станиците се развиваат во реонот на распоредувањето на логистичките единици (логистичките бази).

Единиците за интендантско обезбедување во развиените станици треба да ги имаат следните задачи: прифаќање, чување, сортирање, и комплетирање на интендантски материјални средства; доставување на интендантски материјални средства до станиците на потчинетите единици и единиците придадени на снабдување; собирање на непотребните средства и евакуавција.

Командирот работата во станиците може да ја организира врз основа на планот за интендантско обезбедување, наредбите, приоритетот во пополнувањето и др. Доставува соодветни барања за пополна до претпоставената команда, односно логистичката база - интендантските единици или интендантските складови во зависност од шемата за потпирање и планот за интендантско обезбедување.

Доставувањето на интендантските материјални средства треба да се врши според командните степени, а во зависност од ситуацијата може да се организира непосредно од корпусната логистичката база до логистичката база на бригадата (нејзината станица за интендантско обезбедување).

Во станиците за интендантско обезбедување треба да се води соодветна евиденција, преземаат соодветни мерки на борбено обезбедување, организираат врски, уредуваат комуникации, доставуваат соодветни извештаи и регулира транспортот.

Големината на реонот, оддалеченоста, изборот на местата и преместувањето на станиците треба да се регулира со соодветни борбени правила и упатства.

Во командата на баталјон - дивизин треба да се организира интендантското обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои со наредба му се пидадени на интендантско обезбедување.

За извршување на задачите од интендантската служба на степенот на командата на баталјонот треба да постои референт за интендантска служба и интендантска единица - одделение - вод.

Референтот за интендантска служба (нечелно е и командир на интендантската единица) треба да ги извршува следните задачи: ја следи борбената и интендантската ситуација, врши проценка и поднесува предлог за организација на интендантското обезбедување; се грижи за уредно и благовремено интендантско обезбедување за единиците на баталјонот; раководи со работата на интендантската единица (одделението, водот).

На рамниште команда на баталјонот од доменот на интендантското обезбедување треба да се извршуваат следните задачи: организација на интендантското обезбедување; прием, сместување и чување на резервите

од интендантски материјални средства; снабдување на интендантски материјални средства; подготвување храна; ситни поправки на опремата; собирање на опремата за средна поправка и валкани алишта за предавање на поправка и перење и хемиско чистење; и подстрижување на луѓето.

Интендантската единица (одделението - водот) за извршување на задачите развива баталјонска интендантска станица.

### 3.3.3. Санитетско обезбедување во мирно време и воени услови[51]

Санитетското обезбедување (СнОб) - здравствената заштита и тактиката на здравството, набљудувани од аспект на минатите војни (историски), наведуваат на заклучок, дека во секоја војна биле и се под силно влијание на два основна фактора: воениот и медицинскиот.

Воениот фактор при тоа бил секогаш одлучителен, затоа што развојот на вооружувањето и воената техника како и усовршувањето на доктрината на водење на вооружена борба силно влијаат колку на височната на повредите толку и на условите на делување на здравството при спасувањето на жртвите од војната.

Секое зголемување на дометот и ефикасноста на оружјето и динамиката на војната бара и прилагодување на организацијата и тактиката на здравството спрема новонастанатите услови. Затоа ефикасноста на здравствената заштита во војна нее едино и исклучително условена од развојот на медицината и медицинската техника туку и од степенот на прилагодување на организацијата и тактиката на здравството во согласност со "законите" на војната. Природно е да со развојот на

---

[51] . Види поширокo (содржините се изведени врз основа на поширока литература): Pravilo sanitetske službe oružanih snaga u ratu, VMA, Beograd, 1977; Aleksandar Hranilović, Sanitetsko snabdevawe JNA u miru, VMA, Beograd, 1966; Elizer Katan i Gavrilo Stefanović, Sanitetsko Snabdevawe JNA u ratu, VMA, Beograd, 1966; План и програма за изведување на борбена обука и воспитување на војниците и единиците на санитетската служба, Одделение за СнОб, НО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Санитетски прирачник за војниците, Одделение за СнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Стручно упатство за санитетско обезбедување на мобилизација на вооружените сили на Република Македонија, Одделение за СнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Priručnik za preventivne medicine za trupne lekare, VMA, Beograd, 1984; Priručnik za vojnike sanitetske službe, VMA, Beograd, 1990; Priručnik o ratnoj sanitetskoj opremi, VMA, Beograd, 1982; Uputstvo za organizaciju, upotrebu i rad sanitetske čete vojišta, SSNO, SnU, Beograd, 1991.

медицината и медицинската техника во минатото се олеснувало одржувањето на рамнотежата помеѓу военот и медицинскиот фактор. Меѓутоа, побрзиот развој на вооружувањето и воената техника, што е карактеристика на современите војни во однос на медицинската наука, се повеќе го отежнуваат воспоставувањето на оваа рамнотежа, па е неопходно потребно вложување на поголеми напори за изнаоѓање на таква организација (систем) на здравствена заштита која би била ефикасна во новонастанатите услови.

Овие искуства и оваа вистина се од одлучително влијание и на нашето определување во поставувањето на организацијата на здравствена заштита како би истата била во функција на армијата, односно одбраната на земјата.

### 3.3.3.1.Санитетско обезбедување во мирно време

Организацијата на санитетското обезбедување е во надлежност на Одделението за санитетско обезбедување во Секторот за логистика при МО, кое со планирањето на развојот и модернизацијата на санитетската служба (нејзините единици-установи) од својата надлежност го обезбедува планираното рамниште на борбената готовност.

Санитетската служба е носител на логистичката функција санитетско обезбедување, а претставува организирана дејност на органите, единиците и установите за создавање на најповолни здравствени услови за живот, работа и борбена обука на единиците и установите на армијата во мир и за изведување на борбени дејства, живот и работа на единиците - установите на вооружените сили во воени услови, користејќи ги при тоа сопствените капацитети, резервите и соодветните здравствени капацитети и резервите на територијата.

Санитетското обезбедување претставува организирано и меѓусебно ускладено множество од дејности, работи и постапки на Министерството за одбрана, генералштабот, командите, управите, единиците и установите на армијата, со кои, во соработка со надлежните органи и установи на

Републиката се остваруваат најповолни здравствени услови за живот и работа на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Работите и задачите од доменот на санитетското обезбедување за потребите на армијата ги планираат, организираат и извршуваат органите, единиците и установите на санитетската служба на касарски, гарнизонски и територијален принцип.

Воените амбуланти, начелно, се формираат по принципот: еден гарнизон - една воена амбуланта и се вградуваат во формацијата на една единица. Во гарнизонот Скопје се формира и центар на воездравствени установи (ЦВЗУ), кој има посебна своја формација.

Во состав на ЦВЗУ се: Воената болница, Заводот за превентивно медицинска заштита, Воената амбуланта и Воената аптека.

Командите, единиците и установите во гарнизоност и местата во кои нема санитетски орган и санитетски установи се потпираат на здравствените организации на територијата. Тоа се регулира со шемата за логистичко обезбедување и со склучување на соодветни договори.

Во гарнизоните во кои нее организирана специјалистичка медицинска заштита, таа се обезбедува во соодветна санитетска установана на армијата, односно во соодветна здравствена организација во Републиката. Тоа, исто така, се регулира со шемата за логистичко обезбедување или соодветен договор.

Планирањето, организирањето и реализацијата на санитетското обезбедување на единиците и установите при изведувањето на активностите и задачите надвор од кругот на касарната, го предлагаат санитетските органи на командите и управите на единиците - установите од својот состав, а санитетските установи, носители на санитетското обезбедување во гарнизонот - касарната и за единиците и установите кои немаат санитетски орган во својот состав.

Во реализацијата на санитетското обезбедување на единиците и установите при вршењето на активности и задачи надвор од кругот на касарната, покрај санитетските органи на командите и управите, се ангажира и дел од составот на санитетските установи во гарнизонот.

Во планирањето и организирањето на санитетското обезбедување при изведување на задачи надвор од касарните учествува и одделението за санитетско обезбедување од Секторот за логистичко обезбедување на МО.

Санитетското обезбедување за потребите на армијата во главно опфаќа: - превентивно - медицинска заштита (МПЗ);

- згрижување на повредените и болните (п/б); и
- снабдување со санитетски материјални средства (СнМС).

Превентивно медицинска заштита

Превентивно медицинската заштита (ПМЗ) треба да опфати: организирање, спроведување и контрола на преземените мерки и активности насочени кон чувањето и унапредувањето на здравјето и подигнувањето на психофизичката кондиција на припадниците на армијата, спречување на појавата и ширењето на заразни болести и другите заболувања како и спречување на повредување и оштетување на човечкиот организам воопшто.

Мерките и активностите на превентивно медицинската заштита за потребите на армијата кај нас ги планираат и организираат МО и комадите и управите на единиците и установите, а ги спроведува секој поединец, единица и установа. Специјализираните мерки на превентивно медицинска заштита ги предлага, организира, а делумно и ги спроведува Заводот за превентивно медицинска заштита (ЗПМЗ).

Како основни мерки во превентивно медицинската заштита можат да се сметаат следните: следење и проучување на хигиенско - епидемиолошката и здравствена состојба во единиците и установите на армијата и на територијата; контрола на спроведувањето на мерките за хигиенското сместување, исхраната, снабдувањето со вода, личната и колективна хигиена и одстранувањето на отпадните материи; дезинфекција, дезинсекција и дератизација; здравствено воспитување и просветување; специфични профилактички мерки (вакцинација, серопрофилакса и хемиопрофилакса); санитарен и здравствен надзор во единиците и установите на армијата и врз поединците кои во воениот круг

произведуваат и продаваат стока или вршат услуги за потребите на припадниците на армијата и непосредните производители и продавачи на храна; медицинска контрола во изведувањето на обуката и физичкото воспитување; и предлагање, организирање, спроведување и контрола на спроведувањето на противепидемските мерки за спречување и отстранување на заразните, хроничните и дегенеративните заболувања, повреди и оштетувања на здравјето кај луѓето од армијата и на медицинските мерки за заштита на луѓето во работната средина и дејството на штетните фактори од физичка, хемиска и биолошка природа.

Згрижување на повредените и болните

Згрижувањето на повредените и болните (п/б) ги опфаќа сите мерки и постапки кои се организираат и спроведуваат во лечењето на повредените и болните од моментот на повредувањето, односно заболувањето, до конечното оздравување (конечниот исход).

Планирањето и организирањето на згрижувањето на повредените и болните припадници на армијата го вршат санитетските органи на сите нивоа на командување и раководење, а се извршува во военоздравствените установи и цивилните здравствени организации на територијален принцип.

Згрижувањето на повредените и болните се врши со укажување на општа медицинска помош, специјалистичка консултативна помош и болничка медицинска помош.

Обликот и обемот на медицинската помош која ја укажува здравствената установа зависи од организциско - формациската структура и материјалната опременост на таа установа.

Снабдување со санитетски материјални средства

Снабдувањето со санитетски материјални средства (СнМС) за потребите на единиците и установите на армијата треба да опфати: планирање, набавка, производство, сместување, ракување и пополнување.

Снабдувањето со санитетски материјални средства во мир се врши по пат на набавка на средства во земјата, сопствена изработка и од увоз.

МО, командите и управите, во рамките на своите надлежности ги планираат потребите од санитетски материјални средства. Основа за планирање се нормите за следување на санитетски материјлни средства, единица на нормирање и тромесечна потрошувачка.

Набавката на санитетски материјални средства ја врши надлежниот орган за набавка во МО, централизирано за сите военоздравствени установи - единици.

Снабдувањето на единиците и установите со санитетски материјални средства се врши по барање на командите и управите според утврдената шема на снабдување, со ангажирање на санитетските установи и специјализираните претпријатија.

Дел од санитетските материјални средства (препарати) се обезбедуваат од сопствено производство во аптеките и лабораториите.

Обновувањето на санитетските материјални средства во воената резерва (ВР) на единиците и установите на армијата се врши по шема - план за обновување, а го извршуваат санитетските органи, единици и установи.

Покрај наведените задачи санитетската служба (одделението за санитетско обезбедување) во рамките на Секторот за логистиката и логистичкото обезбедување на МО во мир треба да ги врши и следните задачи: ја проучува здравствената состојба и состојбата на психофизичката кондиција на старешините и војниците и го спроведува санитетско обезбедување (превентивномедицинска заштита и лечење на болните и повредените); организира и врши научноистражувачка работа во медицината и ја разработува военомедицинската доктрина; ја проучува територијата, особено во медицински поглед, предлага и презема мерки за создавање на што поповолни здравствени услови за живот и работа на припадниците на армијата во мир и вооружените сили во воени услови - водењето на вооружена борба; ја проценува способноста на кандидатите за пополнување на бројот на слушатели за школување за воен старешуна во Воената академија и бројот на воени лица за служба во армијата, врши проверка на испитувањата, утврдувањето и оценувањето на здравствената способност на регрутите за воена служба во рамките на пропишаните

надлежности; дава наоди, оценки и мислења за воените лица во врска со прашањата кои произлегуваат од прописите за здравствено осигурување; учествува во работата на надлежните органи на Републиката за подготовка на единствениот систем на здравствена заштита на граѓаните во војна; врши судско - медицинска експертиза; организира изработка на военостручна литература за потребите на санитетската служба; изведува военостручна обука и врши школување, усовршување и обука на санитетскиот кадар (активните и резервните старешини и војниците од санитетската служба).

Извршување на задачите од доменот на санитетското обезбедување по командни степени во наши услови може да се одвива и воглавно се довива на рамниште: Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - одделение за санитетско обезбедување

На рамниште на МО на Р. Македонија како највисок стручен орган на санитетската служба во рамките на Секторот за логистика е одделението за санитетско обезбедување кое е надлежно и одговорно за санитетско обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови и тоа за: превентивно медицинската заштита, згрижувањето на повредените и болните (п/б) и снабдувањето со санитетски материјални средства.

Одделението за санитетско обезбедување изучува, разработува и предлага организација на санитетското обезбедување за армијата во мир и вооружените сили во војна. Го организира санитетското обезбедување во мир, одредува задачи и ја контролира работата во воено - санитетските единици и установи и разработува стандарди и норми за лечење и контрола на здравјето за поедини категории на воени старешини. Организира соработка со ораганите за здравство во Републиката, Министерството за здравство и соодветните Органи на управата и локалната самоуправа на подготовките за работа на здравствената служба во мир и посебни воени услови.

Ја организира и контролира стручната работа во центарот за обука на регрутите од специјалноста санитетска служба (логистичкиот центар - санитетските наставни единици) и организира и обавува научноистражувачка работа за потребите на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

На одделението за санитетско обезбедување при Секторот за логистика во МО на Република Македонија неопходно е непосредно да му е потчинет центарот на воено здравствените установи (ЦВЗУ) во чии состав се Воената болница, Заводот за превентивно медицинска заштита, Воената амбуланта и Воената аптека.

Воената болница со своите болнички одделенија од сите гранки на медицината е здравствена установа за лечење, научноистражувачка работа и обука на санитетскиот кадар.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Органите за санитетско, обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици се одговорни за санитетското обезбедување на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на СнОб. Тие имаат исти задачи во рамките на армискиот корпус и рамни единици како и одделението за санитетско обезбедување во МО на Република Македонија.

На органите за санитетско обезбедување во командата на армиски корпус и рамни единици им се непосредно потчинети гарнизонските воени амбуланти, како установи за обезбедување на основна здравствена заштита. Постојат во секој гарнизон, а капацитетите и личните формации на гарнизонските амбуланти одговараат спрема бројот на војниците и воените осигуреници во гарнизонот.

Во рамките на корпусните логистички бази се наоѓаат и санитетско - ветеринарните складови за чување на резерви од санитетски материјални средства и санитетска опрема за воените санитетски установи и единици во составот на армиски корпус.

Воените аптеки служат за снабдување на војниците и воените осигуреници со лекови и санитетски материјални средства.

Во составот на армиски корпус и рамните единици (военото воздухопловство и противвоздушната одбрана) не е неопходно да постојат санитетски регрутни центри - единици.

Команда на бригада и рамни единици

Во командите на здружените и родовските единици - бригада и рамни единици неопходно е да постојат референти за санитетска служба. Тоа се органи на командата за проучување на здравствената состојба на луѓето, за организација на обуката на санитетските кадрови и војниците од прва помош и за подготовка на воените санитетски единици за извршување на задачите во воени услови.

Референтите за санитетска служба кога не се ангажирани на наведените задачи работат во гарнизонските амбуланти по планот на одделението за санитетско обезбедување на МО.

Во конадата на самостоен баталјон (дивизион) неопходно е да постојат референти за санитетска служба, а во четите болничари.

### 3.3.3.2. Санитетско обезбедување во воени услови

Организацијата на санитетското обезбедување во воени услови е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови (борба). За таа цел трупниот ешалон треба да е оспособен за автономно извршување на функцијата санитетско обезбедување со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача.

Материјалните извори за санитетско обезбедување во воени услови, во главно се: материјалните резерви подготвени во мир за почетниот период на војна, военото производство, увозот, залихите на територијата и воениот плен. Ешелонирањето на резервите е на сите командни рамништа заклучно со МО - Штабот на врховниот командант.

Организацијата и работата на санитетската служба по командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште: Министерство за

одбрана (МО) - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици и комада на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - Штаб на врховниот командант

Во составот на министерството за одбрана, во воени услови Штабот на врховниот командант (или врховна команда), треба да се наоѓа одделението за санитетско обезбедување, како највисок орган на санитетската служба надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на санитетското обезбедување на вооружените сили.

Одделението во стручен поглед раководи со санитетската служба - санитетското обезбедување преку санитетските органи во армиските корпуси и рамните единици како и непосредно потчинетите единици и установи.

Врз основа на одлуката на Врховниот командант одделението за санитетско обезбедување организира и извршува прегрупирање на санитетските материјални средства според потребите на армиските корпуси или војувалиштата. Одделението за санитетско обезбедување треба да доставува барања до Органите на управата (Владата) на Републиката за обезбедување на материјални извори, утврдува начин на преземање на санитетските материјални средства од тие извори, нивно чување, комплетирање и дистрибуирање до единиците - установите.

Исто така, доставува наредби до органите за санитетско обезбедување во армиските корпуси и рамни единици за планирање, организирање и извршување на санитетското обезбедување насочувајќи ја нивната работа. Им издава наредби на непосредно потчинетите единици - установи од санитетската служба, ја следи и контролира нивната работа.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Во командата на армиски корпус (АК) и нему рамни единици носители на санитетското обезбедување се единиците и установите од органскиот состав и другите единици во нивната зона, кои по директива на Штабот на врховниот командант се ставени на санитетско обезбедување.

Во командата на армиски корпус санитетското обезбедување го планира органот за санитетско обезбедување, а го извршуваат корпусните санитетските единици - установи.

Органот за санитетско обезбедување во командата на армиски корпус изработува потребни пресметки и планови за санитетско обезбедување по единици врз основа на одлука и приоритет добиени од претпоставената команда. Одговорен е за реализацијата на планот за санитетско обезбедување и за маневрирарње, прегрупирање, заштита и безбедност на санитетските материјални средства. Соработува со органите на управата и локалната самоуправа во врска со обезбедувањето на материјални извори за санитетско обезбедување на единиците. Го организира преземањето на санитетски материјални средства од сите материјални извори и дава упатства за нивно чување, комлетирање и доставување. Издава наредби за санитетско обезбедување на единиците, ја следи нивната работа и интервенира доколку тоа е потребно.

Органот за санитетско обезбедување на армиски корпус непрекинато треба да ги извршува и следните задачи: ја следи борбената ситуација, врши проценка и предлага нови мерки за санитетско обезбедување; води соодветна евиденција за резервите од санитетски материјални средства; стручно непосредно раководи со санитетските единици - установи.

Команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици

Командите на единиците го организираат и извршуваат санитетското обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои по наредба на армиски корпус (претпоставена команда) им се придадени на санитетско обезбедување.

Командите на единиците од доменот на санитетско обезбедување треба да ги извршуваат следните задачи: планирање и организација на санитетското обезбедување; прием, сместување и чување на санитетските материјални средства; планирање и организирање на доставувањето (дотурувањето) на санитетските материјални средства.

Санитетските органи во единиците (началници, референти), како управни органи, работат врз основа на наредбите, одлуките и другите документи на командата и упатствата на санитетските органи на повисоките команди.

Управните органи за санитетско обезбедување, во начело се разместуваат на логистичкото командно место (ЛКМ) на здружените (родовските) единици (бригада и рамни единици), за да ги извршуваат следните општи задачи: вршат проценка на ситуацијата и подготвуваат предлог за санитетско обезбедување; изработуваат план за санитетско обезбедување и се грижат за неговата реализација; соработуваат со органите на командата во подготовките на борбените дејста, учествуваат во извидувањето, предлагаат реони за разместување на санитетските единици и изработуваат наредба за санитетско обезбедување; водат соодветна евиденција, изработуваат борбени документи, доставуваат извештаи; раководат со непосредно потчинетите санитетски единици; подготвуваат и издаваат стручни наредби и упатства за работа; ја регулираат постапката со воениот плен; ја следат ситуацијата и го извршуваат санитетското обезбедување, а при промена на ситуацијата преземаат мерки за воспоставување на нарушената организација (систем) на санитетското обезбедување и на санитетските единици им издаваат дополнителни наредби и упатства; извршуваат и други задачи кои произлегуваат од задачите на санитетското обезбедување.

На санитетските органи непосредно им се потчинети санитетските единици, кои постојано го следат борбениот распоред на своите единици. Во зависност од командниот степен на единицата и родовската припадност како и функциите на санитетското обезбедување се формираат во одделенија, водови и чети за санитетско обезбедување.

Санитетските единици во борба развиваат станици за санитетско обезбедување.

Командирот работата во санитетската станица ја организира врз основа на планот за санитетско обезбедување, наредбите, приоритетот и др. Доставува соодветни барања за пополна до претпоставената команда,

односно санитетската снабдувачка единица или санитетските складови во зависност од шемата за потпирање и планот за санитетско обезбедување.

Големината на реонот, оддалеченоста, изборот на местата и преместувањето на санитетските станиците треба да се регулира со соодветни борбени правила и упатства.

Во воени услови здравствена заштита ќе им се пружа на населението и вооружените сили. Здравствената заштита се зановува на мирновремената структура на здравството, која во воени услови само се приладодува спрема воените потреби и условите, а се организира и спроведува како интегрирана здравствена заштита.

Основни носители на интегрираната здравствена заштита во воени услови во главно се: здравствената служба на Републиката, чија задача е пружање на сите видови здравствена заштита за цивилното население и вооружените сили, обезбедувајќи болничко лечење и рехабилитација и за повредените и болните припадници на вооружените сили; санитетската служба на вооружените сили, чија е основна задача санитетско ообезбедување на единиците и установите на вооружените сили.

Во воени услови на целата наша територија не избежно би дошло до: гоелмо нарушување на хигиенско - епидемиолошката ситуација, (врз основа на отежнатите можности за одржување на личната и колективната хигиена и како последица на недоволната исхрана; физичката и психичката исцрпеност на луѓето; контаминацијата на земјата, водата и храната; миграцијата на населението; големите разорувања на населбите и оштетувањата на санитарните и комуналните објекти и сл.); појава на голем број на сите видови повредени и болни, а особено нови видови на повреди и болни за подолготрајно лечење и со поголема бројност на смртни случаи и телесни оштетувања; големо изложување на здравствената служба (а особено санитетската служба на вооружените сили) на дејствата од современите оружја, поради што службата ќе има големи губитоци на стручни кадрови, санитетски материјал и опрема; и големо зголемување на потребите од стручни кадри како и од санитетски материјални средства и опрема.

Во вака тешки воени услови санитетската служба на вооружените сили има значително важна улога и многу обемни и сложени задачи од кои најважни би биле: спроведување на превентивномедицински мерки во единиците на вооружените сили и реоните на нивното разместување; згрижување на повредените и болните припадници на вооружените сили, со тоа што во својата единица ги задржува полесно повредените и болните со рок на излекување до 15 дена, пружа потребна општа медицинска помош на потешко повредените и болните и ги евакуира за болничко лечење во установите на здравствената служба со свои транспортни средства; снабдување на санитетските единици со санитетски материјални средства како и останатите единици на вооружените сили; санитетска обука и здравствено просветување во единиците на вооружените сили; пружање помош на здравствената служба во врска со задачите од здравствената заштита на населението во случаи на масовни губитоци, епидемии и сл. (доколку нее непосредно ангажирана на задачите од доменот на санитетско обезбедување во единиците на вооружените сили).

Со извршувањето на овие задачи санитетската служба на вооружените сили им обезбедува услови за чување на здравјето и борбената способност на сите учесници во борбата, а со извлекувањето на повредените и болните враќа во борбениот распоред драгоцена жива сила - искусни и прекалени борци. На тој начин санитетската служба го дава драгоцениот придонес борбата да се заврши победоносно.

Санитетското обезбедување во единиците и установите на вооружените сили го извршува: санитетското особје со завршени средни, виши и високи медицински училишта и особјето со пониска стручна подготовка (болничари). Под раководство на стручните санитетски старешини болничарите во единиците и установите на вооружените сили организираат и спроведуваат основни превентивно медицински мерки и им пружаат прва помош на повредените и болните, ги евакуираат од бојното поле и учествуваат во негата и лечењето.

Должностите на болничарите во вооружените сили се од големо значение, бидејќи од благовременото, совесното и исправното извршување на нивните задачи во многу зависи целокупната работа на

санитетската служба на санитетското обезбедување на единиците и установите на вооружените сили.

### 3.3.4. Ветеринарно обезбедување во мирно време и воени услови[52]

Задачите од доменот на ветеринарното обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови можат да се извршуваат само доколку се воспостави функционално единство на ветеринарната служба на армијата и ветеринарната служба на Органите на управата и локалната самоуправа и сите останати субјекти на општеството кои на определен начин се занимаваат со работи од доменот на ветеринарната заштита.

При изградувањето на воената структура на ветеринарната служба во армијата и на Органите на управата и локалната самоуправа треба да се води сметка тие да можат да ги извршуваат своите посебни функции и меѓусебе да си помагаат.

#### 3.3.4.1.Ветеринарно обезбедување во мирно време

Организацијата на ветеринарното обезбедување (ВтОб) на армијата треба и е можно да се стави во надлежност на одделението за ветеринарно обезбедување при Секторот за логистика на МО, кое со планирањето на развојот и модернизацијата на ветеринарната служба (ВтСл) од својата

---

52 . Види пошироко (содржините се изведени врз основа на пошироко литература): Правило на ветеринарната служба на вооружените сили на РМ во војна (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Правило за сузбивање на сточните зарази во војна (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; План и програма на борбената одбука и воспитувањето на војниците и единиците на ВТСл (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за здравствената контрола на продуктите од животинско потекло во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за набавка, категоризација и расходување на коњи и кучиња (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатсво за држење и употреба на службени кучиња во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Прирачник за обука на војниците за водичи на кучиња и кучиња (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за ветеринарно - санитарната евиденција и извештаите во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996; Упатство за одгледување, селекција и ветеринарско - профилакички мерки во одгледувачниците на кучиња во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994; Правилник за организација и работа на ветеринарната инспекција (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995.

надлежност го обезбедува планираното рамниште на борбената готовност.

Оделението за ветеринарно обезбедување при МО во рамките на Секторот за логистичко обезбедување во мир ги извршува следните задачи: ветеринарно - санитетски надзор над животните за колење и продуктите од животинско потекло кои служат за потребите на армијата во мир и вооружените сили во воени услови; ветеринарно обезбедување на животните (заштита на здравјето и работната способност на добитокот) и снабдување и пополна со ветеринарсни материјални средства (ВтМС) на единиците и установите на армијата; планира и организира куповање на копитари и кучиња за редовна пополна на единиците и установите на армијата; организира и изведува воено-стручна обука и усовршување за активните и резервните старешини и војниците од ветеринарна служба; се грижи за борбената и мобилизациската готовност на единиците и установите од ветеринарната служба и за работа во воени услови; соработува со ветеринарните органи од Органите на управата и локалната самоуправа и стручните ветеринарни установи (организации) на подготовките на службата за работа во воени услови.

Работите и задачите од доменот на ветеринарното обезбедување за потребите на армијата ги планираат, организираат и извршуваат органите, единиците и установите на ветеринарната служба на касарски, гарнизонски и територијален принцип спрема шемата за логистичко обезбедување потпирајќи се на ветеринарната служба на територијата.

Командите, единиците и установите во гарнизоните и местата во кои нема ветеринарен орган и ветеринарна установа се потпираат на ветеринарните установи на територијата. Тоа се регулира со шемата за логистичко обезбедување и со склучување на соодветни договори.

Планирањето, организирањето и реализацијата на ветеринарното обезбедување на единиците и установите при изведувањето на активностите и задачите надвор од кругот на касарната, го предлагаат ветеринарните органи на командите и управите на единиците - установите од својот состав.

Во планирањето и организирањето на ВтОб при изведување на задачи надвор од касарните учествува и одделението за ветеринарно обезбедување од Секторот за логистичко обезбедување на МО.

За извршување на сите задачи ветеринарната служба има свои управни и извршни органи, а извршување на задачите од доменот на ветеринарното обезбедување по командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - одделение за ветеринарно обезбедување

На рамниште на МО на Р. Македонија како највисок стручен орган на ветеринарната служба во рамките на Секторот за логистика е Одделението за ветеринарно обезбедување (ВтОб) кое е надлежно и одговорно за ветеринарно обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Одделението за ветеринарно обезбедување изучува, разработува и предлага организација на ветеринарното обезбедување за армијата во мир и вооружените сили во воени услови. Го организира ветеринарното обезбедување во мир, одредува задачи и ја контролира работата од доменот на ветерината во единиците и установите. Организира соработка со Ораганите за ветерина во Републиката, со соодветните органи на управата и локалната самоуправа на подготовките за работа на ветеринарната служба во мир и посебни воени услови.

Ја организира и контролира стручната работа во центарот за обука и дресура на кучиња, во кој се обучуваат војници за водење и чување на кучиња и одгледуваат одредена раса на кучиња за пополна на единиците и установите на армијата. Организира и обавува научноистражувачка работа за потребите на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Органите за ветеринарно обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици се одговорни за ветеринарното обезбедување на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на ветеринарно обезбедување. Тие имаат исти задачи во рамките на армискиот корпус и рамни единици како и одделението за ветеринарно обезбедување во МО на Република Македонија.

Во рамките на корпусните логистички бази се наоѓаат и санитетско - ветеринарните складови за чување на резерви од ветеринарни материјални средства (ВтМС) и ветеринарна опрема за ветеринарните единици во составот на армискиот корпус.

Во командите на армиски корпус има ветеринарни органи кои го планираат и организираат ветеринарното обезбедување за единиците и установите на својата територија, одредуваат задачи и ги контролираат потчинетите органи.

Команда на бригада и рамни единици

Во командите на здружените и родовските единици - бригада и рамни единици постојат референти за ветеринарна служба. Тоа се органи на командата за проучување на здравствената состојба на добитокот, за организација на обуката на ветеринарните кадрови и војниците (за пружање прва помош на животните) и за подготовка на воените ветеринарни единици за извршување на задачите во воени услови.

Управните ветеринарни органи (референтите) се советодавни органи на командата, а во исто време и непосредно раководат со ветеринарните единици.

Во гарнизоните со преку 1500 војници постојат референти за ветеринарна служба за гарнизонско, односно меѓугарнизоско ветеринарно обезбедување. Нивната задача е следната: да вршат ветеринарно - санитарен надзор над стоката за колење и продуктите од животинско потекло; згрижување на повредените и болните животни; и да работат на воените стручни подготовки на единиците и установите на вооружените сили на територијата која ја покриваат и се советодавни органи за

ветеринарната служба во Органите на управата и локалната самоуправа и ветеринарните претпријатија и установи кои се вклучени и работат за потребите на вооружените сили во воени услови.

Гарнизонските ветеринарни органи ги извршуваат задачите од својот делокруг на работа за потребите на гарнизоните каде што им е седиштето и сите околни гарнизони кои немаат свој ветеринарен орган. Тие се во составот на обединетите логистички органи или во составот на командите кои се одредени за носители на логистичкото обезбедување во гарнизонот. Во стручен поглед му се потчинети на ветеринарниот орган во командата на армиски корпус, односно одделението за ветеринарно обезбедување при Секторот за логистика на МО.

Во спроведувањето на ветеринарното обезбедување во мир за сите лабораториско - дијагностички испитувања во врска со продуктите од животинско потекло и водата службата се потпира на лабораториите на санитетската служба (Завод за превентивно медицинска заштита при Центарот на военоздравствени установи), а во врска со стоката и сточната храна се користат услугите на Ветеринарскиот институт во Скопје и ветеринарните установи и претпријатија во Републиката.

### 3.3.4.2.Ветеринарно обезбедување во воени услови

Организацијата на ветеринарното обезбедување во воени услови треба да е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови (борба). За таа цел трупниот ешалон треба да е оспособен за автономно извршување на функцијата ветеринарно обезбедување со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача.

Материјалните извори за ветеринарно обезбедување во воени услови во главно се: материјалните резерви подготвени во мир за почетниот период на војна, военото производство, увозот, залихите на територијата и воениот плен. Ешелонирањето на резервите е на сите командни рамништа заклучно со МО - Штабот на врховниот командант.

Ветеринарното обезбедување на армијата во воени услови во главно опфаќа: ветеринарно - санитарен надзор над стоката за колење и продуктите од животинско потекло; заштита на здравјето и работната способност на копитарите и кучињата; згрижување на повредените и болните копитари, кучиња и стоката за колење; снабдување со ветеринарни материјални средства.

Ветеринарното обезбедување на вооружените сили во војна се засновува на пропишана органозациско - формациска структура на ветеринарните органи, единици и установи на армијата и усвоената организација на ветеринарната служба во Републиката.

Функционирање на ветеринарното обезбедување

Ветеринарната служба на армијата во целина го спроведува ветеринарното обезбедување за единиците и установите во трупниот ешалон, додека вонтрупниот ешалон воглавно се потпира на Ветеринарниот институт и ветеринарните установите во Републиката и претпријатијата кои се занимаваат со ветеринарна служба.

Ветеринарно - санитарен надзор над стоката за колење и продуктите од животинско потекло треба да го спроведуваат ветеринарните органи на армијата со ветеринарните органи во Републиката - Органите на управата, локалната самоуправа и ветеринарните установи.

Згрижувањето на повредената и болната стока го организираат и вршат ветеринарните органаи во единиците. Во ветеринарните единици на трупниот ешалон се укажува прва и основна, а по потреба и повисока ветеринарна помош. Повредените и болните копитари и кучиња кои не се задржуваат на згрижување во единиците на вооружените сили им се предаваат на згрижување на ветеринарната служба во Републиката (Управата и локалната самоуправа) и претпријатијата.

За сите лабораториско - дијагностички испитувања во врска со продуктите од животинско потекло, сточната храна и водата ветеринарната служба се потпира на лабораториите на санитетската

служба, родот АБХО, ветеринарните и здравствените служби во Републиката и претпријатијата кои се занимаваат со ветеринарна дејност.

Во почетниот период на војна пополна на единиците во трупниот ешалон со ветеринарни материјални средства се врши од санитетско - ветеринарните складови. По истрошувањето на во мир подготвените материјални резерви нивна пополна вршат надлежни органи во Рпубликата на барање на армиски корпус и рамни единици. Исклучително, кога тоа го бара оперативно - тактичката ситуација, единиците можат да се снабдуваат и непосредно од ветеринарните установи (станици) во локалната самуправа, продавниците за ветеринарни материјални средства и занаетчиски работилници.

Главни извори од кои ќе се врши снабдување со ветеринарни материјални средства во воени услови во главно се: средствата за производство кои треба да претставуваат главен извор за снабдување на ветеринарната служба во вооружените сили и Републиката; средствата од стоковите резерви во Републиката (Управата и локалната самоуправа и претпријатијата); средствата од стоковите фондови на трговските, стопанските и другите претпријатија; и средства од увоз.

Органите на управата и локалната самоуправа уште во мир треба да ги одредуваат и формираат и ветеринарните стокови резерви. Количината составот и разместувањето на стоковите резерви за потребите на ветеринарната служба на вооружените сили и општеството неопходно е да се одредуваат со воените планови на Органите на управата и секоја локална самоуправа и претпријатие.

Организацијата и работата на ветеринарната служба по командни степени за успешно извршување на ветеринарното обезбедување може да се организира и одвива на рамниште: Министерство за одбрана - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - Штаб на врховниот командант

Во составот на министерството за одбрана, во воени услови Штабот на врховниот командант (или врховната команда), треба да се наоѓа одделението за ветеринарно обезбедување, како највисок орган на ветеринарната служба надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на ветеринарното обезбедување на вооружените сили и насочувањата за извршување на задачите и координацијата при работата на ватеринарните органи во командите на армиските корпуси од доменот на ветеринарното обезбедување за единиците и установите на вооружените сили и тоа: доставува барања до соодветните органи на Управата во врска со регулирањето на ветеринарното обезбедување преку нив и органите во локалната самуправа; се грижи за материјалните извори за снабдување на вооружените сили со ветеринарни материјални средства и нивната поделба на армиските корпуси и ним рамните и самостојните единици; изработува правила, упатства и други стручни материјали за ветеринарно обезбедување на вооружените сили; организира основна обука за ветеринарниот кадар за потребите на армијата.

Одделението во стручен поглед раководи со ветеринарната служба - ветеринарното обезбедување преку ветеринарните органи во армиските корпуси и ним рамните единици како и непосредно потчинетите единици и установи.

Врз основа на одлуката на Врховниот командант одделението за ветеринарно обезбедување организира и извршува прегрупирање на ветеринарните материјални средства според потребите на армиските корпуси, односно војувалиштата. Одделението за ветеринарно обезбедување доставува барања до Органите на управата (Владата) на Републиката за обезбедување на материјални извори, утврдува начин на преземање на ветеринарните материјални средства од тие извори, нивно чување, комплетирање и дистрибуирање до единиците - установите.

Одделението за ветеринарно обезбедување доставува наредби до органите за ветеринарно обезбедување во армиските корпуси и рамни единици за планирање, организирање и извршување на ветеринарното обезбедување насочувајќи ја нивната работа. Им издава наредби на

непосредно потчинетите единици - установи од ветеринарната служба, ја следи и контролира нивната работа.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Во командата на армиски корпус (АК) и нему рамни единици носители на ветеринарното обезбедување се единиците и установите од органскиот состав и другите единици во нивната зона на одговорност, кои по директива на Штабот на врховниот командант им се ставени на ветеринарно обезбедување.

Во командата на армиски корпус ветеринарното обезбедување го планира органот за ветеринарно обезбедување.

Органот за ветеринарно обезбедување во командата на армиски корпус изработува потребни пресметки и планови за ветеринарно обезбедување по единици врз основа на одлука и приоритет добиени од претпоставената команда. Одговорен е за реализацијата на планот за ветеринарно обезбедување и за маневрирарње, прегрупирање, заштита и безбедност на ветеринарните материјални средства. Соработува со органите на управата и локалната самоуправа во врска со обезбедувањето на материјални извори за ветеринарно обезбедување на единиците. Го организира преземањето на ветеринарните материјални средства од сите материјални извори и дава упатства за нивно чување, комлетирање и доставување. Издава наредби за ветеринарно обезбедување на единиците, ја следи нивната работа и интервенира доколку тоа е потребно.

Органот за ветеринарно обезбедување на армиски корпус непрекинато треба да ги извршува и следните задачи: ја следи борбената ситуација, врши проценка и предлага нови мерки за ветеринарно обезбедување; води соодветна евиденција за резервите од ветеринарни материјални средства; стручно непосредно раководи со ветеринарните единици - установи; разработува стручни директиви, инструкции и објаснения примени од претпоставените стручни органи; организира и спроведува снабдување на ветеринарни материјални средства за ветеринарните органи во своите единици и установи; соработува со надлежните органи на Управата и локалната самоуправа во врска со

решавањето на прашањата од доменот на ветеринарното обезбедување на вооружните сили; раководи со работата на непосредно потчинетите извршни органи и единици од ветеринарната служба.

Команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни диници

Командите на единиците го организираат и извршуваат ветеринарното обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои по наредба на армиски корпус (претпоставена команда) им се придадени на ветеринарно обезбедување.

Командите на единиците (нивните ветеринарни органи) од доменот на ветеринарното обезбедување треба да ги извршуваат следните задачи: планирање и организација на ветеринарното обезбедување; прием, сместување и чување на ветеринарни материјални средства; планирање и организирање на доставувањето (дотурањето) на ветеринарни материјални средства.

Ветеринарните органи во единиците (началници, референти), како управни органи, работат врз основа на наредбите, одлуките и другите документи на командата и упатствата на ветеринарните органи на повисоките команди.

Управните органи се разместени на логистичкото командно место (ЛКМ) на здружените (родовските) единици (бригада и рамни единици), а треба да ги извршуваат следните општи задачи: вршат проценка на ситуацијата и подготвуваат предлог за ветеринарно обезбедување; изработуваат план за ветеринарно обезбедување и се грижат за неговата реализација; соработуваат со органите на командата во подготовките на борбените дејста, учествуваат во извидувањето, предлагаат реони за разместување на ветеринарните единици и изработуваат наредба за ветеринарно обезбедување; водат соодветна евиденција, изработуваат борбени документи, доставуваат извештаи; раководат со непосредно потчинетите ветеринарни единици; подготвуваат и издаваат стручни наредби и упатства за работа; ја регулираат постапката со воениот плен; ја следат ситуацијата и го извршуваат ветеринарното обезбедување, а при промена на ситуацијата преземаат мерки за воспоставување на

нарушената организација (систем) за ветеринарно обезбедување и на ветеринарните единици им издаваат дополнителни наредби и упатства; извршуваат и други задачи кои произлегуваат од задачите на ветеринарното обезбедување.

Ветеринарните единици во борба развиваат станици за ветеринарно обезбедување. Командирот работата во ветеринарната станица ја организира врз основа на планот за ветеринарно обезбедување, наредбите, приоритетот и др. Доставува соодветни барања за пополна до претпоставената команда, односно санитетско - ветеринарните снабдувачки единици или санитетско - ветеринарните складови во зависност од шемата за потпирање и планот за ветеринарно обезбедување.

Големината на реонот, оддалеченоста, изборот на местата и преместувањето на ветеринарните станици се регулира со соодветни борбени правила и упатства.

Единиците на армијата кои во својот состав имаат сточен транспорт (партизански бригади, товарни чети и тн.) планираат, организираат и спроведуваат комплетно ветеринарно обезбедување и за тоа имаат свои управни и извршни органи. Единиците на армијата кои немаат сточен транспорт (механизирани, оклопни бригади и тн.) планираат, организираат и спроведуваат само ветеринарно - санитетски надзор над стоката за колење и продуктите од животинско потекло и за извршување на тие задачи имаат референти за ветеринарска служба во командите како управни органи и извршни ветеринарни органи во интендантските единици (интендантските водови, чети) кои во својот состав имаат месарски единици.

### 3.3.5. Сообраќајно обезбедување во мирно време и воени услови[53]

Улогата на сообраќајот во животот и работата на армијата во мир и борбените дејства на вооружените сили во воени услови произлегуваат од фактот дека, во суштина, целокупната дејност на единиците во воени услови се сведува на два основни елементи: на борба и движење. За движењето (оперативно или снабдувачко) врзани се сите прашања на борбата, и тоа: сите движења на трупите, сите видови доставувања на материјално технички средства и сите видови на евакуација. Според тоа, сообраќајот е еден од доминантните фактори како во подготовката на територијата (општеството) и вооружените сили за работа во воени услови, така и во изведувањето на борбените дејства, додека сообраќајното обезбедување е нераздвојна функција на раководењето и командувањето од доменот на логистиката. "Изразот логистика особено се употребува во научните расправии на воените дисциплини, а се однесува на проблемите за транспортот на воените единици, на движењата воопшто и на обезбедувањето на трупите"[54].

Редовен сообраќај, добро организиран и доволен транспорт (дистрибуција - доставување на материјално технички средства) по обем и вид на услуга претставува неопходен услов за успешно изведување на операција. Дистрибуцијата нее изведена потреба за премостување (hard distribution) туку продолжена, односно скратена, функција за претходното

---

[53] . Види пошироко (содржините се изведени врз основа напоширока литература): Правило на сообраќајната служба во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996; Правило за употреба на моторните возила во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Правилник за безбедноста на патниот сообраќај во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за парковите на моторни возила во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за регулирање и контрола на патниот сообраќај во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за работа на диспечерската служба за сообраќај и транспорт во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб,МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за постапката на единиците и установите при транспорт на оружје, муниција и експлозивни материи (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996; Правило за регулирање и обележување на моторните и приклучните возила во АРМ (нацрт), Одделение за СБОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Упатство за постапката на органите и старешините во АРМ при воените превозувања со железница (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995; Критериум за одредување на организациската структура на личниот и материјалниот состав на органите и единиците на СбСл во мир и војна (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на Арм, Скопје, 1996.

[54] . Zelenko Ratko, Shpedicija, multimodalni transport i logistika, Udruzenje tarifera Jugoslavije, Beograd, (Ohrid 11 i 12 maj) 1988, str. 51.

веќе земеното и додатна трансформација за наследното - наследната фаза (soft distribution).[55]

Сообраќајно - транспортната организација во армијата претставува единствена организација на управните и извршните сообраќајни органи, со специфичен начин на функционирање, оспособена за на единиците да им обезбедат неопходна автономност во планирањето и извршувањето на сообраќајното обезбедување, посебно здружените единици и команди на сите степени.

### 3.3.5.1. Сообраќајно обезбедување во мирно време

Сообраќајната служба (СбСл) е носител на сообраќајното обезбедување (СбОб) на армијата, а нејзините органи на сите командни степени ги извршуваат основните задачи во врска со организирањето, планирањето и извршувањето на сообраќајот и транспортот. Во извршувањето на своите основни функции, а во рамките на потребите на видовите, родовите и службите на армијата, сообраќајната служба врши обука и пополна со возачи за моторните возила и војници сообраќајци. Сообраќајната служба е тактички носител за неборбени и приклучни возила (развој и пополна) и носител е на развојот на организацијата на интегралниот транспорт во армијата.

Сообраќајното обезбедување на армијата ја опфаќа: оперативната и транспортната функција кои ги обединува диспечерската служба организирана на територијален принцип со задача да го следи сообраќајот и транспортот.

Оперативната функција обезбедува планско користење на патиштата и нормален сообраќај на истите.

Патниот сообраќај за потребите на армијата во главно опфаќа: планирање и организирање на движење по патиштата на моторизираните колони и планирање и организирање на контролата на сообраќајот на воените моторни возила во јавниот и затворениот сообраќај.

---

[55] . Hayashi S., Sistematization in Distribution, Problems of Transportion in Japan, Tokyo,1975, 34-36.

Транспортната функција обезбедува најрационално користење на транспортните капацитети на армијата и претпријатијата од патниот, железничкиот, пловниот и воздушниот сообраќај.

Големината и структурата на органите и единиците на сообраќајната служба непосредно зависат од: големината на армијата; степенот на развиеноста на поедините видови, родови и служби; степенот и потребата на борбената готовност на поедините елементи и целината на армијата и од усвоениот систем на командување и логистичко обезбедување.

Според степенот на оспособеноста, големината и опременоста, сообраќајната организација во армијата во мир треба да обезбеди успешно изведување на обуката, снабдувањето и сите други транспортни потреби вклучувајќи ја тука и мобилизациската и борбената готовност на армијата. Сообраќајната служба се засновува на централизација на управувањето, планирањето, организирањето и извршувањето на сите дејности од доменот на сообраќајната служба на територијален принцип во рамките на касарна, гарнизон и меѓугарнизонски сообраќај и транспорт.

Според функцијата на управување за секоја касарна, односно гарнизон, носител на сообраќајното обезбедување, во начело, треба да е една команда за сите единици, а во меѓугарнизонскиот сообраќај Одделението за сообраќајно обезбедување.

Планирањето, организирањето, регулирањето и контролата на сообраќајот ја спроведува надлежна команда, додека извршната функција ја спроведува сообраќајната полиција.

Организацијата и планирањето на транспортот потребно е да се извршува централизирано на рамниште команда која е одредена за носител на сообраќајното обезбедување. Се обединуваат потребите за транспорт на рамниште на гарнизон, додека превозот го врши една транспортна организација. Во гарнизонот, по потреба, се формира транспортна единица за потребите на касарскиот и гарнизонскиот превоз кои врз основа на наредба можат да вршат и меѓугарнизонски транспорт.

Организацијата и работата на сообраќајната служба на поедините командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште:

Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни единици, и команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици.

Министерство за одбрана - одделение за сообраќајно обезбедување

На рамниште на МО на Р. Македонија како највисок стручен орган на сообраќајната служба во рамките на Секторот за логистика неопходно е одделението за сообраќајно обезбедување на армијата во мир и вооружените сили воени услови.

Одделението за сообраќајно обезбедување, како највисок стручен орган за сообраќајна служба во рамките на делокругот на својата работа и надлежноста на Министерството за одбрана е тоа кое соработува со соодветните органи на управата во владата на Републиката.

Одделението за сообраќајно обезбедување треба да ја води политиката на сообраќајното обезбедување на армијата и раководи со сообраќајната служба, го организира сообраќајното обезбедување за потребите на армијата во мир и вооружените сили во воени услови. Има регулативна и планско - насочувачка улога.

Одделението за сообраќајно обезбедување во рамките на правата и надлежностите на МО, како највисок управен орган на сообраќајната служба, во рамките на своите основни функции треба да ги извршува следните задачи: ги изработува програмите за сообраќајно обезбедување на армијата во војна и преку Органите на управата - Владата на Република Македонија обезбедува нивна реализација; разработува и предлага организација за сообраќајно обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови; разработува и предлага организација за сообраќајните единици и установи и изработува критериуми и нормативи за лични и материјални формации на единиците од сообраќајна служба; изработува и предлага долгорочни и среднорочни планови за разој на службата и годишни планови за материјално и финансиско обезбедување и се грижи за нивната реализација; ја планира и насочува научно - истражувачката и развојната работа за потребите на службата и предлага усвојување и развој на материјални средства за кои е тактички

носител; го утврдува стручниот профил и организира школување и обука на сообраќајниот кадар, изработува наставни планови и програми и се грижи за материјалното обезбедување на школувањето и обуката; ја води кадровската политика на сообраќајната служба; изработува и предлага тактички, технички и други правила, упатства и прописи кои ја регулираат работата на службата во мир и воени услови; го регулира и врши снабдувањето и пополнувањето на армијата со современи транспортни средства; се грижи и ја обезбедува мобилизациската и борбената готовност на единиците на армијата во врска со прашањата од својата надлежност и е одговорно за потполна мобилизациска и борбена готовност на непосредно потчинетите единици - установи.

Одделението за сообраќајно обезбедување како внатрешна организациона единица во Секторот за логистика при МО треба да има својство и работи како материјално - финансиска организациона единици.

Во врска со материјално - финансиското обезбедување на единиците и установите на армијата изработува годишни материјално финансиски планови и учествува во изработката и утврдувањето на износот (квотата) на паричните средства за командите на армиските корпуси и воено то воздухопловство и против воздушната одбрана (ВВ и ПВО) и командата на станот во генералштабот - МО за потребите на сообраќајното обезбедување.

Што се однесува до извршно - снабдувачките работи одделението за сообраќајно обезбедување учествува и врши договарање за набавка на современи транспортни средства и воена сообраќајна опрема и други сообраќајни материјални средства (СбМС) кои секоја година ги регулира со материјално - финансискиот план.

Ги обезбедува и се грижи за зановување на материјалните резерви кои се чуваат во складовите на сеармиската логистичката база и корпусните логистички бази.

Армиски корпус и нему рамни единици

Органите за сообраќајно обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици треба да се одговорни за сообраќајното обезбедување

на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на сообраќајно обезбедување.

Управниот орган за сообраќајна служба во командата на рамниште армиски корпус и нему рамни единици во рамките на основните функции од надлежноста на службата неопходно е да ги извршува следните работи: се грижи за сообраќајното обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови, врз основа и во согласност со плановите и програмите на Републиката; го следи развој на сообраќајот и транспортот во Републиката и иницира мерки за побрзо решавање на прашањата кои се од значение за сообраќајното обезбедување на единиците - установите на армијата; обезбедува усогласување на одредени потреби за армискиот корпус во воените планови на органите на локалната самоуправа и соодветните претпријатија; го следи развојот на организацијата на сообраќајната служба и предлага понатамошно усовршување; во рамките на својата надлежност изнаоѓа најповолни решенија за сообраќајно обезбедување на единиците и установите и со тоа придонесува за постојаното усовршување и развојот на сообраќајната служба; го следи однесувањето на моторните возила и транспортните средства на вежбите, маневрите и сл. и предлага мерки за нивно усовршување; предлага измени и дополни на правила, упатства, норми, нормативи и други регулативни акти; организира обука за војниците од сообраќајната специјалност и резервниот состав; изработува годишни материјално - финансиски планови и се грижи за нивната правилна реализација; се грижи за создавање на оптимални услови за работа на сообраќајните единици и установи; се грижи за рационално работење и правилна примена на законските и други прописи во работата на службата; ги организира единиците и установите предвидени со формација и раководи со тие единици (автомобилските единици); го организира и регулира сообраќајното обезбедување за единиците на својата територија; непосредно раководи со сообраќајните единици - установи во корпусната логистичка база и стручно раководи со сообраќајните органи во обединетите органи за сообраќајно обезбедување на гарнизоните (касарните) и во здружените и родовските единици - преку нивните

команди; се грижи за мобилизациската и борбената готовност за единиците од надлежноста на сообраќајната служба и е одговорен за потполна мобилизациска и борбена готовност за непосредно потчинетите сообраќајни единици.

Според изнесеното, командата на армискиот корпус и нему рамни единици (управниот сообраќаен орган) е надлежна и одговорна за организацијата на сообраќајното обезбедување за единици и установи на својата територија, за благовремено извршување на мобилизациските и воените подготовки на единиците за обука на поединците и единиците од сообраќајната служба, и за преземање мерки во врска со подготовките на територијата за сообраќајно обезбедување во воени услови и др.

Командата на армискиот корпус работи како материјално - финансиска организациона единица. Сообраќајниот орган во командата на армискиот корпус изработува годишни материјално - финансиски планови и учествува во изработката и утврдувањето на износот (квотата) за доделување на финансиски средства за единиците во согласност со одобрените планови.

Во корпусната логистичка база како територијална организација (во единиците за сообраќајно обезбедување - автомобилските единици) се обединети сите извршни функции на сообраќајното обезбедување и се основни извршни органи во командата на армиски корпус. Сообраќајното обезбедување се извршува со потпир на своите сили и средства и капацитетете на територијата.

Логистичката база (нејзините автомобилски единици) како извршен орган за сообраќајно обезбедување на армискиот корпус треба да ги извршува следните задачи: прима, сместува, чува и издава неборбени и борбени моторни возила и инженериски машини и сообраќајни материјални средства кои се набавуваат по договорите на Секторот за набавка при МО, (одделението за сообраќајно обезбедување, командата на армискиот корпус или самата база), а ги чува и резервите на Штабот на врховниот командант и Републиката, доколку тоа и се нареди; начелно, ги извршува сите сообраќајно - транспортни услуги од доменот на сообраќајно обезбедување за единиците во своето седиште, како и некои

услужни дејности кои се организирани на меѓугарнизонски принцип; се грижи за мобилизациските и воените подготовки за единиците - установите кои ги развива и е одговорна за нивна мобилизациска и борбена готовност; во согласност со наредбите и плановите на командата на корпусот соработува со соодветните органи на управата и локалната самоуправа и претпријатијата и обезбедува подготовка на територијата за сообраќајно обезбедување во воени услови.

Команда на здружени и родовски единици - бригада - полк и рамни единици

Командите на единиците го организираат и извршуваат сообраќајното обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои и се придадени со шемата за потпирање на сообраќајно обезбедување.

Во зависност од командниот состав во единиците постојат управни и извршни органи. Овие органи треба да се воедно и органи за сообраќајно обезбедување во касарните - гарнизоните.

Носител на одговорноста за сообраќајно обезбедување во еден гарнизон (касарна), начелно, е една команда која е одредена од генералштабот - МО за сообраќајно обезбедување. Сообраќајниот орган (управниот и сообраќајната единица) на командата, во рамките на својата надлежност, ги извршува следните задачи: го извршува сообраќајното обезбедување за сите единици во гарнизонот (касарната); се грижи за мобилизациската и борбената готовност на воените единици кои се развиваат и обезбедува кадровско јадро за сите единици во гарнизонот; изведува воено - стручна обука со својот органски состав и единиците за кои по шемата на потпирање за логистичко обезбедување врши сообраќајно обезбедување; соработува со соодветните органи на управата и локалната самоуправа во врска со сообраќајното обезбедување на мобилизацијата и подготовките на територијата за сообраќајно обезбедување во воени услови, а се грижи и за планираните потреби за единиците да се вградат во воените планови на соодветните претпријатија.

Задачите од доменот на сообраќајното обезбедување ги извршуваат според единствениот план кој се изработува на барање и во соработка со сите команди во касарната (гарнизонот).

Според изнесеното, организацијата на сообраќајното обезбедување на армијата во мир директно зависи од: постоечката организзациско - формациска структура на армијата, мирновремените локации на единиците и потребите на мобилизацискиот развој; организацијата на логистичкото обезбедување, посебно организацијата на снадување; обемот на предвидените движења и потреби на мирновремените превозувања на единиците и материјалните средства; моделот на школување, обуката, и должината на траењето на воениот рок во армијата; потребниот број на возачи за моторни возила и нивна обука; планот на развојот, одтуѓување и набавка на неборбени моторни возила; барањата на видовите, родовите и службите во поглед на бројот и видовите на моторни и приклучни возила вкупно по формација и во армиски фонд.

### 3.3.5.2. Сообраќајно обезбедување во воени услови

Организацијата на сообраќајното обезбедување во воени услови е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови (борба). За таа цел трупниот ешалон треба да е оспособен за автономно извршување на функцијата сообраќајно обезбедување со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача. Организацијата и работата на сообраќајната служба по командни степени во воени услови може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана (МО) - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - Штаб на врховниот командант

Во составот на министерството за одбрана, во воени услови Штабот на врховниот командант (или врховна команда), треба да се наоѓа Одделението за сообраќајно обезбедување, како највисок орган на сообраќајната служба надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на сообраќајното обезбедување на вооружените сили во воени услови.

Одделението во стручен поглед раководи со сообраќајната служба - сообраќајното обезбедување преку сообраќајните органи во армиските корпуси и рамните единици како и непосредно потчинетите единици и установи. За таа цел, врз основа на одлука, начелата за организирање и функционирање на сообраќајното обезбедување, приоритетот за нормите на трошење и другите барања на Штабот на врховниот командант, изработува план за сообраќајно обезбедување и наредби за сообраќајно обезбедување по армиски корпуси и е одговорно за нивната реализација. Одделението за сообраќајно обезбедување доставува наредби до органите за сообраќајно обезбедување во армиските корпуси и рамни единици за планирање, организирање и извршување на сообраќајно обезбедување насочувајќи ја нивната работа. Им издава наредби на непосредно потчинетите единици - установи од сообраќајната служба, ја следи и контролира нивната работа. Организира помагање и интервенција во врска со превозозувањето на луѓето и материјалните средства и услугите.

Од единици - установи во рамките на логистичката база сообраќајната служба има автомобилски единици за сообраќајно обезбедување.

Органите на сообраќајната служба во логистичката база се тие кои треба да го регулираат приемот на сообраќајните материјални средства од увоз (купување - помош) и врз основа на распоред на одделението за сообраќајно обезбедување во МО - Штабот на врховниот командант ги испраќаат до корпусните логистички бази.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Во командата на армиски корпус (АК) и нему рамни единици носители на сообраќајното обезбедување се единиците и установите од органскиот состав и другите единици во нивната зона, кои по директива на Штабот на врховниот командант се ставени на сообраќајно обезбедување.

Во командата на армиски корпус сообраќајното обезбедување го планира органот за сообраќајно обезбедување, а го извршува преку автомобилските и сообраќајните единици - установи во корпусната логистичка база.

Органот за сообраќајно обезбедување во командата на армиски корпус изработува потребни пресметки и планови за сообраќајно обезбедување по единици - установи врз основа на одлука и приоритет добиени од претпоставената команда. Одговорен е за реализацијата на планот за сообраќајно обезбедување и за маневрирарње, прегрупирање, заштита и безбедност на сообраќајните материјално технички средства (СбМТС). Соработува со органите на управата и локалната самоуправа во врска со регулирањето и контролата на сообраќајот и изворите за сообраќајно обезбедување на единиците - логистичката база. Го организира преземањето на сообраќајните материјални средства од сите материјални извори и дава упатства за нивно чување, комлетирање и издавање. Издава наредби за сообраќајно обезбедување на единиците, ја следи нивната работа и интервенира доколку тоа е потребно.

Органот за сообраќајно обезбедување на армиски корпус непрекинато треба да ги извршува и следните задачи: планирање и организација на сообраќајното обезбедување; ја следи борбената и сообраќајната ситуација, врши проценка и предлага организација за сообраќајно обезбедување на единиците од органскиот состав и придадените единици на сообраќајно обезбедување и нови мерки за сообраќајно обезбедување; изработува планови за сообраќајно обезбедување и се грижи за нивната реализација; го следи и контролира текот на сообраќајното обезбедување кај потчинетите единици и презема соодветни мерки; соработува со Органите на управата и локалната

самоуправа во врска со обезбедувањето и начинот на користење на изворите за пополна со сообраќајни материјални средства и користење на производно - услужните капацитети од значение за сообраќајното обезбедување; води соодветна евиденција за резервите од сообраќајни материјални средства; стручно непосредно раководи со сообраќајните (автомобилските) единици.

Корпусната логистичка база како територијална организација (нејзините автомобилски единици) го извршува целокупното сообраќајно обезбедување за сите единици и установи кои се наоѓаат и водат борбени дејства на нејзината територија.

Задачите ги извршува врз основа на планови, наредби, директиви и други нормативни акти и според надлежностите во однос на своите резерви и капацитети.

Логистичката база - нејзините автомобилски единици треба да ги извршуваат следните задачи: прием, сместување, чување и издавање на сообраќајни материјални средства кои по плановите за сообраќајно обезбедување се обезбедуваат преку Органите на управата и локалната самоуправа; потполно сообраќајно обезбедување за единиците кои не се во состав на самостојните бригади; за потребите на самостојните бригади (и други единици) го врши сообраќајното обезбедување.

<u>Команда на здружени и родовски единици</u>

Командите на единиците (бригадите) го организираат и извршуваат сообраќајното обезбедување за единиците од органскиот состав и единиците кои по наредба на армиски корпус (претпоставена команда) им се придадени на сообраќајно обезбедување, потпирајќи се на сообраќајните единици на соодветната логистичка база.

Командите на здружените и родовските единици се оспособени за самостојно сообраќајно обезбедување на своите единици за одредено време бидејќи располагаат со моторни возила, резерви и капацитети соодветна големина.

Командите на единиците од доменот на сообраќајното обезбедување ги извршуваат следните задачи: планирање и организација

на сообраќајното обезбедување; собирање на непотребни сообраќајни средства, оштетени сообраќајни материјално технички средства, воен плен и евакуација во соодветни собиралишта по планот на логистичката база.

Сообраќајните органи во единиците (началници, референти), како управни органи, работат врз основа на наредбите, одлуките и другите документи на командата и упатствата на сообраќајните органи на повисоките команди.

Управните органи (начелникот за сообраќајна служба) се разместени на логистичкото командно место (ЛКМ) на здружените (родовските) единици (бригада и рамни единици), а треба да ги извршуваат следните општи задачи: ја следат борбенат и сообраќајната ситуација, вршат проценка на ситуацијата и подготвуваат предлог за сообраќајно обезбедување; изработуваат план за сообраќајно обезбедување и се грижат за неговата реализација; соработуваат со органите на командата во подготовките на борбените дејста, учествуваат во извидувањето, предлагаат реони за разместување на автомобилските единици и изработуваат наредба за сообраќајно обезбедување; ја следат пополнетоста на единиците со борбени и неборбени моторни возила и преземаат соодветни мерки за снабдување и пополна; го следат обемот и видовите на оштетување на моторните возила и сообраќајни материјално технички средства и организираат одржување и ремонт; водат соодветна евиденција, изработуваат борбени документи, доставуваат извештаи; раководат со непосредно потчинетите сообраќајни (автомобилски) единици; подготвуваат и издаваат стручни наредби и упатства за работа; ја регулираат постапката со воениот плен; го следат однесувањето и правилното експлоатирање на моторните возила и преземаат мерки за отстранување на недостатоците; ја следат ситуацијата и го извршуваат сообраќајното обезбедување, а при промена на ситуацијата преземаат мерки за воспоставување на нарушената организација (систем) на сообраќајното обезбедување и на единиците им издаваат дополнителни наредби и упатства; извршуваат и други задачи кои произлегуваат од задачите на сообраќајното обезбедување.

На сообраќајните органи непосредно им се потчинети сообраќајните (автомобилските) единици, кои постојано го следат борбениот распоред на своите единици. Во зависност од командниот степен на единицата и родовската припадност како и функциите на сообраќајното обезбедување се формираат во одделенија, водови и чети за сообраќајно обезбедување. Автомобилските (сообраќајните) единици се наменети за непосредно извршување на задачите од делокругот на работа на сообраќајната служба на степенот на командата на единицата (бригадата и рамни единици).

Составот на сообраќајните (автомобилските) единици (личниот и материјалниот) треба да се одредува со формација. За извршување на задачите ги користат сопствените капацитети и капацитетите на територијата (локалната самоуправа и претпријатијата).

Автомобилските единици во борба се развиваат во рамките на логистичките бази - во реонот на распоредувањето на логистичките единици.

Командирот на автомобиласката единица работата ја организира врз основа на планот за сообраќајно обезбедување, наредбите и приоритетот во сообраќајното обезбедување.

Големината на реонот, оддалеченоста, изборот на местата и преместувањето на автомобилските единици се регулира со соодветни борбени правила и упатства.

### 3.3.6. Финансиско обезбедување во мирно време и воени услови[56]

Финансирањето на одбранбените подготовки претставува едно од основните и суштествени прашања на секој општествено - економски и политички систем, без разлика на општествените односи кои владеат во него.[57]

Од Уставните одредби и Законот за одбрана на Р.Македонија произлегуваат правата и должностите на Органите на управата и локалната самоуправа како и претпријатијата во врска со финансирањето на задачите од доменот на одбраната.

Армијата е финансирана од Републиката преку претпријатијата кои подготвуваат и организираат воено производство (оружје и воена опрема); реализацијата на програмата на постојаните републички стоковни резерви за потребите на армијата; научноистражувачката работа за потребите на одбраната, подготовките на Органите на управата за работа во воени услови и други задачи од посебно значение во областа на воените поготовки.

Покрај средствата кои се обезбедуваат во буџетот на Републиката, армијата се финансира и од: средства кои ги стекнува од продавање на расходувани и непотребни материјални средства и средства кои ги стекнува од услуги и од други извори.

---

56 . Види пошироко (содржините се изведени врз основа на поширока литература): Упатство за условите, начинот и постапката за остварување на надоместоците на граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од областа на одбраната, "Сл. весник на Р, Македонија", број 21/94; Уредба за висината на надоместоците на граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од областа на одбраната, "Сл. весник на Р,Македонија", број 35/94 и 36/94; Privremeno pravilo o organizacii i radu organa finansiske službe u JNA, SSNO, Finansiska uprava, Beograd, 1978; Upatstvo o knjigovodstvu i evidenciji u JNA, SSNO, Finansiska uprava, beograd, 1981; Уредба за начинот на определувањето на висината на надоместоците за определени материјални трошоци и други примања на работниците во органите на управата, "Сл весник на Р, Македонија", број 17/92; Уредба за контниот план на корисниците на средствата од буџетот и фондовите, "Сл.весник на Р. Македонија", број 18/94; Уредба за билансите на корисниците на средствата од буџетот и фондовите, "Сл, весник на Р, Македонија ", број 30/94; Правилник за класификација на трошоците, "Сл. весник на Р. Македонија", број 23/94; Правилник за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, "Сл. весник на Р. Македонија", број 14/94; Упатство за условите и начинот на наплатата, располагањето и плаќањето со пари во готово, "Сл. весник на Р. Македонија", број 30/92, 71/92 и 76/93.

57 . Трајан Гоцевски, Економика на одбраната, Универзитетска печатница, Кирил и Методиј", Скопје, 1992, стр.162.

Одбраната се смета за редовна функција на Органите на управата, а посреддно и на локалната смаоуправа, претпријатијата и други установи, од што и произлегува начинот на финансирање на одбранбените подготовки, (поготовки кои се финансираат како и другите функции на Органите на управата).

Сите функции кои ги извршуваат Органите на управата во областа на одбраната во мир, се применуваат и во воени услови, неопходно е да се постигне одреден континуитет во оваа област за време на преминувањето од мирновремана на воена состојба.

### 3.3.6.1.Финансиско обезбедување во мирно време

Финансиското обезбедување (ФнОб) на армијата е организирано на управно - извршен начин. Управната функција се состои од планирањето, организирањето и нормативното регулирање на организацијата на финансирањето, додека извршната функција ја чини реализацијата на плановите, обезбедувањето на единиците со парични средства, внатрешната контрола и почитување на законитостите и економични и рационални постапки во трошењето на средствата.

Финансиското обезбедување на армијата се извршува по пат на изработка и одобрување на годишни планови на задачите за финансирањето на единиците и установите. Основа за изработка на годишните планови претставуваат среднорочните планови на развојот и работата на единиците и установите.

Воените единици и установи во зависност од карактерот на нивната управно извршна функција можат да бидат и се поделени на организациони единици и внатрешни органиозациони единици. Министерството за одбрана е организациона единица, а одделенијата во МО и командите на единиците - установите се внатрешни организациони единици.

Годишните планови на задачите и финансирањето на воените единици и установи им се одобруваат по линија на командување. Со

плановите се опфатени целокупните потреби, од матерјална и нематеријална природа, без оглед на тоа дали задачите единицата - установата ги извршува самостојно или тоа за нејзе го чини некоја друга услужна единица - установа.

Армијата има еден воено сметководствен центар преку кого се вршат сите готовински и вирмански исплати и чува финансиската архива.

Воено сметководствениот центар за воените единици и установи ги следи вкупните трошоци по задачите, ја искажува реализацијата на задачите и ги утврдува резултатите од работењето на крајот на годината. Со завршната сметка на воените единици и установи се заклучува реализацијата на планираните задачи и се пренасочуваат останатите парични средства за нивно користење во наредната година.

Во составот на финансиската служба влегува и материјалното книговодство на воените единици и установи. Во воените единици и установи, како внатрешните организациони единици, се води евиденција за задолжувањето со финансиските средства кај началниците - референтите за финансиска служба, а кај ракувачите за средствата евидентна картотека за средствата со кои ракуваат.

Финансирањето на потребите на одбраната на рамниште република се врши врз основа на плановите за развој на републиката вклучени во финансиски план на Република Македонија. Годишните транши на тие планови се финансираат по пат одобрување на годишнен буџет.

Финансирањето на одбраната на рамниште локална самоуправа (општина) се врши од буџетот на локалната самоуправа, доколку се работи за подготовките за одбраната од непосредна надлежност на органот за одбрана.

Претпријатијата го финансираат непосредниот дел од задачите во врска со одбраната околу подготовките кои самостојно ги извршуваат. Освен тоа, тие даваат придонес во фондовите на Управата и локалната самоуправа по пат на кои се финансира и другиот дел од задачите на одбранта. За непосредно финансирање претпријатијата се обврзани да состават план за развој по задачите на одбраната, во склоп на плановите за развој на Управата и локалната самоуправа, и за нивна реализација да

обезбедат соодветни финансиски средства по пат на свои деловни фондови.

### 3.3.6.2. Финансиско обезбедување во воени услови

Армијата на Република Македонија и во воени услови се финансира преку Органите на управата на Републиката. Исклучително, единиците на армијата - вооружените сили кои ќе се најдат на привремено запоседната територија може да се финансираат преку органите на локалната самоуправа на чија територија се затекнати, односно водат борбени дејства.

Финансиското обезбедување во воени услови се организира на истите управно - извршни функции како и во мир, со таа разлика што службата организациско - формациски е многу смалена, додека постапките во финансирањето максимално упростени.

Во сите единици и установи (од Штабот на врховниот командант до полк - бригада и самостиен баталјон - дивизион), неопходно е да постои орган за финансирање и буџет димензиониран според обемот на работа во воени услови.

Во воени услови во сите единици и установи, кои работат како организациона единица, работењето треба да го врши референт за финансирање и буџет и одреден број на сметководители, а материјалното книговодство да го водат одреден број на материјални книговодители - по книга на задолжување.

Плановите за финансиско обезбедување се составуваат тромесечно и се одобруваат по линија на командување од Штабот на врховниот командант до полк - бригада (самостоен баталјон, дивизион). Плановите ги опфаќаат само задачите и трошоците кои единицата - установата ги извршува. Расходите се сведени на минимална евиденција на податоците, евидентирањето се врши глобално по лични расходи, материјални расходи, инвестициони расходи и расходи за посебна намена.

Сите единици и установи, кои работат како организациона единица, во воени услови располагаат со касен максимум во височина на едномесечни готовински исплати. Парични средства за плаќање на лични и останати расходи можат да се подигнуваат во секоја филијала на Народната банка, каде што можат да се даваат и налози за пренесување на парични средства на испорачателите на стока или вршителите на услуги.

За обезбедување на сигурно финансирање во услови на мобилизација и во почетниот период на војна, за потребите на армијата се обезбедуваат парични средства кои се чуваат во одредени трезори на Народната банка.

### 3.3.7.Градежно обезбедување во мирно време и воени услови[58]

Задачите од доменот на градежното обезбедување (ГрОб) на армијата во мир и вооружените сили во воени услови можат да се извршуваат само доколку се воспостави функционално единство на градежната служба на армијата и градежната служба на Органите на управата и локалната самоуправа и сите останати субјекти на општеството кои на определен начин се занимаваат со работи од доменот на градежната служба.

При изградувањето на структурата на градежната служба на Органите на управата и локалната самоуправа и градежната служба на армијата (воената градежна служба) треба да се води сметка тие да можат да ги извршуваат своите посебни функции и меѓусебе да си помагаат.

[58] . Види пошироко (содржините се изведени врз основа на поширока литература): Упатство за организирање и спроведување на материјалното обезбедување и здравственото згрижување на АРМ по службите - Градежно обезбедување (нацрт), Одделение за ГрОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993; Pravilo pozadinsko obezbedjenje oružanih snaga SFRJ u miru, SSNO, OUP, Beograd,1989; Pravilo pozadinsko obezbedjenje oružanih snaga SFRJ u ratu, SSNO, OUP, Beograd, 1990; Vojna enciklopedija , broj 3, drugo izdanje, Beograd, 1972, str. 284-288.

### 3.3.7.1. Градежно обезбедување во мирно време

Градежното обезбедување во мир во сонова треба да опфаќа: планирање, програмирање, реализација на инвестиционите планови и плановите за одржување на објектите и изградба на станови за потребите на армијата; управување со неподвижната воена имовина; просторно уредување, реконструкција, модернизација, користење и одржување на военоградежниот фонд; развој на типски, монтажно - демонтажни и други објекти за сместување, обука и настава.

За извршување на сите задачи од доменот на градежништвото, градежната служба неопходно е да има свои управни и извршни органи, а извршување на задачите од доменот на градежното обезбедување по командни степени во наши услови може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана, армиски корпус и нему рамни единици и команда на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

Министерство за одбрана - одделение за градежно обезбедување

На рамниште на МО на Р. Македонија како највисок стручен орган на градежната служба во рамките на Секторот за логистика треба да е Одделението за градежно обезбедување (ГрОб) кое е надлежно и одговорно за градежното обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Одделението за градежно обезбедување неопходно е да изучува, разработува и предлага организација на градежното обезбедување за армијата во мир и вооружните сили во војна. Го организира градежното обезбедување во мир, одредува задачи и ја контролира работата од доменот на градежното обезбедување во единици и установи. Организира соработка со ораганите за градежништво и урбанизам во Републиката и соодветните Органи на управата и локалната самоуправа, во врска со подготовките за работа на градежната служба во мир и посебни воени услови.

Исто така, треба да ја организира и контролира стручната работа во Установата за градежно обезбедување на армијата. Организира и

обавува научноистражувачка работа за потребите на армијата во мир и вооружените сили во воени услови.

Организацијата на градежното обезбедување која е во надлежност на одделението за градежно обезбедување во Секторот за логистика при МО (градежна служба), со планирањето на развојот и модернизацијата на градежната служба од својата надлежност го обезбедува планираното рамниште на борбената готовност.

Оделението за градежно обезбедување при МО во рамките на Секторот за логистичко обезбедување во мир треба да ги извршува следните задачи: планирање на развој и уредувањето на инфраструктурата; управување со недвижниот имот и правата кои произлегуваат од неговото користење; изградба и одржување на воените објекти и објектите од уредувањето на територијата (постојан тип) и станбените објекти; ракување со термоенергетските постројки; и снабдување со градежни материјални средства.

Работите и задачите од доменот на градежното обезбедување за потребите на армијата ги планираат, организираат и извршуваат органите и установите на градежната служба на касарски, гарнизонски и територијален принцип спрема шемата за логистичко обезбедување потпирајќи се на градежната служба на територијата.

Командите, единиците и установите во гарнизоните и местата во кои нема градежен орган и градежна установи се потпираат на претпријатијата и градежните установи на територијата. Тоа се регулира со шемата за потпирање на логистичко обезбедување и со склучување на соодветни договори.

Планирањето, организирањето и реализацијата на градежното обезбедување на единиците и установите при изведувањето на активностите и задачите надвор од кругот на касарната, треба да го предлагаат градежните органи на командите и управите на единиците - установите од својот состав.

Во планирањето и организирањето на градежното обезбедување при изведување на задачи надвор од касарните учествува и одделението за градежно обезбедување од Секторот за логистичко обезбедување на МО.

Команда на армиски корпус и рамни единици

Органите за градежно обезбедување во армиски корпус (АК) и нему рамни единици се одговорни за градежно обезбедување на единиците и установите од органскиот состав и сите единици кои им се придадени на градежно обезбедување. Тие имаат исти задачи во рамките на армискиот корпус и рамни единици како и одделението за градежно обезбедување во МО на Република Македонија.

Во командите на армиските корпуси има градежни органи кои го планираат и организираат градежното обезбедување за единиците и установите на својата територија, одредуваат задачи и ги контролираат потчинетите органи.

Команда на бригада и рамни единици

Во командите на здружените и родовските единици - бригада и рамни единици постојат референти за градежна служба. Тоа се органи на командата за проучување на градежната состојбата на објектите, за организација на оспособувањето на градежните кадрови (вклучувајќи ги и војниците) и за подготовка на воените градежни установи за извршување на задачите во воени услови.

Управните градежни органи (референтите) се советодавни органи на командата, а во исто време и непосредно раководат со градежните установи - секции.

Во гарнизоните постојат референти за градежна служба за гарнизонско, односно меѓугарнизоско градежно обезбедување. Нивната задача е следната: планирање на развој и уредувањето на инфраструктурата во зоната на одговорноста на единицата - касарната - гарнизонот; управување со недвижниот имот и правата кои произлегуваат од неговото користење; предлагаат изградба на нови и одржување на постојните воени објекти и објекти во врска со уредувањето на територијата (постојан тип) и станбените објекти; ракување со термоенергетските постројки; и снабдување со градежни материјални средства.

Гарнизонските градежни органи треба да ги извршуваат задачите од својот делокруг на работа за потребите на гарнизоните каде што им е седиштето и сите околни гарнизони кои немаат свој градежен орган. Тие се во составот на обединетите логистички органи или во составот на командите кои се одредени за носители на логистичкото обезбедување во гарнизонот. Во стручен поглед му се потчинети на градежниот орган во командата на армиски корпус, односно одделението за градежно обезбедување при Секторот за логистика на МО.

Во спроведувањето на градежното обезбедување за сите градежни работи во врска со потребите за армијата во мир и вооружените сили во воени услови се потпира на градежните претпријатија и градежните установи на Органите на управата и локалната самоуправа.

### 3.3.7.2. Градежно обезбедување во воени услови

Градежното обезбедување на вооружените сили во воени услови во главно опфаќа: планирање и програмирање на градежните потреби за единиците, командите и установите на територијата. Реализацијата на овие градежните потреби треба да го вршат надлежните Органи на управата и локалната управа со градежно - комуналните претпријатија.

За градежно обезбедување армијата во мир, односно вооружните сили во воени услови во потполност се потпираат на соодветната структура од Органите на управата до органите во локалната самоуправа - месните заедници, кои со својата градежна инфраструктура (управна, стручна, производна и др.) организираат и извршуваат градежна дејност. Во надлежност на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови, се работите околу планирањето и програмирањето на градежните потреби, додека сите други работи (подготовки за градење, градење, управување со објектите, нивно одржување и др.) ги извршуваат соодветните Органи на управата и локалната самоуправа со градежните претпријатија и установите.

Градежното обезбедување на вооружените сили во војна се засновува на пропишана органозациско - формациска структура на градежните органи и установи на армијата и усвоената организација на градежната служба во Републиката.

Организацијата и работата на градежната служба во воени услови по командни степени може да се одвива на рамниште: Министерство за одбрана (МО) - Штаб на врховниот командант, команда на армиски корпус (АК) и нему рамни единици и комада на здружени и родовски единици - бригада и рамни единици.

<u>Министерство за одбрана - Штаб на врховниот командант</u>

Во составот на министерството за одбрана, во воени услови Штабот на врховниот командант(врховната команда) треба да се наоѓа Одделението за градежно обезбедување, како највисок орган на градежната служба, надлежен и одговорен за организацијата и функционирањето на градежното обезбедување на вооружените сили, како и насочувањето и координацијата на работата на градежните органи во командите на армиските корпуси на задачите од доменот на градежното обезбедување на единиците и установите на вооружените сили и тоа:

-доставува барања до соодветните органи на Управата во врска со регулирањето на градежното обезбедување преку нив и органите во локалната самуправа;

-се грижи за материјалните извори за снабдување на вооружните сили со градежни материјални средства (ГрМС) и нивната поделба по армиски корпуси и ним рамните и самостојните единици;

-изработува правила, упатства и други стручни материјали за градежно обезбедување на вооружените сили.

Во воени услови Штабот на врховниот командант ги регулира работите во врска со градежното обезбедување на вооружните сили во целост, согледувајќи ги глобалните градежни потреби и регулирајќи ги преку Органите на управата (планирање, програмирање и рализирање на непосредните градежни потреби за Штабот на врховниот командант и установите непосредно врзани за него).

Команда на армиски корпус и рамни единици

Овие команди, врз основа на утврдените планови, вршат градежно обезбедување на сите единици, команди и установи на својата територија.

Во воени услови имаат задача да ги планираат и програмираат своите градежни потреби и потребите на командите и единиците и преземаат мерки за реализација на овие потреби преку соодветните Органи на управата и локалната самоуправа.

Командите на армиските корпуси и ним рамни единици во воени услови ги пренесуваат работите од доменот на управувањето со непокретноста, одржувањето и користењето во надлежност на соодветните органи на управата и локалната самоуправа.

Команда на здружени и родовски единици

Во воени услови немаат непосредни надлежности и задачи во однос на градежното обезбедување. Непокретностите кои ги користат во мир треба да ги предадат за време на мобилизацијата или напуштање на објектите на соодветните органи на управата и локалната самоуправа, кои понатаму се грижат за нив.

Сите градежни потреби ги решаваат преку командите на армиските корпуси и ним рамни единици или непосредно преку Органите на управата и локалната самоуправа во зависност од карактерот на потребите, ситуацијата на теренот и условите и можностите тие барања да се исполнат.

**Резиме**

Имајќи го предвид изнесеното во овој дел (третиот) од дисертацијата, во кој детално е разработена конккретната содржина на воената логистика, односно логистичко обезбедување и карактеристиките на нејзината оргнизација, вклучувајќи го планирањето и извршувањето на логистичкото обезбедување преку логистичките функции (техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната) и нивните карактеристики во мир и воени

услови, се доаѓа до заклучок, дека определувањето на конкретната содржина за организирање на логистичкото обезбедување во армијата претставува важен сегмент во организирањето и извршувањето на логистичкото обезбердување, односно само со прецизно определена и разработена содржина  може да се постави оптимална организација за организирање, функционирање и извршување на логистичкото обезбедување (оптимално снабдување на армијата со неопходните потреби - средства и услуги).

**Четврт дел**

## 4.Работа на логистичките органи на планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување

Општи забелешки и поставки за логистичко обезбедување на армијата

Логистичкото обезбедување по содржина во мир и во воени услови битно не се разликува како во материјалното обезбедување и здравственото згрижување, така и во раководењето и командувањето по носители, освен што се реализира во исклучително сложени услови, во огрничено време, со масовни загуби, брзи промени и загрозеност од агресорот.

Логистичкото обезбедување на единиците е насоченоо кон создавање на најповолни материјални и здравствени услуви за живот, работа и борба на единиците.

Задачите од логистичкото обезбедување ги извршуваат управните и извршните органи за логистичко обезбедување одредени со формација.

Организацијата на логистичкото обезбедување во единиците се состои од: техничко, интендантско, санитетско, ветеринарното и сообраќајно обезбедување и мерките на противпожарна заштита, осанација на боиштата, згрижување на воените заробеници, борбено обезбедување и безбедност во логистичките единици. Со логистичкото обезбедување во единиците раководи помошник на командантот за логистичко обезбедување (ПКЛоОб), кој, со начелниците - референтите по службите планира и организира логистичкото обезбедување врз основа на добиената задача.

Во вооружените сили на САД планирањето на логистичкото обезбедување се зановува на задачата на единицата, бројната состојба на луѓето и бројот и видот на оружјето и опремата[59].

---

[59] . Prirucnik za icucavanja Logistike OS SAD, prevod sa engleskog, Pozadinsko obezbedjewe u samostalnoj brigadi OS SAD, OUP, SSNO, Beograd, 1989,god., str. 30.

Основата на логистичкото обезбедување кај нас може да ја чинат истите елементи или подетално расчленети тие би биле: задачата на единицата, одлуката на командантот, изводот од наредбата за логистика на претпоставената команда, состојбата на пополнетоста на единицата со средства и материјални резерви, директиви, наредби, инструкции, работната карта и други документи.

Логистичкото обезбедување се организира по фази или денови на борба (во главно тоа се чини во сите армии, особено во армиите на земјите членки на колективните системи за безбедност[60]). За секоја фаза или ден на борба се одредува приоритет за логистичко обезбедување по основните единици, во зависност од местото и улогата на единиците во борбениот распоред.

Снабдувањето и пополнување со материјални резерви се врши преку логистичката база и санитетската установа на претпоставената команда со доставување до станиците на потчинетите единици или огнените позиции на артилеријата по принципот "од себе". Доставувањето до единиците покрај транспортните средства на претпоставената команда, можат да го вршат и претпријатијата.

Евакуација врши претпоставената команда по принципот "кон себе". Треба да се смета и на можност секоја единица со свој транспорт да може да оди по материјални средства, да врши доставување "кон себе", а евакуација да врши "од себе".

Армијата како носител на вооружена борба треба да има потполна самостојност во планирањето, организирањето и спроведувањето на логистичкото обезбедување со повеќе развиени логистички органи, единици и установи.

Копнената војска како носител на сите облици на вооружена борба, е приспособена да дејствува во сите услови и ситуации. Затоа треба да е оспособена и за самостојно планирање, организирање и спроведување на логистичкото обезбедување. Секој команден степен почнувајќи од

---

[60] . Tomas Duru, семинар на тема "Командно штабна воена вежба", US ARMY, Logistics organization and structure, PREPARED BY, LTC CARDELL, ACSLOG, 21ST TAACOM, MAY 1995 - одржан 17-18.01.1996. стр. 1-15.

баталјон до корпус ја извршува функцијата на логистичко обезбедување спрема конкретните борбени услови и задачи.

Командата на корпусот ја чини основата на логистичкото обезбедување. Командите на единиците (бригада, полк, баталјон) треба да се оспособени за извршување на сите дејности од доменот на логистичкото обезбедување за своите единици и единиците придадени како зајакнување. Задачите од доменот на логистичкото обезбедување ги извршуваат управните и извршните логистички органи одредени со формација.




Управни и извшни органи на логистиката[61].

Шема бр.6.

[61] . Петре Темелков полковник, м-р Сокле Кочоски потполковник, Логистичко обезбедување на тактичките и здружените тактички единици, МО,ГШ на АРМ, УОВС, Лекција, Скопје, 1994 година, стр. 28.

Министерството за одбрана, генералштабот, командите и единиците (установите) логистичкото обезбедување го планираат, организираат и реализираат во согласност со видот на вооружената борба (видовите и облиците на борбени дејствија во различни услови - движење, одморање, различно земјиште и временски и други услови).

Работата на логистичките органи и логистичките единици и установи на подготовките, организирањето и реализирањето на логистичкото обезбедување се одвива непрекинато, најчесто во ограничено време, со помалку податоци, сложени и променливи ситуации и во услови кога единиците се наоѓаат во непосреден борбен допир со агресорот.

За да се свати обемноста на работата накусо може да се каже нешто за должностите и правата на управните и извршните органи во единиците и борбените документи кои логистиката треба да ги изработува.

<u>Должности и права на управните органи во единици</u>

Раководењето со логистиката е регулирано со одлука, упатства и принципи на единствено командување, едностарешинство и субординација. Со логистичкото обезбедување на единицата раководи командантот, кој и одлучува за организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување (логистичките органи) во борбните дејства.

Оснивните решенија ги регулира со заповед и наредби. Во материјално - финансиското работење тој е наредбодавател и е одговорен за законско работење и рационално користење на средствата. Во раководењето со логистичкото обезбедување командантот се потпира на стручните органи во командата, кои му предлагаат организација и функционирање на логистичкото обезбедување.

За логистичкото обезбедување одговорен е помошникот на командантот за логостичко обезбедување. Работата од доменот на логистиката се организира врз основа на: замислата и одлуката на командантот, наредбата за логистичко обезбедување од претпоставената команда, состојбата на логистиката кај единиците и службите за логистичко обезбедување.

Основните должности на помошникот на командантот за логистичко обезбедување би биле следните[62]: постојано да ја следи, проучува и цени ситуацијата, врз основа на што, му предлага на командантот организација и функционирање на логистичкото обезбедување; преку своите органи организира, следи и влијае на организацијата и работата на логистичкото обезбедување по службите и организира соработка меѓу нив, соработка со органите на командирот и органите на цивилната власт; соработува со членовите на командата и штабот, со соседните логистичките органи и соодветните органи од локалната самоуправа и претпријатијата во планирањето, организирањето и спроведувањето на логистичкото обезбедување; ја организира работата и ги решава оние прашања во кои учествуваат повеќе органи од командата (противпожарна заштита, асанација на боиштата, згрижување на воените заробеници, мерки на безбедност и сл.); го следи функционирањето на логистичкото обезбедување на единиците и издава соодветни наредби и упатства.

Органот за оперативно логистичката и заедничката проблематика (оперативно логистички работи), по наредби и упатства на помошникот на командантот за логистичко обезбедување, работи на општите прашања за логистичко обезбедување, а посебни должности му се следните: ја следи и цени ситуацијата, собира потребни податоци и анализи и му предлага решенија на помошникот на командантот за логистичко обезбедување, за распоредот и преместувањето на базата, логистичкото командно место (ЛКМ), начин на ангажирање за противпожарна заштита, обезбедување со вода, асанација на боиштата, собирање на воениот плен, евакуирање и згрижунање на воените заробеници; соработува со другите органи на командата на собирање податоци за работа на органите на логистичките служби и го усогласува логистичкото обезбедување со оперативните барања; ги усогласува планирањето и работата на органите на службите; ги запознава лигистичките органи со борбената ситуација и мерките кои треба да се преземат; ги изработува и води документите од логистиката: план и заповед за логистичко обезбедување, план за логистичко

[62] , Петре Темелков, Сокле Кочоски, Логистичко обезбедување ...,стр. 40-41.

набљудување, план за работа и одмор на логистичкото командно место, план за обезбедување и преместување на логистичкото командно место, документи за тајно командување, извештаи, наредби и работна карта.

Органите на службите се одговорни за состојбата и организацијата на логистичкото обезбедување за соодветната (својата) служба, а основни должности им се следните: ја следат и ценат ситуацијата и му предлагаат на помошникот на командантот за логистичко обезбедување организација за функционирање на логистичкото обезбедување за службата; го планираат и спроведуваат делот на логистичко обезбедување за својата служба; раководат со целокупната работа во единиците од доменот на својата служба (непосредно потчинетите) и им даваат стручни упатства за организација и работа на службата на единицата; соработуваат со органот за оперативно логистички работи и со другите органи на командата по сите заеднички прашања; ја проучуваат состојбата на територијата, можностите за користење на местните средства и средствата на воениот плен; соработуваат со соодветните органи на локалната самоуправа и претпријатијата.

Помошникот на командантот за логистичко обезбедување и органите на службата во материјално и финансиското работење се внатрешни организациони единки или помошни наредбодаватели.

## Извршни органи за логистичко обезбедување во единиците - нивните логистички единици[63]

Извршни органи за логистичко обезбедување во единиците-установите на армијата се единиците на логистичките служби (одделенија, водови, чети и логистички баталјони) кои во борба развиваат соодветни станици. Сите станици заедно (без санитетската) формираат база.

Повисоките единици во војна по потреба, можат да организираат и подрачни бази. Во оклопно механизираните единици станицата за техничко одржување секогаш се развива надвор од базата, поблиску до борбрениот распоред.

---

[63] . Петре Темелков, Сокле Кочоски, Логистичко обезбедување ..., стр. 41-42.

Санитетските единици би требало (пожелно е) да развиваат санитетските станици (СнСт) надвор од базата, поблиску до борбениот распоред.

Транспортните единици се развиваат во реонот на базата, доколку не се ангажирани на транспортни задачи.

Военото воздухопловство и против воздушната одбрана (ВВ и ПВО), како поразвиен технички вид е способен за самостојно воздухопловно техничко обезбедување. Во другите дејности од логистиката се потпира на дејностите на сеармиската логистичка база. Во организацијата (системот) на логистичкото обезбедување во вооружените сили, военото воздухопловство и против воздушната одбрана се појавуваат како носители на воздухопловно-техничко обезбедување.

Единиците на езерската воена морнарица на логистичко обезбедување во потполност се потпираат на логистиката, односно нејзините дејности во копненската војска.

Борбени документи од областа на логистичкото обезбедување[64]

Според содржината и намената борбените документи за логистичко обезбедување можат да се делат на основни и помошни.

Основните документи треба да го регулираат логистичкото обезбедување во целина и по содржина.

Според намената борбените документи за логистичко обезбедување можат да бидат:

-документи за раководење и командување со логистичкото обезбедување: директива, заповед за логистика, наредби, инструкции, план за логистичко извидување, план за логистичко обезбедување, работна карта и шема за логистичко обезбедување; и

-документи за известување и разузнавање: извештаи, известија, појаснувања, информации и упатства.

Како помошни документи можат да се сметаат: разни списоци, таблици, прегледи, норми, пресметки, белешки, шеми, графикони и др.

---

[64] . Петре Темелко, Сокле Кочоски, Логистичко обезбедување ..., стр. 39.

Сите борбени документи од доменот на логистиката се од тајна природа и, во главно, се степенуваат како "доверливо", "строго доверливо" или "државна тајна", а се изготвуваат во ограничен (точно утврден) број.

## 4.1.Специфичности во работата на логистичките органи, единици и установи во подготовките и извршувањето на борбените дејства

### 4.1.1. Општи забелешки

Командите, единиците и установите неопходно е да го планираат, организираат и реализираат логистичкото обезбедување во согласност со обликот и видот на борбените дејства, состојбите и можностите на единиците и установите за логистичко обезбедување, можноста за користење на материјалните и здравствени ресурси на територијата, временските и земјишните услови.

Активностите во планирањето, организирањето и реализацијата на логистичкото обезбедување се одвиваат непрекинато, најчесто во услови на ограничено време, кога не се располага со доволно податоци за состојбите во единиците и на територијата, во услови на чести движења и маневар со материјалните резерви, со чести прекини на патиштата за доставување на материјални средства и евакуација, со брзи и неочекувани промени на борбената ситуација и во услови на оскудни извори за редовно и уредно снабдување.

Командирите-командантите на единиците-установите, во процесот на планирањето, организирањето и реализацијата на логистичкото обезбедување изработуваат борбени документи во согласност со упатствата за работа на командите и упатството или правилото за логистичко обезбедување на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови.

### 4.1.2. Конкретна работа на логистичките органи при планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување

Работата на логистичките органи треба да биде организирана така да обезбеди планско и целисходно ангажирање на потчинетите единици и установи.

Планирањето на логистичкото обезбедување се засновува на задачата на единицата, бројната состојба на луѓето и бројот и видот на нејзиното вооружување и опрема[65].

Кај нас во наши услови за работа, во зависност од методот на работа на командата, состојбата на логистичкото обезбедување и расположливото време, ангажирањето и работата на органите за логистичко обезбедување може да се подели на[66]:

а.) работа до добивањето на задачата,

б.) работа од добивањето на задачата до донесувањето на одлуката;

в.) работа (ангажирање) од донесувањето на одлуката на командантот до готовоста за извршување на задачата; и

г.) работа (ангажирање) во текот на извршувањето на задачата.

**а.) Работа до добивањето на задачата**

Органите и единиците за логистичко обезбедување до добивањето на конкретната борбена задача од претпоставената команда треба да се ангажираат на следните задачи:

-ја следат и анализираат борбената ситуација од аспект на пополната на единиците со одобрените материјални средства за трошење, исправноста на материјалните средства, оддалеченоста и загрозеноста на единиците-установите за логистичко обезбедување од дејствијата на непријателот;

-ги ажурираат евиденциите за состојбите на материјалните резерви и капацитетите во потчинетите состави;

---

[65] . Priručnik za izučavanje Logistike OS SAD ..., str. 30.

[66] . Петре Темелков, Сокле Кочоски, Логистичко обезбедување ..., стр. 29-39.

-ги запознаваат органите на родовите со можностите на единиците и установите за логистичко обезбедување;

-вршат пополна на единиците со материјални средства;

-ги растоваруваат единиците од празната амбалажа, непотребни материјални средства и вршат евакуација на повредените и болните;

-ја организираат поправката на оштетените технички материјални средства (по скратена постапка) и евакуација на потешко оштетените технички материјални средства за повисок степен на поправка;

-ги проучуваат стекнатите искуства во организирањето на логистичкото обезбедување поради негова примена на наредните борбени дејства;

-ја изучуваат организациско-формациската структура за логистичко обезбедување на непријателот, начинот на логистичко обезбедување, материјалните резерви и ешалонирањето на истите, организацијата на дотурот и евакуацијата и здравственото згрижување;

-доставуваат редовни и вонредни извештаи и барања до претпоставената команда;

-непрекинато ја координираат работата на претпријатијата и органите кои вршат дејности (услуги) за потребите на единицата кои се ставени на располагање, и ги проучуваат можностите и капацитетите за материјално обезбедување и здравствено згрижување на територијата.

**б.). Работа од добивањето на задачата до донесување на одлуката**

По добивањето на задачата органите за логистичко обезбедување учествуваат во процесот на донесувањето на одлуката на командантот и ги подготвуваат единиците за логистичко обезбедување за реализација на предстојната задача.

Централен проблем во теоријата на одлучување (dicision making) е како да се донесе рационална одлука кога постои неизвесност од настапување на некоја од можните околности, односно во поглед на остварување ефекти од поедини акции[67].

---

67 . Zoltan Barckaj, Odlučivanje o poslovnim strategijama, I izdanje, Svijetlost, Sarajevo, 1987, str. 26.

Работата на органите за логистичко обезбедување до донесувањето на одлуката, како централен проблем, во тактичките единици се организира на командно место (КМ), во здружено-тактичките единици и оперативни состави на логистичкото командно место (ЛКМ), а самата работа би требало да се одвива по следниот редослед:

-ја проучуваат добиената задача за предстојната борбена активност и идејата на командантот за начинот на реализацијата на задачата;

-на потчинетите единици-установи им издаваат подготвителни наредби со кои ги насочуваат активностите за предстојните борбени дејства;

-изготвуваат план за работа (со кој е неопходно да се опфати: запознавање со борбената задача и задачата за логистичко обезбедување на единиците; извршување проценка на ситуацијата и предлози по службите; подготвување и давање предлог на помошникот на командантот за логистика; и организирањето на логистичкото обезбедување).

Со добиената борбена задача, помошникот на командантот за логистичко обезбедување (ПкЛоОб) го запознава командантот или началникот на штабот. Едновремено помошникот се запознава со основната замисла на командантот за извршување на задачата и добива неопходни напатствија за изработка на предлогот за логистичко обезбедување кои се вградува во одлуката на командантот.

Помошникот на командантот за логистичко обезбедување при проучувањето и сфаќањето на задачата посебно ги согледува следните прашања:

-прашања кои преоизлегуваат од добиената задача;

-прашања кои произлегуваат од заповедта за логистичко обезбедување на претпоставената команда;

-прашања кои произлегуваат од состојбата во сопствените единици; и

-прашања кои произлегуваат од проучувањето на можностите на територијата.

<u>Прашања кои произлегуваат од добиената задача</u> како на пример: со какви сили располага непријателот, начинот на употребата на силите и

како тоа се одразува на сопствената организација на логистичко обезбедување; задачата на сопствената единица, со кои сили е зајакната, зоната на борбени дејства, редоследот на извршување на задачите (блиска и наредна задача), поддршка на борбените дејства и начинот на организирањето на логистичко обезбедување.

Прашања кои произлегуваат од заповедта за логистичко обезбедување на претпоставената команда, као на пример: распоредот на елементите за логистичко обезбедување на предпоставената команда кои вршат подршка во логистичкото обезбедување, задачата на логистичкото обезбедување во целина и задачите по службите; распоред на капацитетите и резервите на територијата кои се ставени на располагање; количините на материјални средства во оперативно-прорачунски единици одобрени за трошење по единици, по средства и фази (етапи); состојбите на патиштата и режимот на контролата и регулирањето на патниот сообраќај, односно, кои патишта се ставени под плански режим на користење.

Прашања кои произлегуваат од состојбата во сопствените единици, како на пример: пополната со материјални средства, исправноста на средствата, здравствената состојба и друго.

Прашања кои произлегуваат од проучувањето на можностите на територијата, како на пример: можноста за користење на материјалните резерви, транспортни, ремонтни, здравствени, производствено-услужни и други ресурсни во зоната на борбените дејства.

Врз основа на сознанијата стекнати од проучувањето на борбената задача и предлозите на началниците-референтите на службите, помошник на командантот за логистика извлекува заклучоци за состојбата, задачите и можноста за логистичко обезбедување и подготвува предлог за одлуката на командантот.

По потреба помошникот на командантот за логистика, како и началниците - референтите на своите потчинети единици - установи им издаваат подготвителни наредби со кои се регулираат одделни прашања од областа на пополната, евакуацијата, ремонтот, исхраната и друго. Подготвителните наредби треба да бидат јасни за потчинетите со

прецизни податоци кој која задача, со кои средства и до кога ја реализира и со кого соработува.

<u>План за работа</u>

Планот за работа на органот за логистичко обезбедување од добивањето на задачата до донесувањето на одлука во единиците го изработува органот за оперативно - логистичко работи (органот за оперативно логистичката и заедничката проблематика). Задачите во планот се усогласуваат со задачите во планот за работа на командата.

Со планот се дефинираат основните прашања за организацијата на работата, носители на задачите и времето на извршување, и тоа:

1.запознавање на органите по службите со борбената задача;

2.проценка на ситуацијата и подготвување и сослушување на предлози по службите;

3.предлог на помошникот на командантот за логистичко обезбедување за организацијата на логистичкото обезбедување на командантот на единицата;

Врз основа на задачата, проценките и предлозите на потчинетите старешини, па и логистичарите, командантот на единицата донесува одлука, после која следи: запознавање со одлуката на командантот и издавање заповед за логистичко обезбедување; кои документи за логистичко обезбедување и во кој обем се изработуваат и како се доставуваат до потчинетите единици - установи; организацијата на соработката со другите органи во командата и субјектите на територијата.

<u>1.Запознавање на органите по службите со борбената задача</u>

Запознавањето на органите по службите со борбената задача го врши помошникот на командантот за логистичко обезбедување или началникот на штабот на единицата, доколку проучувањето и сфаќањето на задачата го врши заеднички цела команда, што ќе зависи од нивото и начинот на работа на командата и времето кое стои на располагање.

Кога ситуацијата дозволува на запознавањето со предстојната задача присуствуваат и командирите (командантите) на потчинетите единици - установи за логистичко обезбедување.

Органите за логистичко обезбедување при запознавањето со задачата треба да ги согледаат и сфатат следните прашања: најважни податоци за дејствата на непријателот кои имаат влијание на организацијата за логистичко обезбедување (дејство од воздух, употреба на воздушни десанти, диверзантско терористички групи и сл.); задачата на единицата (зона - реон за дејство), задачата во целина и фази - етапи, групирање на силите и борбен распоред, придодавање на единици, подршка и содејство со други единици, време до готовоста за боребени дејства; каква е одлуката на претпоставената команда за организацијата на логистичкото обезбедување; каква е основната замисла на командантот за реализација на добиената задача; која е замислата на помошникот на командантот за логистика за начинот на организирањето на логистичкото обезбедување на единицата; запознавање со планот за работа на органот за логистичко обезбедување.

2.Проценка на ситуацијата и предлози по службите

Проценката на ситуацијата органите за логистичко обезбедување ја вршат по истите елементи како и другите органи на командата и тоа:

- проценка на непријателот;
- проценка на сопствените сили и можности;
- проценка на земјиштето, и
- проценка на времето.

При вршењето на проценката треба да се настојува да се согледаат најбитните чинители кои влијаат на организацијата и начинот на реализирање на логитичкото обезбедување.

Проценката се врши одвоено по службите или заеднички во органот за логистичко обезбедување.

Проценка на непријателот - со проценка на непријателот треба да се извлечат заклучоци по следните прашања: со кои дејства непријателот

може да ја нарушпи воспоставената организација (систем) за логистичко обезбедување; кој мерки треба да се преземат за неутрализација и паралелност на дејствата на непријателот; дали и во која мерка ќе ја користи привремено заземената територија за своја логистичка подршка (материјални средства, производни капацитети, здравствени установи и др.); кои сили треба додатно да се ангажираат за обезбедување на реонит на разместување на единиците (установите) за логистичко обезбедување, (транспортните колони, заробенички логори и станици, и тн.).

Проценка на сопствените сили и можности - од проценката на сопствените сили и можностите треба да се извлечат заклучоци за следните прашања: со кои сили и средства се располага и кои единици се ставени на логистичко обезбедување; кои се обврските на претпоставената команда во поддршката на логистичкото обезбедување и кои капацитети и резерви се ставаат на располагање; кои се можностите за користење на капацитетите и маатеријалните резерви на територијата; начинот на организирање на логистичкото обезбедување за единиците и составите кои останувaат на привремено запоседната територија.

Проценка на земјиштето - од проценката на земјиштето треба да се извлечат заклучоци за следните прашања: геоpографски, хидрографски и геолошки особини на земјиштето кои влијаат на распоредот на елементите за логистичко обезбедување, изборот на реоните за развој на станиците, базите, командните места и др.; правци и реони за преместување на елементите, патиштата за доставување и евакуација; можност за утврдување, маскирање и организирање на одбрана на реоните на разместување; комуникации и објекти на истите; населеноста и развиеноста на инфраструктурата која може да се користи за логистичко обезбедување.

Проценка на времето - од проценката за времето треба да се извлечат заклучоци за: **времето како простор** (вкупно колку време на располагање за работа имаат органите за логистичко обезбедување,

поделба на времето по задачите кои предстојат на органот и на потчинетите единици - установи); **времето како метеоролошки фактор** (во кое годишно време се извршува задачата и кои мерки треба да се преземат, температурата на воздухот, дали има врнежи од дожд и снег, каква е видливоста, колку на располагање има дневно а колку ноќно време сврзани со задачите кои треба да се реализираат).

Врз основа на сознанијата добиени од проценката се извлекуваат заклучоци за можните решенија во организирањето на логистичкото обезбедување и се подготвуваат предлози.

Во предлозите се изнесуваат мерките кои треба да се преземат за ублажување и отстранување на последиците од дејствата на непријателот, какви се потребите и кои се можностите на единиците (установите) за реализацијата на логистичкото обезбедување, кои резерви и капацитети недостасуваат и предлог како да се обезбедат, начинот на организирањето на содржините (дејностите) за логистичко обезбедување, реоните за развивање на елементите за логистичко обезбедување, начин и правци на преместување, маневар со материјалните резерви, осамостојување на единиците во логистичко обезбедување ангажирани на издвоени правци или на привремено запоседната територија, барања до претпоставената команда, одредени барања од органите на родовите и службите во командата и борбено осигурување со ангажирање на борбени единици за обезбедување на реоните за развивање на елементите за логистичко обезбедување, транспортните колони и одредени објекти на територијата.

3.<u>Предлог на помошникот на командантот за логистичко обезбедување</u>

Предлогот на помошникот на командантот за логистичко обезбедување се засновува на предлозите по службите, а начелно ги содржи следните прашања: групирањето на елементите за логистичко обезбедување, почетен и нареден распоред, начин, правци и време на преместување и маневар со материјалните резерви; начин на организирањето и реализацијата на логистичкото обезбедување (план на

потпир); задачите на логистиката во целина и по етапи; тежиште и приоритет во логистичкото обезбедување по правци, единици и средства; време на готовост на единиците - установите за логистичко обезбедување; начин на користење на резервите и капацитетите на територијата; командување и врски; барања до претпоставената команда.

Во услови на ограничено време, кога нема доволно време да се сослушуваат предлозите од органите на службите, помошникот на командантот за логистичко обезбедување дава предлог за одлуката на командантот без претходно сослушување на предлозите од органите на службите.

Засебно органите за логистичко обезбедување многу ретко ќе организираат извидување и ако истото се организира, има за цел, да се проверат и дополнат решенијата од предлозите за логистичко обезбедување и да се извиди теренот (реоните на разместување, патиштата за доставување и евакуација и др.).

За логистичкото извидување се изработува план на извидување кои ги содржи истите елементи како и планот за командантско извидување.

**в.) Работа од донесувањето на одлуката до готовноста**

Работата на органите за логистичко обезбедување од моментот на соопштувањето на одлуката на командантот се интензивира и се пристапува кон целосна изработка на општиот план за логистичко обезбедување и посебните планови по службите.

Планот за логистичко обезбедување од донесувањето на одлуката до готовноста треба да ги содржи следните борбени документи:

-заповед - директива за логистичко обезбедување;

-план за логистичко обезбедување на карта;

-општ дел на планот за логистичко обезбедување; и

-посебен дел од планот за логистичко обезбедување (ги опфаќа плановите по службите).

Заповедта (директива) за логистичко обезбедување, начелно треба да ја опфати следната содржина: податоци за непријателот кои имаат

битно влијание на организацијата за логистичко обезбедување; задачи кои се реализираат со логистичкото обезбедување; распоредот на логистичките единици и установи (од претпоставената команда, своите и од потчинетите единици) за два степени пониско; организацијата на логистичкото обезбедување во целина и по службите; други неопходни мерки во логистичкото обезбедување.

План за логистичко обезбедување на карта, начелно се изготвува во здружените тактички единици (полк-бригада и повисок ранг). Се изработува на карта со потребни објаснувања во вид на табели и прегледи и со легенда. Планот за логистичко обезбедување се дели на два дела: општ дел за логистичко обезбедување и посебен дел по службите.

Општиот дел на планот за логистичко обезбедување ги содржи следните елементи: сите заеднички прашања за логистичкото обезбедување (од сите служби), распоредот на логистичките единици - установи, командни места и наредните реони, план на организацијата за потпирање, тежиште и приоритет во логистичкото обезбедување, организацијата на борбеното осигурување, организацијата на врските, податоците за капацитетите и резервите на територијата, противпожарната заштита, асанација на боиштето, згрижување на воените заробеници.

Посебниот дел од планот за логистичко обезбедување ги опфаќа службите, а ги содржи пропишаните борбени материјални документи по службите. Содржината и обемот на плановите по службите зависи од борбената ситуација, времето кое стои на располагање, од нивото во системот на раководење и командување и улогата која ја има логистиката. Кои документи се изготвуваат од органите на службите, се пропишани со правилата на соодветните служби.

**г.) Работа во текот на изведувањето на борбените дејства**

Органите за логистичко обезбедување во текот на изведувањето на борбените дејства треба да ги извршуваат следните задачи: ја следат општата ситуација, во единиците - установите за логистичко обезбедување; ја насочуваат и потикнуваат работата на единиците по

службите во согласност со потребите и барањата на единиците, одлуката и наредбите; го следат реализирањето на задачите; предлагаат промени во организацијата на логистичкото обезбедување во согласност со борбената ситуација. По усвојувањето на предлозите, ги ажурираат плановите и издаваат дополнителни наредби на единиците - извршителите на задачите, доставуваат барања до органите на својата команда, претпоставената команда а по потреба и до надлежните органи во претпријатијата и локалната самоуправа; ја следат и контролираат работата на потчинетите органи и единици; благовремено доставуваат извештаи до претпоставената команда и озвестувања на потчинетите органи и соседи; вршат анализа на реализацијата на задачите.

Логистичкото обезбедување на привремено запоседната територија (ПЗТ) се реализира според општите начела со почитување на специфичностите кои се условени од општите и посебните услови на привремено запоседнатата територија.

Во процесот на проценката на ситуацијата или разработката на планот за логистичко обезбедување, органите за логистика треба да контактираат и соработуваат со производните и услужни претпријатија на чии резерви и капацитети се потпираат единиците и надлежните органи на локалната самоуправа во зоната на одговорноста.

## 4.2. Анализа на содржината на заповедта за логистичко обезбедување

Во нашата воена литература за заповедта како воен документ многу малку е напишано. Бидејќи и заповедувањето во логистиката е воен документ, оваа констатација се однесува и на нејзе [68].

Заповедта за логистичко обезбедување е борбен документ со кој се регулира организацијата на логистичкото обезбедување (ЛоОб) кај потчинетите единици и установи. Во тактичките единици се издава усно, додека здружените тактички единици и повисоките команди како пишан документ.

Во неколку борбени документи (заповедта на командантот, заповедта за логистичко обезбедување и наредбите за обезбедување на логистичките служби) некои содржини се повторуваат. Бидејќи сите овие документи во исто време доаѓаат во потчинетите единици, тоа не насочува на изработување анализа на содржината на заповедта за логистичко обезбедување, како би се дошло до заклучок и предлог, кои повторувања да се избегнат.

Појдовна основа за една ваква анализа се изнесените специфичности во работата на логистичките органи, единици и установи за логистичко обезбедување во подготовките за извршување на борбените дејства и искуството стекнато во армијата како резултат на неколкугодишното следење на разните форми на воени вежби, игри и решавањето на тактичките задачи во Установата за обучување на воени старешини - Воената академија.

### 4.2.1. Причини за вршење на анализата

Прва причина за вршење на анализа на заповедта по логистичко обезбедување е што во нашата воеостручна литература многу малку е

---

[68]. Vojni rečnik, DSNO, Beograd, 1967, str.368
Vojni leksikon, VIZ, Beograd, 1981, str.704,
Vojna enciklopedija, br.10, VIZ, Beograd, 1975, str.658,
Upatstvo za rad komandi - štabova, CVVŠ, Beograd, str.69 i 118.

напишано - или ништо за нејзе, (а од друга страна стекнатото искуство работејќи во армијата е еден прдизвик) па може да се смета за доволно јака причина да се позанимаваме со проблемот, а пред се да се позанимаваме со нејзината содржина.

Втора причина за вршење на една ваква анализа се обемот и содржината на заповедта за логистичко обезбедување кои зависат како од големината на единицата така и од конкретните услови при изведувањето на борбените дејства. По начинот на обработката заповедта за логистика треба да биде прецизна, јасна и без прекупотребни детали [69].

Трета причина за вршење на анализа е ширината на заповедта за логистика, бидејќи низ петгодишната работа и следењето на вежбите (решавањето на тактичките задачи) утврдено е заповедите за логистичко обезбедување да се прешироки, на рамниште бригада се пишувани на шест, седум и повеќе страници, додека на рамниште корпус на повеќе од 10 страници.

Врз основа на изнесените специфичности во работата на логистичките органи, единици и установи и причините за вршење на една ваква анализа се доеѓа до сознание заповедите по логистичко обезбедување да се преобемни и треба да се скратат. Освен тоа, кај вака обемни заповеди постои можност потчинетите органи да испуштат од вид некои важни информации во многуте познати и прекупотребни податоци. На пример, што потчинетиот може да разбере од реченицата, "вонредни извештаи да се доставуваат по потгреба", произлегува како потчинетиот да не знае дека вонредни извештаи треба да доставува кога има потреба. Констатација, што повеќе има достапни информации, повеќе време им е потребно на потчинетите за нивна обработка и сваќање, меѓутоа поголема е опасноста од нераспознавање на релевантно од ирелевантно, сигурно од несигурно, вистинско од лажно. Сигурно е дека современите борбени дејства ќе бараат скратено време во процесот на изработка и пренесување на заповедта за логистичко обезбедување до потчинетите, додека кај потчинетите, за проучување и запознавање со содржината за реализација.

[69] Vojni leksikon, VIZ, Beograd, 1981, str.704.

Имајќи го сето тоа во вид, исклучително е важно и корисно да се изостават сите прекупотребни содржини, а со тоа ќе се направи заповедта јасна и прецизна. За тоа да може да се направи потребно е да се издвојат некои прекупотребни содржини - детали, а анализирајќи ја заповедта за логисти чко обезбедување, може да се воочат четири основни прекупотребни содржини кои непотребно го зголемуваат нејзиниот обем, и тоа:

ПРВА ГРУПА на содржини се содржините кои во исто време се изнесени во два борбени документи - во заповедта на командантот на единицата и во заповедта за логистичко обезбедување. Наиме, заповедта на командантот на единицата и заповедта за логистичко обезбедување се борбени документи (два) кои во исто време доаѓаат во потчинетите единици, а во двата се изнесуваат исти содржини за логистикчкото обезбедување (разместување на единиците, организацијата на логистичкото обезбедување, исхраната и друго) што нее потребно.

ВТОРА ГРУПА на содржини се содржините кои во исто време се застапени во заповедта за логистичко обезбедување и во наредбите на службите (техничка служба - техничко обезбедување, интендантска служба - интендантско обезбедување и тн.), а во исто време доаѓаат во потчинетите единици. Треба да се истакне, дека началниците на службите учествуваат во пишувањето на заповедта за логистичко обезбедување, а пишуваат и наредби за обезбедување за соодветната (својата) служба. Исто така началниците на службите се овластени да раководат со службата во стручен поглед. Затоа и се поставува прашањето дали на рамниште на една единица (бригада) треба да се пишува заповед за логистичко обезбедување и наредби по службите.

ТРЕТА ГРУПА на содржини се содржините кои логистичките органи веќе ги знаеле, пред донесувањето на командантовата одлука. Тоа се податоци од трајна вредност, кои веќе биле актуелни, а ќе бидат и во иднина, до реализирањето на задачата. Затоа тие податоци можеби нее потребно да се соопштуваат по пат на заповед.

ЧЕТВРТА ГРУПА на содржини се непотребни содржини и од скромна вредност, како и содржини кои ги пропишува организацијата на

логистичкото обезбедување, односно тоа што е веќе регулирано во разни правила и упатства. На пример, логистичкото обезбедување да се реализира со сопствени сили и средства или сигнали по таблицата на сигнали, и тн. што исто така и тие содржини непотребно го зголемуваат обемот на заповедта.

### 4.2.2. Идентификација на прекупотребните содржини

За да може да се изврши добра анализа на заповедта, неопходно е да се одредат методот и поединечната анализа врз основа на кои ќе се идентифицираат прекупотребните содржини и изостават во заповедта за логистичко обезбедување. Имајќи го сето тоа во вид, важно е да не се дозволи тие прекупотребни содржини да влезат и во наредбите за техничко, интендантско, санитетско и друго обезбедување, односно да не се зголемуваат прекупотребните содржини.

Појдовна основа за анализа : - Методи
- Категории и модалитети;
- Поединечна анализа.

МЕТОДИ - основно кај анализата на содржината на заповедта за логистичко обезбедување е изборот на соодветната метода за анализа. Определбата е анализата да се изврши по пат на метода на анализа на содржината. Оваа метода е избрана, заотоа што таа често се користи во истражувањето на некои елементи на комуникацискиот процес - донесување на одлука: зошто - што - како - кога - кој. [70], а особено содржината на комуникацијата - што.

Со оваа метода во прв ред , се истражува содржината (што), а потоа формата на содржината (како) кај сите елементи.

Заповедта за логистичко обезбедување е борбен документ, кој претставува собир на елементи кои ги упатува претпоставениот

[70] Овладување со промените, Исак Адизас, Датра центар Скопје, 1994 година, стр.104, (превод на делото Mastering Change).

старешина (испраќачот) на потчинетитот (примачот), па како таква може да се истражува по методата анализа на содржината.

Во анализата се поаѓа од пропишани елементи (прашања) кои треба да ги содржи заповедта за логистичко обезбедување, па со анализа на можните содржини на тие елементи може да се дојде до прекупотребните содржини во нив, а со тоа и во самата заповед.

Со анализа се доаѓа до податоци да прекупотребните (несоодветните) содржини во заповедта за логистичко обезбедување имаат многу различно, а малку слично и се повторуваат кај повеќе заповеди. Заедничко, воглавно, им е тоа што не би требало да се најдат во заповедта. Меѓутоа, со упоредна анализа на повеќе заповеди за логистичко обезбедување на рамниште бригада и корпус (различни формации, гарнизони и др.), се востановува дека тие се многу слични по соодветни и несоодветни содржини. Прашање: Зошто тоа е така?, Затоа што во пракса се применува школски шаблон, односно заповед со научена содржина во штабна школа, и како таков се применува (со мали разлики) во сите единици.

КАТЕГОРИИ И МОДАЛИТЕТИ - имајќи ја предвид целта на истражувањето (а да се одговори на прашањата како, кога и кој), критериумите за идентифицирање на прекупотребните содржини и природата на заповедта за логистичко обезбедување, како еден од документите на командувањето, ќе се користат следните категории и модалитети:

I. КАТЕГОРИЈА - **застапеност на содржините од заповедта за логистичко обезбедување во заповедта на командантот** - со оваа категорија треба да се дојде до податоци дали содржината во заповедта за логистичко обезбедување е истовремно застапена и во заповедта на командантот на единицата, односно во документот кој во исто време доаѓа во потчинетата единица. За оваа категорија се одредени три модалитети: 1) застапеност на содржината во потполност,2) делумна застапеност и 3) нее застапена.

II. КАТЕГОРИЈА - **застапеност на содржините од наредбите за обезбедување во заповедта за логистичко обезбедување** - оваа категорија треба да се усвои затоа што е во пракса потврдена, која исто така би имала три модалитети: 1) застапеност на содржината во потполност, 2) делумна застапеност и 3) нее застапена. За оваа категорија (напред е веќе изнесено), се поставува прашањето, дали на рамниште на една единица (пр.бригада) треба да се пишува и заповед за логистичко обезбедување и наредби по службите (имајќи предвид, дека началниците на логистичките служби учествуваат во пишувањето на заповедта за логистичко обезбедување и ги пишуваат наредбите по соодветните служби). Затоа оваа категорија и модалитети нема да бидат предмет на детално анализирање, туку оставени за да се опфатат во некое наредно истражување.

III. КАТЕГОРИЈА - **намена на содржината** - намена на содржината како категорија е усвоена поради дефинирањето на содржината според нејзината основна намена. За таа цел се избрани три модалитети: 1)наредба 2) известие и 3) инструкција [71].

IV. КАТЕГОРИЈА - **важност на содржината** - важноста на содржината како категорија треба да овозможи дефинирање на содржината според нејзината важност за потчинетиот. Во врска со важноста на содржината се избрани три вообичаени модалитети: 1)неопходна содржина, 2) корисна содржина и 3) непотребна содржина [72].

V. КАТЕГОРИЈА - **време на сознавање на содржината** - времето на сознавање на содржината како категорија за анализа треба да се утврди за да се дојде до податок како органите за логистичко обезбедување во командата на бригадата - корпусот сознале за содржината соопштена по пат на заповед. Во врска со времето се избрани модалитетите: 1) до примањето на задачата и 2) после примањето на задачата.

---

[71]. Neki problemi odredjivanja zapovesti, m-r Janko Bergelz, Vojno delo 5/82, str.70.

[72] . Isto delo str.71.

Се поаѓа од претпоставка, дека прецизноста не треба посебно да се обработува, (доколку добро е одредена намената и важноста на содржината, јасно е дека заповедта ќе биде прецизна).

ПОЕДИНЕЧНА АНАЛИЗА - одредувањето на поединечната анализа е осетливо прашање, бидејќи од нејзе зависи прецизноста на соодветното класифицирање и диференцирање од прекупотребните содржини во заповедта за логистичко обезбедување.

Нејзиното одредување треба да произлезе од: предметот и целта на истражување, видот и обемот на материјалот во борбените документи и категориите и модалитетите за поединечната анализа.

За поединечна анализа се земени поедини елементи кои треба да се наведат во заповедта за регулирање на логистичкото обезбедување во потчинетите единици. При тоа се претпоставува дека еден елемент нема во исто време да карактеризира два модалитети во рамките на иста категорија.

### 4.2.3.Резултати од анализата на содржината на заповедта за логистичко обезбедување

Имајќи го предвид изложениот начин за идентификација на прекупотребните содржини (каде што за појдовна основа се дадени методата, категориите, модалитетите и поединечната анализа), резултатите од анализата на заповедта за логистичко обезбедување се обработени теоретски и табеларно - сликовито, и тоа:

1. застапеност на содржината на заповедта за логистичко обезбедување во заповедта на командантот;
2. податоци за намената на содржините;
3. податоци за важноста на содржините;
4. податоци за времето на сознавање на содржините; и
5. заклучок - за прекупотребните содржини во заповедта за логистичко обезбедување.

1.Застапеност на содржината на заповедта за логистичко обезбедување во заповедта на командантот - со истражувањето на податоците во заповедта за логистичко обезбедување и во заповедта на командантот на единицата, востановено е дека податоците за непријателот, реоните за распоредување на логистичките единици, потпирањето на логистичко обезбедување, препотчинувањето (зајакнувањето) на логистичките елементи, нормите за трошење на техничките материјални средства (муниција, минско експлозивните средства и гориво), организацијата за исхрана на луѓето (стоката), патиштата за дотур и евакуација, регулирањето и контролата на сообраќајот, податоците за командното место, логистичкото командно место и командното место на логистичката база, организацијата на врските, сигналите и извештаите, веќе се дадени во заповедта на командантот на единицата, а тоа значи во документот кој во исто време (или порано) доаѓа во потчинетите единици.

Имајќи во вид, дека помошникот на командантот за логистичко обезбедување со своите потчинети ја пишуваат точката за организација на логистичкото обезбедување во заповедта на командантот на единицата, а исто така учествува во пишувањето на точката за непријателот, борбеното обезбедување, организацијата за командување и врски, јасно е дека тие содржини се прекупотребни (сувишни) во заповедта за логистика или во заповедта на командантот на единицата.

Табеларно - сликовитото прикажување на податоците е дадено во табелата бр.1.

Табела број 1.

Застапеност на содржините од логистичко обезбедување во заповедта на командантот на единицата - I. КАТЕГОРИЈА

| Модалитети и застапеност на содржините во заповедтта на командантот на единицата | Процент од вкупниот број на пораки |
|---|---|
| Застапеност во потполност | 33 |
| Делумна застапеност | 2 |
| Нее застапена | 65 |
| В к у п н о: | 100 |




Слока број 1.

Од табелата-сликата може да се заклучи дека заповедта за логистичко обезбедување на корпус и бригада би требала да биде пократка за 33% имајќи ги предвид наведените содржини, односно за 1/3 и доколку заповедта имала 9 страници, би се смалила само по овој критериум за 3 страници.

2.<u>Податоци за намената на содржините</u> - со истражувањето востановено е дека содржините од поедините елементи, во определени случаи, можат да преминуваат од еден во друг модалитет од истата категорија, во конкретниот случај, наведените содржини преминуваат од наредба во инструкција доколку ја повторуваат веќе пропишаната организација во други наредби, правила и упатства.

За наредба се смета секоја содржина во заповедта со која на потчинетите им се издава нова задача, како и содржина со која се укажува на начинот на кој се извршува таа задача.

Со анализата се дојде до сознание (податоци) дека голем е бројот на елементи од категоријата наредби преминат во инструкции, а во заповедта за логистичко обезбедување за потчинетите единици претставува инструкција. На пример: прекупотребно е да се напише "во подготвителниот период сите единици да се пополнат со муниција, минско експлозивните средства, гориво и храна до нормата на следување", или "врските да се организираат по планот за врски", или "се забранува употреба на вода за пиење без претходен преглед", или "воениот плен да се користи по одобрувањето на претпоставената команда", или "снабдувањето да се врши ноќе", и тн.

Може да се заклучи, дека тоа се наредби (и тоа наредби од трајна вредност), кои со усвоената категоријална организација се третираат како инструкции или известија. Цитираните пораки спаѓаат во групата на таквите наредби односно инструкции или известија. Тие се однесуваат на нешто што било и ќе биде актуелно и во иднина, а што е од сето тоа најважно, е веќе регулирано со прописите.

Податоците за намената на содржината на податоците се прикажани табеларно и сликовито во табелата и сликата број 2.

Тебела број 2.

Податоци за намената на содржините во заповедта - III.КАТЕГОРИЈА

| Модалитети за намената на содржината | Процент од вкупниот број на елементи |
|---|---|
| Наредба | 65 (22) |
| Инструкција | 10 (45) |
| Известие | 25 (33) |
| В к у п н о: | 100 (100) |




Слика број 2.

Податоците во заградата се однесуваат на опишување на веќе однапред пропишан начин на работа и поголемиот дел е од трајна природа, односно, овие податоци се однесуваат на случаи кога содржините од поедините елементи на заповедта за логистичко обезбедување се истоветни со содржините во разни правила, упатства, подготвителни наредби и заповедта на командантот на единицата.

Од табеларно-сликовитото прикажување на податоците може да се заклучи, дека бројот на елементите од заповедта чии содржини претставуваат наредба (елементот е од директивна природа), се движи во распонот од 22 до 65% од вкупниот број на елементи, што од друга страна зборува дека посебно внимание треба да им се посвети на елементите кои можат од наредби да преминат во инструкција или известие.

Покрај тоа од податоците исто така може да се заклучи дека инструкциите се движат во распонот од 10 до 45% од вкупниот број на елементи, кога процентот на наредби се смалива, се зголемува бројот на инструкциите, додека известијата се движат во многу мал распон, од 25 до 33%, па таа разлика може да биде занемарлива.

Од податоците за намената на содржините, конечно може да се заклучи, дека тежиштето мора да се насочува кон бројот на инструкциите и тоа да биде што е можно помал, поготово кога нивните содржини се познати од порано.

3.Податоци за важноста на содржините - за важноста на содржините во заповедта за логистика опфатени со истражувањето добиени се податоците дадени во табелата и сликата број 3.

Табела број 3.

Податоци за важноста на содржините - IV.КАТЕГОРИЈА

| Модалитети за важноста на содржините | Процент од вкупниот број на елememнти |
|---|---|
| Неопходни содржини | 70 (28) |
| Корисни содржини | 10 (18) |
| Непотребни содржини | 20 (54) |
| В к у п н о : | 100 (100) |




Слика број 3.

За важноста на содржините зборуваат податоците дадени во табелата и сликата бр.3, од која се гледа дека неопходните содржини, кај елементите, се движат во распонот од 28 до 70%, а може да биде и поголем доколку некои содржини преминат во неопходни содржини.

Исто така неопходните содржини, кај елементите, можат да преминат во непотребни и тоа во истите случаи кога и наредбите преминуваат во инструкции, односно кога содржините претставуваат веќе пропишана работа во правилата, упатствата и другите документи кои потчинетите би морале да ги знаат. Може да се наведат некои елементи кои за потчинетиот не претставуваат информација, не му се потребни, како на пример:

-логистичкото обезбедување да се организира и врши со сопствени сили и средства и со потпир на органите на управата и локалната самоуправа и претпријатијата;

- во зоната на одбраната постои само еден рокаден пат во ширина од 5 метра со макадамска подлога, па маневрирањето со резевната муниција и МЕС ќе биде потешко.

Првата порака нее потребна, затоа што, се објаснува усвоениот принцип по кој функционира логистичкото обезбедување, кој се применува и ќе се применува и во иднина, а тоа значи како таков старешините го знаат (или треба да го знаат), додека втората порака исто така нее потребна, бидејќи се наведува нешто што потчинетите и сами го гледаат (го сознале низ проценката на ситуацијата и поднесувањето на предлозите) и им е познато дека маневрирањето со резервите ќе биде потешко.

Исто така од табеларното прикажување на податоците за важноста на содржините во најповолниот случај во заповедта за логистичко обезбедување претставува непотребна содржина секој петти елемент, а имајќи предвид, дека непотребните содржини можат да се појават во елементите чии процент се движи од 20 до 54%, може да се зекулучи, дека непотребните содржините можат да се движат до половвина (или 50%).

Важно е да се забележи и следното: изнесеното во пораките за содржините питчинетите го имаат научено уште во текот на школувањето, тие знаења ги прошириле и утврдиле низ праксата и на воените вежби. Потчинетите ги мачат некои дилеми кои со наведените пораки не можат да се отстранат.

4.Податоци за времето на сознавање на содржината - со истражувањето востановено е дека, колку единицата е пониска поголем е бројот на познати елементи во однос на времето на соопштување по пат на заповедта (пред примањето на задачата).

Во табелата и сликата број 4 се дадени резултатите од анализата за времено на сознавање на содржината.

Табела број 4.

Податоци за времето на сознавање на содржината - V. КАТЕГОРИЈА

| Модалитети на сознавање на содржината | Процент од вкупниот борј на елементи |
|---|---|
| До примањето на задачата | 65 (50) |
| После примањето на задачата | 35 (50) |
| В к у п н о : | 100 (100) |




Слика број 4.

Податоците наведени во првата редица и првата слика се однесуваат на бригади, додека во втората на корпуси. Податоците се доста интересни, од кои може да се заклучи: што е единицата пониска поголем е бројот на познати елементи, односно, во бригадите 65% од сите елементи соопштени по пат на заповедта за логистичко обезбедување на командата и се познати пред примањето на задачата, а 35% од елементите се сознаваат после примањето на задачата. Тој однос кај командите на корпусите е 50:50%, од што произлегува, дека во бригадите 65%, а во корпусите 50%, од тоа што е соопштено по пат на заповедта која е издадена за извршување на конкретна задача, им било познато пред примањето на задачата (тоа старешините го сознале од подготвителните наредби, известијата и личниот контакт со соседите и замислата на командантите на бригадите - корпусите).

Во табелата и сликата број 5 се прикажани податоците за структурата на елементите познати до примањето на задачата.

Табела број 5.

Податоци за структурата на елементите познати до примањето на задачата

| Спрема намената | | | Спрема важноста | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Наредби | Инструкции | Извасти-ја | Неопходни содржини | Корисни содржини | Непотребни содржини |
| 25 | 49 | 26 | 53 | 12 | 35 |
| 100% | | | 100% | | |







Слика број 5

5.Заклучок за прекупотребни содржини во заповедта за логистичко обезбедување - врз основа на порано утврдените критериуми за идентифицирање на содржините во заповедта за логистичко обезбедување може да се заклучи, за прекупотребни содржини да се сметаат:

а) Сите содржини групирани во модалитетите I.1. и I.2., без оглед во кој модалитет се ставени, имајќи ја предвид намената и важноста. Овде се работи за содржини кои во потполност или делумно се застапени и во заповедта на командантот, затоа тие пораки не треба да се соопштуваат и по пат на заповедта за логистичко обезбедување.

б) Сите содржини групирани во модалитетите III. 1, 2 и 3, (наредби, известија и инструкции) претставуваат прекупотребни содржини, затоа пораките од овој вид нетреба да им се соопштуваат на потчинетите (им се познати).

в) Сите содржини групирани во исто време во модалитетите III.3 и IV.1. и 2. (сите инструкции - неопходни или корисни) кои се познати до примањето на задачата. Пораките од овој вид требало на потчинетите да им се соопштат порано, а не по пат на заповедта за логистичко обезбедување.

г) Сите содржини групирани во исто време во модалитетите III.1.и 2.и IV.1.и 2. (сите наредби и известија - неопходни или корисни) им се познати до примањето на задачата, односно и овој вид на пораки требало да им бидат соопштени порано, а не по пат на заповедта за логистичко обезбедување.

Врз основа на овие заклучоци може да се дојде до податоците прикажани во табелата и сликата број 6.

Табела број 6.

ПРЕКУПОТРЕБНИ СОДРЖИНИ

| Вид на содржини | Процент од вкупниот број на елементи на содржините во заповедта | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наредби | Инструк-ции | Известија | Вкупно: |
| Потребни содржини | 53 (15) | 10 (9) | 13 (20) | 76 (44) |
| Прекупотребни содржини | 12 (7) | 0 (36) | 12 (13) | 24 (56) |
| Вкупно: | 65 (22) | 10 (45) | 25 (33) | 100 (100) |




Слика број 6.

Од табелата и сликата број 6 може да се заклучи следното:

- прво, прекупотребните елементи (содржини) во заповедта за логистичко обезбедување се движат од 24 до 56%, што значи, дека заповедта за логистичко обезбедување би можела да биде покуса за половина, доколку во нејзе не би се наоѓале елементи (содржини) кои веќе се содржани во организацијата за логистичко обезбедување во заповедта на командантот на единицата, а би се задржало досегашното решение зеповедта за логистичко обезбедување би требало да се смали за една четвртина; и

- второ, смалувањето би можело да се изврши и врз основа на споредбата со елементите кои истовремено се изнесуваат во заповедта за логистичко обезбедување и наредбите за обезбедување по службите, (на пример анализирајќи ја наредбата за интендантско обезбедување може да се заклучи, дека има доста елементи - содржини кои истовремено се изнесуваат во заповедта за логистичко обезбедување и наредбата за интендантско обезбедување и тн.).

**Посебни забелешки како резултат на истражувањето**

Истражувањето е резултат на повеќегодишното искуство при изведувањето на наставата со питомците и слушателите на специјализација за командни и штабни дожности во Установата за обучување на воени старешини - Воената академија на Р. Македонија и долгогодишното искуство во армијата на разни должности, а укажува на некои карактеристики како на пример:

а) Некои содржини (за непријателот, разместувањето, организацијата, логистичкото обезбедување, логистичкото командно место и др.) се даваат во заповедта за логистичко обезбедување и заповедта на командантот на единицата. Може да се постави прашањето, дали истите содржини треба да им се соопштуваат на потчинетите по пат на два документи? Одговорот е не. Соодветно решение треба да се изнајде.

Оваа група на причини може да се доведе во врска со начинот на додипломско (основно - Воена академија) и командно - штабно школување, врз основа на кое стекнатите знаења се пренесени во пракса

(на вежбите). Тоа е таканаречен “школски шаблон”, кој се применува поради обука и проширување на дотогашните знаења на старешините.

Во оваа група на причини влегува и конкретното (стриктното) придржување на Упатствата за работа и Прилозите со упатството за работа во командите [73], каде што е даден начинот за изработка на заповедта за логистичко обезбедување на единиците (бригадата - корпусот).

Со применување на еден ваков шаблон (заради кусото време, заморот и тн., а решавајќи ги во исто време и секојдневните работи) старешините не се внесуваат доволно во конкретната ситуација, па секогаш од почеток го регулираат логистичкото обезбедување како дотогаш ништо да не се случувало (мобилизација, борбени дејства, дејства на привремено запоседната територија и тн.), односно секогаш се тргнува од почетната ситуација.

б) Некои содржини се изнесуваат во заповедта за логистичко обезбедување и во наредбите за обезбедување по логистичките служби, односно таквите содржини непотребно се повторуваат.

Во оваа група на причини влегува начинот на подготвување на вежба, бидејќи на старешините многу податоци пред почетокот на вежбата им се познати (планирање, терен, десантни простории, реоните за развивање на логистичките бази и тн.), всушност веќе се воведени во ситуација, а сите тие податоци ги изнесуваат во заповедта (непотребно). Тука влегуваат и сите податоци од трајна важност кои биле актуелни, а ќе бидат и во иднина, па нее потребно да се соопштуваат и по пат на заповед.

в) Доколку некои содржини за организацијата на логистичкото обезбедување (потрошувачка, логистичкото командно место, командното место на логистичката база и тн.) се изнесени во заповедта на командантот на единицата - бригадата, а делови од содржините се дадени во наредбите за обезбедување по службите, се поставува прашањето зошто се пишува заповедта за логистичко обезбедување во единицата (бригада - полк и тн.) и на кого таа заповед му се испраќа?

---

[73] Upatstva za rad komandi - shtabova sa Prilozima uz upatstvo za rad komandi - shtabova (nacrt), 1983.str.175 - 179.

Оваа група на причини произлегува од начинот на работа на претпоставената команда (во случајот корпус), подготвителниот период добро не го искористиле (можеби поради секојдневните мирновремени работи), за воведување на потчинетите, во командите на бригадите - полковите, во ситуација по пат на известија, подготвителни наредби и лични контакти. Овде влегува и феноменот "задржување на податоците" на повисокото рамниште на командување. Сето тоа да е вршено благовремено, во заповедта на бригадата, не би имало толку прекупотребни податоци од трајна вредност - важност.

г) Некои содржини позанати порано, не се соопштуваат благовремено туку се соопштуваат по пат на заповедта, со што непотребно и го зголемуваат нејзиниот обем. Се поставува прашањето зошто?

Оваа група на причини може да се објасни со феноменот "прва заповед". Наиме, познато е дека старешините, без оглед на ситуацијата и временскиот пресек (почетен период на војна, борбени дејства после 30 дена, логистиката на непријателот, логистичкото обезбедување на единиците и тн.) секогаш пишуваат "прва запопвед" за почетна ситуација. Причина за сето ова е што во анализата на вежбата на логистичкиот дел не му се дава никакво значение - соодветно значение.

д) Анализирајќи ги заповедите, во преку 90% случаи, се еднакви (соодветни) по потребни и прекупотребни содржини. Прекупотребните содржини се повторуваат без оглед на формацијата (или гарнизонот) во која се наоѓа бригадата - корпусот.

Оваа група на причини оправдано го чинат се поголемиот страв на вежба да не се случат вонредни случки, па некои активности се импровизираат, а некои и скратуваат, што доведува до крутост во работата.

Тука влегува и фактот дека логистичките старешини објективно се "растргани" помеѓу секојдневните (мирновремените) обврски во касарните (гарнизоните) и обврските за подготовка и изведување на вежбата (воената ситуација) на терен. Во воени услови вакво нешто води кон формализам и неоперативно однесевање. Тука влегува и

многубројната преписка и документација која ја оптоварува командата на бригадата - корпусот. Може да се заклучи, дека изнесеното би требало да е регулирано пред почетокот на вежбата, а не по пат на заповед.

ѓ) Исто така, анализирајќи ги заповедтите голем број инструкции, известија и наредби можат да преминат во инструкции и известија, доколку ја повторуваат пропишаната организација за логистичко обезбедување.

Анализирајќи ја оваа група на причини, изнесеното ја смалува одговорноста и иницијативата на потчинетите, бидејќи тие очекуваат дека претпоставениот ќе им регулира се што им е потребно (на што со таквата работа постојано се навикнуваат). Затоа, потчинетите команди (пр. бригадите) ги повторуваат податоците од заповедта на претпоставените (во случајот Комадата на корпусот), што исто така претставува прекупотребна содржина.

## Резиме

Специфичностите во работата на логистичките органи, разработени низ планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување за потребите на единиците и установите на армијата за време на подготовките и извршувањето на задачите (во воени услови - борбени) како општи забелешки и како појдовна основа за вршење на анализа на најважниот борбен документ заповедта за логистичко обезбедување, опфаќајќи ги причините за вршење на анализа и анализирајќи ги нејзините резултати, зборува, колку може позитивно да се влијае на извршувањето на логистичкото обезбедување, а наведува на заклучок, дека разработката на специфичностите во работата на логистичките органи и анализата на содржините на логистичките документи имаат позитивно (големо) влијание врз извршувањето на логистичкото обезбедување.

Впрочем, со истражувањето во мерка за потребите на дисертацијата, односно со оваа анализа на содржината на заповедта за логистичко обезбедување, се дојде до податокот за прекупотребните содржини. Со отфрлање на прекупотребните (сувишните) содржини,

заповедта за логистичко обезбедување би била пократка, јасна и прецизна, што беше и цел на дисертацијата со анализата, доаѓајќи до критериуми врз основа на кои можат да се идентифицираат прекупотребните содржини, и тоа:

ПРВ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна (сувишна) содржина во заповедта за логистичко обезбедување се смета секоја содржина која во исто време и со истите елементи е изнесена и во заповедта на командантот на единицата. Критериумот е изведен од фактот што исти содржини во исто време се изнесуваат (дуплираат) во два борбени документи кои во исто време стигнуваат во потчинетите единици. Во заповедта на командантот на бригадата - корпусот (во точката логистичко обезбедување) и во исто време во заповедта за логистичко обезбедување на помошникот на командантот за логистика.

ВТОР КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистичко обезбедување се смета секоја содржина која кај потчинетиот не ги зголемува неговите сознанија за дадената борбениа и логистичка ситуација. Критериумот произлегува од известијата - предупредувањата кои претпоставениот им ги дава на потчинетите или разменува со соседите за запознавање со борбената и логистичката ситуација. Тие ја олеснуваат проценката на ситуацијата и донесувањето на одлуката но не формираат ново сознание кое по пат на логиката не влијае на ориентацијата на субјектот.

ТРЕТ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистичко обезбедување се смета секоја содржина која е од трајна природа, која нее сознаена (станала актуелна) во времето на подготовките за извршување на конкретна задача.

Овој критериум произлегува од поимното определување на заповедта за логистичко обезбедување како акт на командувањето. Имајќи предвид дека со заповедта за логистика се регулира организацијата на логистичкото обезбедување во потчинетите единици (на пример: корпусот во бригадите - полковите), во нејзе покрај останатото, треба да се најдат одговорите на прашањата: кој, што, кога, каде и како ќе ги извршува задачите. Особено е занимливо прашањето

како да се изврши задачата, затоа што тоа се однесува на начинот на извршување. Во одговорот на ова прашање секогаш се наоѓаат содржини од трајна вредност, кои не се однесуваат само на конкретната задача, туку важат и за наредните задачи или до реализацијата на целта.

Во сите случаи овие содржини би требало на потчинетите да им се соопштуваат порано, односно тогаш кога тие се појавиле по пат на подготвителни наредби, прилози со задачата и тн.

ЧЕТВРТ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистика се сметаат сите содржини кои истовремено ги содржат други документи, правила и упатства.

Критериумот се однесува на упоредбата на содржините во заповедта за логистичко обезбедување од другите документи, правила и упатства, со кои се запознати и во исто време располагаат и потчинетите старешини - единици. Јасно треба да е тоа што во заповедта за логистичко обезбедување не треба да се повторуваат содржини кои веќе им се соопштени на потчинетите старешини по пат на некој друг документ или им се познати од правила и упатства.

**Петти дел**

## 5.Перспектива на развојот на организацијата за логистичкото обезбедување

За да се зборува (пишува) за перспективата на развојот на организацијата за логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија, прво е неопхоно да се даде кратка оценка за состојбата на логистичкото обезбедување и достигнатото рамниште на развојот во претходниот период, во конкретниот наш случај за периодот од формирањето на армијата заклучно со изминатата 1995 и тековната 1996 година (достигнатото рамниште на развојот за период 1993-1996 г.), а потоа може да стане збор за перспективата на развојот на оперативно логистичката и заедничката проблематика и перспективата на развојот на поединечните логистички функции - службите.

### 5.1. Оценка на состојбата на логистичкото обезбедување во армијата за тригодишниот развоен период (1993 - 1995 г.)[74]

Повеќегодишната реализација на плановите на развојот и финансирањето на армијата и утврдените задачи од доменот на логистичкото обезбедување (четири години од реализацијата на среднорочниот план на развојот - 1993 - 1997 година), особено реализацијата на годишните планови се одвиваше во многу сложени услови, како воено-политички така и економски.

Воено-политичката ситуација во светот, Европа, Балканот и Југословенските простори, особено во државите настанати по распаѓањето на бившата СФРЈ и нарушените односи меѓу независните држави, загрозеноста на мирот и другите чинители кои директно или индиректно влијаат врз безбедноста на Република Македонија, влијаеја и

[74] . Оценката е субјективна, заснована врз сопствено видување за состобата на логистичкото обезбедување во армијата за развојниот период (1993 - 1997).

влијаат врз брзиот развој и промрните во Армијата на Република Македонија (нејзините вооружени сили), а и врз планираниот развој на логистиката и логистичкото обезбедување до крајот на овој плански период, вклучувајќи го и апликативното влијание и на перспективата на развојот, развојот во наредниот период.

Исто така, случувањата во Босна и Хрватска, ембаргото на оружје и воена опрема спрема сите независни држави настанати по распаѓањето на бившата СФРЈ, економското ембарго спрема Србија и Црна Гора, како и воведеното еднострано ембарго од страна на нашиот јужен сосед Република Грција, ја нарушија планираната реализација на утврдениот среднорочен план на развојот и финансирањето на Армијата на Република Македонија, како и планираниот развој на најзината логистика.

Ново формираната Армија на Република Македонија и бројните промени во структурата на нејзините делови, формирањето на нови и преформирањето на постоечките единици и установи, бараа од нејзината логистиката во релативно кус временски период логистичкото обезбедување да го подигне на рамниште кое ќе ги поддржи (обезбеди) промените, постојано зголемува стандардот на припадниците на армијата, а и одржи и подигне борбената готовност на нејзините единици и установи.

Економската криза, падот на производството, односите и ситуацијата на домашниот и страните пазари, исто така имаа свое влијамие врз развојот на логистиката и логистичкото обезбедување. Тоа, пред се, се чувствувало во тешкотиите окулу обезбедувањето на репроматеријали, резервни делови, некои артикли за исхрана (особено сувомесни производи, трајни месни конзерви и др.), формирањето на резервите, уредувањето на територијата за логистичко обезбедување, како и тесниот развој на логистичката инфраструктура.

Во изминатиот трогодишен временски период е карактеристично што квалитетот на исхраната во првите години не бил на завидно рамниште, пред се поради непополнетост и недоволната оспособеност на стручна работна сила, потешкотиите окулу оспособувањето и

одржувањето на машините и уредите, недостатокот на соодветни специјални моторни возила и тн.

Скромниот прилив на финансиски средства за потребите на армијата (од напред наведените причини) го изврши своето влијание врз одложувањето на роковите за извршување на некои задачи, особено во облста на наменското производство и научноистражувачката работа, а скромни беа и средствата за одржување на материјално техничките средства, вклучувајќи ја и набавката на сите видови моторни возила.

Наведените последици од кризите ќе се чувствуваат и во реализацијата на задачите од доменот на логистиката и во наредниот двогодишен период (до крајот на тековниот среднорочен план на развојот и финансирањето на армијата - 1993 - 1997 година), а и во наредниот среднорочен план на развојот.

И покрај наведените бројни проблеми, кога треба да се направи некаков пресек и даде глобална оценка за достигнатото рамниште и изнесат најважните карактеристики во реализацијата на тековниот среднорочен план на развојот и финансирањето на армијата и нејзината логистика, врз основа на што, ќе може да се дојде до теоретските поставки за преспективата на развојот, тие би биле:

-како резултат пред се на напорите на сите структури во Републиката и армијата, (особено структурите, единиците и установите за логистичко обезбедување на армијата) и покрај сите проблеми кои го извршија своето влијание врз развојот на логистиката и реализацијата на утврдените задачи во трите години од планскиот период, извршени се крупни задачи и значајни промени;

-извршено е опремување на сите гарнизони со неопходните материјално технички средства и е подигнат квалитетот на логистичкото обезбедување на повисоко рамниште;

-начинет е значаен успех во облекувањето на војниците и старешините на армијата, вклучувајќи ги тука подобрувањата кои се однесуваат на квалитетот и естетскиот изглед на облеката;

-армијата е опремена со нови моторни возила, како специјални така и влечни и други борбени и неборбени моторни возила;

-подобрена е состојбата на резервите во армијата и стоковите резерви во Републиката, особено резрвите во храна, облека и друга воена опрема;

-во тек е процесот на преструктуирање, оспособување и усовршување на трупната и вонтрупната логистика, како еден од најважните предуслови за поставување на организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување во единиците на армијата;

-во рамките на Воената академија на Република Македонија разработен е модел за школување на логистички кадар. Изработен е идеен проект за стручно оспособување и усовршување на логистичкиот кадар, за стручна подготовка на старешините за висококвалитетно и професионално извршување на задачите од доменот на логистиката;

-преземени се мерки за подобрување на инфраструктурата и квалитетно се подобрени капацитетите за одмор и рекреација на старешините и граѓанските лица на служба во Армијата на Република Македонија; и

-логистичките органи на сите рамништа на раководење и командување, организирање и функционирање на логистичкото обезбедување, со максимално ангажирање (максимални напори) ги извршија сите планирани и додатни (непланирани) задачи.

Општ заклучок: организацијата на логистичкото обезбедување и покрај наведените бројни проблеми функционира уредно и добро. Неопходно е нејзино доградување и усовршување. Во понатамошниот развој на логистиката неопходно е да му се посвети посебно внимание, соодветно со развојот и усовршувањето на армијата.

## 5.2. Перспектива на развојот на оперативно логистичкита и заедничката проблематика

Перспективата на развојот на оперативно логистичката и заедничката проблематика (поточно перспективата на развојот на органот за оперативно логистички работи) се базира врз изнесените сознанија и кратката оценка за состојбата на логистичкото обезбедување во армијата во развојниот период 1993-1996 г., (вклучувајќи го и синтетизирањето на заклучоците), а мислењата и предлозите за оптимална организациска поставеност на логистичкото обезбедување во армијата ќе бидат изнесени низ перспективниот развој на:

- организацијата на логистичкото обезбедување;
- создавањето на воени материјални резерви;
- модернизацијата на логистичката инфраструктура;
- материјалното работење и информатиката во логистичкиот процес;
- противпожарната заштита; и
- научноистражувачката работа, издавачката дејност и школување.

Организација на логистичкото обезбедување

Организацијата на логистичкото обезбедување неопходно е да се усогласува и развива со развојот на армијата. Во таа смисла нужно е подобрување на ефикасноста на материјалното и здравственото обезбедување во мир и воени услови, рационално и економично однесување до материјалниот и човечкиот потенцијал, однесувањето да е во согласност со расположливите ресурси и организирано вклучување на сите потенцијали на Републиката во извршувањето на задачите од доменот на логистичкото обезбедување и сето тоа во согласност со плановите за развој и финансирање на армијата, нејзината логистика и развојните планови на Органите на управата и локалната самоуправа на Република Македонија.

Организацоско - формациската структура на логистичките единици во армијата неопходно е и понатаму да се усовршува и наменски

дооформува според концепцијата за одбрана на независноста и интегритетот на земјата, геогравско - топогравските услови и можностите за постепено пренесување на функциите од доменот на логистиката и логистичкото обезбедување на Органите на управата, локалната самоуправа и останатата структура на општеството (некои претпријатија, установи и тн.).

Стандардни формациски решенија од досегашниот модел за логистичко обезбедување да се задржи на рамниште баталјон - дивизион и бригада - полк. Во таа смисла перспективно и треба да се осмислува организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување, односно реализацијата на логистичките задачи.

Да се настојува да се достигне максимална економчност и рационалност во функционирањето на организацијата на логистичкото обезбедување во видовите (копнената војска и вое违ното воздухопловство и противвоздушната одбрана) за логистичко обезбедување на единиците во мир и воени услови.

И понатаму да се развива и усовршува организацијата и постапките за логистичкото обезбедување, вклучувајќи го развојот на управните и извршните логистички органи според дејностите и тоа на рамниште единица, касарна, и гарнизон, водејќи сметка за задачите и специфичностите на единиците - установите.

Организацијата за логистичко обезбедување на армијата (нејзините единици и установи) во воени услови во потполност да се усогласува и развива како дел и во согласност со развојот на Органите на управата и локалната самоуправа, за тие да преминат во носители на логистичкото обезбедување за потребите на армијата. Организацијата од моделот управно - извршни органи за логистичко обезбедување, материјални резерви и капацитети во надлежност на армијата да се развиваат и подготвуваат во обем која обезбедува: снабдување на борбени потреби (средства) за армијата и потполна автономност во логистичкото обезбедување до рамниште бригада (родовска или здружена тактичка единица) за одреден број на денови војна по сите видови на обезбедувања.

Територијалната организација за логистичко обезбедување, потенцијалите и капацитетите во надлежност на Органите на управата и локалната самоуправа да се подготвуваат во согласност со потребите на армијата како вооружена сила за непрекинато и долгорочно логистичко обезбедување на вооружена борба и други форми на отпор.

Да се согледаат логистичките функции на рамниште Министерство за одбрана, изработи соодветна анализа за да се изнајде оптимално функционално решение, обединувајќи се што може да се обедини во рамките на Секторот за логистичко обезбедување или поединечната логистичка служба.

Да се изработи соодветна анализа и преиспита мирновремената и воената структура на Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана, во однос на бројот на луѓето и застапеноста на структурата (старешини и граѓански лица на служба во армијата). Организацијата на раководење и командување со логистичкото обезбедување да се усовршува низ подоброто оспособување и усовршување на логистичкиот кадар, техничкото опремување и смалувањето на разликата помеѓу мирновремената и воената организација за логистичко обезбедување.

Перспективно, да се забрза техничкото опремување на логистичките органи, единици и установи (во наредниот среднорочен плански период разреши), а и да се воведат современи системи за врски, особено во пониските рамништа на раководење и командување, баталјон-дивизион и полк-бригада, како и помеѓу командното место на единиците, логистичките командни места, логистичките бази и соодветните органи (одговорните) за логистика во Органите на управата и локалните самоуправи.

Да се разработи и стави во функција автоматски информационен систем поврзан со инфраструктурата во армијата и Органите на управата, локалните самоуправи и соодветни работни организација.

Да се изучи проблемот и изнајде оптимално решение за ефикасно организирање, функционирање, раководење и командување со

логистичкото обезбедување во услови на привремено запоседната територија.

Во организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување (сите видови на дејности) да не се отстапува од стабилизацискиот однесување. Постојано да се следи реализацијата на логистиката, а повремено во зависност од потребите и да се ажурира. Особено внимание да му се посвети на сопственото производство - производство во наши услови. Реално да се планира и да се спречува непокриена потрошувачка.

Создавање на воените материјални резерви

Создавањето на воените материјални резерви во армијата да се смета за приоритетна задача, доследно да се извршуваат усвоените планови за нивно создавање. Нивото на создавање и ешелонирањето на воените материјални резерви да се поврзи првенствено со потпирање на домашното производство. Специфичностите во Военото воздухопловство и противвоздушната одбрана да се почитуваат, да се создадат и во мир да се има стокирано воени материјални резерви на аеродромот.

Достигнатото ниво на воените материјални резерви во единиците и установите на Армијата каде што задоволува да се задржи, да се обезбеди тоа што недостасува, а перспективно тежиштето да биде насочено кон создавање на погонски и санитетски материјални средства и акумулатори за борбените системи.

Да се изврши анализа, и да се преиспитаат височината и структурата на пропишаните норми на следување на воените материјални резерви во армијата, да се усогласат со барањата за успешна одбрана на независноста и интегритетот на земјата, а да се реализира во зависност од економските можности на Република Македонија. Врз основа на стручна анализа (аналитички) да се утврди потребна концетрација на поедини воени материјални резерви (доколку е потребно и преку норми) и критериуми на следување за поедини единици (корпус, бригада, полк, баталјон - дивизион и рамни единици), а со оптимално ешелонирање да се обезбеди сместување и чување.

Со и преку Органите на управата и соодветните органи во локалните самоуправи да се изнајде решение и разреши проблемот околу изнаоѓањето на постојани и стабилни извори за финансирање на воените материјални резерви и стоковите резерви на Репобликата (на пример, до 2000 година да се реализира една програма на создавање на резерви за армијата, односно вооружените сили по рамништа: Република 100 денови на војна, локална самоуправа 30, кај поедини претпријатија 14 и месна заедница - домаќинства 7 дена на војна).

Развој и модернизација на логичката инфраструктура

Развојот и модернизацијата на логистичката инфраструктура е неопходна и приоритетна задача.

Перспективно (во наредниот среднорочен план на развојот и финансирањето на армијата и нејзината организација за логистичко обезбедување) да се изготви и реализира програма за обезбедување на условно сместување и оптимално ешелонирање на воените материјални резерви за потребите на армијата и тоа за соодветна количина на: муниција, минскоексплозивни средства, погоско гориво, интендантски материјални средства, санитетски и ветеринарни материјални средства.

Исто така перспективно, во наредниот развоен период да се обезбеди условно сместување и заштитување на соодветна количина на републички стокови резерви (на пример 100 000 тони) на погонско гориво, кое е во надлежност на Органите на управата на Републиката.

Да се изработи студија за тајни складови и во границите на економските можности на земјата да се уредат и формираат.

Нужно внимание да им се посвети на посиромашните реони (централниот и југоисточниот простор од територијата на земјата) со вода и неразвиена патна мрежа. Во перспективниот - наредниот план на развојот логистиката да го изврши своето влијание врз изработката на студии и програми за водоснабдувањето и изградбата на патната мрежа во централниот и југоисточниот дел на земјата, а со тоа да се подобри и модернизира логистичката инфраструктура.

Материјално работење и информатика во логистичкиот процес

Со концепцијата на развојот на логистичкото обезбедување и логистичките бази и понатаму да се усовршува организацијата на метријалното работење, односно организацијата на Воено смедсководствениот центар.

Логистичките органи, логистичките бази во копнената војска и воздухопловната база, како и останатите логистички единици и установи во армијата, да се опремат со електрични сметачи (компјутери) и да се заокружи една оптимална организација во материјалното работење.

Концепцијата на материјалното работење да се засновува на широката примена на елекричните сметачи и користењето на базата на податоци за материјалните средства. Сето тоа, нормативно да се регулира и реализира со примена на современа организација во работата.

Во Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана тежишните задачи од доменот на информатиката да се насочат во реализацијата на еден информатички автоматски информационен систем, за да се овозможи ефикасно информатичко обезбедување на податоци (врз основа на создадената база на податоци) на различни командни рамништа.

За автоматско водење на материјалната евиденција и создавање на база на податоци за потребите на логистичкото обезбедување и пошироко, во перспекривниот - наредниот план на развојот, да се планира и набави електрични сметачи за потребите на Секторот за логистичко обезбедување, логистичките и воздухопловната база и самостојните единици и установи, а и да се изврши поврзување на сметачите (компјутерите) во мрежа поврзана со единствениот информатички автоматски информационен систем во армијата, вклучувајќо го поврзувањето преку интерактивни видеотерминали каде што е тоа потребно.

Да се изврши анализа на логистичкиот кадар, врз основа на која да се изврши подмладување и стручно и информатичко оспособување за материјално работење на современи основи.

Противпожарна заштита и заштита во работата

На организацијата и функционирањето на противпожарната заштите во перпектива исто така е неопходно да и се посвети нужно внимание. Неопходно е да се извршат организациско - формациски измени, да се формираат соодветни противпожарни одделенија и екипи со тежиште на противпожарните мерки, особено на објектите за сместување на воени материјлни средства и резерви како што е муницијата, минскоексплозивните средства, горивото и тн.

Противпожарните единици (едделенијата и екипоте) да се пополнат со противпожарни средства и опрема, првенствено со средства од домашно производство, а школувањето и обуката на противпожарен кадар да се врши во обем кој го бара редовната пополна на единиците и установите на армијата.

Соработката со организираната структура кај Органите на управата и во локалните самоуправи на територијата перспективно, да се интензивира до мерка за потполно преземање на противпожарното обезбедување, а на рамниште гарнизон и локална самоуправа, да се изработат заеднички планови и мерки за противпожарна заштита.

Во согласност со степенот на развој на армијата, опремувањето со современи военотехнички материјални средства, технолошкиот развој и организираноста на животот и работата, перспективно превентивно да се влијае врз спречувањето и отстранувањето на опасностите и штетноста кои можат да го загрозат животот и здравјето на припадниците на армијата.

Од доменот на заштитата на работата подобро да се дефинира организацијата, функционирањето, надлежноста и нормативите за работа, преземајќи соодветни мерки за материјално и техничко обезбедување на оваа дејност - заштита.

Научноистражувачка работа, издавачка дејност и школување на логистичкиот кадар

Перспективно, насочувањето на клучните задачи и модернизацијата на дејностите од доменот на логистичкото обезбедување треба да се

поврзат со научноистражувачката работа и зголеми нејзината улога низ организирана соработка со научно - развојните институции во земјата. Катедрата за логистика при Воената академија, Катедрата за одбрана на Филозовскиот факултет и Логистичкиот наставен центар на армијата, повеќе да се оспособат за научноистражувачка работа и издавачка дејност. На тој начин и извршувањето на задачите од доменот на логистиката и логистичкото обезбедување за потребите на армијата ќе се подобри и подигне на повисоко рамниште.

Да се разгледа можноста за издавање на стручно списание од областа на логистиката, во кое во согласност со профилската ориентација ќе се развива теоријата и праксата. Во логистичко стручно списание да се изнесуваат резултатите од научноистражувачката работа и праксата, а и разменуваат искуства во сите области на логистиката, економијата и претпријатијата.

Во општите правила и упатства да се вградуваат елементите од организацијата на логистичкото обезбедување, а перспективно да се обезбедува во право време публикување (издавање) на прописи, правила, упатства и нормативни акти од областа на логистиката.

Да се изнајде оптимално решение за оспособување на логистичкиот кадар почитувајќи го достигнатото (земајќи го предвид идејниот проект за стручно оспособување и усовршување на логистички кадар, врз основа на завршена соодветна стручна подготовка - завршен факултет и соодветна специјализација до една година за воена специјалност, за една од логистичките служба), а усогласувајќи го со развојот и модернизацијата на логистиката на армијата. Тежиштето во школувањето и усовршувањето да тече во насока на техничко и функционално оспособување на логистичкиот кадар.

Да се анализира школувањео и усовршувањето на логистичкиот кадар (особено на специјализацијата за офицери за активни страрешини за логистичките служби во армијата и школата за резервни офицери) и предлага соодветни решенија. Да се изработи критериум и изнајде ефикасен начин на селекција на научниот логистички кадар, особено во областа на медицинските, техничките и економските науки.

Да се вработува квалификован логистички кадар, особено доведувањето на клучните должности (работни места) во организацијата на логистиката и логистичкото обезбедување, соодветни кадрови кои ќе бидат способни да ги реализираат сите задачи и програми од доменот на логистиката.

Перспективно да не се дозволува создавање на таканаречен вишок логистички кадар со нерегулиран статус (и старешини и граѓански лица на служба во армијата). Доколку тоа се случи, да се разрешува со соодветно ангажирање на кадарот и тоа насочувајќи ги помладите на пониските рамништа и порамномерно распоредување поради усогласување со оптовареност во работата по поедините структури и рамништа.

Обуката на војниците за логистички должности и времето на специјалистичката обука да се усогласи со барањата за ракување и одржување со воените материјални средства и критериумите кои се применуваат во армиите на земјите членки на "НАТО" и "партнерство за мир" како колективни сестеми за безбедност.

### 5.3. Перспектива на развојот на техничката служба

Во перспектива, тежиштето на развојот на техничката служба би требало да се насочува кон: неопходните организациско - формациски промени; преформирање и формирање на нови единици по критериумите кои владеат во НАТО и армиите на земјите членки во "партнерство за мир"; развојот, усовршувањето и модернизација на материјалната основа (опремата за поправки и ремонт и зголемувањето на манипулативноста со складишните капацитети и воените материјални резерви); развојот и обезбедувањето на технички кадар - подигнувањето на ефикасноста на школувањето и усовршувањето на кадарот; и интензивирањето на научно-истражувачката работа.

Организациско - формациски промени

Перспективно, во развојот на техничката служба е неопходно да се вршат организациско - формациски промени од следните причини: потребата од формирање на нови, преформирање и пренаоружување на постоечките единици и установи на армијата во согласност со критериумите кои владеат во “НАТО” како ориентација и “партнерство за мир” како членка, неопходноста од промена на критериумите на следување и трошење на муниција и минскоексплозивни средства, воведувањето на нова генерација на оружје и воена опрема, зголемувањето на асортиманот на оружјето и воената опрема кој бара и специјалности за одржување и обезбедување на висока сигурност во ракувањето, како и пленски предвидената изградба на повеќе нови и доградување и осовременување на постоечките складови за сместување на резервите.

Организациско - формациските промени, во перспектива, се неопходни и од причина што ориентацијата за брза професионализација на армијата, а со тоа и лигистичкиот кадар, кој покрај ракувањето ќе биде принуден да извршува и задачи окулу одржувањето, особено одржувањето на некои сложени воени средства (тенкови, радари, сметачи и тн.).

Исто така, со неопходните организциско - формациските промени техничкото обезбедување ќе се прилагодува и спрема потребите за поефикасно логистичко обезбедување (логистичка поддршка) за потребите на оперативните состави (здружени единици), односно достигнување на повисока борбена готовност врз основа на техничкиот фактор како во мир, така и за време на мобилизација или евентуелна војна.

Со организациско - формациските промени, во согласност со најновите критериуми, во трупниот ешалон се осигурува и поуредно снабдување во мирно време и воени услови и поефикасно одржување на средствата, односно оружјето и воената опрема, а со тоа и зголемувањето на рамништето на исправноста.

Перспективно, организациско - формациските промени се тие кои треба да обезбедат 100%-тна подвижност на материјалните резерви на

рамниште баталјон - дивизион и други специјални единици, а и подобрат организацијата и функционирањето на техничката служба на повисоките рамништа (пол-бригада, корпус, генералштаб и Министерство за одбрана).

За зголемување на оспособеноста и ефикасноста на техничко обезбедување во мир и воени услови, перспективно е неопходно да се рзмислува и реализира програма која ќе опфати оспособување и усовршување на соодветни специјализирани претпријатија (преку Органите на управата и локалните самоуправи) за потребите на организацијата и функционирањето на логистиката, вклучувајќи ги и прашањата во врска со меѓусебното претпочинување на деловните капацитети и интегрираност во разрешувањето на сместувавањето на материјалните резерви и др.

Развој на материјалната основа

Модернизацијата и опремувањето со опрема за одржување и ремонт, во перспектива е неопходно, особено градењето на модерни и условни објекти, подвижни технички раборилници, алат, мерни инструменти и дијагностичка опрема, кога веќе сме се определиле за развој и ориентација според критериумите на “НАТО”.

Изградбата и модернизацијата на објектите, перпективно тежишна определба на адаптација и модернизација, за условно сместување на оружјето и воената опрема, обезбедување на услови за раселување на материјалните резерви, како и објектите за сервисирање и одржување на оружјето и воената опрема, е важна задача на техничката служба, особено подобрувањето на фондот од транспортни средства за внатрешна манипулација со материјалните резеви.

За изградба на објекти на техничката инфраструктура неопходно е да се рационализираат и усовршат типски проекти за да се подобри нивото на техничката заштита во објетите на техничката служба.

Развојот на наменското производство - претпријатијата за наменската идустрија, да се насочува и тоа во насока на модернизирање и подигнување на техничко - технолошкото рамниште за прифаќање на

нови современи (па и сложени) борбени системи и средства на воена опрема.

Претпријатијата кои се занимаваат со наменска инсдустрија за потребите на армијата да се зајакнат со високостручен кадар (особено развоен), за надминување на заостанатата технологија и усвојување на нови технологии, вклучувајќи ја и технологијата на ремонтот.

Со користење на информатички информационен систем да се подобри работењето, особено планирањето и управувањето со производството и врските со одговорните лица за наменското производство за потребите на армијата во Органите на управата, локалните самоуправи и претпријатијата.

Во областа на муницијата и минскоексплозивните средтва, имајќи ја предвид локацијата и заостанатоста во однос на современата светска технологија во изработката и ремонтот, перспективно е неопходно и формирање на одредени нови капацитети за ремонт на муниција и минскоексплозивни средства.

Развој и обезбедување на технички кадар

Имајќи ја предвид неопходноста од воведувањето на ново оружје и воена опрема во армијата, перспективно е неопходно школување и обезбедување на солиден технички кадар, особено нови специјалности.

Усовршувањето на непосредните извршители на задачите од доменот на техничката служба е неопходно да се врши низ курсирање и тоа, како во Воената академија, така и во претпријатијата поврзани со наменското производство за потребите на армијата и странство.

Школувањето на техничкиот кадар во Воената академија, перспективно, да се спроведува низ специјализацијата за потребите на техничката служба и тоа по насоки и специјалности (класично вооружување, муниција и пиротехнологија, мототехника, ракетна техника, електроника и информатика, погонски материи и заштита од корозија и др.), која бара и изработка на идеен детален наставен план и програма за секоја насока, односно специјалност.

Исто така, неопходно е и перманентно усовршување на наставниот план и програмата за школување на технички кадар, интензивирајќи ја научно - истражувачката работа во врска со наставата за потребите на техничкото обезбедување на армијата, имајќи ги предвид прилагодувањето на школувањето и барањата на се посложената техника и потребите на нејзините единици и установи (трупата).

Школувањето и усовршувањето на техничките резервни офицери да се регулира низ Школата за резевни офицери (перспективно да се формира во рамките на Воената академија или како посебен наставен центар), за време на служењето на воениот рок од кандидати со соодветни технички и градежни факултети, дипломирани инжинери.

Да се обезбедат неопходни основни средства на оружје и воена опрема со статус на наставно средство и да се продолжи со доопремување на Воената академија со неопходните наставни материјални средства, литература, инструменти и опрема од доменот на техничката служба за подобрување и осовременување на материјално - наставната база.

За следење на светските достигнувања во техниката, наставниот процес и обуката наставничкиот кадар да се усовршува и по пат на школување и усовршување во странство, вклучувајќи ја и изработката на магистарски и докторски трудови во земјата и странство, како и размена на искуства со странтски военотехнички школи.

Перспективно, обуката и усовршувањето на војниците од доменот на техничката служба и понатаму да се врши во Логистичкиот наставен центар, со тоа што е можно изработка на анализа за доаѓање до заклучок, дали и со што може да се растовари центарот, односно која обука, усовршување или специјализација може да се изведе надвор од наставниот логистички центар со упатување во останатите единици и установи на армијата, особено за општовоена обука и обука на занаетчии, вклучувајќи ја можноста, да по завршената обука се организираат специјалистички курсеви во траење до еден месец.

Научноистражувачка работа

Перспективно, големо внимание да и се посвети на научноистражувачката работа од областа на техничките науки - техничката служба, со нејзино интензивирање и поставување на ефикасна и современа организација за техничко обезбедување на единиците и установите на армијата.

При наосчувањето на научноистражувачката работа, особено внимание да и се посвети на реализацијата во врска со сместувањето и чувањето на материјалните резерви, нивното ешелонирање, одржувањето со сите негови специфичности, организацијата за работа на сите рамништа од доменот на техничката служба, информативната поддршка на техничкото обезбедување, поставувањето на организација за техничкото обезбедување во различни форми на вооружена борба и видови на борбени дејста и тн.

## 5.4. Перспектива на развојот на интендантската служба

Перспективно, тежиштето на развојот на интендантската служба како логистичка функција, би требало да се насочи кон: развојот на организацијата за интендантско обезбедување (подобрувањето на организациско - формациската структура и потпирање на ресурсите на земјата); развојот на стандардот на исхраната (подобрувањето на биолошката вредност на исхраната и унапредувањето на организацијата и технологијата на исхраната, особено исхраната на издвоените мали состави); развојот на стандардот на обелекување, живеење и услужните дејности (побрза замена на старата воена униформа и усовршување на организацијата на поправка, перење и хемиско чистење на интендантската опрема, како и капењето, берберските и другите услуги); и развојот и обезбедувањето на кадар (соодветна пополна со интендантски кадар, особено пополна со граѓански лица).

Развој на организацијата за интендантско обезбедување

Организацијата за интендантско обезбедување, особено за во воени услови, перспективно, многу повеќе да се потпира на ресурсите на земјата преку Органите на управата, локалните самоуправи и претпријатијата, со задржување на автономност само за дејностите за кои е неопходно (низ укинување на работилничките и перачките единици во единиците, предавајќи ги на логистичките бази за користење како постојани капацитети - доколку е потребно развивање кон борбениот распоред тоа да го чинат логистичките бази со свои возила, сили и срредства и низ пополна на единиците рамниште чета - батерија со неопходен кујнски инвентар за подготвување на топли напитоци, а по потреба и готвени јадења).

Низ усовршување на организацијата за интендантско обезбедување, да се усоврши и доктрината, организациско - формациската структура, раководењето и командувањето со интендантските органи, единици и установи. Насочувањето да се одвива во насака на зајакнување на управно - планската функција и обезбедување на поголема поврзаност и соработка на интендантските органи со Органите на управата, локалните самоуправи и претпријатијата на подготвувањето и уредувањето на територијата за преземање на работи од кои треба да се растовари армијата, односно нејзините единици.

Да се изврши анализа и оцени состојбата и досегашното искуство. Анализирајќи ги проблемите да се предложи подобра исхрана за сите војници, питомци - воени студенти, болни и останати припадници на армијата на интендантско обезбедување во надлежност на интендантската служба.

Да се изнајде решение за задолжување на воените обврзници со интендантска опрема и регулира (обезбеди) чувањето на резервите од интендантски материјални средства во текот на мобилизацијата, преку Органите на управата, локалните самоуправи и претпријатијата.

Развој на стандардот на исхраната

Перспективно, развојот на исхраната би требало да се одвива во насока кон подобрување на енергетската и биолошката вредност на дневните оброци. Тоа може да се постигне со порамномерно учество на група продукти во енергетската вредност имајќи ја предвид биолошката (на пример, смалување на месо и сувомесни производи, а зголемување на млеко и млечни производи и тн.). Исто така, тоа може да се постигне и со усогласување на енергетската вредност на дневните оброци храна по обеди (на пример, да се зголеми енергетската вредност на појадокот на сметка на вечерата и тн.)

Да се работи на усовршување на технологијата и организацијата на исхраната, вклучувајќи ја контролата и подигнувањето на квалитетот на исхраната, особено проблематиката врзана за манипулирањето со готовите јадења, доставувањето на топлите јадења, културата и правилното послужување, одржувањето на хигиената и спроведувањето на санитетско - безбедносните мерки.

Исто така, перспективно, да се работи на усовршувањето на исхраната на малите и издвоените состави и објекти, низ подобрување на снабдувањето со намирници за исхрана, приоритетна пополна и брза поправка на интендантската опрема. Доколку е потребено, некои состави (врз основа на претходна економска анализа) да се опремат со уреди за печење леб, создадат енергетски и други услови за подготвување на појадок, топли напитоци и јадења кои се спремаат на брза рака.

Да се изработи студија за "оптимална организација за обезбедување на леб", а имајќи ги предвид сите специфичности на армиските барања за во мир и воени услови да се усоврши организацијата за обезбедување на леб (насока - минимизирање на сопственото производство, а максимално користење на набавката леб од пекарските претпријатија).

Развојот, усовршуваето и пополнувањето на армијата со интендантски материјални средства да се движат во насока на опремување на нејзините единици и установи по критериумите на "НАТО" и армиите на земјите членки во асоцијацијата "партнерство за миир" како "колективни системи на безбедност". По конкретно, ориентацијата и

продолжувањето на развојот да се во насока на пополна со современи кујни авто приколки и соодветен кујнски инвентар, машини и уреди (товарни кујни, машини за лупење компири, термоси, прибор за јадење, месарски прибор и др.), вклучувајќи го и потпирањето на капацитетите на Органите на управата, локалните самоуправи - соодветните угостителски претпријатија - хотели, ресторани и тн.

Перманентно да се работи на усовршување на интендантската инфраструктурата - на материјалната база за подигнување на стандардот на исхраната. Приоритет да имаат адаптациите над постоечките интендантски објекти (ресторани и издвоени сали за обедување).

Што се однесува до научноистражувачката работа за потребите на исхраната, перспективно, да се одвива во насока на поголемо потпирање на Органите на управата, локалните самоуправи и соодветните претпријатија.

Развој на стандардот на облекувањето, живеењето и услужните дејности

Перспективно, врз основа на анализа на состојбата на облеката во армијата да се пристапи кон развојот на мирновремената и воената облека (усовршување на постоечката и развој на нова), земајќи ги предвид домашните суровини и регенерати, додека старата (затекнатата) униформа да се износи за работа и занимање до 1998 година. Исто така, да се пристапи кон развојот и усовршувањето на облека за специјална намена (за послуга за борбени возила, диверзантска, смучарска и тн.) и отпоче со неопходната пополна според плановите за развој и предвидената динамика.

До 1998 година да се заврши поплнувањето со нова военотеренска униформа, а потоа да се продолжи со редовно обезбедување - пополнување на единиците и установите на армијата поради зановување.

Да се пристапи кон развојот на теренските материјални средства (ќебиња, вреќи за спиење, теренски кревети, амбалажа-комплет сандаци за пакување и транспорт на интендантски материјални средства и сл.) за живеење во посебни теренски услови и отпочне со набавката и

пополнувањето на единиците и установите на армијата (да се врши набавка од најмалку 10% годишно за зановување).

Перманентно да се работи на усовршување на организацијата за капење, перење, хемиско чистење, берберски услуги и други услуги преку специјализирани интендантски сервиси. Перспективно, во наредните 5 години, приоритет да и се даде на адаптацијата на постоечките купатила, хемиски чистилници и перални и изградба на соодветни нови современи интендантски објекти.

Научноистражувачката работа за потребите на облекувањето и живеењето во наредните пет години би требало да се организира со потпир на Органите на управата и локалните самоуправи и претпријатијата, а во насока на:

-усовршување на војничката униформа, вклучувајќи ја и униформата за жени, особено во насока на подобрување на топлотната заштита;

-развој на униформата за старешините за излез во град и работа (особено работа во трупа) до 2000-та година би требало да се заврши, вклучувајќи ја тука домашната суровина и изнаоѓето решение за подобра заштита од дожд;

-продожување со работата на подобрувањето на обувките, особено во насока на подобрувањето на својствата на кожата, нејзината отпорност на пот, трајност, стареење и намалување на тежината;

-усовршување на технологијата на перење и хемиско чистење на облеката и интендантската опрема;

-изработување на студија, со потпир на специјализирани претпријатија, за "Оптимална организација на перењето и хемиското чистење" во мирно време, а особено во воени услови.

Развој и обезбедување на интендантски кадар

Во наредните пет години (перспективно) обезбедувањето на интендантски кадар да се врши врз основа на предложените решенија во идејниот наставен план-програмата за стручно оспособување на офицери за интендантска служба во согласност со Законот за Воена академија. Врз

основа на стручна анализа за одливот на интендантскиот кадар по разни основи, да се изработи студија за стручното оспособување и усовршувањето на кадар за потребите на интендантската служба на лица (кандидати) со завршено соодветно високо образование во граѓанство - Републиката (факултет - технолошки, економски и сл.). Школувањето на резервен интендантски офицерски кадар да се врши во рамките на решенијата како и за останатите родови и служби на армијата (во центар за обука на разервни офицери).

Обуката на војниците и десетарите во наредните пет години да се задржи во интендантските наставни единици во логистичкиот наставен центар (готвачи, пекари, шнајдери, чевлари, столари и тн.).

Перспективно, да се изврши соодветна поплна на граѓански лица на служба во армијата за работи и задачи од доменот на интендантската служба - готвачи, пекари и тн. Да се изработи стручна анализа за промена на интедантските формациски места граѓанско лице, подофицер или офицер. Врз основа на стручната анализа да се извршат промени во организациско - формациските решенија, да се заменат формациските (работните) места предвидени за подовицери со граѓански лица и офицерски формациски места со подофицерски и тоа секаде каде што соодветните лица можат квалитетно да ги извршуваат задачите. Со приемот на граѓански лица на служба во армијата за работи и задачи од доменот на интендантската служба да се смали бројот на интендантските старешини (офицери и подофицери), а со тоа и нивно оспособување и усовршување.

Во наредните пет години да се изработи воеостручна литература (правила, упатства, прирачници и тн), особено литература која ќе ја обработи интендантската проблематика како што е интедантското обезбедување на единиците во мирно време и воени услови, организацијата и технологијата на работа во интендантските објекти, потоа, организацијата и работата на интендантските единици во мир и воени услови, складирањето на интедантските материјални средства и тн.

## 5.5.Перспектива на развојот на санитетската служба

Тежиштето на развојот на санитетката служба треба да се насочи кон: усовршување на мирновремената организација на санитетската служба, воената организација, обуката и школувањето, соработката со цивилната здравствена служба на воените подготовки, превентивно здравствената заштита, примарната здравствена заштита, болничкото лечење, опремувањето, развојот на кадарот и научно истражувачката работа и издавачката дејност.

Усовршувањето на мирновремената организација треба да се одвива во насока на усовршување на организациско формациските промени на санитетската служба и воопшто во армијата во мирно време и воени услови. Нивото на развојот на здравствената заштита да се восогласи со нивото на развојот на технологијата и опремувањето во здравствените установи.

Организацијата на управните органи во командите на армиските корпуси во потполност да се растовари од задачите од областа на социјалното и здравственото осигурување, а првенствено да се оспособува за воени подготовки на санитетската служба и здравството како целина.

Со следење и анализирање на предностите и слабостите да се усовршува организацијата на основната здравствена заштита во сегашната организација на гарнизони амбуланти.

Организационо и кадровски Центарот на воено здравствените установи, особено Воената болница - Скопје и понатаму да се зајакнува за да се подобри организацијата на лечењето, земајќи го предвид домашното (куќното) лечење, патронажната служба и итната медицинска помош, а вклучувајќи ги соодветните формациски измени од областа на санитетската служба.

Во согласност со современата технологија и барањата на епидемиолошките методи за следење на неинфективни заболувања, перспективно, постепено да се усовршува и менува оргаганизацијата на

медицинската заштита, кадровската структура и методите за работа на Заводот за превентивно медицинска заштита.

Усовршувањето на воената организација, перспективно, да се одвива во насока на усогласување со најновите сознанија од воената вештина и достигнувањата на современата воена медицина, вклучувајќи ги тука и материјалните можности на земјата. Во формациите на баталјоните, дивизионите и установите (логистичките бази и тн.) во перспектива да се воведат лекари.

За да се обезбеди пренесување на повредените од местото на ранување до болница (хируршка установа) на Република Македонија во време од 8 часови, неопходно е во наредниот временски перспективен период да се подобри санитетската евакуцаија (евакуацијата на повредените и болните), да се забрза темпото на обезбедување на специјализирани санитетски автомобили со едно и повеќе носила.

Обуката и школувањето на војниците болничари, перспективно и понатаму да се врши во Логистички наставен центар, а врз основа на стручна анализа е неопходно да се дојде до заклучок, дали и со што логистичкиот наставен центар може да се растовари, односно која обука, усовршување или специјализација може да се изведе надвор од центарот со упатување во останатите единици на армијата како и во санитетските единици и Воената болница, особено општовоената обука или обука за санитетски специјалности, вклучувајќи ја можноста да и по завршената обука се организираат специјални курсеви во траење до еден месец.

Планирањето на годишното обучување на болничари во Логистичкиот наставен центар да се врши врз основа на стручна анализа за приливот и одливот на санитетскиот кадар за обезбедување на потребен број болничари за воена армија. Исто така, неопходно е и оспособување и школување на жени - болничарки за работа во воени услови и нивно на наекој начин вклучување во армијата на што во

престојниот перспективен период треба да му се посвети внимание како на посебно прашање.

Школувањето на резервен санитетски офицерски кадар да се врши во рамките на решенијата како и за останатите служби на армијата (во центарот за обука на резервни офицери), врз основа на стручна анализа за приливот и одливот на резевен санитетски офицерски кадар, а кандидатите да имаат завршено медицински, стоматолошки или фармацеутски факултет. На лекарите, стоматолозите и фармацеутите да им се овозможи со разни видови на усовршување следење на развојот на најновите сознанија и технолошки достигнувања од областа на медицинските науки.

Соработката со цивилната здравствена служба за воени подготовки перспективно да се подобри, непосредно да се соработува со соодветните органи на уравата и локалната самоуправа на изградување организација која ќе ја интегрира здравствената заштита. Ажурирањето на воениот распоред и соодветната пополна со санитетски кадар за здравствена заштита во воени услови да се подигне на оптимално рамниште.

Да се подобри организацијата за снабдување со крв, инфузиони раствори и медицински кислород во воени услови.

Превентивната здравствена заштита перспективно да се насочи кон интензивно следење и усовршување на разни методи на спречување, откривање и сузбивање на заразни болести и потенцијални биолошки, хемиски и радиолошки агенси.

Да се интензивира работата на модернизацијата и побрзиот развој на вирусологијата, имунологијата и микробиолошките методи за мирновремени и воени потреби, а исто така да се воведат и современи имунолошки препарати за заштита на воените лица од одредени заразни болести.

Во областа на превентивно здравствената заштита да се интензивира усовршувањето на кадарот со воведување на нова опрема и

средства и кадровско зајакнување на кадарот во Заводот за превентивно медицинска заштита.

<u>Примарната здравствена заштита</u> перспективно да се насочи кон подигнување на стручното ниво и подобрување на квалитетот на здравствените услуги особено итната служба, куќната нега и патронажната служба.

Да се обезбеди соодветна кадровска пополна за оптимална пополна на гарнизонските амбуланти со лекари специјалисти од општа медицина.

До 2000 година да се адаптираат и модернизираат гарнизоните амбуланти и обезбедат просторни и кадровски услови за пружање на квалитетни здравствени услуги, усовршувајќи ги сите профили на медицински кадар и осовременувајќи ги и воведувајќи нови медицински методи.

<u>Болничкото лечење</u> перспективно да се насочи кон обезбедување на оптимални условни болнички капацитети. Во Воената болница во Скопје да се создадат услови за работа на највисоко стручно ниво со обезбедување на кадар за сите специјалности на сите клиники за полесно следење на развојот на врхунската медицина низ дијагностичко - терапеутска процедура и создавање на поволни услови за научно истражувачка и наставна дејност.

До 2000 година во Центарот на военоздравствени установи, а особено Военатата болница - Скопје да се воведе компјутерски автоматизиран информационен систем и мрежа на корисници во сите нивоа на здравствената заштита (примарна и секундарана, амбулнтско поликлинички и стационарен дел) за потребите на финансиско - техничкото опслужување и статистичкоизвештајната служба, како и за подигнување на условите за работа на повисоко ниво и создавање на подобри услови за научно истражувачка и наставна дејност.

<u>Опремувањето</u> перспективно да се насочо кон постепеното вршење на замена на дотраената медицинска и друга опрема воведувајќи и нова

како би се обезбедиле оптимални услови за работа на медицинските установи во мирно време.

Развојот на медицинската опрема да се насочи кон усовршувањето на досегашната и воведување на нова опрема, како би се зголемила ефикасноста на превентивно медицинската заштита и лечењето. Да се зголемат воените разеви од санитетски материјални средства на 30 дена работа во воени услови.

Развојот на кадарот перспективно да се насочи кон извршување на правовремена пополна со лекари и стоматолози во основната здравствена заштита, бидејќи недостаток ќе се појави со заминувањето на затекнатиот медицински кадар од поранешната ЈНА, особено по 2000-тата година. Затоа, секоја година, почнувајќи од 1996 година, со конкурс да се обезбедува соодветен профил на медицински кадар за специјализација од сите гранки на медицината за да се обезбеди планска динамика на пополна со специјалисти кои недостасуваат.

Поаѓајќи од стручна анализа за динамиката на одливот и приливот (пополнувањето на армијата) на санитетски офицерски и подофицерски кадар со висока, виша и средна стручна подготовка, постепено да се ублажува нескладот кој што е затекнат и утврди динамиката на оспособување на санитетски кадар. Низ досегашните извори за пополна со лекари, стоматолози и фармацеути и со тежиште на примање на граѓански лица на служба во санитетската служба на армијата да се продолжи, додека во рамките на Воената академија и Воената болница школувањето да се спроведува низ специјализацијата за потребите на санитетската служба и тоа по насоки и специјалности. Да се настојува максимално, воените старешини да се заменат со граѓански лица од соодветна стручна подготовка, а доколку е неопходно и дел од медицински кадар да се обезбедува по пат на степендирање.

Школувањето и усовршувањето на санитетски резервни офицери да се регулира како и за останатите логистички служби, низ Школата за резервни офицери за време на служењето на воениот рок од кандидати со соодветни медицински факултети (лекари, стоматолози и фармацеути).

За следење на светските достигнувања во медицината, наставниот процес и обуката на наставниот медицински кадар да се усовршува и по пат на школување и усовршување во странство, вклучувајќи ја и изработката на специјалистички, магистарски и докторски трудови во земјата и странство, како и размената на искуства со странски медицински и военомедицински школи, факултети или институции.

Обуката и оспособувањето на војниците од областа на санитетската служба и понатаму да се врши во Логистички наставен центар, вклучувајќи ја можноста да се со стручна анализа дојде до заклучок, дали и со што центарот може да се растовари, односно каоја обука, оспособување, усовршување или специјализација може да се изведе поквалитетно и по економично со упатување во останатите единици и установи на армијата, особено општовоената обука (во единица на армијата) и обуката за специјалисти (во Воената болница).

Научноистражувачката работа и издавачката дејност, перспективно со потпир на научноистражувачките цивилни медицински установи и светските бази на медицински податоци - информации, треба да се нсочи кон основните потреби на армијата за изнаоѓање и откривање поефикасна медицинска заштита од дејството на современата воена техника. Неопходно е подмладувањето и стимулирањето на научно - истражувачкиот кадар и осовременувањето на медицинската опрема.

При насочувањето на научноистражувачката работа особено внимание е неопходно да му се посвети на задачите како тежишни од областа на токсикологијата, епидемиологијата и заштитата од биолошки борбени средства, потоа медицинско - радиолошката заштита, проблемите окулу згрижувањето на повредените и болните како и влианието на човечкиот фактор и работната средина на појавата од поедини заболувања.

Издавачката дејност во перспектива е неопходно да се осоврмени и доведе во согласност со развојот на медицинските науки за на санитетскиот кадар да му се овозможи побрзо доаѓање до квалитетни

нови научни сознанија и информации, низ иновирање на медицински наставен материјал, учебници, публикации од прирачно - учебнички карактер, како и заострување на критериумите за стекнување на највисоки звања во медицината (специјалисти, магистри и доктори во научната област).

### 5.6. Перспектива на развојот на ветеринарната служба

Перспективно, тежиштето на развојот на ветеринарната служба би требало да се насочи кон: модернизацијата и осовременувањето на ветеринарната служба, обуката на ветеринарниот кадар и научно истражувачката работа и издавачката дејност.

Модернизацијата и осовременувањето на ветеринарната служба, перспективно треба да обезбеди квалитетно престројување на ветеринарната служба во армијата во корист на приоритетните задачи (здравствената заштита, репродукцијата и селекцијата на животните на воената економија и армијата воопшто). Кадровското покривање на овие дејности да се врши со ангажирање на ветеринарен кадар во својство на граѓански лица на служба во армијата (да се смалува бројот на воени старешони). Пополнувањето на армијата со дипломирани ветеринари, болничари, потковувачи и дресери на кучиња да се доведе во согласност со одливот на ветеринарниот кадар, додека приемот да се врши по пат на конкурс од граѓанство. Да не се оди на степендирање студенти по ветерина.

Во перспектива, сместувачките капацитети за војниците во центарот за одгледување и обука на кучиња да се прошират и подобрат, со примена на најсовремени методи на одгледување, селекција и здравствена заштита на кучињата, зголемувајќи го бројот на службени кучиња на оптимално рамниште за потребите на армијата.

Обуката на ветеринарниот кадар да се врши врз основа на предложените решенија во идејниот наставен план - програмата за стручно оспособување на офицери за ветеринарна служба во согласност со Законот за Воена академија, а врз основа на стручна анализа за одливот на кадарот по разни основи и студија за стручно оспособување на ветеринарен кадар на лица со завршен ветеринарен факултет. Школувањето на резервен офицерски кадар д се врши во рамките на решенијата како и за останатите логистички служби на армијата (во центар за обука на резервни офицери).

Обуката на војниците во наредните години (перспективно) и понатаму да се врши во рамките на логистичкиот наставен центар, (во чиј состав е и центарот са одгледување и дресирање на кучиња) и во останатите единици на армијата.

Перспективно, да се изврши примање на граѓански лица на служба во армијата за работи и задачи од доменот на ветеринарната служба, врз основа на стручна анализа за промена на ветеринарните формациски места граѓанско лице, подофицер или офицер (врз основа на стручната анализа да се заменат формациските - работните места предвидени за подофицери со граѓански лица и офицерски формациски места со подофицерски и тоа секаде каде што соодветните лица можат квалитетно да ги извршуваат задачите од областа на ветеринарната служба).

Научноистражувачката работа и издавачката дејност, перспективно да се насочи на разрешување на актуелните, првенствено воените потреби (унапредување на организацијата за употреба и згрижување на добитокот, службените кучиња и стоката за колење; осовременување на содржините на ветеринарните комплети и тн.). Што се однесува до издавачката дејност, во наредните пет години да се изработи военостручната литература (неопходните правила, упатства, прирачници и тн.), особено литературата која ќе ја опфати и обработи ветеринарната проблематика и ветеринарното обезбедување на единиците во мирно време и воени услови.

## 5.7.Перспектива на развојот на сообраќајната служба

Перспективно, тежиштето на развојот на сообраќајното обезбедување би требало да се насочи кон усовршување на организацијата за негово ефикасно функционирање како во мирно време така и во воени услови, особено обезбедувањето на поголема безбедност во сообраќајот, интензивирањето на железничкиот сообраќај и усовршувањето на информативниот сообраќаен систем.

Во наредниот петгодишен резвоен период посебно ангажирање е потребно окулу формирање на тело за координирање и организирање на сообраќајот, со задача да се подобри планирањето, организирањето и извршувањето на движењето, изучувањето на организацијата за управување со сообраќајот, поврзување на организацијата на интегралниот транспорт и тн., како би се изградила единствена организација (систем) на сообраќајот и транспортот и организирано функционирање особено во воени услови, во соработка со надлежните Органи на управата и локалните самоуправи.

Да се усоврши организацијата на диспечерската служба и обезбеди подобро планирање на превозувањето и следење на извршувањето на транспортот и сообраќајните задачи.

Подобрувањето и усовршувањето на организацијата на транспортот и диспечерската служба да се насочат кон смалувањето на експлоатацијата на моторните возила и потрошувачката на гориво.

Исто така, во соработка со Органите на управата и локалната самоуправа безбедноста во воениот сообраќај да се подигне на повисоко ниво (со подигнување на квалитетот на основната обука и обуката на возачите во единиците) и да се дефинира местото и улогата на сообраќајната воена полиција. Органите на сообраќајната полиција и воената полиција да воспостават тесна соработка и извршат распределба на задачите (сообраќајната цивилна полиција да се ангажира на регулирањето и контролата на сообраќајот на територијата, додека сообраќајната воена полиција на обезбедувањето на движењето на

единиците). Органите на сообраќајната воена полиција во мирно време приоритетно да се ангажираат на контролата на воените моторни возила во јавниот сообраќај, за што е неопходно перспективно и да се опремат со соодветна опрема - радари, алкотест, светлива флуоросцентна опрема и тн.

Школувањето на сообраќајниот кадар да се развие и усоврши во согласност со идејниот план и програмата за стручно оспособување и усовршување на логистичкиот кадар и во согласност со потребите на развојот на армијата. Потребниот профил на сообраќаен офицерски кадар да се обезбеди врз основа на изработена стручна анализа за одливот и приливот на кадарот по разни основи и студија за стручно оспособување и усовршување на сообраќајниот кадар на лица со завршено соодветно високо образование во граѓанство - Република Македонија (завршен сообраќаен и друг соодветен факултет), додека школувањето на резервен сообраќаен кадар да се врши во согласност со решенијата како и за останатите родови и служби на армијата (во соодветен центар за обука на резервни старешини).

Во рамките на логистичкиот наставен центар, автомобилските наставни единици формациски и наставно да се оспособат за високо квалитетна обука на војници возачи со и без возачки дозволи од граѓанство со оптимално потребен број на моторни возила за обука.

Тежиштето во научноистражувачката работа, перспективно да се насочи на развојот на организацијата (системот) за сообраќајно обезбедување на армијата во согласност со решенијата на Органите на управата и рационалната структура за транспорт на управните и извршните органи во единиците, установите и гарнизоните на армијата.

Информациониот систем на сообраќајната служба да се усоврши и осовремени, да се обезбедат датотеки за сообраќајните средства, опремата и инфраструктурата за сите гранки на транспортот, како и можностите на сообраќајот и транспортот на територијата, развивајќи еден модел за следење на оперативното движење за материјално превозување и рационализација на транспортот во мирно време, обезбедувајќи оптимален број на елетрични сметачи (компјутери).

Перспективно, основните функции на сообраќајната служба да се покријат со стручна литература низ изработка на правила и упатства од областа на сообраќајот и транспортот, додека за основното школување да се обезбеди учебничка литература.

### 5.8. Перспектива на развојот на финансиската служба

Перспективата на развојот на финансиската слежба, набљудувана од аспект на една од логистичките функции, би требало да се насочи кон: развојот на организацијата за финансиско обезбедување, обезбедувањето на финансиски кадар и научноистражувачката работа и издавачката дејност.

Развојот на организацијата за финансико обезбедување на армијата неопходно е да се усогласува и развива со развојот на армијата. Во таа смисла нужно е подобрување на ефикасноста на финансиското обезбедување во мир (вклучувајќи ги и подготовките за во воени услови) низ рационално и економично однесување до финансискиот и човечкиот потенцијал. Низ добро поставена современа организација на финансирање на армијата однесувањето да се доведе во согласност со расположливите финансиски средства и плановите за развој и финансирање на армијата.

Организациско - формациската структура на финансиските органи во армијата (во рамките на организционите единици и внатрешните организциони единици како единки) и во наредниот период (перспективно) да се усовршува и наменски дооформува според финансиските можности и концепцијата за одбрана на независноста и интегритетот на земјата.

Организацијата на финансиското обезбедување на армијата во потполност да се усогласува и развива како дел и во согласност со развојот на Органите на управата и локалната самоуправа за тие да се чувствуваат носители на финансиското обезбедување за потребите на армијата. Организацијата за финансико обезбедување на армијата како модел да се развива и подготвува во обем кој обезбедува финансико обезбедување на

борбените потреби на армијата. На рамниште Министерство за одбрана врз основа на стручна анализа, како и за сите други логистички функции и за финансиското обезбедување, да се изнајде оптимално функционално решение, обединувајќи се што може да се обедини во рамките на логистиката.

Перспективно, да се забрза техничкото опремување на финансиските органи, особено со информатичка опрема (посебно сметачка - компјутерска), да се разработи и стави во функција автоматски финансиски информационен систем поврзан со инфраструктурата во армијата. Да се изучи проблемот и изнајде оптомално решение за ефикасно организирање и функционирање на организацијата за финансико обезбедување на армијата (нејзини единици) во услови на привремено запоседната територија.

Во организацијата и функционирањето на финансиското обезбедување да не се отстапува од рационално (стабилизациско) однесување, постојано да се следи состојбата на трошењето на финансиските средства (реализацијата), реално да се планира и да се спречува непокриена потрошувачка.

Обезбедувањето на финансиски кадар, да се насочи кон изнаоѓање на оптимално решение за оспособување на финансиски кадар почитувајќи го достигнатото рамниште (земајќи го предвид идејниот проект за стручно оспособување и усовршување на логистичкиот кадар, кој се засновува на оспособување на кандидати со завршен соодветен факултет и соодветна специјализација) и усогласувајќи го со развојот и модернизацијата на организацијата за финансиско обезбедување на армијата. Тежиштето во усовршувањето на финансискиот кадар да тече во насока на техничко и функционално оспособување на кандидатите за квалитетно и професионално извршување на задачите од областа на финансиите.

Перспективно, да се вработува квалификован финансиски кадар, особено кога се работи за доведување лица на клучните должности (работни места) во оганизационоте и внатрешните организациони единици, да се примаат и доведуваат соодветни кадрови кои ќе бидат

способни да ги реализираат задачите и програмите од областа на финансиите квалитетно и високопрофесионално.

Исто така, во наредниот развоен период да се води сметка и да не се дозволува создавање на таканаречен вишок на финансики кадар со нерегулиран статус (без оглед на тао дали се работи за старешини или граѓански лица на служба во армијата). Доколку тоа се случи, да се разрешува итно со соодветно ангажирање на кадарот и тоа насочувајќи ги помладите на пониските рамништа и порамномерно распоредување поради усогласување со оптовареноста во работата по поедини работни места и рамништа во рамките на финансиите и пошироко во логистиката на армијата.

Научноистражувачката работа и издавачката дејност, перспективно да се насочи кон издавање на правила и упатства од доменот на финансиското обезбедување на армијата, а во општите правила и упатства за потребите на армијата да се вградуваат елементите од организацијата на финансиското обезбедување. Во право време да се обезбедува публиковање (издавање) на прописи, правила, упатства и нормативни акти од областа на финансиите.

### 5.9. Перспектива на развојот на градежната служба

Тежиштето на развојот на градежната служба како логистичка функција, перспективно би требало да се насочи кон: општите цели на развојот на градежната служба за потребите на армијата, и целите на развојот на поединиде дејности од областа на градежништвото (просторното уредување на инфраструктурата на армијата, научноистражувачката работа и издавачката дејност, енергетската потрошувачка во армијата, изградбата и одржувањето на објектите).

Општите цели на развојот на градежната служба, перспективно би можеле да се засновуваат на следните претпоставки и општи цели:

прво, инвестиционата изградба во наредните пет години, во физичкиот обем, ќе остане во глобала на досегашното ниво (или помалку), со приоритет на изградба или адаптација на објекти за сместување, чување и одржување на техничките материјални средства, објекти за обука, стандард и уредување на територијата;

второ, вложувањето во енергетските потреби и изградбата на објекти како инфраструктура ќе се зголеми. Ќе се појави потреба од обезбедување на рамномерен, забрзан и рационален развој на потребите од доменот на градежништвото кое ќе се аплицира низ современа концепција на изградба, подобра термичка и друга заштита на објектите, концепцијата на потрошувачката и користењето на јавните комунални капацитети;

трето, финансиките средства како фактор кој ограничува ќе го вршат своето влијание врз можностите за изградба. Градбата и адаптацијата на сите видови на објекти ќе биде роковно покуса, поквалитетна, скромна по опремањето и рационална по решениата и функционалноста;

четврто, планирањето на развојот на инфраструктурата на армијата ќе постанат исклучителна база за носителот на политиката на развојот и планирањето на градежното обезбедување;

петто, за проектирање и изградба на објекти ќе се користат капацитетите на претпријатијата;

шесто, кадровската градежна структура е неопходно плански да се подобрува и обезбеди оптимален број на квалитетни извршители на работите и дејностите од областа на градежништвото, со настојување сегашните формациски места во армијата да се задржат на постоечкото рамниште, а продуктивноста во работата од година во година да се зголемува; и

седмо, организацијата на градежното обезбедување во единиците (командите и гарнизоните) со управно извршните функции да се задржи на досегашното рамниште, а усовршува со рационални решенија.

Целите на развојот на поедините дејности од областа на градежништвото, перспективно би требало да се насочат кон просторното уредување на инфраструктурата на армијата, научноистражувачката работа и издавачката дејност, енергетската потрошувачка, изградбата и одржувањето на објектите.

Просторното уредување на инфраструктурата на армијата, перспективно е неопходно да се насочи кон брзото дефинирање на развојот на инфраструктурата, која би се засновувала на сегашните и перспективните потреби н армијата, со разработка на соодветни програми и проекти.

За просторното уредување на инфраструктурата на армијата до 2000-тата годинада се разработат и верифицираат новите планови, а ажурираат постоечките.

Перспективно, континуирано да се усовршуваат и модернизираат работите во врска со воениот катастар, со прометот и управувањето со непокретностите, заштитата на имовинските права, контрола на прометот на непокретностите за минатиот период и да се усовршува и модернизира информативниот систем и воведе компјутерска обработка на податоците. Со тоа би се усовршила и ажурирала евиденцијата за состојбата со непокретностите и би се создале поволни услови за заштита на воената имовина и реална основа за дефинирање на развојните програми.

Научноистражувачката работа, перспективно би требало да се насочи кон нејзино прилагодување до современите барања за градење со сите специфичности за потребите на армијата, долгорочна ориентација и дефиниран приоритет. Задачите можат да се извршуваат во најголемиот дел по пат на услуги од страна на соодветните претпријатија, научните институции и факултетите.

Тежишната ориентација на научноистражувачката работа би требало да е на типизацијата на новите објекти и на иновирање на старата типска проектна документација со што би се обезбедило поедноставна рационална и економична оправданост во изградбата на објектите,

особено објектите за борбена обука, уредување на територијата, сместување и одржување на материјално техничките средства и објектити за подобрување на стандардот на припадниците на армијата (војниците, студентите-питомците и слушателите на Воената академија, војниците по договор, граѓанските лица на служба во армијата и старешините).

Научноистражувачката работа во наредниот период својот придонес во градежништвото да го даде и низ поедноставување на административно - техничките постапки и постојаното усовршување на нормативните и техничките регулативи.

Издавачката дејност на градежната служба во перспектива, да се насочува континуирано во општите правила и упатства да се вградуваат елементи од доменот на градежното обезбедување на армијата, додека неопходните прописи, правила, упатства и нормативни акти од областа на градежната служба да се публикуваат правовремно.

Енергетската потрошувачка во армијата, во перспектива (до 2000-тата година) да се насочи кон реализацијата на целите и задачите зацртани во елаборатите и документите на Органите на управата во Републиката во врска со потребите на армијата кои го опфаќаат и развојот на дејностите и енергетската инфраструктура во армијата.

Доколку стручна анализа покаже да е неопходно смалување на енегетските капацитети кои користат течно гориво за сметка на зголемувањето на потрошувачката на цврстите горива или обратно, а е поврзано со значајни и незанемарливи финансиски средства, тоа во перспектива континуирано да се следи и да се соодветно постапува.

Исто така, неопходно е во голема мерка кадровски и организационо прилагодување според промените кои произлегуваат од зацртаната програма на развојот на инфраструктурата во армијата. Кадровското оспособување за стручно опслужување и одржување на градежните уреди и соодветната пополна со граѓански лица енергетичари, правовремено да се разрешуваат низ разрешување на основните прашања во врска со термоенергетското обезбедување на армијата и штедењето.

Изградбата на објектите, перспективно да се насочи кон усовршување и осовременување во областа на инвестициите, со поголемо ангажирање, стручни анализи и проценки да се нудат рационални решенија кои помеѓу останатото ќе се завршуваат и во покуси временски рокови. Посебено внимание да и се даде на деталната стручна контрола на проектната документација, афирмирајќи ја тимската работа и колективното денесување на одлука, особено за крупни и сложени инвестиции.

За проектирање на објектите од интерес за армијата во перспектива континуирано да се користат специјализирани проектни претпријатија или институции.

И во наредниот период можната реализација на разни градежни работи да се врши во сопствена режија, а особено работи кои можат да се извршуваат во рамките на обуката, користејќи ја сопствената механизација.

Одржувањето на објектите, во наредниот период да се насочи кон одржување на недвижностите на армијата, користејќи ги сопствените сили вклучувајќи ги тука и војниците.

Извршните градежни органи во потполност да се оспособат за редовно одржување на објектите, додека на градежните секции по касарните и гарнизоните д им се подигне ефикасноста со следење на продуктивноста и подобрување на рационалноста во работењето. Врз основа на стручна анализа до 2000-тата година да се изработат нови критериуми за составот, големината и типот на градежните секции, а нерентабилните секции да се укинат.

Во наредниот период со интендантската служба да се разработат постапки за следење на трошоците при експлоатацијата за рационално однесување до обезбедената енергија, а секциите за термоенеркетика да се оспособат за ефикасно и рационално ракување и одржување на термоенергетските уреди.

Финансиските средства за одржување да се доведат и одобруваат во оптимални граници, според реалните и усовршените критериуми прилагодени спрема вистинската состојба на објектите.

**Резиме**

Перспективата на развојот на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија разработена, прво преку кратката оценка за состојбата на логистичкото обезбедување во развојн период (1993 - 1996), а потоа преку теоретските поставки за перспективата на развојот на заедничката логистичка проблематика и перспективата на развојот на логистичките функции (техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната), зборува за големото значение на проценката и предвидувањето на перспективата на развојот на логистиката и поставувањето на оптимална организација за функционирање на логистичкото обезбедување, а наведува на заклучок, дека проценката и предвидувањето на перспективата на развојот на логистичкото обезбедување се елементи од големо значение за поставување на оптимална организација за функционирање на логистичкото обезбедување во армијата и пополнување со неопходните потреби (средства и услоги) во мирно време и воени услови.

**Шести дел**

## 6.Можен модел на организациско-формациска поставеност на логистичкото обезбедување во армијата

За да се даде модел на организациско - формациска поставеност на логистичко обезбедување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови), треба да се има предвид покрај дејностите од доменот на логистичкото обезбедување (снабдувањето, ремонтот, исхраната, здравствената заштита, ветеринарната заштита, сообраќајот и транспортот, градежништвото и финансирањето), носителите на тие дејности (логистичките служби - техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, градежната и финансиската), кои во дисертацијата се дефинирани и разработени во вториот дел, и соодветна компаративна анализа - логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и некои специфичности во обезбедувањето на некои армии на земји членки на НАТО (на пример: САД, Франција, и Белгија)

Имајќи го предвид изнесеното за дејностите и носителите на логистичкото обезбедување детално разработени низ целата содржина на дисертацијата, можниот модел на организациско - формациска поставеност на логистичкото обезбедување во армијата ќе биде даден и врз основа на компаративната анализа за логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и специфичностите во армиите на САД, Франција и Белгија, низ поставеноста на организацијата за оптимално разрешување на заедничката логистичка проблематика и поставеноста на логистичките функции - служби и тоа пред се во облик на можен модел на организациска шема, како за заедничката логистичка проблематика така и за нејзините логистички функции.

## 6.1. Логистичко обезбедување на вооружените сили на НАТО и специфичности во армиите на САД, Франција и Белгија (компаративна анализа)

За да може да се разбере поставеноста на организацијата и функционирањето на логистичкото обезбедување во одделни земји членки на НАТО, односно нивните армии, кои ќе бидат предмет на анализа, најсоодветно би било претходно да се изложи логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО, принципите, носителите на логистичкото обезбедување по рамништа на командување и ешелонирањето на силите и средствата, а потоа да се зборува за специфичностите во логистичкото обезбедување на армиите во одделни земји.

Со оглед на фактот дека обработката на комплетната проблематика од областа на воената логистика за обединетите вооружени сили на НАТО, алиансата "Партнерство за мир" и останатите земји нее можна во детали, (тоа премногу би не оддалечило од целта која се сака да се постигне во овој дел - во дисертацијата), определбата е изнесување само на податоци кои суштински влијаат врз насоките, функционирањето и реализацијата на логистичкото обезбедување. На тој начин сметаме дека ќе бидат акцептирани основните димензии на оваа проблематиката во трети земји, а определените сознанија ќе бидат вградени - искористени за посоодветни решенија во можниот модел на организациско - формациската поставеност на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија.

Имајќи го во вид и фактот дека, содржините на логитичко обезбедување, принципите на организирање по рамништа на раководење и командување, непосредното раководење и командување, евиденцијата и распределбата на материјалните средства, планирањето и принципите за планирање на логистичко обезбедување, правилските одредби и погледите

на модернизација во обединетите вооружени сили на НАТО, се почитуваат во земјите членки, (разликите се сведуваат на некои специфичности во системот или организацијата за логистичко обезбедување), предмет на обработка ќе бидат САД, Франција и Белгија, односно некои специфичности во обезбедувањето на нивните армии.Тоа би било од корист при поставувањето на можен модел на поставеност на организацијата за логистичко обезбедување на Армијата на Република Македонија.

Земјите членки во алиансата "Партнерство за мир", источно европските и останатите земји нема да се обработуваат, бидејќи се работи за системи или организации за логистичко обезбедување кои се во фаза на поставување како нивни модели со свои специфичност (моделите им се во фаза на поставување со вградување на свои специфичности, уважувајќи го сето она што се почитува во обединетите вооружени сили на НАТО и земјите членки, па од тие причини и не постои соодветна литературна поткрепа, соодветен пишан материјал кои би можел да се земе предвид за компаративна анализа).

## 6.1.1. Логистичко обезбедувње на обединетите вооружените сили на НАТО[75]

Суштината на логистичкото обезбедување на единиците на обединетите вооружени сили на НАТО се сведува на навремено и потполно задоволување на нивните мтеријални, ремонтни, транспортни, санитетски, стамбени и други потреби за одржување на потребното рамниште на борбената готовност и извршување на поставените задачи. Тоа се постигнува со спроведување на комплекс од мерки на прием, подготовка и издавање на потребните материјали и други средства и услуги на единиците кои за воени потреби ги издвојуваат земјите членки на НАТО.

Логистичкото обезбедување го опфаќа: материјалното, техничкото, сообраќајно-транспортното, санитетското, аеродромското и други видови на обезбедувања како и опслужување на личниот состав (исхрана, живеење-станување, капење, перење и др.), вклучувајќи го оперативното и логистичкото уредување на воиштата и војувалиштата. Покрај наведеното, во него влегуваат и административните мерки, поврзани со примањето на материјалните средства од цивилниот сектор, финансирањето и организацијата на управување со логистичкото обезбедување.

Логистичкото обезбедување на единиците на вооружените сили на НАТО треба да одговори на главното барање: да ги обезбедат единиците со сите неопходни потреби за извршување на поставените задачи и да отстранат се што може да им ја смали нивната борбена способност и способноста за извршување на маневрите. За посебно важно се смета неопходните средства и опрема навремено да се достават во предвидените

---

[75] . Според: NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIC TREATY ORGANIZTION, BRUSSELS, APRIL, 1994.; воени списанија:Ostereichische Militarische Zeitschrift, br. 1, 2, 3, 4 i 5 1990.; Defense nationale, 5, 1990, str. 185 - 290; Army Logistician, Profesional bultion of United States Army Logistics, 1991; Kaplan Lawerence S., NATO after forty years,Washington, (НАТО пакт - зборници 1950 - 1990) 1990; KNORR Klaus, / MORGEN Patick, Strategic military surprise, (Воена стратегија - зборници), London, 1983.

реони во потребните количини во точно предвидено време и во исправна состојба.

**ПРИНЦИПИТЕ** на организацијата на логистичкото обезбедување на единиците на обединетите вооружени сили на НАТО се разработени како општи принципи, а за најважни се сметаат:

- национален принцип на организацијата за логистичко обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО - се подразбира полна одговорност на командите на вооружените сили на членките на НАТО, за севкупно снабдување на сопствените контигенти на вооружени сили, кои се предаваат во оперативната потчинетост на раководството на НАТО во мир и војна;

- економично и рационално користење на силите и средствата - се смета за неопходно, бидејќи логистичките ресурси не се неисцрпни, затоа пред органите за логистика претстои важна задача да во сите услови и ситуации воспоставуваат организација на материјално и техничко обезбедување со минимална потрошувачка на сили и средства;

- оптимално разместување на објектите и логистичките установи - како придонес обезбедувањето на единиците да е непрекинато и стабилно во различни услови и во сите варијанти на подготвување и изведување на операции;

- мобилност - се состои во можностите за групирање на силите и средствата на логистиката на зададените правци, поради обезбедување на единиците со сите неопходни потреби во сите услови и ситуации;

- еластичност - претпоставува способност на логистиката да спроведува логистичко обезбедување во услови на брзи (коренити) промени на ситуацијата, брзи промени на видовите на борбени дејства, пренесување на тежиштето на логистичкото обезбедување од еден на друг правец, изненадно преминување на употреба на оружје за масовно уништување и сл.;

- непрекинатост во логистичкото обезбедување - во сите фази на борбени дејства се бара висока борбена и мобилизациска готовност на логистиката и оптимизација на нејзината организациона структура;

- навременост- се постигнува со прецизна организација од почеток, со спроведување на низа комплексни мерки за навремено и непрекинато подготвување на логистиката за војна;

- ангажирање на ресурсите на цивилниот сектор - по мислењето на стручните лица на НАТО се смета за неизбежно, бидејќи современа војна бара мобилизација на сите ресурси на земјите членки во НАТО;

- обезбедување на отпорност на логистиката - тука се вклучува организацијата на обезбедување и одбрана на логистичките командни места, сили и средства од удари на противникот од земја и воздушен простор, заштита од оружје за масовно уништување и тн.;

- сигурно и непрекинато раководење и командување - логистичкото обезбедување може да се организира врз основа на оптимално комбинирање на централизирано и децентрализирано раководење со логистиката водејќи сметка за специфичностите на најзината потчинетост.

## Носители на логистичкото обезбедување по рамништа на командување

Раководствата на САД и НАТО и посветуваат големо влијание на организационата структура на логистичките органи и нивните практични дејности. Сите логистички органи кои се ангажираат во логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО, во зависност од специфичностите за извршување на задачата, можат условно да се поделат на три рамништа: стратегиско, оперативно и трупно или тактичко.

**Стратегиското** рамниште на логистиката наменето е за обезбедување на подготовките и водење војна во целина или стратегиски операции во размер на "зоната на одговорност" на НАТО, поединечни самостојни војни и војувалишта во траење од неколку недели до неколку месеци. Стратегиското рамниште (или ниво) го сочинуваат коалициони органи на логистиката, кои дејствуваат во системот на раководење како највисоки национални органи на логистиката.

Коалиционите органи, бидејќи во својот состав немаат логистички сили и средства, во главно извршуваат консултативни плански, контролни и координациони функции.

Националните органи на логистиката, воглавно се потчинети на министерствата за одбрана, генералштабовите, а во повеќе случаи на видовските штабови на вооружените сили. Тие најчесто во својот состав имаат магацински комплекси, арсенали, ремонтни бази, болници и тн. Во согласност со ваквата структура овие органи ја имаат задачата купување (разместување на нарачките) и преземање на материјални средства од идустријата, нивна централна распределба, извршување на најважни видиви ремонт, лечење на ранети и болесни на кои им е потребна најквалификувана помош и тн. Поради тоа ова рамниште на логистиката по аналогија со економиката се нарекува базно. Една од задачите на националните логистички органи е решавањето на принципиелните прашања на оргнизација за содејство со другите земји надвор од НАТО.

Основата на стратегиско логистичкото рамниште на обединетитие вооружени сили на НАТО ја чинат централните логистички органи на вооружените сили на САД, кои се потпираат на američкиот економски потенцијал. По мислење (признавање) на воените стручнни лица на НАТО, логистичките органи на вооружените сили од европските земји членки на НАТО не се способни самостојно да ги решаваат стратегиските задачи поради ограничените ресурси и длабините на нивните територии, затоа тие се наоѓаат во полна зависност од САД.

**Оперативното** рамниште на логистиката ги обезбедува оперциите кои ги изведуват група армии, армии и корпуси на одреден дел на војувалиште (зона) и кое трае од неколку дена до неколку недели. Во зоната се формираат коалициони логистички органи во “група од армии” , обединети тактички воздухопловни команди (команда на обединети вооржуени сили во зоната), национални органи на видовските команди на вооружените сили во зоната на армиите, армиските корпуси и територијалните команди. На ова рамниште на раководење и командување националните органи се наоѓаат измеѓу високите и ниските ешалони на логистиката, обезбедувајќи прием, подготвување и

доставување ресурси од централните органи на логистиката, понекогаш непосредно од индустријата, а извршуваат и многу сложени и тешки задачи од доменот на техничкото и санитетското обезбедување.

**Трупното** (тактичкото) рмниште на логистиката извршува задачи од доменот на централното снабдување со основни намирници за живот, борбени потреби  и непосредно севкупно обезбедување на единиците. Таа е способна да ги обезбеди борбените дејства на корпуси, дивизии, бригади и пониски тактички единици (баталјони - дивизиони, бродови), во време од неколку часови до неколку дена. Трупни логистички органи постојат во корпусите, дивизиите, бригадите (половите), баталјоните и разни други единици. Задачите кои ги извршуваат овие единици логистичките експерти на запад ги споредуваат со функциите на пазар на мало - поделба на резервите на мали делови, растресен распоред, напосредно обезбедување на голем број  потрошувачи и тн..

## Ешелонирање на силите и средствата

Ешелорнирањето на логистичките сили и средства се спороведува во соглсност со организацијата на следување и намена.  Така што, во првиот ешалон мораат да се наоѓаат резервите мтеријални средства и минимелен број логистички единици неопходен пред се за обезбедување на висока мобилност на единиците. При тоа се предвидува пополнувањето на потрошените резерви да се врши со брзо доставување од логистичките реони, евакуирање на повредените и болните (на оние на кои им е неопходна повисока медицинска помош и долготрајно лечење), како и потешко оштетената техника.

На територијата на САД се разместени американските централни логистички органи и претставништвата на највисоките логистички органи од европските членки (помеѓу кои и од Република Германија), кои го организираат примањето и испраќањето на средствата (предметите) за снабдување на своите вооружени сили. На европското воиште и војувалишта уште во мир се врши ешелонирањето на логистичките сили и средства по целата длабина во согласност со замислите за водење

планирани операции за секое воиште, а постојат замислени една или повеќе зони на борбени дејства и зони на комуницирање.

Зоните на борбените дејства се ограничуваат со линија на допир, лево и десно се границите на воиштата, а фигурира и линија помеѓу оперативните единици и логистика. Логистичката граница на армиски корпуси условно ја делат зоната на борбените дејства на истурени и логистички реони. Првите, ги вклучуваат корпусните, дивизиските и бригадните логистички реони во чии граници се развиваат логистичките бази, соодветни сили и средства. Во логистичките реони се наоѓаат органите на армиската логистика или логистичките органи и единици за централно потчинување (претпоставени снабдуваачки бази - единици). Длабочината на зоната на борбените дејства може да изнесува 200 до 300 км (на пример, на централното европско воиште, таа практично ја опфаќа бившата територија на ДДР). Доколку длабочината на воиштето е недоволна, тогаш зони на комуникација не се формираат.

Во врска со ешелонирањето, а во согласност со раководните органи на НАТО, на европското воиште се формираат (мораат да се формираат) 30-дневни резерви од основни материјални средства, пред се муниција, гориво и масла, резервни делови и храна, а нивните конкретни резерви ги определуваат националните команди врз основа на усвоените норми за трошење и упатствата на воено-политичкото раководство на НАТО.

## 6.1.2.Специфичности во логистичкото обезбедување на армијата - единиците на КоВ на САД[76]

Содржините на логистичкото обезбедување, принципите на организирање и носителите по рамништа на раководење и командување во армијата на САД се идентични со веќе изнесеното за логистичко обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО.

Логистичкото обезбедување на единиците на копнената војска на САД се смета дека треба да биде сестрано и непрекинато, а и еден од најважните фактори кој го определува успешното изведување на борбените дејства. Поаѓајќи од искуствата од војните, особено од воените конфликти во последните години, се истакнува постојаното зголемување на значението на сите видови логистичкото обезбедување (материјално - интендантското, техничкото, санитетското - ветеринарното, сообраќајното, противпожарно итн.) и нивното влијание врз текот и исходот на борбените дејства.

Логистичките органи (носителите) условно се поделени на три рамништа: стратегиско, оперативно и трупно или тактичко (види: НАТО).

На чело на логистичкиот дел во команда на дивизија се наоѓа командантот за логистика во дивизија (сведено на наш речник заменик или помошник на командантот за логистичко обезбедување), кој е одговорен за следните прашања: снабдување на единиците на дивизијата (претпоставена снабдувачка единица на бригадите - полковите, баталјоните - дивизионите и др.) со сите видови потреби, нивно доставување со автомобилски и друг вид на транспорт; евакуација и ремонт на вооружувањето, воената техника и друга различна опрема; пружање на медицинска помош и евакуирање на повредените и болните; разместување и преместување на логистичките единици и установи - бази

[76] . U.S. ARMY, LOGISTICS ORGANIZATION AND STRUKTURE, PREPARED BY, LTC CARDELL, ACSLOG, 21ST TAACOM, MAY, 1995, NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIC TREATY ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994, и според податоците во списанијата: Defense nationale, USD, 1 - 6, 1989/1995; NATO revien, USD, 1, 2, 3, 4, 5 i 6 , 1989, Tyl vooruženih sil za 1989 i broj 8 /1990; Infantry 1/88, Army Logisticin, 1-9, 1994/1995; Семинар, Логистички менаџмент, major Suzana Karlson, Djon Hapson, Скопје, 13.06.1996;

и организација на нивното обезбедување; одбрана на логистичките елементи; собирање и евакуација на трофејно оружје и опрама непогодна за користење; сахранување на погинатите во борбите и умрените воени лица и др. Во составот на логистичкиот дел во комндата на дивизијата влегува штаб и центар за материјално - техничко обезбедување, штабна чета, три баталјони за логистичко обезбедување на бригадите, логистички баталјон на дивизија и чета за ремонт на авио техника.

Всушност, логистичкото обезбедување во дивизаја КоВ на САД опфаќа решавање на следните задачи: организација на логистичкото обезбедување, материјално, техничко, санитетско и другите видови на обезбедувања и управување со дејностите за кои се одговорни логистичките органи.

Организацијата на логистичкото обезбедување во дивизија подразбира преземање на низа мерки поврзани со намената на логистичките оргни, разместување и преместување на логистичките единици, одредување на главни правци и патишта за доставување и евакуација и нивно опслужување, со спроведување на мерки за обезбедувње и одбрана на логистичките реони. Во таа смисла главниот дел на силите и средствата за логистичко обезбедување се распоредуваат во зоната на борбените дејства. Се одредуваат и логистички реони за корпус, дивизија како и реони за развој на логистичките елементи на бригадите и баталјоните (во цели на оспособување на територијална одговорност на лицата одговорни за разместување на логистичките органи). Одалеченоста на логистичките единици - бази од борбениот распоред условен е од планираните потреби на единиците во материјални средства, карактерот на земјиштето, условите на борбената ситуација и во зависност од планираното преместување, може да изнесува: за баталјон 4-5 км, бригада 10-15 км (во напад и одбрана), додека за дивизија 25-30 км во напад и 35-40 км во одбрана.

Непосредното раководење со дејностите од доменот на логистичките органи и распределбата на материјлните средства го спроведува логистичкиот дел на командата на дивизијата.

За поедноставување на евиденцијата, требување и распределба на материјалните средства во вооружените сили на САД усвоена е единствена класификација на предметите за снабдување, врз оснаова на која тие се делат на десет класи: I - исхрана; II - облека и опрема, лична опрема и други предмети за снабдување предвидени со формација и нормите на следување; III - гориво, масла и маст; IV - градежен материјал за изработување на објекти и препреки; V - сите видови муниција, вклучувајќи ја и хемискта, нуклеарни проектили и ракетно гориво; VI - предмети за лична потрошувачка (невоена различна трговска стока за припадниците на вооружените сили); VII - оружје и борбена техника; VIII - медицинска опрема; IX - резервни делови, агрегати, склопови и ремонтни комплети; и X - мтеријал за обезбедување на невоените програми на економскиот развој и уредување на објектите од невоена намена, кои не се класифицирани во претходните девет класи.

Резервите на материјлните средства во дивизија за изведување на бој се формираат врз основа на средната дневна потрошувачка на предметите по еден припадник на вооружените сили, а можат да изнесуваат од 100 кгр и повеќе. Од тоа на муниција отпаѓа 60%, на гориво масла и маст 30%, додека на другите предмети 10%. Притоа, потрошувачката на материјалните средства за еден ден водење на борбени дејства со средна интензивност може да изнесува 2200 тони. Во борбените единици (баталјоните) постојат резерви од материјални средства за два дена војна, додека во логистичките единици на дивизијата за 3 дена.

Потребите во муниција, гориво, маст и масла се одредуваат врз основа на вистински инструкции, прирачници и други документи или практични искуства. Доставувањето е од складовите до логистичките органи на дивизијата, во некои случаи муницијата може да се доставува директно до дивизиите и бригадите од пристаништа и аеродроми. Муницијата до баталјоните се доставува со транспортните средства низ бригадите (понекогаш може и со ангажирање на транспортните средства на баталјоните) непосредно (директно) до борбениот распоред - до транспортните средства на баталјоните и рамни единици.

Пополнувањето со резеви од останатите материријални средства се врши од дивизиските станици (дивизиската логистичка база) во бригадите или непосредно во баталјоните. Доставувањето се врши со сили и средства на претпоставената снабдувачка единица. За доставување на материјалните средства до дивизиите и од дивизиските станици за снабдување, непосредно до борбениот распоред на единиците, можат да се употребуваат хеликоптери и авиони, особено за дивизии, бригади и баталјони кои дејствуваат на одвоени правци од главните сили.

Техничкото обезбедување во дивизијата го вклучува и одржувањето, ремонтот и евакуирањето на техничките материјални средства, како и снабдувањето на единиците со резервни делови и ремонтни средства. Основната организација на техничкото одржување ја чини системот на планско - превентивни работи, кој предвидува задолжително спроведување на одреден вид на одржување после изминувањето на предвиден рок или предвидена измината километража.

Во гледањата на американчкото командување, меѓу логистичките функции (служби) едно од најважните места зазема санитетското обезбедување - служба. Нејзина основна задача и е спроведување на мерки за одржување на висока борбена способност на личниот состав, додека во случаите на болест или ранување и обезбедување на најбрзо враќање на припадниците на вооружените сили во строј.

Поаѓајќи од изнесеното за санитетската служба како логистичка функција, во последните години во копнената војска на САД се истражува оптимална организација на сите нивоа. Суштината на новата организација се сведува на тоа, да се со пружање на медицинска помош, евакуација и лечење на на повредените и болните се спроведува ешелонски. Така што, во логистичките реони на дивизијата се предвидува санитетското обезбедување да се организира во два ешелона. Во првиот се пружа медицинска помош на рамништа “баталјон - чета”, а во вториот квалификована медицинка помош на рамниште “дивизија - бригада”. Притоа рокот на евакуација на ранетите од дивизија не смее да биде повеќе од три дена.

Раководењето и командувањето со силите и средствата на логистиката во дивизија е регулирано со соодветни борбени правила, упатства и други документи. Во нив се истакнува дека општото раководење и командување го врши командантот, кој раководи со дејностите од доменот на логистичките органи преку началникот на штабот и командантот за логистика во дивизијата.

После соопштувањето на одлуката на командантот на дивизијата, командантот за логистика, заедно со штабот во дивизијата, изработува план за логистичко обезбедување, кој се восогласува со планот на борбените дејства и со сите заинтересирани началници за родовите и службите.

Во исто време се изработува и заповед за логистичко обезбедување и тие докуманти се доставуваат до командантите на бригадите и началниците на службите во дивизијата - изработена по прашањата од нивна надлежност.

Командата за логистика раководејќи се по планот за логистичко обезбедување на дивизијата, организира преместување на логистичките единици - бази, доставување на материјални средства, евакуација на техниката и нејзин ремонт, собирање на ранетите, пружање на помош и нивно евакуирање.

Раководењето и командувањето се врши од логистичкото командно место кое го развива штабот на командата на дивизијата на одалеченост од 25-35 км од предниот крај.

Врските на комадата за логистиката со логистичките единици и командните места на бригадите и баталјоните ги организира чета за врски, која е од составот на дивизискиот баталјон за врски и е наменет за опслужување на логистичкото командно место.

## Планирање на логистичкото обезбедување на единиците на КоВ на САД

Се смета, како командантот на единицата што мора да има информации и податоци за да ги планира борбените дејства, така и

логистичкиот планер мора да се раководи со збир од принципи кои треба да ги применува при планирањето на логистичката поддршка. Како што постаојат некои принципи за изведување на борбените дејства, исто така постојат принципи за организација и изведување на логистичкото обезбедување. Овде ќе наведеме само наколку:

**Логистичко извидување** - ефикасното пленирање на логистичкото обезбедување бара детално познавање на релевантни податоци кои мораат да бидат точни и навремени. Тие податоци можат да се добијат со логистичкото извидување, внимателно изанализираат и достават до сите надлежни старешини.

**Цели** - логистичкото обезбедување е наопходно да се насочува со јасни и реални цели во логистичката поддршка на планираните дејства.

**Креативност во логистичкото обезбедување** - командантот за логистика мора да поседсува иницијатива, знаење и креативни иновации за да може да ја подобри и унапреди организацијата (системот) за логистичко обезбедување.

**Меѓузависност** - сите функции на логистичкото обезбедување, до извесна мерка, се меѓусебе зависни. Ниедна од нив не може да биде ефикасна доколку несе сите заедно разгледувани и меѓусебе восогласени.

**Едноставност** - организацијата (системот) за логистичка поддршка е неопходно да е едноставена и јасно насочувачка.

**Навременост** - логистичката поддршка мора да обезбеди снабдување на единиците во точно планирано време, во точно предвидени количини и на со план предвидени места за задачите да можат да бидат извршени.

**Директно (непосредно) снабдување** - логистичката поддршка треба да обезбеди директно доставување на сите средства што поблиску до борбените единици во предните линии, колку што тоа повеќе е можно.

**Економичност** - економчно и ефикасно користење на изворите за логистичко обезбедување се суштествено важно, бидејќи финансиските средства за овие цели се повеќе се смалуваат.

**Безбедност** - за да се сочуваат ресурсите и така обезбеди постојана поддршка на борбените дејства командантот за логистика мора да осигура безбедност на целото подрачје за логистичкото обезбедување.

Имајќи ги во вид наведените принципи, командантот за логистика мора постојано да ги има предвид и факторите кои влијаат на логистичката поддршка во различни видови дејства, кои се пресудни за изработка на рационален план за логистичка поддршка, како на пример: вид и бројност на трупите на кои им се пружа логистичка поддршка; количина, вид и распределба на материјалните средства и опремата; командно - организациско рамниште (стратегиска, оперциска или тактичка логистичка поддршка); кога; теренски и климатски прилики; состојба на изворите за снабдување; можностите на локалното население; можностите на сопствените логистички единици; можностите на непријателот; можностите на сојузничките и пријателските сили; приоритетти; системи на вооружување; опасности кои влијаат на логистичката организација; предвидување на следни операции и задачи; дислоцирање на логистичките единици и безбедност на силите за логистичка поддршка.

При планирањето на разместувањето на логистичките бази командантот за логистика треба да има предвид и некои други фактори како на пример: погодностите на земјиштето; големината на просторот (да е доволен за да се изврши дисперзија на логистичките елементи); особини на земјиштето, извори за снабдување вода; места погодни за слетување на хеликоптери и основни и алтернативни правци за снабдување.

Во прилозите се даваат и практични совети врз основа на правилските одредби, како на пример:

Во нападни операции - да се изработи план за доставување до предните линии за муниција, гориво, храна и средства за одржување; со планот да се предвиди зголемена потрошувачка на материјални средства; да се планира ноќно снабдување и пополна во секоја можна прилика; доколку теренот е лош да се планира зголемено одржување на возила; да се планира можност за користење на заробени материјални средства;

внимателно да се разгледаат основните и алтернативните правци за снабдување и др.

Во одбранбени операции - да се планира разместување на материјалните средства на сите позиции кои се погодни за цврста одбрана; посебно од сите логистички единици да се бара добро маскирање; да се планираат одбранбени дејства во својата логистика; секогаш да се биде подготвен за брзо преминување во нападна операција; да се планира зголемена потрошувачка на муниција и да се планира нешто помала потрошувачка гориво и средства за одржување возила.

## Погледи на модернизација на воената логистика на САД до 2000 година и подоцна

Воените и цивилните стручни лица, кои одлучуваат за развојот на логистиката на САД, начелно, расправаат за влијанието на високата технологија врз подобрувањето на воената логистика и на перспективното планирање на логистичките програми.

За да се усоврши логистиката во услови на висока технологија се нагласува потребата за сеопфатно, реално и систематско планирање, а во таа смисла концептите и планираните проекти мораат да ги имаат предвид и барањата на 2000-тата година и подоцна, предлагајќи ги следните глобални насоки на логистичкото планирање: согледување на потребата од понатамошна модернизација на основата на логистиката - индустриски построенија и складови; идентификација на вкупно потребната инфраструктура на логистичка поддршка; максимално зголемување на употребата на воената технологија во областа на микроколата, роботиката и кодирањето за потребите на логистиката; разгледување на планот за автоматска обработка на податоците за сигурно развивање на најновите “хардвери” и “софтвери” восогласен со потребите на тековната модернизација и доктрина; да се развиваат иновациите и истражувањата во логистиката така да бидат соодветни со плановите за иднината; да се продолжи со истражувањата за изнаоѓање оптимални решенија за идните потреби на стратегискиот транспорт; да се намали тежината и подобри

пакувањето на материјалните средства за поефикасно доставување и лесно отфрлање на амбалажата после употребувањето.

Во целина, врз оценка на американски стручни лица, во "тешките" дивизии на КоВ на САД создаден е таков систем (организација) на логистичко обезбедување, кој е способен да обезбеди навремено и потполно снабдување на единиците со сите неопходни потреби (средства и услоуги) во услови на современа војна.

### 6.1.3. Специфичности во логистичкото обезбедување на армијата на Франција[77]

Содржините на логистичкото обезбедување, принципите на организирање по рамништа на раководење и командување, потоа непосредното раководење, евиденцијата и распределбата на материјалните средства, планирањето и принципите за планирање на логистичкото обезбедување, правилските одредби и погледите на модернизација на воената логистика во армијата на Франција се идентични или слични (се почитуваат) со веќе изнесеното за логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и армијата на САД, затоа во логистичкото обезбедување на армијата на Франција ќе бидат обработени само некои специфичности.

Во согласност со доктрината и организацијата на вооружените сили на Франција снабдувањето на армијата е организирано со ангажирање на бројните објекти и складови за снабдување, а се чинат напори полнувањето да е во мерка кое овозможува рамниште на полна борбена готовност, единиците да ја носат својата опрема сместена на моторни возила, додека резервата да ги следи. Транспортните капацитети со кои

[77] . Col. Septime Marie d'Humieres, Logistics f the French Army, str.1-30, 1986, и според написи во списанието "ALOG", 1986 do 1994, col. Jean-Paul Peeters, Logistique sur ordinateur, Armees d'aujourd' hui, 88. 1989; Француско списание; Sekurite civile et industrielle, "Antenne medicale sur les interventions feux de forets", 01.1990;War Lold, Non - military aspecta of international, Unesko, Paris, 1995.

располага овозможуваат брзо доставување на специјалната опрема (како што се муниција, минско експлозивни средства и тн.). Логистичкото обезбедување се извршува преку началникот на штабот на армија (офицерот за логистика), кој е најодговорен за организацијата и управувањето со логистиката за копнените сили од Центар за армиско снабдување. Тој може да одлучи за децентрализација на логистичкото обезбедување (на пример на логистичка команда во источна Франција или надвор од границите) за која тој ја ополномоштува за работа на сите задачи или на дел од задачите окулу снабдувањето.

За да се решат логистичките проблеми и осигура координацијата со командата во земјата дејностите од доменот на логистичките команди (нивните логистички органи)најчесто се поврзани со две испостави со смештајни елементи во националните граници и од националните граници до последната граница на зоната на дејствување.

Помеѓу воените единици главните логистички ешелони се насочени на армијата за итна интервенција (или 1.армија - сили за итна интервенција) и на основните сили. Основните сили и првата армија имаат сопствена логистичка бригада. Секоја логистичка бригада е способна да врши три типа услуги: снабдување, одржување и медицински услуги (санитетско обезбедување). Дивизиите се поврзани со логистичките бригади по сите прашања, а имаат сопствени штабови и воена служба за помош на баталјоните.

Системот за логистичка поддршка на европското земјиште функционира така што, логистичката команда обезбедува неопходни средства и ги доставува до логистичката област на основните сили или 1.армија, со железнички или патен транспорт. Ангажирањето на сопствените баталјони за воздушно снабдување и овозможување, таа команда да може директно да ги обезбеди дивизиите, која во борба е надвор од областите нормално достапни на логистичката инфраструктура.

Логистичкиот баталјон за снабдување ја прима опремата, распределува и транспортира до реоните на линијата на фронтот. Така истурениот баталјон за снабдување презема одговорност за понатамошно снабдување на дивизиските или корпусните единици. Во текот на борбите,

борбените единици се снабдуваат преку железница или патиштата, а понекогаш и по воздушен пат. Одржувањето е ограничено само на оние возила кои подоцна можат да се вратат во борба. Медицинскта помош е планирана така да одговори на потребите како проценка на губитоците спрема официјалните норми на НАТО. За приоритетните губитоци се користи конбинирано лечење (покрај патната во логистиката се користи железничка или воздушна евакуација). Повредените и болните се собираат во четите и баталјоните, а тријажата им е на дивизиско рамниште. Губитоците од прв приоритет (30%) се евакуираат во болниците на терен, додека второстепените губитоци (70%) се префрлаат во таканаречени “воздушни болници” (Air Evacuaition Hospitals), од каде летаат во болниците на националната територија или преку железничките станици со болнички возови исто така ги возат до болниците на националната територија.

Снабдување на континенталните сили кои дејствуваат во изненадни ситуации - пореди големите одалечености од изворите за снабдување, силите за дејствување во изненадни ситуации, (испратени за интервенција, на пример преку море), бараат да им се посвети поголемо внимание (подетална анализа) отколку силите за европското земјиште. Бидејќи операциите можат да имаат различни форми, логистичарите мораат да имаат голем број на решенија, кои овозможуваат најдобра организација за снабдување со минимални почетни формациски борбени комплети. Вака ангажираните единици, вклучени во борба, мораат да бидат способни да се одржат се додека не се воспостави редовно доставување на материјални средства. Опремата и складовите за снабдување, во начело, се веќе оформени, некои на националната територија, во близина на воздушни бази или луки. Од тие складови борбени сили (ограничени но од големо значение) можат да се опремат веднаш. Покрај вообичаената опрема, складовите имаат и специфични елементи за прекуморска борба и живот на единиците.

Веднаш по донесувањето на одлука за интервенција почнува пополнувањето со материјални средства, кое може да биде многу брзо, бидејќи постои (имаат) “опрема за брза интервенција”, која може лесно да

се сместува и зема од авиони. Тогаш во организацијата за снабдување се воспоставува истурена логистичка база (FORWARD BASE), во која можат да се приземјат воени транспортни авиони, потоа логистичка база за цивилни товарни авиони и транзитна база која се сместува во најблиската лучка зона.

Доколку интервенцијата се одигрува во поморска земја, се смета на опрема сместена на бродовите од морнарицата и на користење на бродскиот простор за евакуирање на повредените и болните. Доколку ситуацијата е стабилизирана и доколку се предвидува интервентните сили да останат некое време, се воспоставува лигистичка инфраструктура и администрација според општиот концепт, додека во економска смисла, потпирањето е во поголема мерка на локалните извори, а снабдувањето од Франција се одвива по морски пат.

Може да се заклучи, дека организацијата на француската логистика е флексибилна и се прилагодува спрема специфичните ситуации. Логистичко креирано мислење не може да се формира како еднаш за секогаш, туку со перманентни советувања, во кои се вклучуваат логистичари и логистички команди, постојано се восогласуваат основите на системот (организацијата) за логистичко обезбедување со структурата и задачите на вооружените сили и изведуваат вежби на кои се проверува исправноста на концептите и извежбаноста на луѓето.

## 6.1.4.Специфичноси во логистичкото обезбедување на армијата на Белгија[78]

Логистичката функција во белгиските вооружени сили се извршува на различни рамништа на командување, со обележување со ознаките А, Б и Ц. Извршувањето на логистичките задачи ќе биде прикажано без влегување во деталите на логистичкото обезбедување, имајќи при тоа предвид се што е изнесено за логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и САД, (кое и во армијата на Белгија се почитува).

Рамништето А ги опфаќа крајните корисници, односно потрошувачите. Тука се воените единици и установи кои го организираат користењето на средствата и услугите за свои потреби. Всушност и поради нив и постои целата логистичка инфраструктура.

Рамништето Б ги опфаќа сите извршни логистички единици (логистички центри, логистички единици) кои ги извршуваат логистичките задачи за единиците од рамништето А, а кои се наоѓаат во различни гарнизони - касарни.

Рамништето Ц, во суштина се складовите кои набавуваат, чуваат, издаваат и ги пополнуваат логистичките единици од рамништето Б. Секој склад (складиште - магацин) е задолжен за складирање на одреден вид средства, почнувајќи од воена облека и намирници од животинско потекло до различни суровини, репроматеријали, борбени средства, резервни делови, муниција и горивво.

Во системот (организацијата) за снабдување и располгање со средствата од големо знчение е Автоматизираниот центар за обработка на логистичките податоци (CATIL), кои ги извршува сите работи окулу евидентирањето и располагањето (распределбата) на материјалните средства за рамништата Б и Ц. Благодарејќи на овој центар сите повисоки

---

[78] . Според белгиското воено списание: "VOX" - Hebdomadeire, No 18, 12.05.1993., и врз основа на списанието: Army Logistician, USA, 1 - 9, 1990 - 1994; Види пошироко:KNORR Klaus, / MORGEN Patick, Strategic military surprise, (Воена стратегија - зборници), London, 1983; Pierre Andrew J., The CONVENTIONAL defense of Europe - new tehnoloquies and new stratequies, New York, 1986; War Cold, Non - military aspecta of international security, Unesco, Paris, 1995.

команди и Генералштабот располагаат со точни и ажурни податоци за пополнетоста на единиците со материјални средства, бидејќи сите складови (рамниште Ц) и логистичките единици од рамништето Б се поврзани со неговиот терминал. Системот е рзработен и проверен. Единиците (корисниците рамниште А) ги доставуваат потребите прикажани по видови средства за својата единица за логистичка поддршка од рамништето Б. Оваа логистичка единица, преку својот терминал ги проследува требувањата (барањата) до центарот (CATIL), центарот имајќи ги предвид различните залихи од средства го реализира применото требување низ повеќе налози кои ги издава логистичката единица од рамништето Б и складовите (рамништето Ц). Промените на залихите на сите рамништа се регистрираат автоматски.

Воспоставениот систем на располагање со материјалните средства и резервите на рамништата Б и Ц има задача да прикажува точна состојба, за да му се овозможи на рамништето Ц водење на ефикасна политика на набавки и пополнување спрема усвоените критериуми, располагање и одржување на резевите материјални средства. Поради тоа, складовите (рамништето Ц) секојдневно на центарот (CATIL) му доставуваат податоци за изменетите состојби, додека центарот периодично на складовите му доставува листи за состојбата на средствата за сравнување. Вкупниот асортиман во центарот (CATIL) се состои од окулу 200 000 ставки од средства, кои се сместени во поединечни магацини и различни складови. Сите овие материјални средства се означени на единствен начин за брзо идентифицирање.

Врз основа на овие елементи можат да се следат сите етапи на секоја нарачка, почнувајќи од поднесувањето на требувањето (барањето), односно издавањето на налогот (местото каде што барањето е внесено во терминал), до испораката на средствата на корисниците - потрошувачите.

## 6.2.Можен модел на поставеност на логистичкото обезбедување во армијата за оптимално разрешување на заедничката логистичка проблематика

Со изнесеното (обработката) за специфичностите на логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и армиите на САД, Франција и Белгија, направен е обид за да по компаративен пат (компативна анализа) се дојде и проектира еден можен модел за логистичко обезбедување на Армијата на Република Македонија (пристап за доаѓање до начинот и содржините на логистичкото обезбедување), сообразно на Законот за одбрана и подзаконските акти, кои подетално ја разработуваат проблематиката логистичко обезбедување.

Барање решенија кои ќе ја одразат сегашната поставеност на логистичкото обезбедување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови), врз чија основа се и поставките, беше единствената насока на движење, додека сознанијата до кои се дојде со компаративната анализа зборуваат дека поставеноста на логистичкото обезбедување на Армијата на Р. Македонија во некои елементи е идентична (содржините на логистичкото обезбедување) со онаа која важи во обединетите вооружени сили на НАТО, па е неопходно, користејќи се со специфичностите на логистичкото обезбедување на САД, Франција и Белгија да се изгради модел со свои специфичности.

Можниот модел на поставеност на логистичкото обезбедување во армијата за оптимално функционирање на организацијата за логистичко обезбедување на нејзините единици и установи и разрешување на заедничката логистичка проблематика може да се прикаже шематски со следните шеми: можната шема на поврзаност и соработка на Органите на управата и локалната самоуправа и армијата по рамништа на командување и раководење за реализација на логистичкото обезбедување (шема број 7); можните организациски шеми на организацијата за логистичко обезбедување на армијата во мир и вооружените сили во воени услови од рамниште Министерство за одбрана па заклучно со самостоен баталјон - дивизион и рамни единици (шема број 8, 9, 10, 11, 12,

13, 14, 15, 16, 17, и 18) и прегледот на можните основни документи од доменот на логистичкото обезбедување, кои би требало да се изработуваат, (преглед-шема бр. 19).

Шематски презентираниот модел на поставеност на логистичкото обезбедување во армијата во овој дел, а теоретски детално разработен во третиот дел овозможуваат оптимално логистичко обезбедување на единиците - установите на армијата во мир (логистичкото обезбедување да се организира и извршува за да се создадат поволни услови за живот и работа и тоа како за потребите на обуката и воспитувањето така и за одржувањето на потребното рамниште на борбената готовност) и подготовка за правовремен премин од мирновремана на воена организација на функционирење на логистичкото обезбедување.

Организацијата и функционирањето на поедините содржини на логистичкото обезбедување (техничкото, интендантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, финансиското и градежното обезбедување) теоретски детално се разработени во делот конкретна содржина на логистичкото обезбедување и тоа како во мир така и во воени услови, додека можниот модел на поставеност на содржините во овој дел е прикажан шематски низ шемите од број 20 до 34.

МОЖНА ШЕМА

на поврзаност - соработка на Органите на управата и локалната самоуправа и армијата по рамништа за реализација на логистичкото обезбедување




**Легенда:**

——→ Линија на РиК

········→ Линија на соработка и доставување барања.

Шема бр.7

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за логистичко обезбедување на армијата во мир




Легенда:

- Линија на командување
- Линија на стручно раководење
- Линија на логистичко обезбедување

Шема број 8.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за логистичко обезбедување на вооружените сили во воени услови




Легенда:

——— Линија на раководење и командување

▬▬▬ Линија на логистичко обезбедување и здравствено згрижување

Шема број 9.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
за сеармиска логистичка база или база КоВ во мир




Шема број 10.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на сеармиска логистичка база или база КоВ во воени услови




Шема број 11.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
на корпусна логистичка база во мир




Шема број 12.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
за корпусна логистичка база во воени услови




Шема број 13.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
на логистичка чета во полк - бригада носител на ЛоОб во гарнизон - касарна во мир




Шема бр.14.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
за логистички баталјон во бригада (пбр, мтбр, артбр, авбр и тн.) во воени услови




Шема број 15.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
за логистичка чета во полк во воени услови




Шема број 16.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на логистички вод во баталјон - дивизион во мир




Шема број 17.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

за логистички вод во баталјон - дивизион во воени услови




Шема број 18.

**П Р Е Г Л Е Д**

на можните основните борбени документи за **ЛОГИСТИСТИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ**

| Реден број | НАСЛОВ НА ДОКУМЕНТОТ | ЕДИНИЦА-УСТАНОВА ВО КОЈА СЕ ИЗРАБОТУВА | КОЈ ОРГАН ГИ ИЗРАБОТУВА | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ДИРЕКТИВА | Штаб на врхобниот командант | ПК за ЛоОб | |
| 2. | ИНСТРУКЦ-ИЈА | Штаб на врховниот командант, команда на АК, команда на ВВ и ПВО | Органот од чија надлежност е инструкцијата | |
| 3. | ЗАПОВЕД ЗА ЛОГИСТИКА | Полк, бригада, дивизија и на ним рамни единици | Пкза ЛоОб | Пониските единици,, начелно усно |
| 4. | ПЛАН ЗА ЛОГИСТИЧКО ОБЕЗБЕДУ-ВАЊЕ | Полк - бригада и повисоките единици - установи | Органот за ОЛР | |
| 5. | ОПШТ ПЛАН ЗА ЛоОб | Полк - бригада и повисоките единици - установи | Органот за ОЛР | |
| 6. | ПЛАНОВИ ПО СЛУЖБИТЕ | Полк - бригада и повисоките единици - установи | Началниците на службите | |
| 7. | ПЛАН ЗА ИЗВИДУВАЊЕ | Полк - бригада и повисоките единици - установи | Органот за ОЛР и началниците на службите | Доколку се врши извидување |
| 8. | НАРЕДБА | Сите единици и органи на вооружените сили | Секој орган од својата надлежност | Усно или писмено |
| 9. | ИЗВЕШТАЈ | Сите единици во вооружените сили | Командантот - командирит на Лог.единица, ПКзаЛоОб и органите на сл. | |
| 10. | РАБОТНА КАРТА | Полк - бригада и повисоките единици - установи | | Се води една карта со сите потребни податоци |
| 11. | КАРТА на економската моќ на територијата | Штаб на врховниот командант, АК и Логистичка база | Логистичките органи | |

Шема број 19.

## 6.3.Можен модел на поставеност на логистичките функции

Имајќи ја предвид изнесената теоретска разработка, размислувањата за перспективата на развојот на организацијата логистичко обезбедување за потребите на армијата и специфичностите во логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО, и армиите на САД, Франција и Белгија, прикажувањето на можниот модел на поставеност на логистичките функции (техничкото, интендантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, финансиското и градежното обезбедување) за подобро сваќање и разбирање на проблематиката, може да се изврши на шематски начин.

а) Можен модел на поставеност на техничкото обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 20 и 21, додека теоретски детално е обработено во деловите конкретна содржина на логистиката (техничко обезбедување во мир и воени услови) и перспектива на развојот на логистиката (перспектива на развојот на технчка служба).

Организацијата на техничкото обезбедување треба да остане во надлежност на воената техничката служба на армијата и тоа на копнената војска и воздухопловно техничката служба (што може да се заклучи од шематското прикажување), кои со планирањето на развојот и модернизацијата, снабдувањето и одржувањето на материјално техничките средства од својата надлежност и со почитување и примена на дадената можна организациска шема на организацијата за техничко обезбедување на армијата во мир (шема број 20) и вооружените сили во воени услови (шема број 21), ќе може со сигурност да се обезбеди планираното рамниште на борбената готовност на единиците и установите на армијата во мир и подготвеноста за брзо преминување и прилагодување на организацијата за функционирање на техничкото обезбедување, за живот и работа во воени услови.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за техничко обезбедување на армијата во мир




Легенда:

Линија на командување

Линија на стручно раководење

Линија на логистичко - техничко обезбедување

Шема број 20.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за техничко обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:

Линија на раководење и командување

Линија на логистичко - техничко обезбедување

Шема број 21.

б) Можен модел на поставеност на интендантското обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 22, 23 и 24, додека теоретската обработка на проблематиката е дадена во деловите опфатени со тезите интендантско обезбедување во мир и воени услови и перспективата на развојот на интендантската служба.

Организацијата на интендантското обезбедување треба да остане во надлежност на интендантската служба на армијата, како во мир така и во воени услови, која со планирањето на развојот и модернизацијата би требало да го опфати: снабдувањето со интендантски материјални средства; исхраната; обезбедувањето вода, средства за живеење и енергија; облекувањето; земјоделското производство и извршувањето на проиизводно - услужните дејности за потребите на армијата и со почитувањето и доследната примената на дадената можна организациска шема на поврзаност и соработка со Органите на управата и локалната самоуправа (шема број 22), на организацијата за интендантско обезбедување на армијата во мир (шема број 23) и на вооружените сили во воени услови (шема број 24), со сигурност ќе може да го обезбеди планираното (потребното) рамниште на борбената готовност на единиците и установите во мир, вклучувајќи ја тука и подготвеноста за брзо преминување и функционирање на организацијата за интендантското обезбедување во воени услови на работа и живеење.

Работите и задачите од доменот на интендантското обезбедување, врз основа на одлука, треба да го планираат и организираат управно - планските органи (началниците, референтите и тн.), а реализираат извршните органи (интендантските единици и установи) со сопствени сили и средства и со ангажирање на резервите на републиката и капацитетите на Органите на управата и локалната самоуправа и претпријатијата, имајќи го при тоа во вид и обезбедувањето неопходниот дополнителен асортиман, особено во воени услови, вклучувајќи ја и продажбата, како што се: цигарите и поштенските вредности; козметиката и галантеријата; овошјето и овошните производи, млекото и млечните производи, соковите, разните напитоци и пивото; сувомесните производи; конзервирани производи и друга слична трговска и останата роба.

## ШЕМА

на поврзаност - соработка на Органите на управата и локалната самоуправа и армијата по рамништа за реализација на интендантското обезбедување




**Легенда:**

——→ Линија на раководење и командување
·········→ Линија на соработка и доставување барања

Шема број 22.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за интендантското обезбедување на армијата во мир




Легенда:

- Линија на командување
- Линија на стручно раководење
- Линија на логистичко - интендантско обезбедување

Шема број 23.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за интендантско обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:

———— Линија на раководење и командување

———— Линија на логистичко - интендантско обезбедување

Шема број 24.

в) Можен модел на поставеност на снитетското обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 25 и 26, додека теоретски проблематиката санитетско обезбедување во мир и воени услови како и перспективата на развојот на санитетскита служба веќе е обработена во деловите конкретна содржина на логистиката и перспективата на развојот.

Организацијата на санитетското обезбедување треба да остане во надлежност на санитетската служба на армијата како една од функциите на воената логистиката.

Со планирањето на развојот и модернизацијата на санитетското обезбедување за потребите на армијата треба да се опфати: превентивно медицинската заштита, згрижувањето на повредените и болните и снабдувањето со санитетски материјални средства на касарски и гарнизонен принцип, а со почитување и потполна примена на дадената можна организациска шема на организацијата за санитетско обезбедување на армијата во мир (шема број 25) и на организацијата за санитетско обезбедување на вооружените сили во воени услови (шема број 26), со сигурност ќе се обезбеди планираното (потребното) рамниште на борбена готовност на единиците и установите на армијата во мир и подготвеност за брзо преминување и поставување на организацијата за функционирање на санитетското обезбедување на единиците и установите од мирновремени на воени услови на работа и живеење. Работите и задачите од доменот на планирањето и организирањето на санитетското обезбедување, врз основа на одлука, треба да ги извршуваат управно - планските органи (началниците, референтите), а реализираат извршните органи (единиците и установите од санитетската служба), притоа, треба да се има превид, дека со развојот и модернизацијата на организацијата за санитетско обезбедување за оптимално функционирање во мир и воени услови се обрабортува и дава придонес во разработката на воената медицинска доктрина.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за санитетско обезбедување на армијата во мир




Легенда:

Линија на командување

Линија на стручно раководење

Линија на логистичко - санитетско обезбедување (снабдување и згрижување)

Шема број 25.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за санитетско обезбедување на вооружените сили воени услови




Шема број 26.

г) Можен модел на поставеност на ветеринарното обезбедување - ветеринарното обезбедување шематски е прикажано со шемите број 27 и 28, додека проблематиката од доменот на ветерината како една од логистичките функции теоретски е обработена во доволна мерка во деловите конкретна содржина на логистиката (ветеринарно обезбедување во мир и воени услови) и перспективата на развојот на логистиката (перспектива на развојот на ветеринарната служба).

Организацијата на ветеринарното обезбедување треба да остане во надлежност на воената ветеринарна служба, која во соработка со ветеринарните органи на Органите на управата, локалната самоуправа, ветеринарните установи и претпријатија на единиците и установите на армијата ќе им создаде најповолни услови за чување на здравјето и работната способност на животните и спроведување на останатите задачи од доменот на ветеринарната служба (контролата на продуктите од животинско потекло и тн.).

Со планирањето на развојот и модернизацијата на ветеринарното обезбедување за потребите на армијата треба да се опфати: здравствената заштита на животните, ветеринарно - санитарниот надзор над животните за колење и продуктите од животинско потекло и снабдувањето со ветеринарни материјални средства, а имајќи ја предвид и почитувајќи ја (со доследно применување) дадената можна организациска шема на организацијата за ветеринарно обезбедување на армијата во мир (шема број 27) и на организацијата за ветеринарно обезбедување на вооружените сили во воени услови (шема број 28), ќе се обезбеди планираното (потребното) рамниште на борбената готовност на единиците и установите на армијата во мир и подготвеност за брзо преминување и прилагодување на организацијата за оптимално функционирање на ветеринарното обезбедување во воени услови.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за ветеринарно обезбедување на армијата во мир




Легенда:

- ________ Линија на командување
- ________ Линија на стручно раководење
- ________ Линија на логистичко - ветеринарно обезбедување

Шема број 27.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за ветеринарно обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:

——— Линија на раководење и командување

▬▬▬ Линија на логистичко - ветеринарно обезбедување (снабдување и згрижување)

Шема број 28.

д) Можен модел на поставеност на сообраќајното обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 29 и 30, додека теоретски детално е обработено во претходните делови, каде што се земени предвид специфичностите на организацијата за сообраќајно обезбедување на единиците - установите на армијата како во мир така и во воени услови, вклучувајќи ја и перспективата на развојот на сообраќајната служба.

Организацијата на сообраќајното обезбедување треба да остане во надлежност на воената сообраќајна служба која треба да ги опфати оперативната и транспортната функција обединети со диспечерската служба, со задача да го следи сообраќајот и транспортот за потребите на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови.

Со реално планирање на развојот и модернизацијата на сообраќајното обезбедување, покрај оперативната и транспортната функција, треба да е и носител на развојот на интегралниот транспорт и организацијата на парковната служба (возниот парк), следењето и анализирањето на состојбата на безбедноста во воениот сообраќај, вклучувајќи го и преземањето на соодветни мерки за смалување на последиците од сообраќајни незгоди, а со почитување и доследна примена на дадената можна организациска шема на организацијата за сообраќајно обезбедување на армијата во мир (шема број 29) и на организацијата за сообраќајно обезбедување на вооружените сили во воени услови (шема број 30), со сигурност може да се смета, дека ќе се обезбеди планиранато (потребното) рамниште на борбената готовност на единиците и установите на армијата во мир и подготвеност за брзо преминување на организацијата на сообраќајното обезбедување за оптимално функционирање во воени услови.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за сообраќајно обезбедување на армијата во мир




Легенда:

- Линија на командување
- Линија на стручно раководење
- Линија на логистичко - сообраќајно обезбедување

Шема број 29.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА
на организацијата за сообраќајно обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:
——— Линија на раководење и командување
━━━ Линија на логистичко - сообраќајно обезбедување

Шема број 30.

ѓ) Можен модел на поставеност на финансиското обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 31 и 32, додека теоретски проблематиката е разработена во деловите конкретна содржина (финансиско обезбедување во мир и воени услови) и перспектива на развојот на логистиката (перспектива на развојот на финансиската служба), со сите специфичности за финансиско обезбедување на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови.

Организацијата за финансиско обезбедување, како една од логистичките функции, треба да остане во надлежност на воената финансиска служба, која во соработка со надлежните финансиски органи на Органите на управата на единиците и установите на армијата ќе им обезбедат финансиски средства за создавање на најповолни услови за обука, живот и работа.

Со развојот и модернизацијата на финансиската служба за потребите на армијата (нејзините единици и установи) треба да се опфати обезбедувањето на финансиски средства и водењето на материјално финансиската документација, вклучувајќи го тука и материјалното книговодство за воените единици и установи, а со почитување и доследна примена на дадената можна организациска шема на организацијата за финансиско обезбедување на армијата во мир (шема број 31) и на организацијата за винансиско обезбедување на вооружените сили во воени услови (шема број 32), ќе може да се обезбеди планираното (потребното) рамниште на борбената готовност на единиците и установите на армијата во мир и подготвеност  за брзо преминување и прилагодување на организацијата за оптимално функционирање во воени услови.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за финансиско обезбедување на армијата во мир




Легенда:

Линија на планско управна функција
Линија на стручно раководење со финансиите
Линија на финансиско извршна функција

Шема број 31.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за финансиско обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:
——— Линија на планирање
━━━ Линија на извршување на финансиското обезбедување.

Шема број 32.

е) Можен модел на поставеност на градежното обезбедување - шематски е прикажано со шемите број 33 и 34, а теоретски проблематиката градежно обезбедување во мир и воени услови и перспективата на развојот на градежната служба, третирана како една од логистичките функции, детално е обработена во деловите конкретна содржина на логистиката и перспектива на развојот на логистиката и логистичкото обезбедување со сите специфичности и карактеристики на градежништвото.

Организацијата на градежното обезбедување, особено во мир, треба да остане во надлежност на воената градежна служба, која во соработка со надлежните органи на Органите на управата и градежните установи и претпријатаија на единиците и установите на армијата ќе и создадат најповолна (неопходно потребна) инфраструктура, односно услови за сместување, обука, живот и работа.

Со развојот и модернизацијата на градежната служба за потребите на армијата треба да се опфати: планирањето развојот и уредувањето на инфраструктурата на армијата, управувањето со недвижноста и правата кои произлегуваат и се во врска со недвижностите, изградбата и одржувањето на воените објекти, стамбените објекти, ракувањето со термоенергетските построенија и снабдувањето со градежни материјални средства за потребите на армијата.

Со почитувањето и доследното применување на дадената можна организациска шема на организацијата за градежно обезбедување на армијата во мир (шема број 33) и на организацијата за градежно обезбедување на вооружените сили во воени услови (шема број 34), ќе може да се создадат оптимални услови за сместување, обука, живот и работа на единиците - установите, а со тое ќе се достигне (обезбеди) планираното рамниште на борбената готовност на единиците и установите на армијата во мир и обезбеди подготвеност за брзо преминување на организацијата на градежното обезбедување од мирновремени на воени услови на функционирање.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за градежно обезбедување на армијата во мир




Легенда:

Линија на командување

Линија на стручно раководење

Линија на логистичко - градежно обезбедување

Шема број 33.

МОЖНА ОРГАНИЗАЦИСКА ШЕМА

на организацијата за градежно обезбедување на вооружените сили воени услови




Легенда:
———— Линија на раководење и командување
**————** Линија на логистичко - градежно обезбедување.

Шема број 34.

**Седми дел**

**Заклучок**

1. Воената логистика и организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата со перспектива на развојот за функционирање на системот на одбраната на Република Македонија како самостојна држава претставува задача од првостепено значење.

Воената логистика и организацијата на логистичкото обезбедување, нејзиното функционирање за потребите на сокоја армија, па и Армијата на Република Македонија, мора и треба да се засновува на основните логистичките функции, и тоа: техничкото, интедантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, финансиското и градежното обезбедување, а тоа значи дека претставува реална потреба и можност.

2. Имајќи во вид, дека во Република Македонија, особено во армиската јавност, постојат различни пристапи и толкувања на поимите воена логистика и логистичко обезбедување (вклучувајќи ги и термините заднина и заднинско обезбедување) и потребата за единствено теоретско и терминолошко обликување на поимите врзани за изработка на доктринарните документи и прописи од обласка на одбраната, нужно е како воведувањето во употреба во армиската јавност и надвор од неа така и самото дефинирање на воената логистика и логистичкото обезбедување, и тоа:

Под поимот ВОЕНА ЛОГИСТИКА би требало да се подразбира воено географски простор, со луѓето и материјалниот потенцијал, оспособена за материјално обезбедување и здравствено згрижување на армијата во мир (вооружените сили во воени услови) и за живот и стопански и други активности на населението во војна; додека ЛОГИСТИЧКО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ на армијата во мир, како интегрален дел на економскиот систем на Република Македонија, треба да претставува збир на активности, мерки и постапки на Министерството за одбрана, генералштабот, командите, управите, секторите, единиците - установите на армијата и државните органи, претпријатијата и граѓаните

кои со организирано користење на материјалните извори, производно - услужни и здравствени капацитети на армијата во мир, односно вооружените сили во воени услови, ќе им обезбедат што поповолни услови за живот, работа и подготовки на земјата за воена одбрана - вооружена борба.

Основата на организацијата на логистичкото обезбедување и нејзиното функционирање треба да се засновува на некои поставки, а тоа би биле следните:

- вооружена борба би се водела на сопствена територија (логистичкото обезбедување треба да се организира со сопствени сили и можности);

- борбени дејства би се изведуваале на фронт, во сопствена заднина и на привремено заземена територија (логистичкото обезбедување треба да е разработено на целата територија децентрализирано по начинот на раководење, а универзално по видовите ма материјалните потреби и обезбедувањето);

- најверојатно воени активности би се изведувале и надвор од границите на Република Македонија во рамките на колективните системи за безбедност - НАТО, асоцијацијата "Партнерство за мир" и сл. (организацијата на логистичкото обезбедување треба да е така разработена, одредбите да се применливи и во споменатите услови, кои ќе гарантираат уредно снабдување, вклучувајќи го тука и потпирањето на организација за логистичко обезбедување на армиите - земјите членки во колективните системи за безбедност); и

- организацијата на логистичкото обезбедување да е економична, флексибилна, еластична, едноставна, оперативна и способна за брзо прилагодување во сите услови и борбени ситуации.

Имајќи го предвид изнесеното, теоретските основи за логистиката низ нејзиното дефинирање и местото меѓу научните дисциплини, како и дефинирањето на воената логистика и логистичкото обезбедување, може да се дојде до заклучок дека се работи за важна, обемна и комплексна проблематика која бара своја специфична организациска поставеност за

снабдување на армијата со сите неопходни потреби (средства и услуги) и претставува реална потреба и можност.

Кога организациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата претставува реална потреба и можност, тогаш произлегува и потребата за дефинирање на воената логистика и логистичкото обезбедување (поради што е и учинрто) и изнаоѓање на оптимална организациска поставеност за во мир и воени услови за подобро и поквалитетно снабдување на армијата со неопходните потреби (средства и услуги), а може да се заклучи и дека самото дефинирање има огромно (големо) влијание врз организациската поставеност на логистиката за оптимално снабдување на армијата со неопходните потреби.

3. Современа војна се карактеризира со одлучни, динамични и брзи акции која бара големо (многу) снабдување и во квантитет за разлика од втората светска војна, со што е зголемена важноста на логистиката - снабдувањето да е правовремено до секој војник со се што му е потребно за да може да ја изврши борбената задача, а тоа значи дека ниедна војна неможе да биде успешна доколку единиците несе соодветно снабдени со гориво, муниција, минскоексплозивни средства, храна и тн. и доколку оружјето и опремата соодветно не се одржува.

Основните карактеристики на логистичкото обезбедување во мир и воени услови (вклучувајќи ги тука и основните карактеристики на логистичките функции - техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската, градежната) произлегуваат од фактот што армиската организација, во сите земји без исклучок, е носител на целокупното снабдување на армијата со борбени потреби (останатите потреби може да се обезбедуваат и преку надлежните Органи на управата, локалната самоуправа и претпријатијата), што исто така зборува за важноста и поставеноста на воената логистика и логистичкото обезбедување во армијата вклучувајќи ја и перспективата на најзиниот развој.

Човекот и техниката во современи услови постанале нераздвоен дел на борбената готовност на вооружените сили. за што со особено внимание се грижи логистиката, односно нејзуната техничка функција.

Факт е дека најсовремена воена техника се воведува брзо и масовно по видови и количина, процесот на модернизација во областа на техничкото опремување е сложен и динамичен, а благовремената пополна, непрекинатото снабдување на единиците со целокупниот асортиман на потреби од технички материјални средства и техничкото одржување и ремонтот на бројни средства по видови, намена и функција, техничката служба ја чинат една од основните функции на логистичкото обезбедување.

За да се обезбеди планираното рамниште на борбената готовност на армијата организирањето на техничкото обезбедување во наши услови треба да се организира и може да биде во надлежност на Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана - одделение за техничко обезбедување (техничка служба), а го обезбедува со планирањето на развојот и модернизацијата на снабдувањето и одржувањето на техничките материјални средства.

Техничката служба треба да остане носител на функцијата техничко обезнедување, а претставува организирана дејност на органите, единиците и установите за создавање што поповолни материјално технички услови за живот, работа и изведување на борбени и други активности на единиците - установите на армијата, користејќи ги притоа сопствените капацитети, резерви и соодветните капацитети и резерви на територијата.

Произлегува дека организацијата на техничкото обезбедување е неопходно да се изградува во мир за потребите на евентуална војна и да ги опфати основните функции: снабдувањето со технички материјални средства и одржувањето на техничките материјални средства.

Снабдувањето со техничките материјални средства треба да го опфати планското пополнување на единиците и установите на армијата со основни технички материјални средства, муниција, минско експлозивни средства, погонско гориво, репро и потрошен материјал и обезбедувањето со електрична енергија од соодветни извори; додека одржувањето на техничките материјални средства треба да го опфати основното и

техничкото одржување, потоа средниот и генералниот ремонт како и контролните прегледи и ревизијата.

Организацијата и работата на техничката служба по командни степени треба да остане на рамниште Министерство за одбрана - стратегиско (во воени услови Штабот на Врховниот командант или Врховната команда), армиски корпус и рамни единици - оперативно и бригада и рамни единици - тактичко.

Интендантското обезбедување на армијата претставува организиран и континуиран процес на надлежните органи на сите нивоа на командување со кој се обезбедуваат интендантски материјални средства, исхрана, вода и вршат услужни дејности за живот и работа на армијата во мир и воени услови, а благовремената пополна и услугите интендантското обезбедување го чинат едно од основните функции на логистичкото обезбедување.

Интендантското обезбедување на армијата треба да остане внатрешна организациона единица на организацијата за логистичко обезбедување, да произлегува од нејзе и да претставува нејзин функционален дел, а својата организација и функционирањето да ги засновува на материјалната база на општеството, потпирајќи се на материјалните резерви и производно - услужните капацитети на територијата.

Под интендантско обезбедување би требало да се подразбира организиран и меѓусебе усогласен збир на дејности, мерки и постапки на органите, единиците и установите на интендантската служба за обезбедување на интендантски материјални средства и услуги (обезбедување исхрана, облекување и живеење-станување на единиците и установите) за живот и работа на армијата во мир и воени услови.

Во мирно време интендантското обезбедување, во начело, би требало да се организира на гарнозонски и меѓугарнизонски принцип, со тоа што во зависност од конкретните услови (големината на гарнизонот, бројот и разместувањето на единиците) некои дејности можат да се обединуваат на касарски принцип, додека во воени услови организацијата на интендантското обезбедување треба да е во согласност со намената,

организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во воени услови - борба.

Организацијата и работата на интендантската служба по командни степени треба да остане на рамниште Министерство за одбрана - стратегиско (во воени услови Штабот на Врховниот командант или Врховна команда), армиски корпус и рамни единици - оперативно и бригада и рамни единици - тактичко.

За санитетското обезбедување и тактиката на здравството може да се заклучи дека во секоја војна биле и се под силно влијание на воениот и медицинскиот фактор. Воениот фактор бил секогаш одлучителен, бидејќи развојот на вооружувањето и воената техника како и усовршувањето на доктрината на водење на вооружена борба силно влијаат како на височината на повредените така и на условите на делување на здравството при спасување на жртвите од војната - секое зголемување на дометот и ефикасноста на оружјето и динамиката на војната бара и прилагодување на здравството спрема новонастанатите услови.

Санитетската служба како носител на логистичката функција санитетско обезбедување треба да претставува организирана дејност на армијата, единиците и установите за создавање што поповолни здравствени услови за живот, работа и борбена обука на единиците и установите на армијата, користејќи ги притоа сопствените капацитети, резервите и соодветните капацитети и резерви на територијата, а опфаќајќи ја превентивно медицинската заштита, згрижувањето на повредените и болните и снабдувањето на санитетски материјални средства.

Организацијата на санитетското обезбедување треба да остане во Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана - одделение за санитетско обезбедување, кое со планиран развој на санитетската служба (нејзините единици и установи) ќе го обезбеди планираното рамниште на борбената готовност.

Извршувањето на задачите од доменот на санитетското обезбедување по командни степени би требало да се одвива на рамниште Министерство за одбрана - стратегиско (во воени услови Штабот на

Врховниот командант или Врховна команда), армиски корпус и рамни единици - оперативно и бригада и рамни единици - тактичко.

За логистичката функција ветеринарсно обезбедување може да се заклучи, дека задачите од доменот на ветерината во армијата можат да се извршуваат само доколку се воспостави функционално единство на ветеринарната служба на армијата и Органите на управата, локалната самоуправа и сите останати субјекти на општеството кои се занимаваат со работа од доменот на ветеринарната заштита, извршувајќи ги своите посебни задачи и помагајќи си меѓу себе.

Организацијата на ветеринарно обезбедување на армијата треба да остане во надлежност на Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана - одделение за ветеринарно обезбедување, кое со планирањето на развојот и модернизацијата на ветеринарните единици и установи ќе го обезбеди планираното рамниште на борбена готовност, додека самата организација за извршување на задачите од доменот на ветерината по командни степени треба да се одвива на рамниште Министерство за одбрана стратегиско (во воени услови Штаб на Врховниот командант или Врховна команда), армиски корпус и рамни единици - оперативно и бригада и рамни единици тактичко.

За функцијата сообраќајно обезбедување треба да се има предвид фактот дека целокупната дејност на единиците (особено во воени услови) се сведува на два основни елементи: борба и движење, од што произлегува дека сообраќајот е еден од домонантните фактори како во подготовките на територијата и вооружените сили така и при изведување на борбените активности, а сообраќајното обезбедување претставува нераздвојна функција на раководењето и командувањето со единиците од доменот на логистичкото обезбедување.

Организацијата на сообраќајното обезбедување на армијата треба да остане во надлежност на Секторот за логистичко обезбедување при Министерството за одбрана - одделение за сообраќајно обезбедување, со своите основни задачи во врска со организирањето, планирањето и извршувањето на сообраќајот и транспортот, опфаќајќи ја оперативната и транспортната функција обединети од диспечерската служба.

За организацијата и работата на сообраќајната служба по командни степени исто така може да се заклучи дека треба да се одвива на рамниште Министерство за одбрана - стратегиско (во воени услови Штаб на Врховниот командант или Врховна команда), армиски корпус и рамни единици оперативно и бригада и рамни единици тактичко.

За финансиското обезбедување може да се заклучи дека одбраната се смета за редовна функција на Органите на управата (посредно и на локалната самоуправа, претпријатијата и други установи), од што произлегува начинот на финансирање на одбранбените подготовки (подготовки кои се финансираат како и другите функции на Органите на управата).

Финансиското обезбедување би требало и може да се организира на управно - извршен начин. Управната функција би се состоела од планирање, организирање и нормативно регулирање на организацијата на финансирање, додека извршната функција ја чинат реализацијата на плановите, обезбедувањето на парични средства, внатрешната контрола и почитување на законитостите вклучувајќи ги економично - рационалните постапки во трошењето на финансиските средства.

Во воени услови финансиското обезбедување би требало да се организира на истите управно - извршни функции како и во мир, со таа разлика што финансиската служба организациско - формациски треба да е многу смалена, а постапките во финансирањето упростени.

За градежното обезбедување, како една од функциите на логистичкото обезбедување, може да се заклучи дека своите задачи, задачите од доменот на градежништвото за потребите на армијата може да ги извршува само доколку се воспостави функционално единство на градежната служба на армијата и градежната служба на Органите на управата (вклучувајќи ја тука локалната самоуправа, претпријатијата и останатите субјекти на општеството кои на определен начин се занимаваат со работа од доменот на грдаежништвото).

Градежното обезбедување треба да ги опфати планирањето, програмирањето и реализацијата, како и управувањето со неподвижната имовина, просторното уредување, реконструкцијата, модернизацијата и

одржувањето на воено градежниот фонд, вклучувајќи го евентуалниот развој на типски, монтажно - демонтажни и други објекти за сместување, обука и настава.

За извршување на задачите од доменот на градежништвото неопходни се управно - извршни органи, (од одделението за градежно обезбедување при Секторот за логистичко обезбедување на Министерството за одбрана, па заклучно со началниците - референтите и единиците - секциите - установите за градежно обезбедување), а самото извршување на задачите по командни степени во армијата може да се одвива на рамниште Министерство за одбрана - стратегиско (во воени услови Штабот на Врховниот командант или Врховната команда), армиски корпус и рамни единици - оперативно и бригада и рамни единици - тактичко.

Во воени услови организацијата на логистичкото обезбедување би требало да е во согласност со намената, организацијата и тактичките начела за употреба на единиците во борба. За таа цел неопходно е трупниот ешалон да е оспособен за автономно извршување на функцијата логистичко обезбедување (со сите негови подфункции - техничката, интендантската, санитетската и тн.) со сопствени сили и средства за одредено време или борбена задача, а материјалните, ремонтните и останатите капацитети да се подвижни.

Имајќи го предвид изнесеното се доаѓа до заклучок дека определувањето на конкретната содржина за организирање на логистичкото обезбедување во армијата претставува важен сегмент во организирањето и извршувањето на обезбедувањето, односно само со прецизно определена и разработена содржина може да се постави оптимална организација за организирање, функционирање и извршување на логистичкото обезбедување (оптимално снабдување на армијата со неопходните потреби - средства и услуги).

4. За работата на логистичките органи на планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување во мир и воени услови може да се заклучи дека битно не се разликува како во материјалното обезбедување и здравственото згрижување така и во раководењето и

командувањето, освен што се реализира во исклучително сложени услови, во ограничено време, со масовни загуби, брзи промени и загрозеност од агресорот.

Организацијата на логистичкото обезбедување би требало да се одвива на стратегиско, оперативно и тактичко рамниште, а состои во техничкото, интендантското, санитетското, ветеринарното, сообраќајното, финансиското и градежното обезбедување, вклучувајќи ги и мерките на противпожарната заштита, асанација на боиштата, згрижувањето на воените заробеници, борбеното осигурување и безбедноста во логистичките единици, со која раководи помошникот на командантот за логистичко обезбедување со началниците на службите планирајќи, организирајќи и реализирајќи го логистичкото обезбедување врз основа на добиена задача.

Специфичностите во работата на логистичките органи, разработени низ планирањето и организирањето на логистичкото обезбедување за потребите на единиците и установите на армијата за време на подготовките и извршувањето на задачите (во воени услови - борбени) како општи забелешки и како појдовна основа за вршење на анализа на најважниот борбен документ заповедта за логистчко обезбедување, опфаќајќи ги причините за вршење на анализа и анализирајќи ги нејзините резултати, зборува, колку може позитивно да се влијае на извршувањето на логистичкото обезбедување, а наведува на заклучок, дека разработката на специфичностите во работата на логистичките органи и анализата на содржините на логистичките документи имаат позитивно (големо) влијание врз извршувањето на логистичкото обезбедување.

Впрочем, со истражувањето во мерка за потребите на дисертацијата, односно со оваа анализа на содржината на заповедта за логистика, се дојде до податокот за прекупотребните содржини. Со отфрлање на прекупотребните (сувишните) содржини, заповедта за логистичко обезбедување би била пократка, јасна и прецизна, што беше и цел на дисертацијата со анализата, доаѓајќи до критериуми врз основа на кои можат да се идентифицираат прекупотребните содржини, и тоа:

ПРВ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна (сувишна) содржина во заповедта за логистичко обезбедување се смета секоја содржина која во исто време и со истите елементи е изнесена и во заповедта на командантот на единицата. Критериумот е изведен од фактот што исти содржини во исто време се изнесуваат (дуплираат) во два борбени документи кои во исто време стигнуваат во потчинетите единици. Во заповедта на командантот на бригадата - корпусот (во точката логистичко обезбедување) и во исто време во заповедта за логистичко обезбедување на помошникот на командантот за логистичко обезбедување.

ВТОР КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистичко обезбедување се смета секоја содржина која кај потчинетиот не ги зголемува неговите сознанија за дадената борбена и логистичка ситуација. Критериумот произлегува од известијата - предупредувањата кои претпоставениот им ги дава на потчинетите или разменува со соседите за запознавање со борбената и логистичката ситуација. Тие ја олеснуваат проценката на ситуацијата и донесувањето на одлуката но не формираат ново сознание кое по пат на логиката не влијае на ориентацијата на субјектот.

ТРЕТ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистика се смета секоја содржина која е од трајна природа, која нее сознаена (станала актуелна) во времето на подготовките за извршување на конкретна задача.

Овој критериум произлегува од поимното определување на заповедта за логистичко обезбедување како акт на командувањето. Имајќи предвид дека со заповедта за логистичко обезбедување се регулира организацијата на логистичкото обезбедување во потчинетите единици (на пример: корпусот во бригадите - полковите), во нејзе покрај останатото, треба да се најдат одговорите на прашањата: кој, што, кога, каде и како ќе ги извршува задачите. Особено е занимливо прашањето како да се изврши задачата, затоа што тоа се однесува на начинот на извршување. Во одговорот на ова прашање секогаш се наоѓаат содржини од трајна вредност, кои не се однесуваат само на конкретната задача, туку важат и за наредните задачи или до реализацијата на целта.

Во сите случаи овие содржини би требало на потчинетите да им се соопштуваат порано, односно тогаш кога тие се појавиле по пат на подготвителни наредби, прилози со задачата и тн.

ЧЕТВРТ КРИТЕРИУМ - за прекупотребна содржина во заповедта за логистичко обезбедување се сметаат сите содржини кои истовремено ги содржат други документи, правила и упатства.

Критериумот се однесува на упоредбата на содржините во заповедта за логистичко обезбедување од другите документи, правила и упатства, со кои се запознати и во исто време располагаат и потчинетите старешини - единици. Јасно треба да е тоа што во заповедта за логистичко обезбедување не треба да се повторуваат содржини кои веќе им се соопштени на потчинетите старешини по пат на некој друг документ или им се познати од правила и упатства.

5. Перспективата на развојот на логистичкото обезбедување во Армијата на Република Македонија разработена, **прво** преку кратката оценка за состојбата на логистичкото обезбедување во развојниот период (1993 - 1996), а потоа преку теоретските поставки за перспективата на развојот на заедничката логистичка проблематика и перспективата на развојот на логистичките функции (техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната), зборува и може да се заклучи за големото значење на проценката и предвидувањето на перспективата на развојот и поставувањето на оптимална организација за функционирање на логистичкото обезбедување, а наведува на заклучок, дека проценката и предвидувањето на перспективата на развојот на логистичкото обезбедување се елементи од големо значение за поставување на оптимална организација за функционирање на логистичкото обезбедување во армијата и пополнување со неопходните потреби (средства и услоги) во мирно време и воени услови.

6. Имајќи ги предвид дејностите од доменот на логистичкото обезбедување (снабдувањето, ремонтот, исхраната, здравствената заштита, ветеринарната заштита, сообраќајот и транспортот, градежништвото и финансирањето) и носителите на тие дејности

(логистичките служби - техничката, интендантската, санитетската, ветеринарната, сообраќајната, финансиската и градежната); содржината на логистичкото обезбедување (на основните функции) и карактеристики во мир и воени услови; специфичностите во работата на логистичките органи, единици и установи, а почитувајќи го изнесеното за логистичкото обезбедување на обединетите вооружени сили на НАТО и армиите на САД, ФРАНЦИЈА и Белгија, како и резултатите од анализата на содржината на заповедта за логистичко обезбедување, предложениот можен модел на организациско - формациската поставеност на логистичкото обезбедување во армијата гарантира оптимално разрешување на заедничката логистичка проблематика и проблематиката од доменот на логистичките функции - служби.

Шематски презентираниот можен модел на поставеност на организацијата за логистичко обезбедување, односно логистичките функции, овозможуваат (доколку се почитува) оптимално логистичко обезбедување на единиците и установите на армијата во мир и подготовка за правовремен премин од мирновремена на воена организација на функционирање.

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АК | Армиски корпус |
| АРМ | Армија на Република Македонија |
| б/г | Борбена готовност |
| ВВО | Вооружување и воена опрема |
| ВтМС | Ветеринани материјални средства |
| ВтОб | Ветеринарно обезбедување |
| ВтСл | Ветеринарска служба |
| ВтСт | Ветеринарска станица |
| ВВ и ПВО | Воено воздухопловство и противвоздушна одбрана |
| ВЕ | Воена единица |
| ВМР | Воени материјални резерви |
| ВР | Воени резерви |
| ВС | Вооружени сили |
| втс | Вод за техничко снабдување |
| ВУ | Воена установа |
| ГШ | Генералштаб |
| ГрМС | Градежни материјални средства |
| ГрОб | Градежно обезбедување |
| ГрСл | Градежна служба |
| ЗПМЗ | Завод за превентивна медицинска заштита |
| ИнМС | Интендантски материјални средства |
| ИнОб | Интендантско обезбедување |
| ИнСл | Интендантска служба |
| ИнСт | Интендантска станица |
| ИнТМС | Интендантски технички материјални средства |
| инв | Интендантски вод |
| ино | Интендантско одделение |
| инч | Интендантска чета |
| КоВ | Копнена војска |
| КЛоБ | Команда на логистичка база |
| км | Километар |

| | |
|---|---|
| ларв | Лесен артилериско ракетен вод |
| ЛКМ | Логистичко командно место |
| ЛоБ | Логистичка база |
| ЛоОб | Логистичко обезбедување |
| ЛоЧ | Логистичка чета |
| МФР | Материјално финансово работење |
| МС | Материјални средства |
| МО | Министерство за одбрана |
| м/в | Моторно возило |
| НИР | Научно истражувачка работа |
| НПП | Наставен План и Програма |
| п/б | Повредени/болни |
| отс | Одделение за техничко снабдување |
| ПЗТ | Привремено запоседната територија |
| ПМЗ | Превентивно медицинска заштита |
| ППЗ | Против пожарна заштита |
| ПКЛоОб | Помошник на командантот за логистичко обезбедување |
| ПМФО | Помошен материјално финансов орган |
| ПВО | Противвоздушна одбрана |
| РХБ | Радиолошко - хемиско - биолошка |
| РиК | Раководење и командување |
| РиКСб | Регулирање и контрола на сообраќајот |
| СбОб | Сообраќајно обезбедување |
| СбСл | Сообраќајна служба |
| СнМС | Санитетски материјални средства |
| СнОб | Санитетско обезбедување |
| СнСл | Санитетска служба |
| СнСт | Санитетска станица |
| СПЦ | Собирно продажен центар |
| СтТО | Станица за техничко одржување |
| СтТС | Станица за техничко снабдување |
| СтСнТр | Станица за санитетски транспорт |
| ТМС | Технижки материјални средства |

| | |
|---|---|
| Тоб | Техничко обезбедување |
| Тсл | Техничка служба |
| Фоб | Финансиско обезбедување |
| Фсл | Финансиска служба |
| чтс | Чета за техничко снабдување |

# ЛИТЕРАТУРА


1. Adamović Zivorad, Logisticki sistem odrzavanja, Privredni pregled, Beograd, 1989 godina.
2. Адизес д-р Исак, Овладување со промените, Центар за кадровски и информативни услуги "ДЕТРА" Скопје, 1994 година.
3. Barackaj.d-r Zoltan, Odlučivanje o poslovnim strategijama, Svijetlost, Sarajevo, 1987.
4. Berglez m-r Janko, Neki problemi odredjivanja sadrzaja zapovesti, Vojno delo, br.5/82.
5. Blanchord B., Logistics Engineering and management, Prentice - Hale, 1974.
6. Golucko I., Perestrojka i problemy tyla, Tyl Voruzennyh sil, 1987.
7. Ванковска - Цветковска Б., Улогата на вооружените сили во политичкиот систем, докторска дисертација, Скопје, 1992.
8. BRASSY'S P.D. Foxston, Paul Military College of Science, Powering War Modern Land Rorce Logistics, London - New York, 1994.
9. Vujaklija M., Leksikon stranih reči i izraza, Prosveta, Beograd, 1970.
10. Vuković Ljubisha, Taktika pozadine - pojmovno odredjenje, pozadina, broj 6, 1989,VINC,beograd.
11. Dunnigan F. James, NOW TO MAKE WAR, A Comprehensive Guide to Modern Warfare, Willian Morrow, New York, 1988, (Превод од англиски: Како водити рат, Милан Пармаковиќ, Душан Исаковиќ и Мирослав Рибнер).
12. Гоцевски д-р Трајан, Економика на одбраната, Универзитетска печатница "Кирил и Методиј", Скопје, 1992 година.
13. Гоцевски д-р Трајан, Неутрална Македонија од визија до стварност, Универзитетска печатница, "Св. Кирил и методиј", Скопје, 1995 година.
14. Гоцевски д-р Трајан, Првите чекори кон автономен одбранбено - заштитен систем на Република Македонија, МАНУ, Скопје, 1995 година.

15. Гоцевски д-р Трајан, Основите на одбранбено - заштитниот систем на Република Македонија, НИГП, "ЕВРОПА-92", Кочани, 1995 година.
16. Гоцевски Д-р Трајан, Политичкиот и економскиот систем во одбраната на Македониаја, Универзитетска печатница "Св.Кирил и Методиј", Скопје, 1995 година.
17. Zelenko Ratko, Špedicija, multimodalni transport i logistika, Udruzenje Tarifera Jugoslavije, Beograd - Ohrid, 1988.
18. Јаќоски Д-р Бошко, Маркетинг, Економски факултет, Скопје, 1991.
19. Jahns M., Gaschichte der Kriegswissenschafteio, Munhen - leipzig, 1889.
20. Jean-Paul Peeters, Col, Logistigue sur ordinateur, Armees d'aujourd'hui, 88, 1989.
21. Jeric D-r Milojko, dipl.el.inz., Logistika, VIZ, Beograd 1974.
22. Julian Thompson Major General, The Lifeblood of War - Logistics in Armed Conflict, Brassey's, 1990.
23. Кавај д-р Ристо, Еколошки маркетинг, Матица Македонска, Скопје, 1996 година.
24. Kaplan, Lawrence S., NATO after forty years, (НАТО пакт - зборници 1950 - 1990), Wilminqton, 1990.
25. Kaponn Josef, Rukovodjenje i komandovanje vojnom logistikom, (prevod, Pervue militaire muisse) 1980, 1981, 1982.
26. KNORR Klaus, / MORGAN Patrick, Strategic military surprise, (Воена стратегија - зборници), London, 1983.
27. Lot F., L'art militare et les armees au moyen age, Paris, 1946.
28. Марсениќ Д-р Драгутин, Економика Југославије, Економски факултет, Београд, 1991 година.
29. Macksey K., For Want of a Nail - The Impaet of War an Logistics and Communications, Brassey's, 1989.
30. Mondiale Guerre Premiere, Colloque international sur La Logistique des Armees au combat pendant, Verdun, 1980.
31. NATO LOGISTICS HANDBOOK, NORTH ATLANTIK TREATY ORGANIZATION, BRUSSELS, APRIL, 1994.

32. Katan m-r ph Eliezer i Stefanović m-r ph Gavrilo, Sanitetsko snabdevawe JNA u ratu, VMA, Beograd, 1966.
33. Ostrogorski G., Istorija na Vizantije, Beograd, 1959.
34. Pierre, Andrew J., The CONVENTIONAL defense of Europe - new technoloquies and new strateqies, New York, 1986
35. Петроска - Бешка Виолета, Методологија на експерименталните истражувања во психологијата, Малинска, 1994.
36. Pozar D., Teorija in praksa (transporta in logistike), Ekonomska fakulteta "Borisa Kidriča" - Visoka Ekonomska šola, Maribor, 1985.
37. Pfohl, H. - CH, Logistics systeme - Betriebs - Werlog, Berlin - Heidelberg - New York - Tokyo, 1985.
38. Profesional bultion of United States Army Logistics, Army Logisticion.
39. Radanović D-r Radovan, pukovnik, Metoda ratne veshtine, VIZ, Beograd, 1983.
40. Septime Marie d'Humieres, Col., Logistics f the French Army, 1986.
41. Shelby L. Stanton, The Rise and Fall of the American Army, Cloth Spor Books, 1989.
42. Stanley L. Falk, PURE LOGISTICS, National defense university press, Washington, 1986.
43. Thorpe's George C., PURE LOGISTICS, THE SCIENCE OF WAR PREPARATION, National defense universitety Press, Washington, DC, 1986.
44. Tomas Duru, "Logistics organization and strukture, PREPARED BY, LTC CARDELL, 21 ST TAACOM, MAY, 1995.
45. Темелков Петре, полковник, Кочоски М-р Сокле, потполковник, Логистичко обезбедување на тактичките и здружените тактички единици, МО, ГШ на АРМ, УОВС, Лекција. Скопје, 1994 година.
46. Haushi S., Sistematization Distribution, Problems of Transportation in Japan, Tokyo, 1975
47. Herbert I., Military doctrine and the american character - National strateqy information center, New York, 1984.

48. Henry E. Eccles, read.admiral, USN, RET, Logistis in the nacional defense, prevod sa engleskog, Vojno izdavački zavod, Beograd, 1968.
49. Hranilović d-r Aleksandar, Sanitetsko snabduvanje JNA u miru, VMA, Beograd, 1966.
50. Colushko,Colonel General, guoted in the British Army College Camberley Hand book on logistics and Administration, 1990.
51. Џин Шарп, Самостојна одбрана без банкротсво или војна, Балкански центар за мир, Филозовски факултет, Скопје, 1994 година.
52. Šamić M., Kako nastaje naučno delo, Zavod za izdavawe udžbenika, Sarajevo, 1969.
53. War Cold, Non - military aspecta of international security, Unesco, Paris, 1995.

## НОРМАТИВНИ АКТИ

54. Устав на Република Македонија, Уставна комисија, НИП "МАГАЗИН-21", Скопје, 1991.
55. Закон за одбрана на Република Македонија, Владата на Република Македонија - Министерство за одбрана, Службен весник на РМ 8/92.
56. Правило за службата во Армијата на Република Македонија, МО, Скопје, 1995 година.
57. Правило за заднинско обезбедување во мир и војна (нацрт), оперативно заднинско одделение во МО - ГШ на АРМ, 1992.
58. Упатство за организирање и спроведување на материјалното и здравственото обезбедување на АРМ по службите (нацрт), Одделение за техничка, интендантска, санитетска, ветеринарна, сообраќајна и градежна служба, МО, Скопје,1992.
59. План и Програма за борбена обука и воспитување на војниците - обврзниците и воените единици и установи за заднинските служби КоВ, ЈНА, ССНО, Белград, 1977.
60. Pravilo o organizaciji ifunkcionisanju pozadinskog obezbedjenja JNA u miru (ривремено), SSNO,UOPP, Beograd, 1977.

61. Pravilo, Pozadinsko obezbedjenje oružanih snaga SFRJ u miru, 1990.
62. Pravilo, Pozadinsko obezbedjenje oružanih snaga SFRJ u ratu, 1990.
63. Pravilo bataljon, SSNO, UP-62, Beograd, 1988.
64. Priprema i izvodjenje operacija oružanih snaga u ONOR-u, Nacrt upatstva, Centar visokih vojnih škola "Marsal Tito", Beograd, 1981.
65. Правило за заднинските единици во тактичките единици на копнената војнска, ССНО,Београд, 1986.
66. Priručnik za izučavanja logistike OS SAD, prevod sa engleskog, Pozadinsko obezbedjenje u samostalnoj brigadi OS SAD, OUP, SSNO, Beograd, 1989.
67. Upatstvo za rad komandi - štabova , CVVŠ, 1983.
68. Одлука за логистичко обезбедување на Армијата на Република Македонија на Министерот за одбрана од 25.10.1995 година.
69. Упатстсво за организирање и спроведување на техничкото обезбедување во АРМ (нацрт), Одделение за ТОб, МО - ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
70. Правило за техничката служба (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 госина.
71. План и програма за обука и воспитување на единиците и установите по техничка служба во КоВ на АРМ (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
72. Привремено упатство за конзервирање на оружје и р/д (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
73. Упатство за примена на критериумот за одредување на количината и ешелонирањето на резервите на погонски средства во АРМ (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
74. Упатство за сместување и чување на муницијата и МЕС (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
75. Одделение, вод и чета за снабдување и техничко одржување - употреба и работа (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.

76. Упатство за работа на сервисните станици на единиците за техничко одржување и работилниците за погоска опрема (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
77. Надлежност на единиците - работилниците за техничко одржување и ремонт за изведување на работите со единствени нормативи на времето (нацрт), Одделение за ТОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
78. Упатство за планирање на ИнОб на вооружените сили во борба (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
79. Правилник за исхрана во АРМ во мир (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
80. План за исхрана во АРМ за оброк број 1,2 и 3 (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
81. Организација на работата во погоните за исхрана на АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
82. Правилник за исхрана во АРМ во војна (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
83. Уредба за облекување во АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
84. Критериум за доделување на ИнМС на борбените команди и единиците (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
85. Упатство за пакување и носење на опрема (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
86. Норми на следување на потрошен материјал, Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.
87. План и програма на борбената обука на војниците на ИнСл (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
88. План и програма за борбена обука на десетари во АРМ, Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
89. Pravilo sanitetske službe oružanih snaga u ratu, SSNO, SnU, Beograd, 1977.
90. План и програма за изведување на борбена обука и воспитување на војниците и единиците на санитетската служба, Одделение за СнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.

91. Санитетски прирачник за војниците, Одделение за СнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
92. Стручно упатство за санитетско обезбедување на мобилизација на вооружените сили на Република Македонија, Одделение за СнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1993 година.
93. Prručnik za preventivne medicine za trupne lekare, VMA, Beograd, 1984.
94. Priručnik za vojnike sanitetske službe, VMA, Beograd, 1990.
95. Priručnik o ratnoj sanitetskoj opremi, VMA, Beograd, 1982.
96. Uputstvo za organizaciju, upotrebu i rad sanitetske čete vojišta, SSNO, SnU, Beograd, 1991.
97. Правило на ветеринарната служба на вооружените сили на РМ во војна (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
98. Правило за сузбивање на сточните зарази во војна (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
99. План и програма на борбената обука и воспитувањето на војниците и единиците на ВтСл (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ. Скопје, 1995 година.
100. Упатство за здравствената контрола на продуктите од животинско потекло во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
101. Упатство за набавка, категоризација и расходување на коњи и кучиња (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
102. Упатство за држење и употреба на службени кучиња во АРМ (нацрт), Одделение за ИнОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
103. Прирачник за обука на војниците за водачи на кучиња и кучиња (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
104. Упатство за ветеринарно - санитарната евиденција и извештаите во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996 година.
105. Упатство за одгледување, селекција и ветеринаско - профилактички мерки во одгледувачниците на кучиња во АРМ (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1994 година.

106.Правилник за организација и работа на ветеринарната инспекција (нацрт), Одделение за ВтОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
107.Правило на сообраќајната служба во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996 година.
108.Правило за употреба на моторните возила во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
109.Правилник за безбедноста на патниот сообраќај во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
110.Упатство за парковите на моторни возила во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
111.Упатство за регулирање и контрола на патниот сообраќај во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
112.Упатство за диспечерската служба за сообраќај и транспорт во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
113.Упатство за постапката на единиците и установите при транспорт на оружје, муниција и експлозивни материи (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996 година.
114.Правило за регистрирање и обележување на моторните и приклучните возила во АРМ (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
115.Упатство за постапката на органите и старешините во АРМ при воените превозувања со железница (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1995 година.
116.Критериум за одредување на организациската структура на личниот и материјалниот состав на органите и единиците на СбСл во мир и војна (нацрт), Одделение за СбОб, МО-ГШ на АРМ, Скопје, 1996 година.
117.Упатство за условите, начинот и постапката за остварување на надоместоците на граѓание повикани заради извршување на правата и должностите од обласа на одбраната, “Сл. весник на Р. Македонија” број 21/94.
118.Уредба за висината на надоместоците на граѓаните повикани заради извршување на правата и должностите од обласа на одбраната, “Сл. весник на Р. Македонија”, број 35/94 и 36/94.

119.Privremeno pravilo o organizaciji i radu organa finansiske službe u JNA, SSNO, Finansiska uprava, Beograd, 1978.

120.Upatstvo o knjigovodstvu i evidenciji u JNA, SSNO, Finansiska uprava, Beograd, 1981.

121.Уредба за начинот на определувањето на височината на надоместоците за определени материјални трошоци и други примања на работниците во органите на управата, "Сл. весник на Р. Македонија", број 17/92.

122.Уредба за контниот план на корисниците на средствата од буџетот и фондовите, "Сл. весник на Р. Македонија", број 18/94.

123.Уредба за билансите на корисниците на средствата од буџетот и фондовите, "Сл. весник на Р. Македонија", број30/94.

124.Правилник за класификација на трошоците, "Сл. весник на Р. Македонија", број 23/94.

125.Правилник за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, "Сл. весник на Р. Македонија", број 14/94.

126.Упатство за условите и начинот на наплатата, располагањето и плаќањето со пари во готово, "Сл. весник на Р. Македонија", број 30/92, 71/92 и 76/93.

## ЕНЦИКЛОПЕДИИ, ПРИРАЧНИЦИ И СПИСАНИЈА

127.Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 3, Redakcije vojne enciklopedije, VIZ, Beograd, 1972.

128.Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 5, Redakcije vojne enciklopedije, VIZ, Beograd, 1973.

129.Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 7. Redakcije vojne enciklopedije, VIZ, Beograd, 1974.

130.Vojna enciklopedija, drugo izdanje, broj 10, Redakcija vojne enciklopedije, VIZ, Beograd, 1975.

131.Vojni leksikon, VIZ, Beograd, 1981.

132.Vojni rečnik, DSNO, Beograd, 1967.

133.Vojno delo, opste vojni teorijski casopis, izdaje Centar oružanih snaga za strategiska istraživanja i studije "Marsal Titi" Beograd.

134.Ekonomska enciklopedija, Savremena administracija, Beograd, 1984.

135.Ekonomski leksikon, Krsteski D-r Jordan, Naša kniga, Skopje, 1993.

136.Enciklopedija samoupravljanja, Savremena administracija, Beograd, 1979.

137.Менаџмент Лексикон, Завод за унапредување на стопанството на РМ, Скопје, 1993.

138.Politicka enciklopedija, Savremena administracija, Beograd, 1975.

139.Belgisko voeno sписание "VOX" - Hebdomadeire, No 18, 12.05.1993.

140.Списание, Tyl vooruženih sil za 1989 i broj 8 1990.

141.Списание, Defense nationale, 1 - 6, 1989 - 1995.

142.Списание, U S A, Infantry, 1, 1988.

143.Списание, Nato revien, USA, 1, 2, 3, 4, 5 i 6, 1989.

144.Списание, U S A , Army Logistician, 1 - 9, 1990 - 1995.

145.Француско списание, Azenhauer, "Armes d'aujourd hui", број 8, 1984.

146.Француско списание, "ALOG", 1-6, 1986 - 1994.

147.Француско списание, Sekurite civile et industrielle, "Antenne medicale sur les interventions feux de forets", 01.,1990.